Универзитет "Свети Кирил и Методиј" – Скопје

Филозофски факултет

Институт за Историја на уметноста и Археологија

ДОКТОРСКИ ТРУД

на тема:

# СРЕДНОВЕКОВНА ХРИСТИЈАНСКА МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА ОД СКОПСКО

Ментор

проф. д-р Елица Манева

Кандидат

м-р Сања Ивановска Велкоска

Скопје

Јуни 2014

# „У слави Скопи царском"

"В славном граду Скопи царском..."

ВО СПОМЕН НА ТАТКО МИ МИЛАН
Скопјанецот кој ми дари живот,
средновековистот кој ми влеа љубов кон археологијата

СОДРЖИНА


Предговор 7

I. Вовед 11

Изглед на средновековно христијанско Скопје 12

1. Историјат на истражување 49
2. Методолошки пристап 57
3. Историски рамки на темата 60
4. Природни услови за живот во Скопската област и географски рамки на темата 62

II. Историски преглед на средновековно Скопје 65

III. Преглед на археолошките локалитети во скопската област 96

1. Скопско Кале 97
2. Скупи 117
3. Градиште, с. Таор 123
4. Маркови Кули/Чрнче, Средно Водно 126
5. Давина Кула, с. Чучер 130
6. Црквиште, с. Арачиново 132
7. Смрѓец, Бадер 133
8. Селиште, с. Бањани 133
9. Црквен Рид, Бардовци 134
10. Градиште-Кале, Барово 134
11. Кале, с. Брњарци 134
12. Стари Лозја, с. Бунарџик 135
13. Јазбине, с. Бунарџик 135

14. Црквиште, с. Бучинци 135
15. Св. Димитрија и Киша, с. Вртекица 135
16. Аквадукт, с. Визбегово 136
17. Вучидол, с. Волково 138
18. Куќетини, с. Глуво 138
19. Орашец, с. Глумово 139
20. Манастириште, с. Говрлево 139
21. Св. Илија, с. Говрлево 140
22. Градиште, с. Говрлево 140
23. Манастириште, с. Горен Грчец 141
24. Лозов Рид, с. Горно Свиларе 141
25. Кале (Градиште), с. Горно Свиларе 141
26. Куќиште, с. Дивље 141
27. Рид (Јазинец), с. Добри Дол 142
28. Депо на монети, с. Долно Коњари 142
29. Пеленица-Манастир, Драчево 142
30. Црквиште, Драчево 143
31. Љубуш, Драчево 143
32. Црквиште, Зелениково 143
33. Кале Градиште, с. Катлановска Сушица 144
34. Маркови Кули, с. Кожле-Кастелот кај Пчиња 144
35. Римска Црква, с. Љубанци 147
36. Касановац, с. Љубанци 147
37. Кула, с. Љубанци 147
38. Марков Град, Матка 147
39. Солиште, Матка 153
40. Рамниште, Матка 153
41. Св. Петка, Матка 154
42. Горна Ковачица, Матка 154
43. Матка, средновековни села 154
44. Црквиште - Манастир, с. Мирковци 156

45. Градиште, с. Средно Нерези 156
46. Црквиште, с. Ново Село 157
47. Градиште, с. Ораше (Град Собри) 157
48. Крст, с. Орешани 159
49. Коњушница, с. Орман 159
50. Св. Никола, с. Осинчани 160
51. Црквиче, с. Осинчани 160
52. Гробишта, с. Пакошево 161
53. Кука (Маја Кикес), с. Рогле 161
54. Јашар-бегов конак, Скопје 161
55. Клучка Хиподром, Скопје 162
56. Кпал Кзи, Скопје 162
57. ул. Прохот Пчински, Скопје 162
58. Камен Мост,Скопје 162
59. Св. Спас, Скопје 164
60. Рамниште, с. Св. Петка 165
61. Марков Манастир, с. Сушица 165
62. Марково Кале, с. Сушица (Малчиште) 166
63. Овоштарник, с. Таор 167
64. Селска Нива, с. Тисавица 167
65. Крст, с.Усје 167
66. Селска Џамија, с. Чајлане 167

IV. Јустинијана Прима 168

V. Декоративните христијански елементи на сакрални и профани предмети 178

1. Геометриски декоративни мотиви 179
2. Флорални/вегатабилни декоративни мотиви 192
3. Зооморфни декоративни мотиви 202
4. Антропоморфни декоративни мотиви 214

| | | |
|---|---|---|
| VI. | Типолошка поделба на движниот материјал | 230 |
| | 1. Црковен инвентар | 230 |
| | 2. Накит | 245 |
| | 3. Керамички чинии | 255 |
| | 4. Varia | 259 |
| VII. | Производство | 265 |
| | 1. Репроматеријали | 265 |
| | 2. Работилници и импортни центри | 267 |
| | 3. Влијанија | 270 |
| | 4. Материјали | 271 |
| | 5. Монетоковање | 276 |
| VIII. | Каталог | 277 |
| IX. | Заклучок | 456 |
| X. | Библиографија и кратенки | 465 |
| XI | Користени кратенки | 495 |

# ПРЕДГОВОР

Идејата за овој докторски труд настана како резултат од повеќегодишни истражувања на средновековниот период во скопскиот регион, на неколку интересни археолошки локалитети, како што се Скопско Кале, Градиште Таор, Маркови Кули Водно. Но, како иницијална railway капсла за отпочнување на оваа тема беше откривањето на голем број наоди од археолошките истражувања на Скопското Кале, кои се производ на христијанската продуховеност и од вештите раце на локалните мајстори.

Материјалната култура е одраз на едно живеење, на определено време, на конкретна во нашиов случај религиозна и географска припадност. Таа го носи белегот на одредена епоха, место и народ. Таа е амблем на одреден простор, ера, народ. Таа е карактеристија која сведочи за определено постоење. Таа е име, презиме, лична карта на еден дел од еден живот на едно место.

Материјалната култура за секој археолог е вечен предизвик за истражување, особено оние примероци кои во литературата се ретки или изоставени. Особена мистериозност побудуваат сложените и нелогичните претстави на локалната интерпретација со нитка на висока уметност.

Христијанската материјална култура доста често е тема на интерес на многу истражувачи во областа на културното наследство. Во стручната литература има изобилие од наслови кои допринесуваат на оваа тема од повеќе аспекти, вклучувајќи ги и одредените географски рамки.

Сепак, кога ќе се каже ”материјална култура”, тоа побудува една широка тема, која ги опфаќа не само движните предмети од витрините и депоата на музеите, туку и недвижните добра од археолошките локалитети. Од тој аспект, материјалната култура е огромен материјал за да биде обработен само во еден труд. Но, кога ќе се земе во предвид дека движниот археолошки материјал од квантитативен аспект претставува научен потенцијал за да биде собран и обработен во докторски труд, тогаш ни се отвара можност за создавање на симбиотичка поврзаност на предметите во една иста ”приказна”.

Во ваков еден збир на предмети, скопскиот регион како географско одредиште на оваа тема, многу би допринел за расветлување на мистериозните случки од средновековното минато на просторот на кој и сега активно се живее. И, секако, со овој труд се прикажани сите досегашни репрезенти на материјалната култура на средновековно Скопје.

Материјалната христијанска култура од скопскиот регион во времето на средниот век е сеуште жива материја, бидејќи оваа област сѐуште се истражува по пат на археолошки истражувања, кои во иднина може да донесат нови наоди. Со нив, би се донеле и нови сознанија кои би се надоврзале на овој труд.

Во изминативе 100-тина години на полиците на многубројните локални, национални, па и светски библиотеки може да се најдат голем број наслови кои ги третираат: скопско, христијанството, движните материјали, средновековието. Засега, нема наслов кој овие четири теми ги спојува во едно издание и кој со научен пристап ја дава вистинската слика на скопскиот регион во периодот на средновековието од аспект на материјалната култура произведена под инспирација на христијанството.

Мора да се спомене дека археолошките истражувања на Скопското Кале во 2007, 2009, 2010, па и 2011 година побудија голем научен интерес кај средновековистите, а со тоа и после години исчекување, дадоа инспирација, а воедно и материјал за оваа тема да биде обработена како докторски труд. Движните наоди откриени на археолошките истражувања во изминативе години на локалитетите Скупи, Градиште- Таор и Маркови Кули- Водно, се вклучени во истражувањата за овој докторат, со детална каталошката обработка. Со тоа, ќе се задоволат и квантитативните норми за изработка на докорски труд на оваа тема.

Од друг аспект, македонската јавност во изминатиот период покажа голема желба и интерес за културното наследство во земјава. Со изработка на овој труд и негова публикација ќе се допринесе кон уште поголем интерес да се осознае материјализираната духовност на нашите предци, преточена преку прекрасни уметнички дела од средновековниот период. Трудот изобилува со фотографии и цртежи, со што и естетскиот дел би бил задоволен, не само за стручната туку и за општата јавност.

Исто така, оваа дисертација е обид да се прикажат христијанските средновековни споменици, археолошки локалитети, цркви и манастири, кои сведочат за една жива и непрекината традиција на градење, творење, битисување и уметничко изразување. Со тоа, се покажува активниот живот на Скопје, како врвен управен центар на една пространа област. Секако, така се открива културната и уметничката страна на градот, не само како врвуличен трговски центар, туку и како духовно, христијанско прибежиште на средновековните жители, минувачи, освојувачи.

Како голема олеснителна околност за изработка на овој труд е и учество на археолошки ископувања и истражувања на дел од локалитетите, особено на петте најголеми во скопскиот регион[1], како дел од теренскиот тим, како раководител на сектор или дел, како и член на тимот за документирање на движниот материјал. Со тоа, беше олеснето пребарувањето на материјалот, а секако и достапна потребната документација.

Им се заблагодарам на сите оние кои ми дадоа поддршка во изработка на овој труд.

Му благодарам на проф. д-р Драги Митревски од Институтот за Археологија и Историја на уметноста на Филозофскиот факултет, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, за сиот движен материјал откриен на Скопско Кале што овој труд го третира, отстапената документација, советите и сугестиите, како и за успешната теренска соработка на истиот локалитет.

Му благодарам на м-р Киро Ристов од Музеј на град Скопје, со кој како раководител на локалитетите Градиште, с. Таор и Маркови Кули, Водно имавме прекрасна соработка и кој несебично ми помогна со движниот материјал потребен за изработка на овој труд, како и за необјавениот материјал за локалитетите каде тој работел и раководел.

Благодарност до колешките Ленче Јовановска и д-р МаринаIneчевска Тодоровска од Музеј на град Скопје за отстапување на необјавениот материјал од археолошкиот локалитет Скупи, како и за можноста да го обработам и дополнително документирам веќе објавениот материјал од истиот локалитет. И благодарам на

[1] Скопско Кале, Скупи, Градиште во с. Таор, Маркови Кули на Водно и Давина Кула во с. Чучер

колешката С. Лакалиска од истиот музеј за стручната помош и отстапените фотографии.

Голема благодарност и до проф. д-р Виктор Лилчиќ, кој како главен теренски раководител на археолошкиот локалитет Давина Кула, с. Чучер, овозможи теренска соработка, како и пристап до информации и движен материјал потребен за изработка на овој докторски труд.

Исто така, благодарам на колешката Б. Видоеска од Градскиот конзерваторски центар за понудената помош и стручни совети.

Голема благодарност до колегите од Музеј на Македонија / Археолошки музеј на Македонија, пред сé на А. Папазоцска Санев, за непосредната помош околу наодите во нивната поставка и за на податоците од археолошките истражувања, како и на К. Трајковски за дадените информации.

И на крај, но не со помалку почит, од срце им благодарам на колегите, мои соработници, за направената документација: на Владо Кипријановски, фотозографот без чија фотографија овој труд немаше да ја добие својата естетска форма, како и на Александар Антониев, чии технички цртежи ги доловија предметите со сета нивна прецизна убавина.

# I. Вовед

Притаен во спокојот на Скопската Котлина, од сите страни опкружен со планини, во сите културни и историски ери присутен, секогаш административно значаен, неодбегнат од освојувачите, современ и актуелен низ вековите, во прегратките на праисторијата и историјата подолга од шест илјади години, лежи град од двете страни на реката Вардар. Градот се вика ***СКОПЈЕ***.

Ако некои светски градови ги нарекуваат: Град на Светлината, Вечниот Град, Белиот Град,..тогаш за Скопје не може да се изнајде само еден атрибут кој би ја опишал неговата срж. За него би се издвоиле бројни атрибути: Вечен град, Град на светлина, на братството, на борбата, хуманоста, истрајноста, неуништивоста, ...Царски град...

Низ Скопје минале многу луѓе кои ја креирале неговата историјата: освојувачи, населувачи, кралеви, цареви, минувачи, патеписци, уметници...Сите тие оставиле по некој свој белег на времето, со што е изградена историјата на Скопје. Но, не само тоа. Оставиле и пишани извори, оставиле изградени споменици, оставиле силина на духот за Скопјани секогаш да се гордеат со својот прекрасен град.

## ИЗГЛЕД НА СРЕДНОВЕКОВНО ХРИСТИЈАНСКО СКОПЈЕ

Средновековниот град Скопје бил изграден во близина на античката населба Скупи, послан во централниот дел на Скопската Котлина. Лежи на левиот брег на реката Вардар. Градот имал своја тврдина (горен град) и развиено предградие (варош, јеборија). Бил заграден со ѕидови и зацврстен со кули (пиргови). Во градот се влегувало од повеќе порти, меѓу кои и на *велика йорӣа,* но се споменува и водена порта. Ноќе портите се затварале и влегувањето било можно само по исклучок.

Уште во времето на цар Самоил, па и низ текот на XI и XII век, Скопје бил значаен кастрон, а потоа прераснал во полис. Бил епископско седиште, кој како енории под своја јуриздикција ги држел: Бинеч (Винетцин), Луково (Ликован), Преаморон и Принипон[2]. Границите на скопската епархија биле значително големи: на југ се протегала до Велес, на исток до Мородвизска - Брегалничка епархија, на југоисток до Овче Поле, на север до Лесковац и Врање, на југозапад до околината на Призрен, а на запад до Полог. Во склоп на Охридската архиепископија, скопската епархија била најпространа и најугледна.

Патеписци запишале дека Скопје бил голем град, со непрегледни обработени полиња, со изобилство на лозја и зрнести култури. Од него до градот Коритус на североисток има еден ден. Меѓу нив тече реката Фардариј[3]. Оваа река Аксиј извира од планина и на почеток не е голема, но во понатамошниот свој тек расте од притоките, го менува своето име во Вардар, а на некои места станува толку голема што станува пловна[4].

Во полниот средновековен период, во внатрешноста на градските ѕидови имало палати со дворови на земјопоседниците, куќи на зависните луѓе, плацеви, цркви, ”стан” за пратеници и гости итн[5]. Веднаш до “големата врата“ во градот, Милутин изградил “палата у двор“.[6] Палатата и црква посветена на Богородица се спомнуваат дека се внатре во градското јадро.

---

[2] Грујиħ Р., Скопска митрополија, 22; Микулчиќ И, Средновековни, 41
[3] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 143-144
[4] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 151-152
[5] Томоски Т., Македонија, 117 ; Томоски Т., Скопје, 64
[6] Томоски Т., Скопје, 64

Градот бил богат и славен. Во поголемиот дел од средновековниот период Скопје бил центар на државниот, политичкиот, економскиот и духовниот живот не само на околината, туку и на пошироката географска обіаст. Поради тоа го привлекувал окото на многу моќници. Скоро сите тиеземале или се обиделе да земат дел од овој град, кој после сите драматични настани од неговата историја продолжил да живее.

Во истиот период градот толку многу пораснал, да пораснало и неговото подградие што зафаќало голема површина. На почетокот на XIII век, и долниот град добил обѕидие, со цел да се вратат бројните напади и упади на непријателските војски. Неговата населеност се концентрирала на источната страна на утврдениот простор. Во оваа варош имало развиен систем на улици, поплочени и организирани. Во сржта на јеборијата се наоѓале работилници и нивните продавници, но и главното пазариште не само на градот, туку и на околината се наоѓал во овој дел. Веднаш до широкоотворениот простор (плоштад) се наоѓала и главната црква - катедралата посветена на патронката на Градот - Богородица Троерачица. Околу неа, пак, гравитирале неколку цркви и црквички, но и имоти на великодостоинтвеници. Црквите, без разлика дали биле под византиското влијание или со белег на српското градителство, биле прекрасни во својата архитектура со разиграни фасади, давајќи живописна слика и преку својата полихромија. Живописите во нив "дадени од Бога", ги изработувале врвни мајстори, дојдени од цариградските високи зографски школи или биле локални, но добро учени фрескоживописувачи. Имотите на богатите, кои биле и ктитори на тогашната градска јавна содржина, биле исполнети со исклучителни богатства.

При дипломатската посета на Скопје во 1298-99 година, византискиот пратеник Теодор Метохит искористил за да запише бројни податоци за градот. Од него дознаваме дека не само Акрополата на градот била цврсто укрепена, туку и јеборијата бил обколен со силни ѕидови и кули[7]. Во опис Т. Метохит за дипломатската свадба меѓу византиската принцеза Симонида и српскиот крал Милутин се споменува дека во долниот град тогаш веќе бил изграден и обновен голем мост на Вардар: "Симонида

[7] Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 40

била преземена на вардарскиот мост”[8] при свадбената церемонија во пролетта 1299 година[9].

Средновековно Скопје го населувале луѓе кои на градот му ја давале исклучителноста во скоро секој поглед. Скопје бил силен економски, политички, духовно, а географската позиција му овозможила таа своја доминантност да ја наметне во целата околина.

Така, на само неколку километри од главното градско јадро, средновековни скопјани имале неколку пунктови кои им служеле како:

- **збег** - прибежиште, како што е Чрнче (лок. Маркови Кули на Средно Водно). Првично, при неговото настанување во VI век, градот имал за цел да биде прибежиште на граѓаните од централната градска населба при моменти на опасност, како што се напади и упади од непријателски карактер. Така, градот егзистирал како прислужба на Скопје. Во средновековниот период многу пораснал, но не остварил некоја поголема слобода и независност од Скопје.

- **манастирски град**, како што е Матка. Овој град не настанал спонтано, при доселувањето на некоја групација или народ. Баш напротив, ова е место кое со својот географски карактер и специфична природна појава, како и формативен облик овозможува уживање во исполнет духовен живот. Така, по традиција на градење на неколку антички градби од сакрален карактер, тука се оформил сакрален центар на бројни христијански градби. На овој простор, на мало меѓусебно растојание, се изградени седум манастири: Шишевски, Св. Спас, Св. Богородица - Матка, Св. Недела, Св. Никола, Св. Троица (Архангел Михаил) и Св. Андреа. Сите тие (освен Шипевскиот) се на самиот раб на клисурата и се прилично непристапни. Тие не се најстари во скопската област, но во нив во одреден период низ средниот век се водел прав аскетски живот. Во околината на манастирите, пак, се формирале бројни села, кои распоредени по планинските падини, висини и низини, го пополнуваат целиот простор кој реката Треска го преполовува со своето течение.

- **планински предел** за духовно издигнување, како што е Скопска Црна Гора, каде се сместени неколку значајни цркви и манастири. Се наоѓа на северо-

[8] Мошин В., Манастирот Св. Никита, 266
[9] Острогорски Г., Историја на Византија, 592

западната страна на Скопје. во средниот век оваа тесна област била позната како „Чрьнеі Гору"[10]. Во овој дел, кој бил најбогат со шума во целата скопска област, се одвивал активен црковен живот. Така, во овој предел се наоѓаат најстарите сакрални градби и квантитативно најбројни. Освен негувањето на христијанството, ова биле огништа на локалната книжевна школа, како и центар за духовно воздигнување. Поради богатството и од водени теченија, скоро секоја куќа имала своја воденица[11].

- **селски имоти**, како вообичаен дел на приградските населби, се всушност еден вид реминисценција на римските вила рустики. Имено, средновековните феудалци, во еден момент толку многу пораснале, па и нивните имоти станале премногу големи за да им биде довелен дел од градската територија. Затоа, тие формирале имоти, на кои не само што се одвивале активностите за произвотство или продукција на она со кое се занимавале, туку прераснувале во мини центри во кои се одвивале различни активности. Така на пример, на еден имот, каде главна гранка била земјоделството, сопственикот - феудалецот ангажирал група на мајстори - занаетчии, кои за него би правеле занаетчиски производи.
- **попатни станици** кои се формирале во кастели и биле пречекор до следниот голем град.

Околината на Скопје всушност низ целиот среден век била едно големо градилиште кои скоро никогаш не престанувало со работа. Околу Скопје гравитирале голем број населби и села.

Од литературата и од истражувањата ни се познати следниве (по азбучен ред):

- ***Бадериана*** се наоѓа на 32 км јужно од Скупи. Бадеријана етимолошки ја поврзуваме со денешното село Бадер, каде се наоѓа мал кастел Смрѓец. Се работи за значаен римски кастел површина од 1,4 ха, каде меѓу доцноантичките градби се наоѓа и една ранохристијанска црква. На ова место лежи римската попатна станица Praesidium, која е првото забележано место на XXI милји од Скупи на Tabula

[10] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље. 4
[11] ibid, 252

Peutingeriana[12], на самата граница меѓу Дарданија и Македонија. Ова утврдување (според Јустинијановиот историограф Прокопиј[13]) било една од целите во големата Јустинијанова активност во периодот од 530 - 554 година, за обнова стратешки важните места кои имале улога на обезбедување на природните патишта во префектурата Илирик.

- ***Бањани*** се наоѓа во шумскиот предел на Скопска Црна Гора, во чиј атар се наоѓа манастирот посветен на Св. Никита. Во селото се наоѓале и црквите Св. Ѓорѓи и Богородица Поклопница[14].

- ***Барово*** е село за кое се знае дека по удобниот живот во римскиот, доцноантичкиот и рановизантискиот период на локалното Градиште, животот во средниот век се спуштил доле, на територијата на денешното село. Тоа се споменува во време на Константин Асен (1258-1277) [15], а и подоцна кога крал Милутин го приложил како дар на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг Скопски[16]. Селото повторно се споменува во поменикот на манастирот Матка.

- ***Батинци*** е село од другата страна на Водно, кое е споменато во повелбата на кралот Милутин од 1300 година, издадена на манастирот Св. Ѓеорги Горг[17] и било подарено на споменатиот манастир.

- ***Брезница*** е старо средновековно село, кое веќе биле напуштено кога Османлиите го освоиле Скопје и околината. Оттаму селото сега се вика Пуста Брезница.

- ***Варвара*** е позната по Калето, кое се наоѓа југоисточно од селото. Неговото потекло е од римскиот период, но претпоставуваме дека не било избегнато ни во средновековниот период. Во самото село се наоѓа мала црквичка која е посветена на Св. Варвара, најверојатно постара и од селото.

- ***Водно*** е средновековно село споменато во Милутиновата повелба за манастирот Св. Ѓеорѓи Горг Скопски од 1300 година[18], каде Водно и Нерези се вели

[12] Микулчиќ И., Таурисион и Бадериана, 104
[13] Зајковски Д., Христијанската црква, 74
[14] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 412-413
[15] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 141
[16] ЛапеЉ., Историја, 112
[17] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 117
[18] Лапе Љ., Историја, 112

дека се едно село, со лозја, ниви, воденици, сенокоси, ловишта за риба и дивеч. Во селото се наоѓале манастирот Св. Богородица Елеуса, црква Св. Теодор во Хваште и црква Св. Пантелејмон, с. Нерези. Селскиот атар зафаќал големо пространство, исполнет со зеленило и природни убавини. Селото било богато со вода, па во него имало и две воденици и една голема чешма[19].

- ***Врежалце*** се наоѓа под самиот врв на планината Китка. Селото било доста богато со вода за пиење, има доста бунари и чешми[20].

- ***Врт̄екица*** била населена со христијанско население скоро целиот среден век, кое било поттиснато од новото турско население кое дошло во XV век. Тука населението сѐуште го негува топонимот Киша (црква) за средновековен храм посветен на Св. Димитриј.

- ***Глумово*** се наоѓа пред скопското западно предградие, во близина на реката Треска и нејзиниот излез од Скопската Котлина. Било богато со лозја и ниви, во селото имало и воденица.[21]

- ***Говрлево*** е старо село, кое за прв пат се споменува во XV век[22], но неговото активно егзистирање најверојатно е од многу порано, кога биле подигнати и неколку средновековни цркви.

- ***Длбица*** е село што се наоѓало западно од Скопје, на падините на планината Жеден. Селото веќе не постои, но се спомнува во грамотата на Константин Тих како село кое било предадено за потребите на кралскиот двор на Милутин и неговите соборци при освојување на Скопје во 80-тите години на XIII век.[23]

- ***Драчево*** се наоѓа на десната страна на Маркова Река и во средновековниот период било најголемо село според неговата површина[24]. Во атарот на селото се наоѓа локалитетот Манастир Пеленица, лоциран на 3 км ј/з од Драчево и 10 км југоисточно од центарот на Скопје, на висока тераса која доминира над долината на Маркова Река. Според преданието, на ова место се наоѓал манастир кој бил посветен на Св. Ѓорѓи,

[19] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 255
[20] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 271
[21] Мошин В., Грамотите, 128
[22] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 148
[23] Мошин В., Грамотите, 128
[24] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 273

бил голем манастир, но некаде во XVIII век целосно пропаднал, а манастирскиот имот бил разграбан од тогашните турски големци[25].

- ***Дубравица*** се наоѓала под Тавор (Таор), со ловишта за риби и дивеч. Во селото се наоѓала црква посветена на Св. Ѓорѓи. Сето крал Милутин го подарил на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг во Скопје[26].

- ***Дубница*** и ***Ракита*** се средновековни села, кои во време на Милутин биле запуштени, па затоа се запишани како селишта и како такви биле дарувани на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг[27].

- ***Зелениково*** се наоѓа во подножјето на планината Китка. Постоело и во средниот век. На само 1 км јужно од центарот на селото се наоѓа мал рановизантиски кастел во форма на делтоид, а во јужниот дел на кастелот се наоѓа христијанска црква.

- ***Калуѓеровјани***, над Пчиња, ***Калништа, Драгин Дол, Требуш*** и ***Тополово***, спомнати во Милутиновата повелба, со своите лозја, ниви, шуми и полиња, биле дарувани на скопскиот Ѓеорѓи Горг[28].

- ***Кондово*** се наоѓа западно од Скопје, веднаш покрај Вардар. Селото се спомнува во грамотата на Константин Тих како едно од трите села кои биле предадени за потребите на кралскиот двор на Милутин и неговите соборци при освојување на Скопје во 80-тите години на XIII век.[29]

- ***Кучевиште,*** или средновековно Кльчевишта, е запишано во Повелбата на цар Душан[30]. Се наоѓа во централниот дел на Скопска Црна Гора, на ридот познат како Крст. Централниот дел на селото е познат како Комненово маало, поради што може да се претпостави дека во XII век селото веќе постоело.

- ***Лисиче*** е споменато и во повелбата на кралот Милутин од 1300 година издаден на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг[31], како место крај кое поминувал локален пат. Населбата повторно се спомнува во друга Милитунова повелба од 1308 година, како

[25] Хаџи Васиљевић J., Скопље, 464
[26] ЛапеЉ., Историја, 117
[27] ЛапеЉ., Историја, 113
[28] ЛапеЉ., Историја, 113
[29] Мошин В., Грамотите, 128
[30] Хаџи Васиљевић J., Скопље, 281
[31] Трифуновски J., Слив Маркове Реке, 97

заветнина на манастирот Св. Никита во Скопска Црна Гора.[32] Населбата се споменува и во турскиот период, како место од каде биле повикувани турски административни службители во градот Скопје.

- ***Љубанци***, на Скопска Црна Гора се споменува во грамотата на Андроник II Палеолог од 1308 година[33] и познато по три средновековни цркви: Св. Богородица (најстара), Св. Никола и Св. Јован Крстител[34].

- ***Нерези*** е средновековно село споменато во Милутиновата повелба за манастирот Св. Ѓеорѓи Горг Скопски од 1300 година[35], како село со богати имоти и пространи шуми. Селото исто така било богато со вода, па во него имало неколку бунари и две чешми[36]. Во селото се наоѓа и манастирот Св. Пантелејмон, бисерот на комненската византиска уметност.

- ***Осичани*** е село спомнато во Повелбата на крал Милутин во 1300 година, како “Златоустинчани”[37], дар на скопскиот манастир Св. Ѓеорѓи Горг[38]. Тоа било големо село од разбиен тип, со големи пространства на ниви за орање во својата околина. Во склоп на селото биле подигнати четири цркви, посветени на Св. Никола, Св. Атанасиј. Св. Петка, а за четвртата не се знае ниту каде се наоѓала ниту кому му била посветена. Селото имало големи лозја, ниви, ловишта со риби и дивеч, шуми и планина, а во селото се наоѓала воденица[39].

- ***Пагаруша = Падаруша*** се наоѓа во драчевскиот атар. Во негов склоп се наоѓа месноста позната како Пеленица.

- ***Пресека*** е средновековно село, кое како и други населби се споменува во повелбата на крал Милутин од 1300 година, кое кралот ги откупл и ги дал како дар на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг Скопски[40].

---

[32] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 97
[33] Петров К., Преглед, 82-83
[34] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 411
[35] Лапе Љ., Историја, 112
[36] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 258
[37] ЛапеЉ., Историја, 112
[38] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 150
[39] ЛапеЉ., Историја, 112
[40] ЛапеЉ., Историја, 110

- ***Побужје*** (средновековно Побоужда) на Скопска Црна Гора, село споменато во повелбата на крал Милутин од 1300 година[41]. Во него се наоѓаа црква посветена на Петка - Параскева. Црквата била подарена на манастирот Ѓеорѓи-Горг Скопски[42]

- ***Рашче = Раоче = Рахче*** се наоѓа на 10-тина километри од Кондово и се спомнува во грамотата на Константин Тих како село кое било предадено за потребите на кралскиот двор на Милутин и неговите соборци при освојување на Скопје во 80-тите години на XIII век.[43]

- ***Собри***[44] е најдобро сочуваната средновековна населба во Македонија, особено неговата акропола, која била обновена и користена и во турското средновековие. Локалитетот лежи на 3,5 км јужно од Ораше и 1 км северно од селото Дворци. Поставен е врз сртот на тесен гребен, на 1 км од Вардар, среде Дервенската Клисура (која е природна граница меѓу Скопската и Полошката Котлина). Во јужното подградие се откриваат остатоци од средновековни куќи. Исто така тука лежат темели од голема средновековна црква која била уништена во турско време. Во околината на Собри се наоѓаат и неколку рудници, од кои во средниот век се вадела железна руда.

- ***Соње*** било населено уште во римско време, кога голем посед имал богат граѓанин од Скупи. И ова село е споменато во повелбата на крал Милутин од 1300 година како Долнюмь Соул'ни[45] и Горнюмь Соул'ни[46], во кое се наоѓале црквите Св. Спас (во првото) и Св. Никола (во второто). Милутин од селото откупил ниви и ги подарил на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг[47]. За селото се врзува и една легенда за Крале Марко. Имено, на границите на атарот на Соње, се наоѓа една селска маала која е наречена Марков Камен. Тука лежи еден голем камен блок за кој селаните раскажуваат дека го фрлил Крале Марко од Мокра Планина.

---

[41] Лапе Љ., Историја, 113
[42] Мошин В., Славева Л., Илиевска К., Грамота,128
[43] Мошин В., Грамотите, 128
[44] податоците се земени од Микулчиќ И. Скопје, 135-137
[45] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 133
[46] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 136
[47] Лапе Љ., Историја, 110

- ***Сопиште*** е средновековно село, кое како и други населби се споменува во повелбата на крал Милутин од 1300 година, кое кралот ги откупил и ги дал како дар на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг Скопски[48]. Тогаш селото се нарекувало Сопиштехь .[49]

- ***Студеничани*** е старо средновековно село во чиј атар постоела мала црква посветена на Св. Недела, за која се знае само од преданијата[50].

- ***Сушица*** е најмногу позната по Марковиот Манастир, кој се наоѓа во нејзиниот атар. Покрај манастирот, во негова близина биле изградени и црквите посветени на: Св. Никола, Св. Богородица и Св. Архангел (најверојатно Михаил). Но, на истото село му припаѓа и Марково Кале. Во средниот век ова село водело активен живот, каде селаните работеле на широки пространства на ниви и произведувале разноврсни земјоделски производи. Имале ниви, пасишта, сенокоси и цер (дрво)[51]. Ова село е познато и по трагачите по злато, кои во средниот век се обидувале да се збогатат од златоносната Маркова Река. Селото е неколку пати споменувано, особено во повелбите на крал Милутин во XIV век[52].

- ***Таврисиј***

" ...Некаде во подрачјето на европските Дарданци, кои живеат зад границите на Епидамнијците, во непосредна близина на кастелот наречен Бадеријана, беше село по име Таврисиј. Тука е роден царот Јустинијан, основачот на светското царство...."[53]

Таурисиум е античкиот топоним за словенскот име на селото Таор.

- ***Тморане*** е денешното село Моране, кое се наоѓа на десната обала на Вардар, во близина на селото Таор, во подножјето на планината Китка. Прв пат се споменува во XIII век, во време на владеењето на Асен (1230-1241), кога била подигната келиската црквичка посветена на Св. Петка, од страна на протосевастот Прибо[54]. На едно возвишение најверојатно постоело мало утврдување во средновековниот период, а во котлинскиот дел, освен темели од мала црквичка, се наоѓаат бројни фрагменти од керамички садови и градежен шут. Селото било многу богато со свежа вода за пиење.

[48] ЛапеЉ., Историја, 110
[49] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 128
[50] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 267
[51] ЛапеЉ., Историја, 115
[52] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 122-123
[53] http://www.tauresium.info/lokacija.html
[54] Славева Л., Грамоти, 253

- ***Усје*** е средновековно село, кое се спомнува како старо село во Поменикот на манастирот Матка[55], кое им припаѓало на богатите скопски феудалци. Во селото имало повеќе селски имоти, отколку жители. Во него се наоѓала и црква посветена на Св. Атанасиј.

- ***Црвена Вода*** во средниот век била мало градче во чиј склоп се наоѓал голем посед, богато население и посада која го надгледувала локалниот пат што ги поврзува околните села и населби[56].

- ***Црешевјани-Црешево=Чрешовени,*** во полето под Скопска Црна Гора, е село кое било дарувано на манастирот Св. Ѓорѓи Горг уште во време на неговото постанување, во време на императорот Роман III Аргир [57]. Селото поседувало големи пространства на лозје, ниви, сенокоси, пасишта и ловишта на дивеч, шуми и воденици. Во ова село се наоѓала црква посветена на Св. Димитриј[58] (крај на XIII век).

- ***Чрнче*** е средновековниот град кој лежел на локалитетот Маркови Кули на Водно (во X-XIII век). Тој е всушност обновување на рановизантискиот град. Оваа населба служела како збег и последно засолниште за жителите на некој многу важен град, и тоа за многу бројно (повеќеилјадно) население[59], најверојатно на централниот град во областа - Скопје. Обновата најверојатно започнала во X век[60]. Градот е забележан во повелбата на кралот Милутин од 1300 година на манастирот Георги Горг[61].

- ***Слатина, Лупоглава, Прегари, Милтено, Коленица, Крушица, Бел Камен, Мрамор, Крстот, Ралица, Рудина, Леуново, Челник, Мужила, Добри Дол,*** се средновековни села, споменати во повелбата на крал Милутин од 1300 година, кое кралот ги откупил и ги дал како дар на манастирот Св. Ѓорѓи Горг Скопски[62].

---

[55] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 125
[56] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 170
[57] Мошин В., Грамотите, 127
[58] Петров К., Преглед, 81
[59] Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 37
[60] Микулчиќ И., Средновековни, 286
[61] Микулчиќ И., Средновековни, 290
[62] ЛапеЉ., Историја, 110

Селата на Матка биле најбројни.

- ***Матка*** е најпознатото скопско село, чие постоење во средновековниот период е потврдено во бројни историски записи. Името, со словенски корен, му е дадено според живописниот крајолик во кој е сместено. Се наоѓа на месноста Коштање - Стара Матка, на широко зарамнето плато, кое доминира над патот и клисурата на реката Треска. Матка за прв пат се спомнува во 1337 година, како имовина на властелинот Бојко. Низ текот на вековите селото Матка се спомнува во историските извори. Селото сеуште живее и организира големи прослави за празникот на нивната патронка Богородица, за која на 28. август скоро опустеното село повторно заживува.

- ***Нир*** се наоѓа на блага падина пред манастирот Св. Никола, опколено со густа шума. Во неа се наоѓа извор на вода и чешма од која постојано тече студена планинска вода.

- ***Момково***, се наоѓа на 2,55 км ј/з од црквата Св. Андреа, во долот што се спушта под ридот Крстец. Во селото сѐуште постои голем извор на вода и чешма. За селаните од ова село во средниот век постои запис дека се бавеле со одгледување на жито, лозја, бостан и пчеларство[63]. Ова село било во склоп на имотот на манастирот Св. Андреа.

- ***Капиновец***, во склоп на селото се наоѓа извор и каптажа.

- ***Козарево*** се наоѓа на падините на еден широк дол, западно од десниот брег на реката Треска, на 4 км ј/и од Матка и 1,5 км од селото Св. Петка. Во селото се наоѓал манастирот Св. Јован Златоуст[64], кој бил духовно средиште за повеќе мали средновековни цркви од околината. Тука се наоѓаат неколку извори на свежа планинска вода, како што е Коритиште и Цер. Крал Милутин го подарил селото на скопскиот манастир Св. Ѓорѓи Горг.

- ***Луковица*** се наоѓа на источните падини на Сува Гора. Се споменува како прилог на манастирот Св. Андреа во 1389 година. Ова средновековно село, кое живее сѐ до денес, на неколку пати е забележано во историските извори.

---

[63] Лилчиќ В., Матка, 90
[64] ЛапеЉ., Историја, 112

- ***Кукишта - Порта,*** се работи за средновековно село со непознато име, кое продолжило со живот од антиката па сѐ до крајот на средновековниот период. Се наоѓа на околу 250-300 м североисточно од селото Матка, на благите падини од јужната страна.
- Покрај овие, познати се и следниве средновековни села: ***Дучинци, Качепури, Крушопек, Гориа, Длбочица, Уздолие, Ивање, Лозно, Крушица, Букурци, Повилно***.

Околината на Скопје била населена, но сепак централното градско подрачје бил носител на сите активности (социјални, економски, политички, уметнички) во скоро целиот средновековен период. Најистакнат бил црковно-христијанскиот живот, односно црквата и религијата го диктирале јавниот живот, а со тоа и архитектонската слика на градот. По бројот на цркви и манастири во средниот век, Скопје и околината го држи првото место на Балканот. Само во Милутиновата повелба од 1300 година се споменуваат 40 цркви и манастири на скопска територија.

***Во склоп на акрополските градските ѕидови*** се наоѓале четири цркви. Во подградието имало најмалку десетина цркви, меѓу кои била и прочуената Богородица Троерачица, заштитничка на градот[65]. Во околината се вбројуваат уште 15-тина, воглавно изградени во XI век со освојувачките походи во Македонија на Василие II, и уништени во XII-XIII век со српско-бугарско-византиските битки за овие територии. Во времето на Милутин и подоцна, во XIII и XIV век, голем дел од нив биле возобновени, голем дел од ново подигнати. Повеќето од тие сакрални објекти се збришани во турското средновековје, па за нив сведочат само пишани извори.

- Внатре, во горниот град, "в'ноутрӥ града Скопиꙗ, при вратѹх великих " се наоѓала црквата ***Св. Богородица*** на монахот Ксенофон, кој заедно со својата палата ја дарувал црквата на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг[66], заедно со водениците, нивјето и лозјето[67]. И во грамотата на Милутин од 1300 година се спомнува дека била подарена

[65] Микулчиќ И., Средновековни, 306
[66] Грујић Р., Скопска митрополија, 138-139
[67] Лапе Љ., Историја, 115

на манастирот Св. Ѓорѓи Горг, па според тоа се датира кон крајот на XIII век.[68] После тоа, црквата веќе не се спомнува. Нејзиното замрување може да се препише со доаѓањето на Турците, на самиот крај на XIV век или евентуално на почетокот на XV век.

- Во склоп на тврдината се спомнува уште една црква посветена на ***Богородица***, но оваа била подарена на манастирот Св. Никита на Скопска Црна Гора. Црквата се споменува во грамотата на Андроник II Палеолог од 1308 година[69], после што веќе ја нема меѓу историските извори. Најверојатно била уништена во XV век, со доаѓањето на Турците во Скопје. Прашалник се поставува за истовремено постоење на две цркви посветени на Божјата Мајка.
- Црква ***Св. Константин и Елена***, се наоѓала во Скопската тврдина. Таа се споменува во Милутиновата биографија од времето пред 1337 година, па затоа се датира во раниот XIV век[70]. Според записите на архиепископот Данило, крал Милутин, меѓу други бројни цркви, ја изградил и оваа[71]. Крај неа бил закопан еден од заповедниците на Скопската Тврдина, по име Порча, кој починал 1318 година. За него и за црквата дознаваме од неговата надгробна стела, испишана со вклесан текст на старословенски јазик[72]. Црквата најверојатно била уништена при турската окупација на градот. Некои учени сметаат дека црквата Св. Константин и Елена се наоѓа под Мустафа Паша џамијата[73] (изградена во 15. век)
- Четвртата црква во склоп на Скопската Тврдина сеуште не ни е позната која била. Претпоставката наведува на црквата ***Св. Мина***, која неосветена и напуштена била претворена во црковен музеј, отворен во 1935 година[74].

Надвор од ѕидините на горниот град, во склоп на скопската ***јеборија***, покрај густонаселениста и бројните јавни и приватни градби, се наоѓале цркви и манастири. Повеќето од нив веќе не постојат, но за нив сведочи пишаната историја:

[68] Петров К., Преглед, 80
[69] Петров К., Преглед, 82
[70] Петров К., Преглед, 83
[71] Мошин В., Грамотите, 167
[72] Грујић Р., Скопска митрополија, 183, сл. 94
[73] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 128
[74] Радојчић С., Старине, 5

- Манастир ***Св. Ѓеорѓи - Георг Самопостижник / Скоропостижник***, или Св. Ѓорѓија Брз, се наоѓал над реката Серава, на т.н. Виргино Брдо[75]- Пръмо Скопю градоү на Серавя на брьдъ рекоммъ Ве'ргиь"[76]. Се претпоставува дека тоа е местото на денешната Султан-Муратова Џамија односно Саат Кулата, кое локалното население сеуште го вика Деве Баир (Девствено брдо)[77]. Го изградил Роман III Аргир[78] (1028-1034), уште во времето пред да стане цар, кога живеел во Скопје како управник на областа[79], некаде околу 1002-1004 година. Бил урнат до темели од Агарените, и потоа бил обновен од цар Алексеј I Комнен[80] (1081-1118), и постанал негов втор ктитор. Во 1093 - 94 година се одиграла најкатастрофалната битка за Скопје меѓу рашката војска на кнезот Вукан и византиските сили на Алексеј I Комнен[81]. Вукановата рашка војска навлегла во Скопската област, потполно ја опустошила и делумно запалила. Тогаш за прв пат бил опустошен манастирот Св. Ѓеорѓи Горг[82]. Манастирот имал голем имот, најбогат во скопската област уште во XI век. Во негов состав влегувале 47 села и заселоци[83]. Освен имотните права, правата за собирање данок, манастирот односно братсвото во манастирот воден од игуменот (архимандридот) имал право и да го поседува народот што живеел во областа која била подарена на манастирот, како и административна, судска и извршна власт. Неговите црковни луѓе имале власт над сé што поседувал манастирот, што значи не одговарале на никаква административна или политичка сила надвор од црковните рамки. Непознато е колку парици и клирици поседувал манастирот, но со сигурност се смета дека бил најголемиот феудалец, не само во околината, туку и на поширока територија. Се смета дека Манастирот Св.

---

75 Лапе Љ., Историја, 108; Николовска С., Манастири, 510
76 Радојчић С., Старине, 9
77 при конзерваторските истражувања на Турбето на Исхак бег (во непосредна близина на Саат Кулата на 6-8 метри), под нивото на муслимански погребувања, беше откриено средновековно скелетно погребување, со ориентација З-И (спротивна од муслиманските свртени кон Мека), чии што наоди покажуваат дека под турските погребувања на овој простор се наоѓа средновековна некропола. Сметаме дека овие гробишта биле поставувани околу централна градба- црква, која најверојатно била Св. Ѓеорѓи Горг, Скопски
78 Мошин В., Славева Л., Илиевска К., Грамота 2, 183
79 Грујић Р., Скопска митрополија, 52
80 Мошин В., Славева Л., Илиевска К., Грамота 2,181
81 Византиски извори III, 186-187
82 Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 39
83 Грујић Р., Скопска митрополија, 60

Ѓеорѓи Горг бил најбогатиот, најуредениот и најугледниот манастир во Скопската епархија, а најверојатно и во целата западна половина на Балканскиот Полуостров.

Манастирот во свој склоп имал и свое ловиште за дивеч[84], што неколку пати било потврдено од владетелите[85]. Поголемиот дел од имотот и бил даруван на црквата од страна на верниците, дел бил конфискуван, а останатото таа сама ги откупувала. Тој неколку пати бил даруван на Хиландар, почнувајќи со Милутиновата повелба во 1300 година, кога манастирот бил најбогат во својата историја. За време на владеењето на Вук Бранковиќ, манастирот Свети Ѓеорѓи - Горг му давал половина од своето богатство на Хиландар, на кого и економски му припаѓал[86]. Постотокот што морал да го дава скопскиот манастир се мерел со огромни количини на локално произведени продукти, како што се: жито, вино, масло, сирење, месо, итн.

Трите грамоти: на царот Константин Тих[87] од 1265 година, на кралот Милутин од 1300 година (лето 6808[88]) и српскиот династ Вук Бранковиќ, од манастирот Св. Ѓеорѓи - Горг Скопски се најзначајните и најинтересните комплекси на средновековните акти, што ја документирале и ја презентираат најбитната содржина на македонската историја[89], како и правните, црковните, управните и економските односи на останатите црковни устанија во околината. Во повелбата на крал Милутин за манастирското сопственииштво на манастирот Св. Ѓеоѓи Горг се спомнати хрисовулите на византиските императори Роман III Аргир (1028-1034), Роман IV Диоген (1068-1071), Никифор III Војант (1078-1081), Алексеј I Комнен (1081-1118), Андроник II Палеолог (1282-1328), потоа и на Асен (†1241), Јован III Ватац (†1246), Калиман I (1254), како и на Стефан (Симеон) Немања (1160-1196), Стефан Првовенчани (1196-1227), па на крај и Милутиновиот татко Урош I (1242-1276). Во својата повелба, Милутин ги потврдува сите дарови на манастирот, па и му дарува уште повеќе, не само материјални добра, туку и управни и извршни бенефиции, како и амнестија од

[84] Според Грамотата издадена на Манастирот Св. Ѓеорѓи-Горг, на Виргино Брдо кај Скопје (Бошкоски М., Ловот, 26-27 и 32)
[85] Алексеј I Комнен (1081-1118), Манојло I Комнен (1143-1180), од бугарскиот цар Константин Тих-Асен и од српскиот крал Милутин
[86] Грујић Р., Скопска митрополија, 154
[87] тој е бугарски цар , внук на Немања од ќерка
[88] Лапе Љ., Историја, 119
[89] Мошин В., Грамотите, 97

законите и владенијата со обичното граѓанство (да не плаќа данок, да нема никаква обврска со световната власт, итн).

За крајот на манастирот забележана е годината 1428 година[90].

- Во склоп на манастирскиот имот се вбројани и неколку цркви, како што е ***Св. Ѓорѓи*** од градот - семејната црква на скопскиот властелин Апокавк, која е уништена од страна на Турците во XV век.[91] Се наоѓала во близина на друмот кој водел од реката Серава до црквата Троерачица[92]. Византискиот велможа Алексеј Апокавк, кој едно време бил и дукс на Скопје, имал огромни имоти во самиот град[93]. Тој, како своја завештина, ја изградил семејната црква. Истата била придадена на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг со повелбата на српскиот крал Милутин во 1300 година[94].

- Црквата ***Св. Никола*** се наоѓала веднаш до дворецот на властелинот Апокавк во Скопје. Датирана е на самиот крај на XIII век, а постоела до XVI-XVII век.[95], најверојатно поради фактот дека тоа е периодот кога амбициозниот Алексеј Апокавк учествувал во заговорот против Јован Кантакузин[96], а подоцна со извршениот државен удар во Цариград, тој е поставен за голем дукс и управител на престолнината[97].

- Црква ***Св. Архистратиг Михаил*** не е сочувана и не се знае нејзината локација. За нејзиното постоење се дознава од житиета на Симеон Немања, во кои се вели дека храмот го изградил односно обновил српскиот жупан Стефан Немања - Првовенчани[98], во време на неговото кратко владеење со Скопје (1189-1190)[99]. Црква Св. Михаил, во градот ја изградил Немања во разурнатиот град Скопје[100] односно обновил и изградил цркви и манастири меѓу кои и и црквата на светиот архистратиг Михаил[101].

[90] Петров К., Преглед, 76
[91] ibid, 79
[92] Радојчић С., Старине, 14
[93] Мошин В., Грамотите, 136-137
[94] Лапе Љ., Историја, 111
[95] Петров К., Преглед, 79
[96] Острогорски Г., Историја на Византија, 615
[97] ibid, 617
[98] Радојчић С., Старине, 13;
[99] Лакалиска С., Христијанските споменици, 31
[100] Томоски Т., Скопје, 66
[101] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 145

- Црква ***Св. Врачи***, во близина на р. Серава, се споменува во грамотата на Милутин, па според тоа е датирана на крајот на XIII век[102]. Во XVI век Турците ја уништиле целосно оваа градба и врз неа подигнале теќе.[103]

- Црква ***Богородица Троеручица*** (Dei genitricis de Scopia), се наоѓала во долниот град. Таа била седиштето на Скопската епископија, што подоцна во време на цар Душан прераснала во митрополија[104]. Некои сметаат дека била подигната во почеток[105], поточно 1204 година[106] или крајот[107] на XIII век. Но, мора да се земе во предвид дека во писмото напишано од скопскиот епископ за папата Инокенти III од 1204 година[108] се спомнува тогаш веќепостоечкиот соборен храм посветен на Богородица. Значи, црквата најрано би можела да биде изградена во XII век. Тоа го дополнуваме и со логичната следност од фактот дека во Скопје во XII век, со влијанието на комненската уметничка стуја во процут била уметничката креативност, а со тоа и обновата на архитектонската страна на градот. Сметаме дека се наоѓала на местото на сега обновениот храм на Богородица, наспроти зградата на МАНУ. Посветена е на Богородица и била соборна црква во градот. Така, Теодор Метохит при својот престој во Скопје, оваа црква ја опишува како најубава во градот. Некои сметаат дека во неа бил крунисан првиот српски цар Душан[109]. Црквата е неколку пати спомната во грамотата на Милутин од 1300 година[110], каде што е спомната како катедрална црква на градот, на скопскиот епископ на Света Троеручица[111]. Во историските извори на српските владетели односно во житието на крал Милутин, се вели дека тој подигнал „црква наречена Троерачица во славниот град Скопје"[112]. Најверојатно Милутин ја има само обновено разурнатата црква.

Од подигнувањето на српската архиепископија во повисок степен - на митрополија, катедралната црква Богородица Троерачица била српска митрополска

[102] Радојчић С., Старине, 14
[103] Петров К., Преглед, 79
[104] Николовска С., Манастири, 516
[105] Томоски Т., Скопје, 66
[106] Радојчић С., Старине. 10
[107] Петров К., Преглед, 78
[108] Грујић Р., Скопска митрополија, 34
[109] Грујић Р., Скопска митрополија, 54
[110] Петров К., Преглед, 78
[111] Грујић Р., Скопска митрополија, 34
[112] Радојчић С., Старине, 11

столица[113]. Така, во една од своите повелби, цар Душан ја спомнува како митрополиска црква „на чесниот и славниот град Скопје на Троерачица".[114]

Инаку, името Троеручица го добила бидејќи во неа била чувана познатата истоимена икона на Богородица со три раце, чија трета рака имала чудотворна моќ да изцелува болни. Иконаната денес се чува на Хиландар. Легендата за неа вели дека му припаѓала на Св. Јован Дамаскин (упокоен 754 година), кој за време на иконоборството му била отсечена раката со која пишувал убави зборови за иконата која ја криел. Со помош на чудесната моќ на иконата, му пораснала десната шака. Тој во знак на благодарност исковал опков од сребро во форма на шака и ја приковал како трета на иконата.

Со посетата на византискиот логотет Теодор Метохит на Скопје по повод преговорите за мир меѓу Византија и Милутиновата српска држава, во забележал: „...од сите цркви во Скопје, најубава била катедралната црква на скопските епископи....како што беше богато украсена таа главна скопска црква, во која се обавуваше најважниот чин и најголемата свечаност на српскиот народ....со драгоцени икони, златни окови и со бисери украсени, кандила и кадилници, свеќњаци и други црквени посуди...од сребро и злато"[115].

Обновата на овој соборен храм уследил во големата обновителна акција на царското семејство на Душан. Имено, кога царскиот пар Душан и Јелена обновувале веќе познати манастири и цркви на своја територија, нивниот син Урош се заложил и ја финансирал обнова на соборната Богородица Троеручица[116].

Црквата се споменува и како седиште на Скопската митрополија[117], а во XVII век е последното нејзино спомнување во еден запис[118]. После тоа, црквата запустела. Во близина на оваа црква се наоѓале уште две други посветени на Св. Атанасиј и на Св. Петка, кои се споменуваат во Милутиновата грамота, па затоа се датираат на крајот на XIII век[119]. Двете веќе не постојат дури ни во трага.

[113] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 482
[114] Радојчић С., Старине, 11
[115] Грујић Р., Скопска митрополија, 102-103
[116] ibid, 141
[117] Живот краљева, 138
[118] Петров К., Преглед, 78
[119] Петров К., Преглед, 79

- Во близина на катедралната Троерачица, била изградена црква посветена ***Св. Пешка***. Се спомнува во Милутиновата повелба од 1300 година[120]. Нејзината локација е непозната, како и нејзиното постоење и уништување.

- Црквата посветена на ***Св. Прокоций*** се наоѓала во подградието на Скопското Кале, на устието на реките Вардар и Серава[121]. Спомната е во Милутиновата грамота, па затоа е датирана на крајот на XIII век[122]. Црквата е целосно уништена и од неа веќе нема ни траги.

- Црква ***Св. Ѓеорѓи - Ѓорѓија*** се наоѓала под Скопската Тврдина, на вардарската страна, во пештерата Церебуљска[123] - "подй градомй ...вй пейерй Церебоулской"[124]. Спомената е во Милутиновата грамота, па затоа се датира кон крајот на XIII век.[125] Црквата поседувала лозје, ниви и воденици. Подарена е на скопскиот манастир Св. Ѓеорѓи Горг [126]. Со завземањето на Скопје од страна на Турците, црквата во XV век престанала да постои.

- Во истата околина, под Скопската Тврдина, во долниот град се наоѓала црква посветена на ***Св. Јован Крсшишел***. Подигната е со доаѓањето на Милутин и неговата власт во Скопје[127]. Таа се споменува во грамотата на Андроник II Палеолог од 1308 година[128]. Црквата станала седиште на Скопската митрополија откако била разурната дотогаш катедралната црква Богородица Троеручица[129]. Црквата уште се споменува и во 1540 година, па и во 1645 година. Најверојатно била уништена во 1687 година со Австро-Турските војувања во XVII век. Веќе во 1688 година запишано е дека манастирот со црквата биле потполно уништени[130].

- Црква ***Св. Марина*** се наоѓала северозападно од Скопската тврдина, на повисок рид и непосредно се надоврзувала со Калето. Изградена била на крајот на XIII век, а

---

[120] Радојчић С., Старине, 14
[121] Радојчић С., Старине, 14
[122] Петров К., Преглед, 79
[123] Мошин В., Грамотите, 145; Лапе Љ., Историја, 112
[124] Радојчић С., Старине, 11
[125] Петров К., Преглед, 79-80
[126] Лапе Љ., Историја, 112
[127] Грујић Р., Скопска митрополија, 140
[128] Петров К., Преглед, 82
[129] Петров К., Преглед, 82
[130] Николовска С., Манастири, 517

уништена со доаѓањето на Турците во XV век[131]. Спомената е во Милутиновата повелба од 1300 година[132]. Во свој склоп имала и воденица[133] на реката Сливштица, која води кон селото Црешево[134].

Надвор од главното градско јадро се наоѓале исто така голем број цркви и манастири. Најгусто биле градени на ***Скопска Црна Гора***:

- Црква ***Св. Никола, с. Љуботен*** на Скопска Црна Гора била нарачана од српската властелина Даница во 1336-7 година, а датацијата е одредена според натпис над западната влезна врата[135]. Во 1928 година била реставрирана, откако била откриена во значително уништена состојба. Градбата е во основа комбинација на крстообразна и трикорабна базилика. Ѕидана е од комбинација на камен и тула, во опус encadré и opus mixtum.[136] Црквата се одликува и со интересна архитектонска пластика, особено на западната фасада.
- Манастир ***Св. Никита, с. Бањани (Горњани)***, Скопска Црна Гора. Црквата е подигната во 1307 година од страна на Милутин, врз стари темели[137], најверојатно од почетокот на XI-XII век, во времето на освојувачките походи на византискиот цар Василиј II на овие територии. Во 1308 година, Милутин го обновил манастирот[138] и со повелба и одобрување од страна на Андроник II Палеолог, го подарил манастирот на Хиландар[139], заедно со сите села што му припаѓале. Во исто време кралот Милутин ја изградил и капелата посветена на Св. Јован, што се наоѓа на јужната страна на црквата[140]. Градбата е повторно обновена во 1404 година, а потоа и во 1484 година, кога била доградена капелата посветена на Св. Јован Крстител[141]. За манастирот на самиот почеток на XIV век издадена е една грчка грамота на византискиот цар Михаил IX, син на Андроник II. Со таа грамота му се дозволило на српскиот крал

[131] Петров К., Преглед, 80
[132] Радојчић С., Старине, 14
[133] Мошин В., Грамотите, 146
[134] Лапе Љ., Историја, 113
[135] Томоски Т., Скопје, 66
[136] Петров К., Преглед, 83
[137] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 404; Петров К., Преглед, 81-82
[138] Радојчић С., Старине, 14
[139] Грујић Р., Скопска митрополија, 146
[140] Николовска С., Манастири, 514
[141] Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Никита, 384

Милутин да го дарува манастирот на Хиландарскиот пирг Хрусија[142], во 1302-1303 година или 1308 година[143]. Црквата е посветена на светиот воин Никита. Градбата во основа е крстообразна, со една купола. Апсидата е тространа. Ѕидана е од комбинација на камен и тула, во opus encadré и opus mixtum.[144] Поголемиот дел од сочуваниот живопис е дело на Михајло и Евтихиј[145], потпишани на јужниот ѕид во наосот, врз штитот на светиот воин Теодор Тирон[146].

- Во селото ***Побужје*** (средновековно Побоужда) на Скопска Црна Гора се наоѓаа црква посветена на ***Петка - Параскева***, која според живописот датирана во XV век[147], иако архитектонски најверојатно припаѓа на вековите претходно. Нејзиното датирање во поранешните векови се потврдува со нејзиното споменување во една фалсификувана грамота од XIV век, како дел од подарен имот на манастирот Ѓеорѓи-Горг Скопски[148]. Таа е мала, трикорабна, градена од бигорен камен.
- Црква ***Св. Никола во с. Љубанци***, на Скопска Црна Гора се споменува во грамотата на Андроник II Палеолог од 1308 година[149], според што се претпоставува дека е изградена на самиот почеток на XIII век. Најверојатно била уништена во XVI-XVII век. Во 1881 година мештаните ја обновиле, оставајќи делови од стариот оригинален живопис на црквата[150].
- Најстарата црква во ***с. Љубанци***, на Скопска Црна Гора била посветена на ***Богородица***. На почетокот на XX век од неа останале само уништени темели.
- Црква ***Св. Димитриј , с. Цресово*** во полето под Скопска Црна Гора. Се споменува во Милутиновата грамота, па според тоа се датира на крај на XIII век. Во XV или XVI век веќе престанала да функционира.[151]
- Средновековниот Кучевишки манастир во чиј комплекс се наоѓа средновековна црква, посветена ***Св. Архангели Михаил и Гаврил***. Датирана е во XIV-XV век.

---

[142] Мошин В., Манастирот Никита, 263-264
[143] Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Никита, 381
[144] Петров К., Преглед, 82
[145] Радојчић С., Старине, 15
[146] Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Никита, 383
[147] Петров К., Преглед, 87
[148] Мошин В., Грамота,128
[149] Петров К., Преглед, 82-83
[150] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 411
[151] Петров К., Преглед, 81

Подоцна црквата е неколку пати споменувана, а во 1701 година била обновена и одново живописана[152]. Градбата има еднокуполна конструкција врз крстообразна основа, со две бочни конхи. Ѕидана е од комбинација на полихромен камен и тула, во opus encadré и opus mixtum, дополнет со богата декоративна керамопластика. Манастирот и црквата се во неколку пати обновувани и доградувани, а живописот е дополнуван и досликуван.

- Црква ***Св. Спас, с. Кучевиште***, порано посветена на Воведение на Богородица во храм[153]. Се споменува во 1348 година (повелбата на цар Душан од 1348 година[154]) како подарок на манастирот Св. Архангели во Призрен, па поради тоа се датира во XIV век[155]. Најверојатно е изградена од страна на жупанот Радослав (или од неговите родители), во време на српскиот крал Стефан Дечански[156] (1321-1331), околу 1330 година, а живописот бил изведен нешто подоцна[157]. Црквата повторно се споменува во 1519 година. Инаку, градбата е еднокуполна, со крстообразна основа. Страничните ѕидови се разиграни со ниши, а апсидата со длабоки конхи. Ѕидана е од комбинација на камен и тула, во opus encadré, декорирана со богата керамопластична изведба. Има натпис над јужната врата во наосот[158].
- Во обновата на крал Милутин на христијанските свети места се вброила и црквата ***Св. Тројца, с. Чучер***. Во 1838 и 1855 година мештаните ја обновиле и прошириле старата градба[159]. Пред обновите во XIX век била трокорабна, но со промените таа станала еднокорабна. За неа се дознава и од едно сочувано знаме во Срем, на кое има натпис: "..јуже створи краљ Урош (Милутин) в'Чрној Гори, храм светој Тројице..."[160] Од неа на терен сé уште не се откриени траги.

Од другата страна на котлината, на страната на ***Водно*** се наоѓаат:

---

[152] Петров К., Преглед, 86
[153] Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Спас, 417
[154] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 408
[155] Петров К., Преглед, 83
[156] Грујић Р., Скопска митрополија, 140
[157] Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Спас, 418
[158] Томоски Т., Скопје, 66
[159] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 415
[160] Грујић Р., Скопска митрополија,, 143

- Манастир ***Св. Богородица Елеуса***[161] (Св. Богородица Водњанска[162], Св. Мајка Божја Воденска, Милостива), на Водно. Црквата заедно со селото Водно каде што се наоѓала била подарена на манастирот Св. Ѓорѓи Горг, според Милутиновата грамота, па затоа и се датира на крајот на XIII век[163]. Активностите во црквата замреле во XVI-XVII век.
- Црква ***Св. Пантелејмон, с. Нерези***. Изградена е врз римски сакрален објект, врз кој прво е изградена ранохристијанска црква. Во 1164 година византискиот принц Алексеј Ангел ја подигнал манастирската црква посветена на Св. Пантелејмон во Нерези, ремек дело на византиската уметност која се преипишува на владеењето на семејството на Комнените. Ова е потврдено со натпис на мермерен архитрав што се наоѓа на влезната порта за наосот.[164] Петкуполната црква е градена врз крстообразна основа, со три апсиди и правоаголен нартекс. Северниот и јужниот ѕид имаат бифори и трифори. Градена е камен и тула, изведени во т.н. ancardé стил[165]. Фрескоживописот од XII век претставува ремек-дело на византиското ѕидно сликарство. Мора да се спомене и извонредната изведба на камената пластика со извонредна раскошна декорација.
- Црква ***Св. Теодор во Хваште***, се наоѓала западно од Водно и Нерези на истиот планински предел. Се споменува во Милутиновата грамота, па според тоа се датира на крај на XIII век[166]. Била изградена на "царскиот пат".[167] Во 1391 година била обновена од страна на српскиот монах Стефан, со помош на анонимен српски властелин[168]. Во XV или XVI век веќе престанала да функционира. Грујиќ[169] споменува постоење на две цркви посветени на Св. Теодор (една на Стратилат, друга на Тирон), во близина една на друга, на Водно, во близина на Нерези. Две различни цркви посветени на Св. Теодори спомнува и Радојчиќ[170], како обновени храмови од страна на Милутин. Во

[161] Бошкоски М., Ловот, 33
[162] Радојчић С., Старине, 14
[163] Петров К., Преглед, 80
[164] Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Пантелејмон, 555
[165] Петров К., Преглед, 78
[166] Петров К., Преглед, 81
[167] Радојчић С., Старине, 14
[168] Грујић Р., Скопска митрополија, 142
[169] Грујић Р., Скопска митрополија, 56
[170] Радојчић С., Старине, 14

една од тие две цркви се наоѓало Евангелие, кое монахот Калист во 1354 година го напишал и украсил; сега истото се чува во Британскиот Музеј во Лондон, Англија[171].

- Во близина на црквата Св. Теодор, била изградена друга црква, посветена на ***Св. Илија***. Се спомнува во Милутиновата повелба од 1300 година[172]. Нејзината локација е непозната, како и нејзиното постоење и уништување.

Позади Водњанскиот масив се вбројуваат сакралните средновековни градби:

- ***Марков Манастир*** се наоѓа југоисточно од Скопје, зад јужните падини на Водно, во непосредна близина на с. Сушица, на левиот брег на Маркова Река. Во склоп на манастирот се наоѓа црквата посветена на ***Св. Димитриј***, која е градена во втората половина на XIV век[173] односно во седмата и осмата деценија на XIV век, поточно во време на крал Волкашин и неговиот син крал Марко[174]. Тие биле и нејзини ктитори[175]. Манастирот во континуитет функционира цело време сé до денес, што се потврдува со неколку спомнувања низ историските извори. Инаку, основата на црквата е комбинација на трокорабна базилика со крстообразен план. Има една централна купола, со четири мали слепи калоти и една голема слепа калота над нартексот. Ѕидана е од комбинација на полихромен камен и тула, во opus encadré и opus mixtum, дополнет со богата декоративна керамопластика.[176]
- ***Св. Никола во с. Сушица,*** се наоѓала на десната страна на Маркова Река, веднаш под манастирксата ограда. Била селската црква, која исто така е подигната во времето на подигањето на Марковиот манастир, што се потврдува од сочуваните фрески во нејзината внатрешност. Била крстообразна, а над неа било изѕидано кубе[177]. Црквата била срушена околу 1930 година, па подоцна комплетно обновена.

---

[171] ibid, 16
[172] Радојчић С., Старине, 14
[173] Томоски Т., Скопје, 66
[174] Касапова Е., Марков Манастир, 307
[175] Волкашин по потекло е од мостарското село Опанци, дошол во Прилеп како жупан поставен од страна на цар Душан
[176] Петров К., Преглед, 85-86
[177] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 444

На ***Кишка***:

- Ќелија ***Св. Пешка***, ***с. Тморане***, денешно село Моране(и), кај Драчево, е даровина на протосевастот Прибо[178], висока административна личност и крупен земјовладелец од Скопје. Тој, за своја душа, во Скопско Тморане, ја изградил ќелијата односно ќелискиот параклис посветен на Св. Петка[179]. Изградена е во прва половина на XIII век, во време на владеењето на Асен II (1230-1241) во Македонија[180]. Во 1258 година[181], време на своето владеење со Скопје, Урош I параклисот заедно со правата и прерогативите, ги подарил на Хиландар. Но, следната година, по повторното завладејување на византијците со скопско, тој договор отпаднал. Така било сé до 1300 година кога Милутин повторно ја дарувал на Хиландар, овој пат со поголеми повластици и поголем имот. Тогаш таа веќе имала свој виноград, ниви, ораници и ливади, и тоа во својата непосредна околина[182]. Ќелијата всушност била мало манастирче, изградена како гроб за високодостоинственикот - протосевастот Прибо. Но, потоа прераснала во црква со голем имот кој се простирал на двете страни на Вардар, со десетици парици и слуги. За последен пат се спомнува на крајот на XIV век.

На југ од Скопје, на патот кон Велес:

- Црква ***Св. Никола***, на реката Пчиња, под кастелот Кожле[183] е подигната во XIII-XIV век. Била изградена од кралот Милутин[184], подоцна срушена и нејзиниот имот бил разграбан. Грујиќ смета дека Милутин ја обновил веќе постоечката црква во почетокот на XIV век[185] односно во 1313 година со што станал и нејзин ктитор[186]. Во 1366 година манастирот бил повторно обновен од страна на серскиот митрополит Јаков[187], на молба на царица Елена[188] која подоцна и му го дала на доживотно

[178] Томоски Т., Скопје, 65
[179] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 105-106
[180] Славева Л., Грамота, 253
[181] Грујић Р., Скопска митрополија, 144-145
[182] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 106
[183] градот Кожле имал своја кефалија (Томоски Т., Скопје, 70)
[184] Славева Л., Мошин В., Српски грамоти, 77
[185] Грујић Р., Скопска митрополија, 56
[186] Николовска С., Манастири, 513
[187] Томоски Т., Скопје, 66
[188] Славева Л., Мошин В., Српски грамоти, 77

користење. Според Грујиќ[189], серскиот митрополит Јаков избегал од фрленото проклетство врз него во 1352 година од страна на цариградскиот патријарх. Наоѓајќи го овој манастир напуштен и запуштен, царицата го обновува храмот, во кој освен прибежиште за избеганиот митрополит, би можело да се осигура царско место блиску до престолнината Скопје. Тука митрополитот Јаков развил доста активен и богат живот. Тој дури кај писецот Никола нарачал пишување и декорирање на Евангелие, изведено со краснопис, со внимателно изведени корици и го ставил под сопственост на црквата Св. Никола[190], што била доста скапа и екстравагантна нарачка за тоа време[191]. По смртта на митрополитот Јаков, манастирот преминал под власт на Архангеловиот манастир во Призрен[192]. Во склоп на манастирскиот комплекс се одвивал активен живот не само на светите отци туку и на локалното население, задолжените граѓани-зависници, па дури и на минувачите. Се бавеле со земјоделство, занаетчиство (ковање и златарство) и грнчарство. Во 1353 година за оваа црква издадена е грамота на Стефан Душан на серскиот митрополит Јаков[193]. По турското освојување, црквата запустела. Била обновена во 1856 година[194]. Сега тука се наоѓа манастирот Св. Богородица.

Во Матканскиот предел:

- Црквата ***Св. Никола во Нир***, се наоѓа на непристапно место над десниот брег на реката Треска. Датира од XIV век, а се споменува неколку пати и подоцна во XVII, XVIII и XIX век. Црквата е градба со два еднокорабни простори. Градена е од комбинација на камен и тула, со декоративни керамопластични елементи. Живописот потекнува од XIV век[195].
- На 1,5 км ј/и од Сарај се наоѓа црквата ***Св. Богородица***, која најверојатно потекнува од четвртата или петттата деценија на XIV век[196]. Изградена е од страна на

[189] Грујић Р., Скопска митрополија, 156
[190] ibid, 184
[191] ракописот денес се наоѓа во Британскиот музеј во Лондон, донесен од страна на британскиот лорд Зеч, кој истиот го набавил во манастирот Св. Павле на Света Гора во 1837 година
[192] Славева Л., Мошин В., Српски грамоти, 78
[193] Славева Л., Мошин В., Српски грамоти, 77-78
[194] Николовска С., Манастири, 513
[195] Петров К., Преглед, 83-84
[196] Петров К., Преглед, 84

властелинот Бојко, син на властелинката Даница[197]. Црквата е еднокорабна, со купола поставена на пиластри. Сочуваниот живопис е од обновата во XV век.

- На околу 2 км од Св. Богородица на Матка, над десниот брег на Треска и близу јужниот крај на селото ***Шишево***, стои мала црква посветена на ***Св. Никола***, изградена во XVI век[198], која е обновена врз градба од XIV век. Имено, според еден натпис во црквата, изградбата е забележана во 1345 година[199]. И оваа црква најверојатно е изградена на место од ранохристијански верски објект, бидејќи во околината се откриени бројни фрагменти камена пластика со христијански мотиви од ранохристијанскиот период: крстови и розети.[200] Во Евиденцијата на археолошко културно наследство е заведено и името на Св. Атанасиј. Во истата Евиденција е заведена како градба од XIV век, доградувана во XVII век[201]. Градбата е повеќе пати спомнувана во историските извори, заклучно со еден запис од 1847 година. Средновековната градба од XIV век била мала еднокорабна и засведена, а на Исток имала тристрана апсида.

- Црквата ***Св. Андреа***, која е поставена само на околу 2 м над нивото на вештачкото езеро. Се наоѓа во клисурата на р. Треска, наспроти Св. Никола во Нир. Изградена е во втората половина на XIV век[202]. Според натписот во црквата, градбата е изѕидана и живописана во 1389 година, по нарачка на Андреаш, брат на Крале Марко, вториот син на кралот Волкашин[203], со жена му Јелисавета. Поради името на патронот, често меѓу мештаните се споменува како Св. Андреаш. Се смета дека подигната е во средината на XIV век, а живописана во 1389 година. Според натписите на словенски јазик во проскомидијата и ѓакониконот, сликари биле митрополит Јован и монахот Глигорие, а градител бил монахот Калест Кирил[204]. Во тоа време манастирот имал голем имот, вклучувајќи ги атарите на неколку блиски села[205].

---

[197] Даница е позната како ктиторка на Св. Никола во с. Љуботен
[198] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, стр 110
[199] Петров К., Преглед, 84
[200] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, стр 110
[201] Евиденција на НКЦ, во оп. Карпош, под реден бр. 111, 4-834-023(13)/18 ЕНД
[202] Томоски Т., Скопје, 66
[203] Петров К., Преглед, 85
[204] Петров К., Преглед, 85; Извештај за конзерваторски работи на НКЦ во 1975 година; Никуљска Н.Н, Св. Андреја, 400
[205] Бошкоски М., Ловот, 41

Инаку, тоа е еднокуполна, која однадвор е во основа слободен крст со повлечени бочни краци, а од внатре комбинација на слободен крст и биконха. Апсидата од внатре троделна. Градена е од камен и тула, со разиграна керамопластична декорација. Последно спомнување на црквата е од 1642 година, после што најверојатно била опустошена.

- Црква ***Св. Богородица Бутелска*** се наоѓала во близина на селото Бутел. Се споменува во Милутиновата грамота, па според тоа се датира на крај на XIII век[206]. Подоцна веќе не се споменува.
- Во ***с. Студеничани*** (средновековно Студеничишта) се наоѓала црква посветена на ***Св. Недела***[207]. Сега таа веќе не постои, ниту е познато каде се наоѓала во селото. За неа се дознава во пишаните извори, кога селото било населено со македонски православни христијани. Локалното муслиманско население едно од маалата во селото го нарекува Киша (црква), па претпоставуваме дека тука се наоѓала споменувата црква посветена на Св. Недела. Од записите во XX век, тогашното население споменувало и манастир во селотот, кој бил посветен на ***Св. Димитриј***. И за неговата локација немаме конкретни податоци.

## *Животот во градот*

Иако во Скопје во средниот век имало активен и непрекинат црковен живот, и покрај промените на превласта над црквата, низ целата историја познати ни се само неколку имиња на скопските црковнодостоинтвеници, од кои двајца се од времето под власта на Византија, а останатите од времето на српското владеење во Скопје. Првиот е Марин, кој на крајот на 1203 или 1204 година барал палиум од папата Инокентие III. Марин во писмото е потпишан како епископ на црквата Пресвета Богородица во Скопје[208]. Вториот е гркот Јован, кој управивал со скопската епархија од 1217 година. Тој во 1220 година бил избран како посредник во одреден спор меѓу охридскиот

[206] Петров К., Преглед, 81
[207] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 110
[208] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 144

архиепископ Димитриј Хоматијан и Св. Сава Српски. [209] Во грамотата на крал Милутин се спомнува архимандритот Никодин[210]. Следниот епископ е исто така од времето на крал Милутин, по име Стефан, познат по два документи од 1317 година[211]. Потоа, се спомнува Јован од времето на Душан, кога Скопје бил престолен град[212]. При инаугурацијата на цар Душан, споменат е и Јоаникиј (како пеќки архиепископ), кој порано бил во скопска служба[213]. Познато е и името на првиот митрополит на Скопската Митрополија под турска власт, Матеј[214], кој челувал од 1393 до 1428 година[215]. После него следат уште неколку имиња: Атанасие, Герман, Матеј и Јован.

Најголем феудалец во Скопје била црквата која имала скоро неограничени права и привилегии, на кои се „таложеле" и големи материјални богатства. Со Повелбата на Милутин во 1300 година[216], освен големите права и ингеренции, на црквата и се ставени и рамки во однос на собирање даноци, но и наплатување на казни. Имено, за сé она што е користено од имотот на црквата (имот доделен на скопскиот манастир Св. Ѓеорѓи Горг), таа земала одреден процент од вредноста. А за секој прекршок направен од мештаните, во повелбата се предвидени конкретни суми кои би се плаќале како казна, и тоа во касата на црквата. Пресудата за кривичноста или правичноста ја имал игуменот.

Потпаѓањето на Скопје и околината под српска и политичка власт во 1282-1284 година, веднаш започнала преродбата на словенскиот духовен живот и книжевност. Имено, Скопската епархија не само што била главно седиште на писците и препишувачите/преведувачите, туку била и прибежиште за оние кои бегале од антисловенските тежненија. Во таков склоп на околности не било тешко да се прифатат ракописи и преводи на текстови со македонски правописни особености. Во Скопје исто така доаѓале писци со рашки правопис, како и со бугарска редакција на словенскиот ракопис. Така, на почетокот на XIV век, скопските цркви имале преведени текстови за богослужба на јазик разбирлив за верниците. Во 1300 година

[209] Грујић Р., Скопска митрополија, 34-36
[210] Лапе Љ., Историја, 119
[211] Грујић Р., Скопска митрополија, 96
[212] ibid, 98
[213] ibidem
[214] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 482
[215] Грујић Р., Скопска митрополија, 212
[216] ЛапеЉ., Историја, 116-119

познат е поп Никола, наречен Мирски Брат, препишувач на црковни дела односно циклус на книги за богослужба со македонска редакција[217]. Од мноштвото ракописи познати во старата литература може да се заклучи дека Скопје во средниот век, особено во доцниот период, ја давало иницијативата за книжевна акција, не само во областа на Скопската митрополија, туку и пошироко.

Во Скопје, како престолнина на српските цареви и кралеви, и место на живеење на богата властелина, биле испраќани писатели, кои по нарачка пишувале книги со световна тематика.

Во Скопје и скопско доста често се организирале пазари - панаѓури на кои се вршела размена на земјоделски и сточарски продукти. Панагир = панаѓур, е годишен саем на денот на црковната слава, односно се организирале на деновите на празнувањето на локалната црква - денот на партонот на истата. Прв пат ова случување го уредил императоротРоман III Аргир, основач на манастирот Св. Ѓорѓи Горг, кој за почеток на панаѓурските празнувања го одредил 20. ноември и траел осум дена[218]. Со повелбата на српскиот крал Милутин, привилегијата за организирање на панаѓури ја имала само црквата и строго се казнувало доколку се продавале производи без дозвола на игуменот[219], така што би се одземале производите, а продавачот требал дополнително да плати големи пари на црквата. Уште во XI век, кога бил подигнат манастирот Св. Ѓорѓи Горг, истиот добил право на еден неделен и два годишни панаѓури[220] Едниот се одржувал секоја година со почеток на 21. ноември[221], по традиција на веќе постоечкиот панаѓур во Скопје. Тој го имал монополот на главните градски панаѓури. Во исто време се спомнува и панаѓурот што се одржувал во организација на црквата Богородица Епискепсис на Треска (средновековна река Велика), чиј датум и патронат бил на 8. септември[222]. Со текот на вековите овие пазари прераснувале во големи панаѓурски збиднувања кои биле посетувани и од страна на странски трговци од блиски соседни и далечни земји, особено од трговците од Дубровник и Венеција.

[217] Грујиħ Р., Скопска митрополија, 182
[218] Лапе Љ., Историја, 119
[219] Мошин В., Славева Л., Илиевска К., Грамота, 217
[220] Грујиħ Р., Скопска митрополија, 68
[221] ibidem
[222] ibidem

Сепак, најпрочуен и најмасовен бил панаѓурот на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг[223], каде се собирале Македонци, Грци, Бугари, Срби, Латини, Арбанаси и Власи. Сите тие требале да платат законска такса за учество.

Виното што се пиело било манастирско, правено од монасите на манастирот.

Жителите на Скопје и околината имале различни корени. Меѓу неколку споменати имиња во црковните списи многу ретко се наоѓале такви со словенски корен, иако населението било во голем дел словенско. Голем дел од населението е грчко, но и латинско[224]. Освен Македонци, Срби и Бугари, исто така во Скопје живееле и Власи, кои учествувале во јавниот градски живот. Во време на српската држава во XIII-XIV век, многу дубровчани се населиле во градот и земале активно учество во јавниот живот. Еден од нив се викал Милош и тој во 1369 година му го продал својот лозје во Скопје на некој друг дубровчанец[225], најверојатно новодојденец во градот.

Конзистенцијата на населението низ вековите од општествен карактер во средновековјето се менувало. Рангирањето во градската населба се спроведувало преку неколку категории: феудалци, црковни лица, занаетчии, прислужници, а во околината на градот и другите градски населби живееле селани - земјоделците. Како стекнат општествен статус се јавуваат и задолжените, кои по одреден пат се задолжиле и го изгубиле правото на слободни граѓани.

И покрај тоа што се знае со сигурност дека словенски етноси живееле во Скопје, црковните отци долго време официјално комуницирале на несловенски писма. Не е сочуван нуту еден запис на словенски јазик што потекнува од Скопје, сé до доаѓањето на српската власт на овие простори.

Веќе во 1282 година целиот црковен живот во скопската епархија потполно е словенизиран.[226] Ова најверојатно се должи на силната тројазична политика за богослужба во црквите. И покрај напорите на книжевникот ***Црноризец Храбар*** и силните напори за словенизација на локалната православна црква, тројазичната

---

[223] Томоски Т., Скопје, 73
[224] поопширно кај Грујиќ Р., Скопска митрополија, 60
[225] Хаџи Васиљевиќ Ј., Скопље. 105
[226] Грујиќ Р., Скопска митрополија, 88

богослужба (грчки, латински еврејски јазик) долго време успеала да се одржи во православниот свет, особено на територија на денешна Република Македонија. И покрај отпорот на грчкиот клер, сепак словенскиот јазик бил воведен како официјален во државната и црковната администрација[227].

Освен со трговија, Скопје е познат и како занаетчиски центар. Како најпозната гранка од скопското занаетчиство било златарството, особено во периодот на XII-XIV век. Тоа и не е така чудно, бидејќи познато е дека Маркова Река, во близина на градот, само позади ниската планина Водно, била златоносна (скоро до денешни денови), од каде се добивало големо количество на злато. Во повелбата на крал Милутин за манатирот Св. Ѓеорѓи Горг во Скопје, се споменува и еден познат врвен златар по потекло од приморките градови на Јадранското Море, кој живеел во Скопје, по име Миха(о) и еден локален, селски но врвен златар по име Мужил[228]. Во истата повелба споменат е и градскиот златар Бах[229].

Во Скопје живеела властела која стоела на чело со областа. Во еден судски спор, се споменувауаат имиња на претставници на две познати скопски семејства: на Јован Тихомир и царскиот чиновник Константин[230].

Познат е и изработувачот на мечеви Богдан [231] од Скопје, кој бил и еден од побогатите граѓани во Скопје, во време на Милутин, околу почетокот на XIV век. Спомнат е во Милутиновата повелба од 1300 година, како дарувач на имот (нива - виноградиште) за манастирот Св. Ѓерѓи Горг[232]. Тој во централното градско подрачје имал и своја работилница. Во неа се произведувале ковани мечеви кои се носеле низ целата српска држава. Во истата повелба е спомнат и пчеларот Добрен[233], кој од Скопје со целиот свој род е преселен во селото Дубравица да "рои улишта државни" односно да собира мед кој ќе го дава на државата и црквата.

---

[227] Радоичиќ Ѓ.С., „La gent Samuel", 117
[228] Алексова Б., Еден нов наод, 6
[229] Радојчић С., Старине, 15
[230] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 144-145
[231] Радојковић Б., Старо, 21 и 46
[232] Лапе Љ., Историја, 113
[233] ЛапеЉ., Историја, 117

Во Скопје живеел и бољаротт Влатко, чија надгробна плоча од 1281 година пишана на старословенско писмо, беше откриена на некрополата околу ноовооткриената крстообразна црква на Скопско Кале.

Во Кодикот на манастирот Матка[234], покрај доста познатите керамичари и златари, се сретнуваат неколку занаетчии: папуџии, сапунџија, ќурчија, кожувчии. Во градот имало и кожари, месари, оружари, гременари, свирци, дромохари, апоклисари, винари[235]. Една од изумрените професии, што во средновековно Скопје биле високо респектирани, е собирач на соќе (данок во натура), за која морало "да се изучи книга". Таква привилегија имале попските синови. Познати соќалници биле скопјаните Добрко и Драгулин, сокалници на Св. Ѓорѓија Горг Скопски[236].

Во Скопје и неговата околина силен траг оставиле делата на големите зографи Михајло и Евтихиј, кои во 1307 година ја зографирале црквата на манастирот Св. Никита во Бањани[237], потпишани на јужниот ѕид во наосот, врз штитот на светиот воин Теодор Тирон[238]. Меѓу познатите зографски имиња кои работеле во скопско, се издвојуваат и митрополитот Јован и монахот Григорие, зографите на Св. Андреа на Треска.

Со доаѓањето на Турците и нивното населување на Скопје и околината уште во 1392 година, изгледот на средновековниот град целосно се менува. Не само што биле срушени сите оние христијански сакрални градби кои доминирале со својата позиција и големина, туку на голем број цркви новото (турско) население дури и темелите им ги прекопувале, па на тоа место подигнувале нови градби. Објектите што гравитирале кон денешната градска територија, денес веќе целосно не постојат, па за поголемиот дел од нив нема откриени остатоци, како што се катедрална црква Св. Богородица Троерачица и величенствениот манастир Св. Ѓеорги Горг. Христијанските храмови кои први настрадале во наездата на рушење од страна на новонаселеното турско население и нивната власт, биле црквите во склоп на Скопската Тврдина.

---

[234] Николовска С., Матка, 430
[235] Микулчиќ И., Средновековни, 61
[236] ЛапеЉ., Историја, 119
[237] Радојчић С., Старине, 15;
[238] Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Никита, 383

Како центар на збиднувањата во темата Скопска секако била Скопската Тврдина. Таа е еден од најзначајните културно-историски споменици во Република Македонија. Нејзиниот континуитет на егзистирање од праисторијата до двесеттиот век, ни укажува на важноста и функцијата, на овој монументален споменик. Активниот живот на скопската тврдина се докажа и со последните истражувања во 2007-2011 год., при што се откри квантитет од движни наоди. Меѓу нив изобилува локална керамика со висок технолошки квалитет, како и со значителен уметнички израз. Не изостануваат и ситните наоди направени од вештите раце на мајсторите кои биле ангажирани од развиениот христијански клерк.

Скопската Тврдина од XII век па се до турското средовековие го доживува својот најголем економско-културен развој и се истакнува како еден од водечките центри на Балканот, а со тоа ја придодава големината и важноста на целиот македонски народ. Денес како еден од реконструираните споменици, Скопската Тврдина ни овозможува да можеме приближно да ја доживееме сликата за величенственоста што ја носи овој споменик, а скопјани ја имаат привилегијата, Скопската тврдина заедно со Камениот Мост да бидат носени на грбот на градот.

## *Средновековни имиња на Скопје*

Гледајќи и од етимолошка страна, имињата на античкиот град во непосредна близина на средновековниот, се блиски по звучност: Skupi→ Σκόπιου→ Σκόπια→Скопїє→ Скъп'λь→ Скопьм→ Скопје.

- **Skupi**, и покрај разните непотврдени теории[239] за илирското, тракиското, па дури и фригиското потекло на името на овој антички град, сепак, многумина учени[240] се сложуваат за дарданското потекло на името кое влече корени од предримскиот град на истата позиција.

239 Бошкоски М., Скупи - Скопје, 134 дава детална разработка на овие теории
240 Papazoglu F., Srednjobalkanska, 100-101; Микулчиќ И., Скопје, 36

- **Скопи** доаѓа со јазичната интервенција со кратење на долгото ”u” во Skupi во „ o”. Од таму е Skopi, што на грчки во превод значи чувар, стража.[241]
- **Scopis** е името над вињетата нацртана на местото за градот Скупи на Tabula Peutingeriana, настаната во IV век; Исто така, градот Scupis се спомнува во втората половина на VII век (меѓу 667-670) во делото „Cosmographia” на анонимен автор од Равена, преведено од грчки на латински јазик во IX век[242]
- Во Хиерокловиот Синекдемус, од периодот на V и VI век (527/8 година), **Σκουπομιτρόπολις** е седиште на провинцијата Дарданија[243].
- Словенската варијанта за името на градот лесно се создала со блиска звучност со античкото име.
- Првиот запис на градот со кирилско писмо се сретнува во стар документ од 1025 година, каде е запишан како **Скопїε**[244].
- **Скопион** - северната граница на Охридската архиепископија за време на императорот Алексеј I Комнен[245].
- **Скъп'λь** и **Скопьм** е спомнато во изворите на српски јазик со кирилично писмо од 1215 година[246].
- **„Градъ скопскомъ”** го нарекува бугарскиот цар Константин Асен (1259-1278) во една своја исправа[247]
- **Скопий град**
- **„Скопию градоу”** е спомнат во Милутиновата повелба од 1300 година[248]
- **Σκόπια**[249] е грчката варијанта за името на градот која се провлекува скоро во целиот средновековен период
- **In castro vocate Skopia**[250], во документ на латински јазик од 1318 година.

---

[241] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 137
[242] Antoqak S., Skopje, 76
[243] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 138
[244] Антољак С., Скопје, 76
[245] Лакалиска С., Христијанските споменици, 31
[246] Антољак С., Скопје, 85
[247] Антољак С., Скопје, 77
[248] ibidem
[249] Византиски извори IV, 156
[250] Јиричек К., Историја, 184; Антољак С., Скопје, 77

- **Scopia** - Од графиката изработена во 1594 год (или XVII век) на Јакобус Харевин од Нинберг (сл. 1)




***Сл. 1 Графика од 1594 г. или XVII век на Јакобус Харевин од Нирнберг***

## 1. Историјат на истражување

Скопската област не е една од најистражуваните во нашата земја. Но, во последниве неколку години, скоро цела измината деценија, големо внимание се обрати на истражувањата на капиталните локалитети од скопската област чија непознатица се провлекуваше низ изминатиот век.

Еден од првите истражувачи кој го посетил Скопје и неговата околина (во 1883 година) е Sir Arthur Evans, кој ги има објавено првите сознанија за овој простор[251]. Меѓу патеписците се вбројува и Јастребов со своите белешки од патувањата низ Македонија. Потоа, Скопје добило уште една монографија од бугарскиот патеписец В. Кнчов[252].

По Артур Еванс следат големи имиња, како што се Александар Дероко[253] и Ј. Хаџи Васиљевиќ кој има напишано монографска студија за Скопје[254] во која ги изнел своите долгорочни истражувања на крајот од XIX и почеток на XX век. Некои учени, како што е Н. Вулиќ[255], истражувале во скопската област барајќи ја фамозната Јустинијана Прима.

Потоа во 50-тите години и годините пред големиот земјотрес работеле Ј. Трифуновски[256], Б. Бабиќ[257], К. Петров[258] и Ж. Винчиќ.

После земјотресот започнуваат неколку истражувања во градот, најчесто со цел за заштита од настанатата штета од земјотресот. Меѓу истражувачите се вбројуваат Б. Бабиќ и И. Микулчиќ кои ги спровеле првите опсежни истражувања на Скопското Кале[259]. Т. Томоски ги прави првите чекори во теренското документирање на Таорското Градиште[260].

[251] Evans A.J., Antiquarum Researches in Illyricum, III-IV, Westmister, London 1885
[252] К`нчов В., Град Скопие
[253] Дероко А., Скопје;
[254] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље.
[255] повеќе трудови: Вулић Н., Јустиниана Прима, Вулић Н., Iustiniana Prima ,
[256] Трифуновски Ј., Скопски Дервен; Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке
[257] Babić B., Manastir Nerezi
[258] Петров К., Скопското Кале ; Петров К., Аквадуктот
[259] Babić B., Mikulčić I., Skopsko Kale
[260] Томоски Т., Таорско Градиште, 233-239

Проф. д-р Иван Микулчиќ истражувал многу во скопско. Само во периодот од 1975-1978 година има премерено и снимено околу 30 доцноантички укрепени места, а при тоа и 20 ранохристијански базилики[261]. Потоа, истиот има напишано монограска студија за Скопје.[262] Во 70-тите М. Билбија има извршено заштитни истражувања во скопската област на неколку локации.[263]

Во `70-тите и `80-тите се извршени први истражувања на Маркови Кули Водно од страна на Н. Никуљска, М. Билбија и И. Микулчиќ[264], како и заштитните истражувања во Нерези од страна на К. Петров[265].

Во `80-тите во Скопје и околината истражувале: Б. Алексова во село Орман[266], проф. М. Гарашанин и Д. Корачевиќ на Скупи[267], а Корачевиќ има монографска стидија за локалитетот Скупи[268] од нејзините долгогодишни истражувања на овој антички град. Во 1988 година се извршени и заштитни истражувања на Западната некропола од страна на М. Ивановски и Ж. Винчиќ.[269]

Од помладата генерација најангажиран во скопско е проф. д-р Виктор Лилчиќ[270], кој со својот ангажман во оваа околина има направено неверојатно значаен придонес кон науката и осветлувањето на средновековните збиднувања на нашиот главен град. Се издвојуваат неговите сеопфатни истражувања на Давина Кула Чучер, Марков Град Матка[271], Градиште Нерези, Коњушница, с. Орман итн.

Во оваа нова генерација се вбројуваат и Л. Јованова, М. Ончевска Тодоворска на Скупи[272], К. Ристов[273] за локалитетите Таор, Крст во Орешани, и Маркови Кули Водно, проф. д-р Драги Митревски за Скопско Кале[274].

---

[261] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 98
[262] Микулчиќ И., Скопје со околните тврдини, Скопје 1982
[263] Билбија М., Нови наоди
[264] Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно; Микулчиќ И., Нукиљска Н., Маркови Кули
[265] Петров К., Нерези
[266] Алексова Б., Орман
[267] Гарашанин М., Корачевиќ Д., Скупи; истите, Базилика II
[268] Корачевиќ Д., Скупи
[269] Ивановски М., Винчиќ Ж., Скупи
[270] Лилчиќ В., Проект; Лилчиќ В., Илјоска В, Каталог; Лилчиќ В., Базилики; Лилчиќ В., Матка; Лилчиќ В., Давина Кула Чучер; Лилчиќ В., Станчевски И., Ивановска С., Николовска А., Давина Кула; Лилчиќ В., Давина Кула 2000; Лилчиќ В., Марков град; Лилчиќ В., Нерези; Лилчиќ В., Орман; Лилчиќ В., Ранохристијанска црква
[271] Лилчиќ В., Матка низ вековите
[272] Jovanova L., Colonia Flavia Scupinorum; Јованова Л., Михајлова Д., Скупи -Источна некропола

На овие еминентни имиња им се придружува цела една војска млади археолози кои со својот елан и ентузијазам дале свој значителен придонес во осветлувањето на тајните на скоспкиот средновековен период.

Мистериозноста околу локацијата на Јустинијана Прима, како и магливоста на раниот среден век на главниот град, кај научниците предизвикуваше силни пориви за да работат максимално во скопско. Секако, институциите станаа позаинтересирани за откривање и заштита на овие локалитети, кои несомнено возвратија со бројни наоди и интригантни резултати.

Археолошките истражувања на поголемите локалитети, со акцент на петте најактуелни (Скопско Кале, Скупи, Градиште во Таор, Маркови Кули на Водно и Давина Кула - Чучер) се очекува да ја откријат целосната слика на средновековно Скопје и животот на неговите жители.

**Скопско Кале** е археолошки локалитет што се истражува од 1953 година, спроведени од страна на Археолошкиот и Градскиот музеј, под раководство на Ж. Винчиќ[275]. Тогаш биле и откриени првите остатоци од енеолитска населба, како и движни наоди со хронолошка припадност на средновековниот период. При овие истражувања биле откриени остатоци и од одбрамбениот систем на самата тврдина кои потекнуваат од средниот век и од турското средновековје[276].

Во 1965 година биле извршени сондажни истражувања, при што била откриена правоаголна земуница, вкопана во глинеста здравица[277].

Сепак, првите значајни податоци за Тврдината се добиени со истражувањата во 1966 и 1967 година, при што биле откриени наоди од железното доба, раната антика и средниот век[278]. Тогаш истражувале проф д-р Иван Микулчиќ и Бошко Бабиќ[279].

---

Јованова Л., Скупи -Западна некропола; Јованова Л., Скупи; Ончевска Тодоровска М., Скупи Ончевска Тодоровска М., Камени садови;

273 Ристов К., Таор; Ристов К., Архелошки истражувања; Ристов К., Каламадеска Михаилова Д., Орешани

274 Митревски Д., Скопска тврдина

275 Винчиќ Ж., Скопската Тврдина “Кале”, 29-46

276 Алексова Б., Еден нов наод, 9

277 Извештај 65

278 Археолошка карта II, 383 (кат.ед.Г.М.)

279 Извештај 65 ; Babić B., Mikulčić I., Skopsko Kale

Во 1973 година Б. Бабиќ извршил кратки археолошки истражувања на Калето, во кои дел од целта била и датирање на т.н. киклопски ѕид[280].

После 40 години прекин, во 2007 година на Кале Скопје се започнаа систематски археолошки истражувања, кои уште на својот почеток дадоа ново светло во историјата на тврдината и градот. При овие истражувања се докажа континуитет на живеење на оваа локација од праисторијата и средниот век, па сé во XX век[281]. Освен бедемските партии, на Кале се откриваше и дел од внатрешноста. Главен раководител на истражувањата беше проф д-р Драги Митревски[282]

Во следните 2009 и 2010 година, систематските истражувања на Тврдината продолжија со голем интензитет и од нив се добија значајни податоци за историјата и структурата, не само за средновековниот живот на Кале, туку и за праисториските времиња, како и за време на турското владеење.

Истражувања со значително помал обем продолжуваат на Кале и во следните 2011 година.

Исто така, на Скопско Кале беше изведена реконструкција на бедемските партии, особено на јужните делови, со што Тврдината доби величествен лик пред очите на широката јавност. Конзерваторски зафати и реконструкции продолжуваат да се изведуваат, а се подготвуваат и музејски згради и изложбени галерии во склоп на локалитетот.

За **Скупи** првите пишани податоци ги дава Птоломеј во II век, каде градот го лоцира на географска ширина $42^{0}$ 30 и должина $48^{0}$ 30 [283]. Во поново време прв Артур Еванс во 1884 година ја прави идентификацијата и лоцирањето на Скупи кај Злокуќанско Кале[284]. Првите инцидентни археолошки истражувања се превземени од Ќ. Трухелка[285] во 1929 кој известува за делумно истражена приградска вила , с/з

---

[280] Микулчиќ И., Средновековни, 299
[281] Митревски Д., Скопска тврдина, 7
[282] Митревски Д., Скопска тврдина, 39-42, се напишани сите оние кои дале допринос при големите истражувања во 2007 година. Голем дел од нив продолжи со работа и во следните 2009, 2010 и 2011 година
[283] Јованова Л., Скупи, 197
[284] Evans A.J., Researches, 79-167
[285] Трухелка Ћ., Археолошке белешке, 78-80

надвор од бедемите и Р. Грујиќ[286] во 1936 година, кој известува за делумно истражената ранохристијанска базилика на јужната периферија на с. Бардовци.

Првите поголеми археолошки истражувања ги организира Н. Вулиќ на театарот во 1935-36 година[287]. Со истражувања на истото место подоцна продолжува Д. Рендиќ Миочевиќ во годините 1959-61[288].

Во 1966 година М. Гарашанин[289] и Д. Корачевиќ[290] ги започнуваат првите систематски истражувања, а нивното раководење со локалитетот трае се до 1996 година.

Првите вистински топографски истражувања на локалитетот, на пошироката градска териотрија ги извршим И. Микулчиќ во 1970 година. Неговите првични податоци постојано се дополнуваат со новите истражувања.

Во меѓувреме биле превземени неколку заштитни истражувања, како оние во 1981 година од страна на Милан Ивановски и Ж. Винчиќ[291].

Од почетокот на првите истражувања па се до денес, ископувања се одвиваат скоро секоја под раководство на Л. Јованова[292], а во последните години на Л. Јованова и М. Align Ончевска Тодоровска[293].

Во тек е проект за доткривање и реконструкција на Античкито театар, како заеднички проект на Музеј на град Скопје и Институтот за археологија при УКИМ.

**Градиште Таор -** Трагајќи по фамозната Јустинијана Прима, многу научници етимолошки доаѓале до градиштето во селото Таор, во близина на Бадеријана, како што Прокопиј ги наведувал во своите описи за величесвениот град. Така, истражувањата на овој локалитет започнале уште пред 120 години, кога бил прв пат

[286] Грујић Р., Скопска митрополија, 5-64
[287] Вулић Н., Римско позориште, 3-23
[288] Rendić Miočević D., SCUPI, 44-51
[289] Гарашанин М., Корачевиќ Д., Скупи, 79-96; Гарашанин М., Корачевиќ Д., Базилика II, 31-46
[290] Корачевиќ Д., Скупи, 2002
[291] Ивановски М., Винчиќ Ж., Скупи, 165-174
[292] Јованова Л., Скупи-Западна некропола, 191-199; Јованова Л., Михајлова Д., Скупи-Источна некропола 203-248; Jovanova L., Colonia Flavia Scupinorum, 193-207
[293] Ончевска Тодоровска М., Базилика Скупи, 97-111

забележан од страна на Артур Еванс[294] . Тој прв го поставил Градиштето на основа, со одредени грешки.

Првите истражувања биле површински, од страна на Т. Томовски[295] и И. Микулчиќ[296]. Со нивните рекогносцирања се добиени првите топографски податоци за населбата.

Со систематски истражувања започнува Киро Ристов од Музеј на град Скопје, почнувајќи од 2000 година[297], кога биле направени сондажни истражувања. Истражувањата траат во континуитет почнувајќи од 2001 година, со малим прекини, а систематски ќе се продолжи и во иднина.

**Маркови Кули -**Првите теренски снимања на одбрамбената архитектура на овој локалитет се направени во почетокот на 70-тите години од XX век, од страна на И. Микулчиќ.[298]

Првите заштитни ископувања се извршени во 1976 и 1977 година, од страна на Музеј на град Скопје, под раковотство на Н. Никуљска и И. Микулчиќ[299].

Следните истражувања се спроведени во 1979 и 1980 година од страна на И. Микулчиќ и М. Билбија[300], на кои била истражувана стратиграфијата на слоевите и нивната хронологија[301].

Во последната деценија систематски истражувања врши К. Ристов, вклучувајќи и странски институции за соработка, како што е Сент Луиз Комјунити Колеџ од САД. Во скромен обем, но со континуитет истражувањата на локалитетот се случуваат секоја година. Во тек се заштитни ископувања на бедемските партии.

Во тек се заштитни археолошки истраѓувања на локалитетот, со главен акцент на бедемските партии, после што се о;екуваат конзерваторски зафати на градското обѕидие.

---

[294] Evans A.J., Researches, 79-167
[295] Неговите откритија се објавени во Томовски Т., Таорско Градиште, 233-239
[296] Микулчиќ И., Скопје, 103-106
[297] http://www.tauresium.info/strucna_ekipa.html; Ристов К., Таор 2, 36
[298] Mikulčić I., Za mestopoložbata, 262-272
[299] Микулчиќ И., Нукиљска Н., Маркови Кули, 137-150
[300] Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно, 205-220
[301] Микулчиќ И., Средновековни, 286

**Давина Кула Чучер -** Во литературата, градиштето на високиот рид во близина на с. Чучер го забележал А. Еванс[302], како Давина Кула, земајќи топоним од локалното население. Тој го посетил градот во 1883-84 година. По него, Н. Вулиќ пишувал за епитафи - камени плочи откриени во селото Чучер, донесени од Давина[303].

Првите прелиминарни истражувања се изведени од И. Микулчиќ[304] во периодот од 1975-1980 година и В. Лилчиќ. Првите археолошки истражувања на овој локалитет се спроведени во 1998 година под раководство на В. Лилчиќ[305], и тоа како студентски камп во чија работа беа вклучени студенти по археологија.

Од археолошките истражувања во Скопје и неговата околина, ќе издвоиме неколку, кои допринеле во осветлувањето на историјата на нашиот главен град.

- **Вучидол, с. Волково -** Во 1958 година Музеј на Македонија вршеле заштитни истражувања на локалитетот и при тоа е откриена мала ранохристијанска базилика. Истата е превентивно конзеравирана[306]. Во 1975 година Блага Алексова повторно вршела археолошки истражувања.[307]
- **Куќетини, с. Глуво -** При заштитни истражувања откриени се три големи јами во непосредна близина на наоѓалиште за вар.[308]
- **Маркови Кули, с. Кожле -** Во неколку е работено на Кастелот кај Пчиња, но во скромни рамки[309].
- **Матка -** Професор Виктор Лилчиќ извршил сондажни археолошки истражувања во периодот од 08.04.-15.05.1989 година со група студенти од Институтот за Историја на уметноста со археологија, при што се работело на дел од акрополата.

---

[302] Evans A.J., Researches,91-92; Лилчиќ В., Давина Кула Чучер, 32
[303] Лилчиќ В., Давина Кула Чучер, 34
[304] Микулчиќ И., Скопје, 107-116
[305] Лилчиќ В., Станчевски И., Ивановска С., Николовска А., Давина Кула, 15-43 -Истражувањата беа спроведени како студентски камп, на кој учествуват студенти и посдипломци од Институтот за Историја на Уметноста и археологија, Филозофски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј,
[306] Локалитетот е заведен во Евиденција на НКЦ, во оп. Илинден, под р бр. 60, 4-834-023/17 РНД
[307] резултатите не ниб еа достапни
[308] Билбија М., Нови наоди, 134
[309] Во разговор со истражувачот Кирил Трајковски дознавме дека на овој локалитет се работело односно се вршеле археолошки истражувања вкупно 52 работни денови

• **Св. Пантелејмон, с. Нерези -** При конзерваторско-истражувачки работи, крај црквата и во припратата откриени се 16 средновековни гробови[310]. Во склоп на црковниот комплекс, откриена е гробница, која најверојатно му припаѓа на ктиторот на црквата.[311]

• **Градиште, Средно Нерези -** Во 1953 година биле спроведени првите истражувања под раководство на Г. Поцкова, кои потоа продолжиле во 1974 и 1978 година, под раковотство на Р. Пашиќ. Тогаш била откриена некропола, датирана во периодот од XII-XIVвек[312].

• **Крст, с. Орешани -** При заштитни археолошки истражувања, раководени од страна на К. Ристов од Музеј на град Скопје, откриени се 10 средновековни гробови.

• **Коњушница, с. Орман -** Во 1957 година случајно е откриен објект и неколку гробови, после што во 1958 година биле организирани првите заштитни истражувања, под раководство на Б. Алексова.[313] Во 1975 година повторно се организирани истражувања на локалитетот. При тоа е констатирана еднокорабна базилика. Во близина на базиликата, случајно е откриена една засводена гробница[314]

• **Клучка Хиподром, Скопје -** При заштитни истражувања на праисториската населба во 1989 година, каде раководел Д. Митревски, случајно и надвор од контекст откриени се скромни остатоци од средновековна населба[315].

• **Црква Св. Спас, Скопје -** Во 1933 година при нивелација на теренот пред црквата, случајно се уништени голем број гробови. Во 1970 година при изведување на подземни инсталации откриена е гробна конструкција. Во 1972 година при уредување на дворот пред црквата Св. Спас истражени се 32 гроба со христијански обележја, со хронолошка припадност во турското средновековје, односно XVII и XVIII век[316].

---

310 Babić B, Manastir Nerezi, 153
311 Babić B, Manastir Nerezi, 152
312 Манева Е., Накит, 221
313 Алексова Б., Орман, 77
314 Лилчиќ В., Орман, 143
315 Археолошка карта II, 383 (кат.ед.Д.М.)
316 Извештај, 72

## 2. Методолошки пристап

Главната цел на овој труд е да го прикаже животот на Скопје, неговите жители, вклучувајќи ја и околината и жителите во околината, во средновековниот период и тоа гледано преку призма на откриените наоди и примероци, кои имаат неоспорен белег на христијанското влијание.

Материјалната култура која го третира овој труд е одраз на едно живеење, во определено време односно во целиот средновековен период, на конкретна религиозна група, во конкретно одредена географска рамка.

Поради тоа, темата има конкретно разграничен пристап кон методолошките единици користени во овој труд.

Еден од клучните пристапи кон обработка на темата од овој труд е целосниот и детален пресек на историјата на градот, која ја дознаваме од повеќе страни. Скопје не е избегнат од ниту еден историчар низ текот на целиот средновековен период кој бил директно или индиректно поврзан или бил во некоја непосредна врска со градот. Посетителите исто така не останале неми за градот кој воодушевувал. Грамотите, повелбите и разни државни списи, акти и закони го вклучуваат градот во скоро сите општествено - политички случувања на актуелните владетели. Така, Скопје, еден од најактивните градови на Балканот, има долга и бурна историја, која целосна или нецелосна, ја раскажува приказната за долговечно опстојување.

За целосен преглед на средновековниот период се разгледани вкупно 66 археолошки локалитет во хронолошката рамка на средновековниот период, започнувајќи од ранохристијанскиот период па сé до XV век, кога османлиската власт целосно го запоседнува градот Скопје и неговата околина. Пресекот на археолошки локалитети од скопската област од средновековниот период ни овозможува да ја констатираме широчината на географската рамка на оваа тематски затворена целина, а со тоа да се направи увид на интензивноста на средновековниот живот во скопско. Некои од локалитетите/локациите со своите наоди од спроведените истражувања, преку производството на христијанската материјална култура ќе ги дополни сознанијата за животот на Скопје во средниот век. Во редоследот на локалитетите направено е одвојување на првите пет најзначајни локалитети за темата на овој труд,

почнувајќи од централното јадро на градот - Скопско Кале, како носител на ова докторска дисертација. Потоа следат останатите четири (Скупи, Градиште с. Таор, Маркови Кули, Водно и Давина Кула, с. Чучер), подредени по својата големина во средновековниот период. Останатите, од број 6 до 66, се подредени по азбучен ред на нивната локација.

Движниот археолошки материјал обработен во овој труд е директно и индиректно инспириран од христијанската средновековна уметност, односно под влијанието на Христијанството. Имено, сѐ она што е произлезено под директно влијание на христијанската уметност и христијанската религија, а е преточено во одреден облик на тип и форма, е интерес на овој труд.

Обработката на материјалот е третиран од неколку аспекти:

Од аспект на симболиката на декоративните елементи. Нив ги групираме во четири големи групи:

а. Геометриски декоративни мотиви

б. Флорални/вегатабилни декоративни мотиви

в. Зооморфни декоративни мотиви

г. Антропоморфни декоративни мотиви

Во овој труд обработени се повеќе групи на предмети, со голем вариетет на типови и нивни подвидови. За полесно обработување, направени се четири големи групи во кои ги вброивме типовите и видовите на примероците:

а. Црковен инвентар

б. Накит

в. Керамички чинии

г. Varia

Една од главните задачи на овој труд е да го прикаже Скопје и скопската област како епицентар на економските и политичките збиднувања во средновековниот период. Силното влијание на христијанството во сите домени на живеење, нашло силен одраз и во занаетчиската продукција, по која Скопје е позната надалеку.

Откривањето на работилниците и произвотствените центри на Скопската Тврдина засекогаш ќе го стават печатот на градот носител на духовната и материјална култура во целата област и пошироко, како еден од најзначајните центри во средновековниот период. Исто така, се разгледуваат неколкуте важни и зачестени производствени активности, како што се рударството, занаетчиството (златарство, монетоковање, копаничарство). Неизбежни се потрагите по разни влијанија кои учествувале во креирањето на типичниот „скопски белег", не само во уметноста, туку и во секојдневното живеење.

Целиот собран материјал е распределен во каталог, подреден во групи според типологијата на примероците, па и типовите на предмети се подредени според зададениот редослед во Прегледот на локалитети. Секој предмет има детална каталошка единица според правилата за пишување на научно и каталошко дело. Секоја каталошка единица го содржи следното: име на предметот, потекло, место на чување, материјал и техника на обработка, димензии, детален опис, хронолошка припадност, начин на откривање, библиографија, аналогии.

Секако, каталошките единици се проследени со фотографии и/или технички цртежи на обработените предмети.

Направена е и типолошка табела во која се сместени сите типови и подтипови на предметите од каталогот. Направен е и иконографски приказ на декорацијата користена за украсување на третираните предмети. Секој од предметите е сместен во хронолошка рамка, некој со конкретна, а некој со поширока.

## 3. Историски рамки на темата

Историските рамки на овој докторски труд се движат во средновековниот период што во науката се подразбира периодот од VI до XIV век (иако многу учени прифаќаат 602 година да биде почеток на средновековниот период). Самата тематика што ја обработува трудот, не дозволува строго временско ограничување.

Интересот на овој докторски труд започнува со ранохристијанскиот период, временски еквивалент на доцна антика. Ги карактеризира зачетоците на христијанската доминација, не само во духовниот живот, туку во сите пори на секојдневното живеење. Тогаш се ре-обликуваат старите градови во ново руво како седишта на епископи, се градат првите сакрални градби со христијански карактер кои завземаат централен простор во градовите и се оска на движење во јавниот живот. Работилниците преземаат сосема нов систем на произвотство, но не во техниките туку во уметничкото и симболичното изразување. Населението поинаку се облекува и накитува. Односите меѓу луѓето се изменети. Вредностите на живеењето се поинакви.

Со словенското населување на нашите простори, христијанството добило нов предизвик во однос на пренесување на Христијанскиот збор меѓу нехристијаните. За тоа биле потребни најмалку три векови, со што во нашата наука е направен привиден вакуум и спуштени се завесите за целосната слика на овој период. Тогаш целосно се изгубени античките навики, спроведени се христијанските нормативи, црквата го завземала главното место во владеењето, заедно со световната власт. По пребродување на овој темен период, доаѓа светло време, особено за Скопје.

Веќе во IX век силно се чувствува моќта на силната Византија и сето тоа што таа го носи со себе и го претставува. Византија е секаде: во оптествените односи, системот на владеење, хиерархијата, религијата, уметноста. Со доаѓањето на Комнените, Скопје го доживува своето „златно доба". И потоа продолжува да живее славно и во склоп на српската држава.

И по владеењето на Немањиќите, кога Скопје бил царски град - престолнина на Душановата Држава, значењето на Скопје не се намалува.

И Турците - Османлии, доаѓајќи на овие простори прво го освоиле Скопје, а потоа од таму продолжиле својата експанзија во блиската и широката околина. И во време на турското владеење Скопје е голем и значаен град.

Во однос на производството на предмети со средновековна христијанска тематика и обележје, оваа тема мора да излезе малку надвор од своите средновековни рамки.

Од една страна, иако ранохристијанскиот период хронолошки му припаѓа на доцноантичкото време, сепак го бележи почетокот на христијанскиот религиозен систем. Затоа, во овој труд не е изоставен материјалот кој претходи на она што следи во раниот, полниот и доцниот среден век.

Од друга страна, забележлива е тенденција за репродуцирање на одредени предмети со оригинално потекло во полниот среден век во подоцнежно време, особено во времето на големите „дупликати" од XVI век. Така на пр. на локалитетот Скопско Кале откриени се крстови - реликвијари со типична иконографија за XI и XII век, но со значително помала тежина и од материјал поинаков од типичната средновековна лиена бронза. Тоа се должи на фактот што одредени влијанија во однос на продукцијата на сакрални предмети се силни низ целиот следен период (т.н. турско средновековје).

Вакви и слични примери нè обврзуваат да ја прошириме хронолошката рамка до таму до каде што се чувствуваат средновековните влијанија врз продукцијата на предметите инспирирани од христијанската уметност.

Иако конкретни периоди од историјата оставаат специфичен белег врз уметничкото и практичното производство на крстот, сепак може да се каже дека од VI до XV век постои еден континуитет на одредени нормативи, во кои се согледува варијабилитет во формите, со ист концепт, а со тек на време и воспоставена иконографија.

## 4. Природни услови за живот во Скопската област и географски рамки на темата

Скопје се наоѓа во северниот дел од Република Македонија, во рамките на втората по големина меѓу котлините во Македонија, Скопската Котлина која е со правец на протегање северозапад - југоисток. Таа зафаќа површина од 1.840 км² (во рамништето од 334 м², во нерамнини 1.406 м²) и со надморска висина од 100 до 500 метри.

Градското јадро на Скопје има просечна надморска височина од 254 м.

Природните граници на Скопската област се: на исток - Овче Поле, запад - Чеден, север - Скопска Црна Гора и југ - Пчиња.

Котлината со градот припаѓаат на Вардарската тектонска зона, што претставува прилично голем тектонски ров. Поради распарченоста на блокови и помали тектонски единици, и поради нивното повремено хоризонтално и вертикално поместување, често се јавуваат земјотреси, кои се дури 8 отсто од земјотресите во цела Европа. [317]

Скопје од сите страни е опкружено со планини: од северна страна го надвисува Скопска Црна Гора, која е висока 1.651 м; од запад е Водно, потоа Пепелник, во висина од 2.000 м; Китка 1.555 м; Чеден, Лисец. Низ Скопје течат неколку реки. Главната артерија на градот и Скопската област е Вардар. Потоа и: Треска, Маркова Река, Смесничка, Моранска, Бразда, Серава, Чурлин, Пчиња. Во Скопската област во минатото имало три природни езера: Катлановско, Корачинско и Блато, но сега се скоро целосно исушени. Со природни извори на вода исто така е богата: Капиштец, Јаудиска Вода, Кучковска Вода, Брес, Кисела Вода, Дуло, Црвена Вода, Жеговец, кои биле главен извор на чиста вода за средновековните жители на градот и неговата околина. И денес Скопје се снабдува со вода за пиење од врутокот Рашче, кој се наоѓа во подножјето наваровничката планина Жеден, на излезот од Дервенската клисура и е еден од најзначајните во нашата земја.

[317] Панов М., Географија, 20

За добри услови за живот секако допринесуваат и климатските услови. Во Скопско не допираат медитеранските влијанија, но затоа е изразена умерено-континенталната клима. Последните децении покажуваат резултати од глобалното затоплување. Но, во средновековниот период климата била умерена: во зимите било благи, а летата биле жешки, но и подносливи.

Република Македонија се наоѓа на 41. и 42. напоредник сгш. Само Скопје е на 420⁰ сгш и добива просечно 247 кг калории годишно[318], што го сврстуваат во групата на географски поволни области за живеење.

Во Скопската Котлина дуваат ветрови од сите осум правци. Често се случуваат т.н. тишини, поради кои се јавуваат густи магли, со што Котлината е во прво место по магловитост во Републиката, со просечно 72 магловити денови во годината.[319]

Од почвениот состав се забележуваат повеќе видови почви, меѓу кои: смолница (која се одликува со голема плодност), солончакот и кафеавиse и алувијалните почви.

Република Македонија, според географската положба, се наоѓа меѓу две најголеми растително-географски области: медитеранската и евросибирската. Во скопско се сретнува преплетување на двете.

Во Скопската Котлина има претставници од медитеранската т.е. егејско-медитеранската фауна. Во честите мочурливи предели се сретнуваат барски птици, дива гуска, чапја, пеликан...

Сé на сé, Скопје и неговата околина имаат добри природни услови за живеење. Поради тоа и поради неговиот административно-политичко-културно значење, низ вековите, особено во средновековниот период градот бил густо населен, како што е случајот и денес.

Ограничувањата на само оваа област се должи на фактот дека скопско во средновековниот период било заокружена целина која егзистирала не како Целина на еден град, тука Целина на една тема = област.

318 Macedonica 99
319 ibid

Исто така, временската рамка на темата ја прави истата многу квантитативно обилна и според тоа потребно е да се направи ограничување во одредени географски рамки.

Сепак, тоа не значи дека скопско ќе се разгледува без да се земе в предвид сето она што направило свое влијание и на сето она на што влијаела скопската област.

Затоа, географската рамка се зема на сé она што во средниот век географски се поврзува со Скопје, а има и политичко, економско, социјално и културно влијание на околината и скопската област.

Почеток во временските рамки е VI век, со завршување на античките вредности и ширењето на христијанството во овое области. XV се смета за крај на една културолошка целина и почеток на нова, позната како турско средновековје (XV-XVIII), како во општествено политичките односи, така и во материјалната култура на овие простори

# II. Историски преглед на средновековно Скопје

Историјата на Скопје е прилично драматична. Градот преживеал бројни структурални, економски, воени, архитектонски, етнички и најмногу историски промени, како и разорнувачки земјотреси, масивни поплави, пожари и многу многу инвазии. Тука е прикажан скоро целосен и детален историски пресек на градот.

Не е новитет ниту далеку од вистината да се каже дека Скопје е наследник на животот во Скупи, кој поради неколку причини е напуштен.

- После фаталниот земјотрес во 518 година[320], Скопската Котлина добила нов градски центар односно Скупјани се иселуваат од матичниот град и го населуваат просторот во непосредна близина. Годината 535 се зема како иницијална во настанокот на градот, на сегашниот простор. Во тој период градот бил населен со ромејско и романизирано население[321].
- Скопската котлина претставувала значаен микрорегион во тогашната империја како крстосница меѓу северот и југот ; истокот и западот, како и локација со веќе развиена културна историја и урбанистичка структура.
- Во VI век биле изградени неколку кастели[322], поставени на речиси сите влезови во Скопската котлина и имале иста задача. Тие претставуваат смислено организиран одбрамбен систем[323], за одбрана на централната населба. Во овој одбрамбен систем влегувале и обновените утврдувања од римскиот и доцноантичкиот период. Во средниот век поголемиот број од овие кастели биле во форма на мали градчиња (castras), кои биле дел од воено-цивилната територија на Скопје, односно скопската тема.
- Веќе во VI век се спомнува Град Σκόποι кај Стефан Византиски, во неговата книга "Περί πολεων", која се датира во периодот 528 и 534 година[324].

---

[320] со овој земјотрес биле разорени 24 градови во провинцијата Дарданија. Според Марселиј Комес: 24 кастели во Провинцијата Дарданија, и во многу градови убил многу население (Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 398; Јиричек К., Историја, 30)

[321] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 237

[322] Маркови Кули, во Рогле, Давина, во Таор и други

[323] Микулчиќ И., Скопје, 25; Лилчиќ В., Базилики, 70

[324] Антољак С., Скопје, 75

- Со XIX Јустинијанова повелба, во 535 година Јустинијана Прима станала географски и политички центар на Источен Илирик, па затоа царот го преселил таму шефот на политичката власт од Солун во Јустинијана Прима (според Грујиќ во Скопје[325]). Со поделбата на провинцијата на два дела, јужниот дел го имал Солун за центар, додека северниот - латинскиот дел прогласил самостојност на архиепископијата на дарданската / скупската архиепископија со ново седиште на епископијата на Јустинијана Прима во Скопје[326].

- Во VI-VII век е доаѓањето на Словените во скопската котлина[327] и нивно трајно населување на овие простори. Овие колонизаторски напади почнале околу годината 570/1, кога здружена аварско-словенска војска, заедно со своите семејства, ги нападнале скоро сите населени места во Илирик и Македонија, со исклучок на Солун[328]. Аварите ограбувале и бегале, додека Словените освојувале и останувале да живеат во освоените места.

- Голема колонизаторска акција на Словените на територијата на Македонија, вклучувајќи го и Скопје, се случила во периодот од 581 - 584 година. Ослабнатата Византија од варварските напади, веќе немала сила воопшто да ја брани својата територија, па така оставила сé на отворено.

- Во тие колонизаторски напади, една мала чета на Словени на крајот на VI век го поробиле Скопје и многу граѓани однеле во ропство[329]. Ѕидините подигнати пред неполн век веќе биле скоро срушени. Според византиските извори, Словените го запоседнале и Скопје, од каде бегалците бегале (назад) во Солун[330]. Откако го запоседнале градот, тука си направиле постојано живеалиште. Со текот на времето се вклопиле во веќе постоечката заедница, како слободно граѓанство. Некои учени сметаат дека масовна словенска колонизација на Скопје не се случила, туку Словените само го ограбиле и опустошиле градот и неговата околина[331].

---

[325] Грујић Р., Скопска митрополија, 13
[326] Грујић Р., Скопска митрополија, 14
[327] Дероко А., Средњовековни, 6
[328] Зајковски Д., Христијанската црква, 130
[329] Грујић Р., Скопска митрополија, 16
[330] Грујић Р., Скопска митрополија, 16
[331] Бошкоски М., Скопје и скопска област, 64-65

- Јовин, архиепископ на Јустинијана Прима, како управник на префектура Илирик бил тој што им дал прибежиште на избеганите црковни високодостоинтвеници од градовите кои биле нападнати од Словените и нивната колонизација во 591 година[332].

- Во 594 година аварски напади го уништиле новоизградениот град Скопје (Според Хаџи Васиљевиќ[333] - Јустинијаново Скопје). И Теофилакт Симоката го спомнува Σκόπις, разорен од Аварите во 596 година[334]. Тогаш градот бил населен со голем број царски великодостоинственици, кои Јустинијан ги преселувал од Солун на територија на новиот град[335].

- Конечна словенска колонизација на Скопје и скопско се случила во 658 година[336], кога поради неуспесите за освојување на Солун, словенските племиња почнале да се повлекуваат кон Север. На својот пат, наишле на Скопје и трајно го населиле.

- Постои уште еден запис за словенско доаѓање од 694 (695) година, кога прв пат се населиле на веќе постоечката населба на Чрнче (Маркови Кули - Водно).[337]

- Во втората половина на VII век се формирала бугарската држава од здружените турано-бугарски племиња[338]. Нивните претензии биле насочени кон освојување на македонските територии, во кои било и Скопје. Сепак, со походите на императорот Јустинијан II, Византија ја имала врховната власт врз населените поголемиот број словенски племиња.

- Во VIII век „жители на независното словенско господство на Берзитите” живееле и во „Скопие”, како и во градовите Тетово, Кичево, Ресен и Охрид[339]. Тие веќе ја имале прифатено византиската врховна власт, бидејќи Империјата ги ставила

---

[332] Зајковски Д., Христијанската црква, 134
[333] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 466
[334] Петров К., Акведукт, 15; Винчиќ Ж., Скопската Тврдина “Кале”, 37
[335] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 466
[336] Бошкоски М., Скопје и скопска област, 137
[337] Дојчиновски К., Македонија, 28
[338] тоа здружение на турано-бугарски и неколку словенски племиња ја формирале државноста која е позната како Прво бугарско царство (Зајковски Д., Христијанската црква, 145)
[339] Бошкоски М., Великаните, 32 - повикувајќи се на Кънчов В., Избрани произведения, том III, София 1970, 99

под заштита од нападите на бугарските напади. Архонтот[340] на склавинијата на Берзитите (Велзитија - Βελξίτις) во тој период (втора половина на VIII век) бил Акамир, кој бил поставен под патронат на Византија[341]. Тој бил политички силен војсководец со силно влијание не само меѓу Склавиниите, туку и во византискиот политички врв[342]. Скопје тогаш припаѓало под темата[343], која од страна на Византија била наречена Македонија[344].

- Во IX век Византија ја променила политиката кон склавиниите на нивната територија (па и на територијата кон која имала претензии) со тоа што се христијанизирало паганското население, а дел од нив добивале и важни државно - административни функции. Христијанизацијата не се одвивала лесно, иако црковна служба била распространета скоро низ цела територија на Византија (тогашна, па и претходна). И покрај големиот придонес на епископите (со староседелско и/или ромејско потекло) кои ја продолжиле традицијата од старите епископски центри, отпорот на паганското население бил силен. Иако во списот на епископии од тоа време каде се заведени 21 епископии во Македонија[345], Скопје го нема, сепак сметаме дека Стратеј од Дарданија епископувал со седиште во Скопје, како најголем град во неговата провинција која се протегала на територијата на денешна Северна Македонија. Христијанизацијата на словенско население било исто така спроведено, како во градот, така и во околината.

- Прва половина на IX век, Скопје е заземено од Бугарите[346]. Во периодот од 852 до 864 година во цела Македонија владее кнезот Борис I [347] (852 - 889 година) и неговиот син Симеон, кои го прифатиле христијанството и го ширеле меѓу Словените во сите освоени територии[348]. Во Скопје веќе живеат Македонски Словени и тоа во

[340] Архонт е висока воена титула на тематски функционер, употребувана од страна на Византија за невизантиски функционери
[341] Бошкоски М., Великаните, 39
[342] вмешувајќи се во династичките борби во Византија, несреќно завршил со ослепување поради вмешаноста во заговорот против императорката Ирина (Зајковски Д., Христијанска црква, 150 и 160)
[343] тема = област
[344] Бошкоски М., Имињата, 208
[345] Зајковски Д., Христијанската црква, 156, повикувајќи се на "Notitia episcopatuum"
[346] Дероко А., Средњовековни, 6
[347] Дојчиноски К., Македонија,, 29
[348] Борис, покрстувајќи се во 865/6 година се преименувал во Михаил и го наметнал христијанството на својот народ (Зајковски Д., Христијанската црква, 172)

добар сооднос со Бугарите и Србите. На територија на цела Македонија, и покрај бугарското владеење, сепак била со бројно словенско население, а не со бугарско[349].

- Во 864 година Бугарската држава склучила мир со Византија[350]. Со тој договор Борис се согласил сите бугарски поданици да бидат покрстени[351]. Со тоа била и опфатена скопската област, која веќе била под бугарско владеење. Во црковните акти забележано е учеството на епископот Јован Дардански на црковниот собор во Константинопол во 879 година[352], што веќе покажува активен црковен живот во скопската област.

- Територијата на Бугарија, вклучувајќи ги новоосвоените области, била поделена на девет или десет административно - територијални единици наречени комитати[353]. Историјата нема податоци на кој комитат Скопје припаѓало, но со сигурност се знае дека не било вклучено во Деволскиот[354], ниту Брегалничкиот[355].

- Кон крајот на IX век, Борис ја сменил црковната политика кон Византија. Имено, тој целосно го елиминирал византиското влијание од бугарската црква. Така, во 886 година кнезот го испратил Климент, ученикот на Кирил и Методиј, од Белград да оди во Охрид на мисионерска работа.

- Во X век постои силна словенска епископија во скопската област, која почнала да се развива во векот претходно. Сега таа била епархија под Преспанската (Охридската) архиепископија[356].

- Во 927 година, Бугарија и Византија потпишале мировен договор, со што било признаено бугарското владеење со територии од Македонија, Србија и Албанија[357]. Останува нејасно кому му припаѓа Скопје во тој период.

---

[349] Византиски извори I, 266-267
[350] Бошкоски М., Скопје и скопска област, 98
[351] Зајковски Д., Христијанската црква, 173
[352] Зајковски Д., Христијанската црква, 180
[353] Зајковски Д., Христијанската црква, 173
[354] Велес, Прилеп, Битола, Меглен, Костур, Охрид, Кичево, Дебар, делови од Јужна Албанија и со центар во Девол
[355] со седиште во утврдениот град Брегалница
[356] според списокот на епархии на преспанската патријаршија(се мисли архиепископија) испишан во олтарот на црквата Св. Ахил, на островот Ахил во Преспанското Езеро (Зајковски Д., Христијанската црква, 180)
[357] Бошкоски М., Имињата, 208

- Во 971 година византискиот император Јован Цимиски ја анектирал бугарската држава кон својата империја, со чинот на декрунисувањето на Борис II и неговото декласирање во магистер - византиска дворска титула. Така, и бугарската Црква била анектирана кон Цариградската патријаршија. Со тоа, скопската епископија се ослободила од бугарската јурисдикција и автоматски и припаднала на византиската.
- Некаде во втората половина на X век[358] старото (античко) име на реката Вардар е променето со ново (кое стои до денес) - Вардар, во чест на Варда Склир кој извршил регулација на текот на реката и ги спасил мештаните од чести поплавувања[359]. Имено, Варда Склир, византиски управник на Скопје, наредил изградба на ново (регулирано) корито на градскиот дел од реката, така да со отклонување на реката ја пренасочиле и го регулирале нејзиното диво течение. Варда Склир загинал во граѓанската војна (бунт) која ја предводел во 987 година против Византија[360].
- Овој период, со акцент на X век е време на немилосрдна економска експлоатација и политичко угнетување што Византија го спроведувала врз разбиените склавинии на Македонските Словени[361]. Византиските војски минувајќи низ територијата на Македонија, зад себе оставале пустелија: ги газеле посевите на селаните, од стопанствата однесувале храна, добиток и инвентар[362]. Бугарските власти, претставувајќи се како покровители и заштитници на населението уште повеќе ги угнетувале луѓето, па така ја зграбувале нивната земја, а селаните ги претворале во зависни селани - крепосници[363]. Поради тоа, според пишувањето на Роман I Лакапен[364], од Македонија во Византија избегале 20.000 луѓе. Незадоволството кај скопското граѓанството рапидно растело, уплашени од угнетувањата од страна на бугарските власти, но и од присилените дарувања на имоти и даноци кон Црквата. За полесно владеење, бугарскиот цар Петар извршил

[358] векот е дискутабилен, на различни места има различни податоци. Некаде може да се најде податок дека Варда Склир бил лик од раниот IX век
[359] Византиски извори III, 102
[360] Бошкоски М., Великаните, 68
[361] Басотова Љ., „Летописот",170
[362] Ташковски Д., Самоиловото Царство, 73-74
[363] Ташковски Д., Самоиловото Царство, 74
[364]Ташковски Д., Самоиловото Царство, 74, цитирајќи го делото на Златарски В., История на българската държава през средните векови, София 1918, 1,2, 463, 477

административна и политичка поделба на царството, па така Македонија образувал комитат на чело со комес, како виден чиновник на владетелот. Појавата на богомилското движење било подготовка на угнетуваните Македонски Словени да ја бараат својата независност од бугарската управа. Имено, богомилството со својата проповед против бугарската власт е вовед во политички слом на интегритетот на бугарското царство и отцепување на Македонија од нејзиниот состав.

- Така, четворицата комитопули[365] Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, синовите на комесот Никола[366] и жена му Рипсимија, по смртта на бугарскиот цар Петар, на 30. јануари 969 година[367], подигнале востание против бугарската централна власт[368]. Веднаш по смртта на византискиот император Јован Цимиски во 976 година[369], одметнувајќи се од Бугарија[370], кренале второ востание, овој пат против византиската власт[371]. Со тоа успешно била воспоставена независност на Првата македонска држава која траела сé до 1018 година[372]. Границите на новонастанатата држава се протегале на север до Дунав, на исток до Софија, на југ до Епир и Тесалија. При поделбата на територијата меѓу браќата, Самоил го имал Скопје[373] (заедно со Велес, Тетово, Призрен, Липљан, Ниш, Видин, Бранчево, Београд, Сирмиум итн).[374] Самоил за својата престолнина ги избира Преспа и Охрид, каде бил меѓу своите, со што се потврдува неговото потекло[375].

- И во Самоиловата држава Богомилите и нивните проповеди и „еретички" збор имале видно и угледно место, бидејќи тие се сметани не само за зачетници на

[365] комитопули = синови на кнез
[366] еден од седумте претставници на бугарската административна власт - Бошкоски М., Патронот на црквата, 37
[367] Ташковски Д., Самоиловото Царство, 98
[368] Басотова Љ., „Летописот",172
[369] годината на востанието на браќата комитопули некаде се сретнува како истата година на смртта на бугарскиот кнез Петар односно 969 година (Басотова Љ., „Летописот",171)
[370] Басотова Љ., „Летописот",169
[371] Бошкоски М., Патронот на црквата, 40
[372] Панов Б., Средновековна, 47
[373] Византиски извори III, 75
[374] Византиски извори III, 79
[375] Басотова Љ., „Летописот",180, акцентирајќи на тоа дека Самоил нема никакво бугарско потекло. Некои дури сметаат дека по мајчина страна тој има ерменски корени, за што и во прилог оди ерменскиот корен на имињата од неговото семејство (Ташковски Д., Самоиловото Царство, 87). Брсјачкото потекло на самоиловиот род го истакнува и Василевски Т., Генеза, 249, односно Самоиловата држава била продолжение на племенската кнежевина на Брсјаците и настанала како резултат на антивизантиското востание на Македонските Словени

ослободителната борба против Бугарите, туку и како столб во новата држава на Македонските Словени на чело со Самоил. Богомилите на Самоил му овозможиле почитување и углед кај широките народни маси и од црковен аспект. Со ликвидација на бугарската држава била ликвидирана и бугарската црква, која престанала да функционира како самостојна и се приклучила кон јурисдикцијата на константинополскиот патријарх.

- По смртта на најстариот од комитопулите Давид во Костур во 976 година, а потоа и на Мојсеј во опсадата кај Сер 986 година, останале Самоил и Арон да владеат во диархија. Тие во неколку наврати се обиделе политички да си ги средат односите со византиската власт, но Василиј II планирал средби само на бојното поле. Ослободените синови на бугарскиот владетел Петар од прангите на цариградскиот затвор, преминале на територија на новоформираната држава. Тогаш Борис II бил убиен од браќата, додека Роман останал на нивна страна.

- Недолго по завладејувањето на Арон и Самоил, почнува небратска битка за меѓусебна превласт. Убивајќи во Арон во 986/7 година во Средец (Софија) односно кај Раметаница (Разметаница)[376], и скоро целото негово семејство (со исклучок на Јован Владислав), Самоил останува да владее во новата држава, на сите територии на кои владееле заедно браќата.

- Самоил бил прогласен за цар на ден Велигден во 977[377] (веднаш по завладувањето), или во 986[378] (огромниот неуспехот на византискиот император Василиј II во битката кај Ихтиман против самоиловите војски[379]), додека крунисан за цар бил во 997 година[380] (по смртта на кастрираниот Роман, официјалниот и последниот престолонаследник на бугарската круна) или најверојатно во 1001[381] година (врзано со освојувачкиот поход на Василиј II на Балканот, но и свадбата на

---

[376] Зајковски Д., Христијанската црква, 215

[377] Бошкоски М., Великаните, 144

[378] Басотова Љ., „Летописот",188, основајќи се на Прокиќ, Постанак једне царевине, 284

[379] поразот бил толку голем што самоиловите војници им ги запалите сите опсадни машини, им го одземале оружјето на византиците, а за малку и Василиј II ќе паднел во непријателски раце. При тоа целата комора со царскиот шатор, багажот и благајната паднале во триумфирачката војска на Самоил (Ташковски Д., Самоиловото Царство, 122-123). После ова ширењето на Самоиловата држава се одвивала рапидно.

[380] Златарски В., Българско Царство, 700; Ташковски Д., Самоиловото Царство, 133; Лероа - Молинген А., Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, 69-70

[381] Бошкоски М., Великаните, 104; Зајковски Д., Христијанската црква, 248

Самоиловиот син Гаврило Радомир со унгарската принцеза, каде двајцата сватови - Самоил и Вајк (Стефан) веќе имале царски титули). Свечениот чин се случил во присуство на папски легати[382] (не се знае со сигурност кој папа бил - најверојатно Силвестер II), преспанско - охридскиот патријарх Филип[383], високо свештенство, македонски благородници, царско семејство, претставници од унгарскиот кралски двор и зетскиот кнежевски двор, во охридската катедрална црква Св. Софија[384]. Некои учени сметаат дека всушност тој е самопрогласен цар[385], бидејќи изворите (особено византиските) избегнуваат нему да му дадат висока титула. Во многу различни списи Самоил има различни, но сепак многу високи титули (како на пр. крал според допис од почетокот на XII век - 1202 година меѓу Римскиот папа Инокентие III и Иван Калојан-1197-1207[386]). Поради игнорантскиот однос на Византија кон Самоиловата држава, Самоиловата наклонетост била кон Запад и Рим, особено поради присуството на папските делегати при неговото крунисување за цар[387], но и поради одлични дипломатски односи со германскиот император кој силно влијаел врз римските папи, како што се Бенедикт VI (973-974), Григориј (Гргур) V (996-999) и Силвестер II (999-1003). И покрај сé, во подоцнежните списи, па и во византиските државни извори[388], Самоил е признаен за цар, а неговата државност за царство. Прво седиште на Самоиловата Држава била во Преспа, каде се наоѓал и неговиот дворец и каде царот му изградил храм на Св. Ахил и во него ги сместил неговите мошти[389].

- Со воспоставување на Самоиловата држава, за управник на градот Скопје бил поставен Роман[390], син на бугарскиот цар Петар и брат на Борис II, кои откако

---

382 единствен начин царската круна да биде легитимна, требало одобрување и присуства барем на една еод двете седишта: римската или константинополската.
383 тој е владиката кој го извршил крунисувањето, па со тоа бил хиротонисан за прв партијат на Охридската црква, која со благослав на римскиот папа била подигната во ранг на патријаршија
384 Бошкоски М., Великаните, 104
385 Басотова Љ., „Летописот",185
386 Радоичиќ Ѓ.С., „La gent Samuel" , 117; Басотова Љ., „Летописот",187
387 потсетуваме на Легендата за цар Самоил кој го нападнал градот Котор и ги земал моштите на Св. Трифун и ги пренел во својата земја. Которчани, барајќи кај византискиот император Василиј II, ги добиле назад моштите по паѓањето на Самоиловата држава во 1018 година, (Бошкоски М., Патронот на црквата, 50)
388 како што се: Никифор Врениј, Ана Комнена и Јован Зонара (Зајковски Д., Христијанската црква, 220)
389 Зајковски Д., Христијанската црква, 227 - преместувањето на моштите на Св. Ахил од Лариса во Преспа се случило во 985/6 година
390 Грујиħ Р., Скопска митрополија, 22

избегале во Константинопол бегајќи од комитопулите, се вратил во земјата каде некогаш владеел татко му. Овој политички потег на Самоил имал за цел да го има покрај себе легитимниот наследник на круната на некогашната бугарска држава. Затоа и му дал значајно место во својата политичка хиерархија - да владее со Скопје. Во тоа време Скопје бил значаен кастрон, а потоа прераснал во полис. Бил епископско седиште, кој како енории под своја јуриздикција ги држел: Бинеч (Винетцин-Винци), Луково (Ликован), Преаморон и Принипон[391].

- Во овој период (околу 1000 година) веќе Охрид бил новата престолнина на Самоил. Со политичко - територијалната поделба на Самоиловата владевина, во склоп на Охридската (Преспанската) архиепископија влегувале 23 епархии, меѓу кои и Скопската. Границите на скопскта епархија биле значително големи: на југ се протегала до Велес, на исток до Мородвизска - Брегалничка епархија, на југоисток до Овче Поле, на север до Лесковац и Врање, на северозапад до околината на Призрен, а на запад до Полог. Во склоп на Охридската архиепископија, Скопската епархија била најпространа и најугледна.

- Во склоп на Самоиловата Држава, Скопската Тврдина имала стратешка позиција за да ги држи комуникациите на градовите од југот (Прилеп, Битола, Преспа и Охрид) со јадранските градови на запад, градовите на исток (најмногу со Средец - Софија), како и со градовите на север (најмногу со Белград и Видин).

- За време на Третата војна со Василиј II (999-1003 година), Скопје потпаднал под византиска власт.[392] Имено, со освојувачкиот поход на Василиј II при што освоил повеќе непријателски тврдини, на патот назад кон Цариград, тој непланирано го нападнал логорот на Самоил на реката Вардар кај Скопје[393] (пред Urbem Ccsaricm), кој безгрижно логорувал крај реката во близина на Скопје[394]. Победувајќи го, го освоил и градот[395] односно во 1003 или 1004 година Василиј го победил Самоил, Самоил избегал, а неговиот шатор бил опљачкан. Од една минијатура од Мадридскиот

[391] Грујић Р., Скопска митрополија, 22; Микулчиќ И, Средновековни, 41
[392] Којчиноски К., Македонија, 32
[393] Самоил тогаш се враќал од ограбувачки поход од Одрене, па не очекувал да биде воопшто нападнат, бидејќи реката (Вардар = Аксиос), крај која логорувал била многу надојдена и не било возможно да се премости.
[394] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 141
[395] Византиски извори III, 101; Острогорски Г., Историја на Византија, 294

ракопис на Јован Скилица (на л.186 V)[396], се гледа како Самоил и Гаврило Радомир, изненадени од нападот, на коњи го напуштаат боиштето; во центарот е претставен шаторот на македонската војска (во облик на масивни ѕидови претставувајќи го Скопје), а лево е византиската војска предводена од Василиј II кој јава на бел коњ, како победнички галопира. Веродостојноста на овој податокт за оваа битка е под знак на прашање, бидејќи според сите описи наликува на битката кај Сперхеј во 996 година.[397] После тоа "Скопје му ги отворило вратите"[398] на византискиот император.

- По таквиот исход на неочекуваниот судир меѓу византиската и самоиловата војска во близина на градот, Роман[399], немајќи друга опција му го предал Скопје на Василиј II[400], па поради тоа царот му дозволил да владее со Скопје[401]. Според М. Бошкоски[402], Скопје прво бил на кратко освоен од страна на Византиците во 991 година, кога Самоил успеал да избега, а при тоа Роман бил заробен. Така, во ова второ освојување Роман не одиграл никаква улога, бидејќи тој веќе бил починат (во 997 година) во некоја од цариградските зандани[403]. Некои учени сметаат[404] дека Роман кукавички го препушта Скопје на Василиј II, бегајќи од пресудата на царот. Во секој случај, на градот во 1004 година му се случило второ потпаѓање под византиско владеење. Таа година, византискиот император го користел Скопје како упориште од каде ги организирал и започнувал освојувачките напади на Перник и Сердика, кои не биле со позитивен исход за византијците. Уморен од неуспешните битки, Василиј II се вратил во престолнината, со што повторно ги оставил незаштитено новоосвоените територии, особено Скопје. Самоил, зајакнат од поддршката од унгарскиот крал Стефан I, ги реформира воените сили и повторно организира освојувачки походи.

---

[396] Бошкоски М., Великаните, сл. 14
[397] ibid, 108-109
[398] Острогорски Г., Историја на Византија, 371
[399] зад името на Роман се кријат бројни контраверзии во историските извори што ги пласираат тогашните писци. Имено, сеуште не јасно дали овој лик е истиот со Роман Лакапин, и дали е истиот тој Роман кој ја изгубил битката со Василиј II и бил фатен и заробен од византијците, или е тој Роман кој предавнички го предал Скопје на византиската власт. Роман носел и второ име- Симеон, по неговиот познат дедо , бугарскиот крал (според Јован Скилица, Византиски извори III, 102; Лероа - Молинген А., Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, 69-70)
[400] Дојчиноски К., Македонија,33; Лероа - Молинген А., Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, 69
[401] Византиски извори III, 103
[402] Бошкоски М., Великаните, 73-74
[403] ibid, 73
[404] Лероа - Молинген А., Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, 70; Томоски Т., Македонија, 110

- Самоил набрзо го повратил Скопје под свое владеење[405]. Организирајќи бројни контранапади, тој многу успешно успеал да ги врати нападите на византијците, иако Императорот организирал бројни и многу чести походи на Самоиловата територија. Еден од најмасовните походи забележан во изворите е оној во 1006-1007 година, кога царот одново ги собрал сите сили на Империјата и повторно тргнал против цар Самоил, каде останал долго време и бил зафатен со страшна војна. Географски, сѐуште не може да се каже со сигурност каде се случиле овие страшни војувања, но најверојатно биле во околината на Солун, односно кај Верија. И покрај големите напори и византискиот цар и големите загуби на македонската страна, Самоил останал да му пркоси на веќеразјарениот Василиј II.
- И по смртта на Самоил на 6. октомрви 1014 година, по пресудната битка кај Беласица на 29. јули истата година, Скопје останало надвор од византиски домен сѐ до 1018 година.
- Но, државата на Самоил веќе се распаднала. По неговата смрт во 1014 година, Гаврило Радомир, синот и наследникот на цар Самоил, по неполна година владеење никогаш немал можност да ја поврати државата на татка си. Поради раскинување на бракот со унгарската принцеза Маргарита и нејзиното протерување назад во татковата земја и тоа во блажена состојба, тој ја изгубил поддршката од унгарскиот крал. Од друга страна, разнишаните семејни односи не му пружиле поддршка. Бил убиен во 1015 година од страна на Јован Владислав, синот на чичко му Арон, негов братучед, кому своевремено му го спасил животот. При убиството на својот братучед во еден заеднички лов, каде јавале заедно еден до друг, го ослепел и неговиот син од бракот со ларисичанската Ирина, која исто така била убиена. Јован Владислав, ликвидирајќи ги сите претенденти за престолот, на власт се одржал до 1018 година. Јован Владислав бил подбуцнат од страна на византискиот император Василиј II, кој освен големи богатства и мирни односи со византијците[406], му го ветил владеењето со градот Драч. Разните лажни ветувања од страна на Византија довеле до силно ослабнување на државата, со што се внело дезоириентација на македонското благородништво. Со тоа, официјално започнал крајот на Самоиловата Држава. Со

[405] Бошкоски М., Великаните, 110 и 112
[406] Лапе Љ., Историја, 63

последната офанзива на Јован Владислав на Драч во пролетта во 1018 година, тој бил ранет во битката во која тој лично учествувал борејќи се на коњ против византиските војски. Уништувајќи ја Самоиловата држава, Василиј II станал апсолутен господар на Балканскиот Полуостров. По сите овие бурни збиднувања, повторно се случиле драматични промени во општествениот и јавниот живот на Скопје.

- После смртта на последниот владетел на Самоиловата држава - Јован Владислав, Василиј II се упатил кон Скопје, каде бил пресретнат од младиот Николица. Тој го предводел воено најспособниот одред во Самоиловата војска. И наместо битка, во Скопје се одиграло честење со ново звање: протоспатариј и стратег[407], кое византискиот император му го доделил на Николица, веднаш при пристигнувањето во Скопје.

- Бившите територии на Самоиловата држава и нејзиното целосно пропаѓање и потпаѓање под византиска власт во 1018 година, биле под управна власт на Бугарската тема, со седиште во Скопје[408], односно воено-административна единица наречена Бугарија[409]. Така, Скопје станало центар на Средниот Балкан. Во XI-XII век имал висок ранг - катепанат (κατεπάνω Βουλγαρίας[410]), а подоцна и дукат.[411] Имено, со воспоставување на византиската власт, самоиловата територија е поделена на две големи теми: Бугарска и Паристионска[412]. Оваа првата имала седиште во Скопје и од таму делувале и во другите места, како што се Охрид, Ниш, Сердика, Воден итн. За катепан на градот е поставен Давид Аријант (Арсенијат или Аринијат), кој во Скопје исто така е именуван за стратег - автократор[413], со потекло од патрициско семејство[414]. Така, Скопје станал многу значаен воен и стопански центар во овој дел на Византија.

- Од 1004 година па се́ до крајот на XII век градот бил административен и црковен центар, како и седиште на Скопската епархија[415], која според класификацијата на

[407] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 141-142
[408] Острогорски Г., Историја на Византија, 374
[409] Бошкоски М., Имињата, 105
[410] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 142
[411] Византиски извори III, 127; Лапе Љ., Историја, 65
[412] седиштето било во Сирмиум (Острогорски Г., Историја на Византија, 375)
[413] Византиски извори III, 127
[414] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 142
[415] Томоски Т., Скопје, 57

епархиите била првостепена. Во тоа време Охридската Архиепископија имала независност од Цариградската патријаршија. Но, независноста од Цариградската патријаршија резултирала со правото за поставување на епископи.[416] Со ваков потег, Василиј сметал дека го држи во раце и контролира црковниот живот на Јужните Словени.

- Со повелбата од 1018 година, Скопската епархија опфаќала област која покрај главниот град Скопје (civitas), имала и четири помали градови (castras): Венетцин (Винци), Пеаморон (Примор), Ликован (Луково) и Принипон (Принип)[417] (сеуште непознати и нелоцирани). Така, црковната територија се поклопува со воено - цивилната територија на Скопје. И според грамотата на Василиј II што ја издал за на Охридската архиепископија во 1019 година, во Скопје се наоѓа седиштето на епископ[418], кој владеел со поширокатa околина.

- По освојување на Скопје, Василиј II не вовел византиски систем на плаќање на данок, туку бил задржан стариот што важел уште во време на Самоил. Имено, наместо пари како што земал од цела територија на Византија, во Македонија и во Скопје данокот се земал во натура. Единствена разлика била воведување на каноникот да му се дава данокот на епископот[419].

- Првиот запис на градот со кирилско писмо се сретнува во стар документ од 1025 година, каде е запишан како Скопїє[420]

- Иако градот бил во политички процут, агонијата на локалното население продолжило под финансиска и духовна власт на Византија. Ромеите се повеќе го затегнувале своето владеење со наметнување на повеќе даноци и неправдини. Иако данокот кој го плаќале на Византија била во натура, сепак им било многу тешко во финансиски поглед. Тоа биле години на неплодност на земјата, суши, епидемии, пенетрации на номадски племиња. Така, во 1035 година, Скопје е за кратко заземено од Печенезите, кои по долината на реката Вардар се спуштаат сé до Солун. [421]

---

[416] Острогорски Г., Историја на Византија, 373
[417] Грујиќ Р., Скопска митрополија, 22
[418] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 141
[419] Ташковски Д., Самоиловото Царство, 227
[420] Антољак С., Скопје, 76
[421] Дојчиноски К., Македонија, 33

- Во 1040 година народот[422] се кренал востание против византиската власт поради тешкиот живот под ропство[423], под водство на Петар Делјан[424]. Имено, Петар Дељан - Долијан - (Petar Odelian)[425] бил цариградски роб, кој избегал од „Византион"[426] и наоѓајќи се себе во Скопје[427], го организирал востанието против властодршците[428]. Тој разгласил дека е син на Гаврило Радомир, внук на Самоил, од краткотрајниот политички брак со унгарската принцеза[429] која била протерана во блажена состојба. Се става под знак прашање неговото потекло и неговата кралска/благородничка крв, но неоспорно е неговото словенско потекло. Некои сметаат дека тој не учествувал во организирањето на востанието во Скопје, туку само наишол на подготвена ситуација и само ја преземал водечката улога[430]. При доаѓањето на Петар Делјан во Скопје му бил приреден свечен дочек[431]. Во описот на востанието, Јован Скилица неколку пати го споменува Скопје како метропола Бугарска[432] односно метропола на темата Бугарија[433]. Во 1041 година е задушено востанието од страна на византискиот император Михаил IV, кој го заробил Петар Дељан и го одвел во Цариград, а со тоа голем број Македонци избегале во Сицилија.[434]
- Второ востание против византиската власт било подигнато во 1072 година[435] под водство на егзархот Ѓорѓи Војтех[436], скопскиот дукс и дукљанскиот великодостоинственик Константин Бодин[437], кого востаниците го избрале за свој цар,

---

[422] Дојчиноски К., Македонија, 34
[423] востанието освен ослободувачки карактер имало и антифеудален
[424] Панов Б., Средновековна, 53
[425] за името на водачот на востанието во Скопје во 1040 година врзувани се бројни етимолоки траги, кои упатуваат на различни потекла. Едно од нив е следнава: Дељан- Одељан-Одола- Одолъти-Adalenus=Виктор-Победник
[426] Лапе Љ., Историја, 75
[427] сеуште е непознато како Петар Дељан станал роб
[428] и покрај тоа што Скопје официјално му припаѓало на византиското Царство, сепак управата била сеуште под Бугарската тема
[429] нејзиното родено име не е познато, но се знае дека откако се закалуѓерила во некој унгарски манастир го земала името Маргарита.
[430] Златарски В., История, 50
[431] Византиски извори III, 144; Томоски Т., Скопје, 57
[432] Византиски извори III, 141-144
[433] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 142
[434] Дојчиноски К., Македонија, 34
[435] Византиски извори III, 180
[436] според некои истражувачи Ѓорѓи Војтех е со благородничко потекло од бугарскиот крал Крум (Византиски извори III, 180)
[437] Бодин во Призрен бил прогласен за цар под името Петар (Византиски извори III,180)

поради неговото наводно крвно сродство со кралската лоза на Самоил. Имено, се работи за востание на Македонските Словени, кои не само што биле исплашени од надворешните напади на разни племенски групи, туку внатрешните немири и проблеми го разгорувале народното незадоволство. На незадоволните Македонски Словени, „отфрлајќи го ромејското владеење", им се придружиле и Срби, Хрвати и Бугари[438]. Според Продолжувачот на Скилица, во „Призидијана" биле собрани скопските првенци, предводени од Ѓорѓи Војтех, при што се случило прогласувањето на зетскиот принц Бодин за цар на востаниците[439]. Во ова востание освен Скопје, бил заземен и Ниш[440]. Востанието било угушено од страна на драчкиот дукс Никифор Вренијј[441], познат и како византиски историограф, но и сопруг на Ана Комнина[442], ќерка на византискиот император Алексеј I Комнен (1081-1118). Продолжувачот на Скилица вели дека дознавајќи за подигнатото востание во Скопје, тој поитал кон градот, го угушил востанието и воспоставил нов статус на градот[443]. Така, Скопје станало седиште на дукс, на чело со Никифор Карантин, кој подоцна станал жупан на Скопската Жупанија[444]. Неуспехот на ова востание се должи на провизантиското наклонување на голем дел од локалната аристократија. Тоа покажува дека Византија имала огромно влијание (економско, политичко, па и духовно) на скопското граѓанство, и покрај тоа што незадоволството од неа било силно меѓу народот. Тука, најголема улога одиграл Војтех и неговата дволична улога. Така, византиската војска немала голем проблем да го задуши востанието. Бодин и Војтех биле заробени и испратени во Цариград. После тоа, градот бил скоро целосно урнат[445].

- Во 1079/80 година за скопски дукс на темата Бугарска бил поставен Александар Кавасила.[446] Во тоа време градот бил користен како воено упориште на Византија против соседна Рашка. Во засилените војувања меѓу овие страни, забележан е

[438] Византиски извори III, 238
[439] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 142
[440] Бошкоски М., Имињата, 124; Бошкоски М., Скупи - Скопје, 142
[441] Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 39
[442] родена е на крајот на 1083 година. Мајка и е Ирина Дука. Била мажена за Никифор Вријениј. Ги има напишано познатите "Алексијади", посветени на нејзиниот татко Алексеј I Комнен (Византиски извори III, 367-369)
[443] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 142
[444] Византиски извори III, 180
[445] Златарски В., История, 145
[446] Византиски извори III, 187

престојот на Алексеј I Комнен во Скопје.[447] Ана Комнена во Алексијадите го опишува неговото присуство во градот крај реката Вардар.[448]

- Според Никифор Врениј, во исто време се случува краток напад во Скопје на Печенгите (Печенезите- Скитите), го опустошиле градот, но и веднаш го напуштиле[449].

- Од 1081/2 до 1088 година[450] (според Ана Комнена од ноември 1082 до април 1083 година[451]) Норманите, без отпор од локалното население, го прегазуваат градот на чело со нивниот војвода Пунтесиј[452] , (Боемунд според Винчиќ[453], а според Грујиќ ги водел Робер Гвискар[454]). Алексеј I Комнен дознаавајќи за нападот врз Скопје, веднаш заминал во градот. Иако кратко се задржале во околината, Норманите оставиле материјални докази за нивната посета на градот, со акцент на нивното квалитетно производено оружје.[455]

- Дознавајќи за посетата на византискиот император на градот Скопје, српскиот жупан Вукан му понудил мир на Алексеј I Комнен. Но, набрзо го раскинал договорениот мир и започнал разорнувачки походи и напади.

- Така, во 1093[456] - 94[457] година се одиграла најкатастрофалната битка за градот меѓу рашката војска на кнезот Вукан и византиските сили на Алексеј I Комнен[458]. Според Ана Комнена,[459] Вукановата рашка војска осмелена од успесите против Јован, синот на севастократорот Исак Комнен, навлегла во скопската област, потполно ја опустошила и делумно запалила. Превирањата завршиле со мирна спогодба. Имено,

[447] Томоски Т., Македонија, 111
[448] Византиски извори III, 369
[449] Византиски извори III, 243-244
[450] Дојчиновски К., Македонија, 34; Микулчиќ И, Средновековни, 49
[451] Ана Комнена дава детален опис на Норманите во Македонија (Византиски извори III, 380-381)
[452] Бошкоски М., Скопје и скопска област, 145
[453] Винчиќ Ж., Скопската Тврдина “Кале”, 39
[454] Грујић Р., Скопска митрополија, 28
[455] Норманите произведувале многу квалитетно оружје од добар челик (Митревски Д., Скопска Тврдина, 22)
[456] Дојчиноски К., Македонија, 34
[457] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 143
[458] Византиски извори III, 186-187
[459] ibid, 388

придружуван со неколку високодостоинственици склопил мир и дал неколку заложници, со што се било средено и смирено.[460]

- Според некои учени, во 1097 година Крстоносците од Првата крстоносна војна минуваат низ Скопје[461], па градот е освоен од војската на херцогот Боемунд Таренски[462]. Според Бошкоски, тоа не се случило, бидејќи Боемунд одел по Виа Егнатија, што значи дека не ни поминал покрај Скопје, а камоли да го освои.

- Истата година повторно се враќаат Норманите, но остануваат сосема малку и веднаш заминувааат засекогаш.

- Околу 1105 година, висок воен заповедник односно дукс на Скопје бил Јован Таронит[463], внук на Алексеј I Комнен.

- Во XII век е поставена стабилност на овие простори под власт на Византија, проследена со економски, културен и духовен просперитет. Тогаш Скопје го доживува своето „златно доба" во средниот век. Иако е тема под византиска власт, градот станал голем центар за производство и трговија со бројни странски места. Според арапскиот географ Идриси во 1153 година[464], во градот и неговата околина било развиено земјоделство, сточарство, лозарство и трговија. При тоа, Идриси дава опис на важна комуникација која почнувала од Драч, преку Охрид, поминувала низ Скопје, продолжувала кон Коринтос, Срумица, Сер и Хрисопол. Тој вели: „Скопје е голем град, со непрегледни обработени полиња, со изобилство на лозја и зрнести култури. Од него до градот Коритус на североисток има еден ден. Меѓу нив тече реката Фардариј"[465].

- Од првата половина на XII век е познат загоранинот Прибо(н), кој бил висока административна личност и крупен земјовладелец од Скопје[466]. Негова задужбина е ќелијата Св. Петка во Тморане. Во 1164 година византискиот принц Алексеј Ангел ја подигнал манастирската црква посветена на Св. Пантелејмон во Нерези, ремек дело на византиската уметност која се препишува на владеењето на семејството на

[460] Јиричек К., Историја, 138
[461] Којчиновски К., Македонија, 34
[462] Лакалиска С., Христијанските споменици, 28
[463] Византиски извори III, 352
[464] Томоски Т., Македонија, 111 ; Томоски Т., Скопје, 58
[465] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 143-144
[466] Томоски Т., Скопје, 69

Комнените. Во исто време биле изградени и манастирите Богородица Троерачица и Св. Архистратиг Михаил, а бил обновен и манастирот Св. Ѓорѓи - Горг[467].

- Кон крајот на XII век се разнишала стабилноста на византиската власт на овие простори. Се јавиле социјални, економски и политички превирања, кои Византија не можела лесно да ги реши. Во тоа време зајакнала Српската држава на Немањиќите, а во 1185 година се зајакнало Второто бугарско царство. Така, Византија полека ја губела власта на овие простори. Поради тоа, во ограбувачки поход на српскиот жупан, најверојатно Немања, во 1190 (или 1191) година, меѓу другите градови во околината (Перник, Землн, Велбужд, Струма, Призрен, Ниш)[468], го заземал[469] и до темел го разорил Скопје[470].

- Во 1193 година византискиот император Алексеј III, со посебна грамота им дал повластици на венецијанските трговци да тргуваат на византиска територија, особено во Скопската тема.[471] На сметка на тоа, во Скопје и цела Македонија се откриваат бројни монети од венецијански владетели. Во истата грамота даден детален опис за големината на Скопската тема.[472] Тоа е времето кога Скопје веќе било познато и големо трговско место.

- Со воспоставувањето на латинската власт во Цариград и неговиот пад во 1204 година, Скопје потпаѓа под власта на бугаринот Калојан (1197-1207)[473], како и некои други блиски градови, вклучувајќи го и Охрид.[474] Имено, Калојан ја искористил латинската власт во Цариград и користејќи ја нивната збунетост, го запоседнал византискиот запад од Софија до Тесалија, вклучувајќи ги градовите Скопје[475], Призрен, Охрид и Бер.[476]

---

[467] Лакалиска С., Христијанските споменици, 31
[468] Византиски извори IV, 155
[469] Јиричек К., Историја, 157 ; Острогорски Г., Историја на Византија, 490
[470] Византиски извори IV, 156; Томоски Т., Скопје, 59
[471] Дојчиноски К., Македонија, 35
[472] Томоски Т., Скопје, 58-59
[473] Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 39; Микулчиќ И., Средновековни, 308
[474] Калојан во Охрид владеел само една година, а при опсада на Солун бил убиен (Дојчиноски К., Македонија, 35)
[475] Византиски извори IV, 171
[476] Јиричек К., Историја, 164

- Добромир Хрс кон крајот на XII век, отцепувајќи се од Бугарија, го осамостоил своето кнежевство со седиште во Просек[477], кое историските (византиските) извори го наведуваат како “власта на Драговитите”[478]. Територијата на која владеел се протегала од Скопје и Полог на север до градот Бер на југ[479].
- Во 1207 година Скопје потпаѓа под владеењето на севастократорот Стрез[480], кој со него владее сè до својата смрт во 1215[481] година. Тогаш градот потпаднал под епирска власт (во состав на епирската деспотија), на чело со деспотот Теодор Ангел, кој го освоил цело Повардарје до Скопје на север.[482] Во овие немирни години меѓу оние кои и правеле нереди на Византија во Скопје се спомнува името на еден скопски големец Јован Тихомир.[483]
- Во 1230 година по битката кај Клокотница, Бугарите на чело со Иван Асен II воспоставиле своја власт[484] во повеќе градови, меѓу кои е и Скопје. Епирските првенци на Теодор Ангел биле принудени да станат бугарски вазали[485]. Така, Асен сам себе се прогласил за цар на Бугарита и Грците[486]. Тогаш дубровничките трговци со грамотата на Иван Асен добиле слобода да продаваат и купуваат стока во сите краишта на бугарската држава, вклучувајќи ја и ”скопската хора”.[487] По смртта на Иван Асен во 1241 година, власта ја превземал Калиман I[488]. Во 1246 година се зацврстила администрацијата на Никејското царство[489] на чело со Јован III Ватиц[490], кој во воената акција против Бугарите за кратко го завладеал и Скопје, сè до 1254 година.[491]

---

[477] Манева Е., Накит 13
[478] Бошкоски М., Имињата, 148 и 149
[479] Бошкоски М., Имињата, 207
[480] Микулчиќ И., Средновековни, 308/309
[481] Дероко А., Средновековни, 6
[482] ibid, 309
[483] Томоски Т., Скопје, 59
[484] Томовски Т., Македонија, 113
[485] Славева Л., Грамота, 253
[486] Лапе Љ., Историја, 103
[487] Томоски Т., Скопје, 60; Бошкоски М., Скупи - Скопје, 146
[488] Дојчиноски К., Македонија, 36
[489] Томовски Т., Македонија, 113
[490] Бошкоски М., Имињата , 151; Дојчиноски К., Македонија, 36
[491] Дероко А., Средњовековни, 6

- По смртта на Ватац, бугарскиот цар Михаил Асен успеал само за кратко да го поврати целото Повардарје, вклучувајќи го и Скопје под своја власт[492].

- Во истата 1254 година власта ја преземал никејскиот цар Теодор II, кој владеел само до 1255[493] односно 1256[494] година. Никејците ја покориле цела територија сѐ до Шар Планина вклучувајќи го и Скопје. Во градот ги укинале сите црковни даровници на српскиот крал.[495]

- Во 1258/1259 година Србите со Урош I го завземале Скопје[496], вклучувајќи и Прилеп и Кичево, што траело многу кратко. Деспотовите трупи без голема мака ги завземале овие простори, а српската властела веднаш го запоседнала градот.[497] Во истата година издадена е грамота на скопскиот манастир Св. Ѓорѓи Горг.[498]

- Во 1265 година повторно Бугарите го покоруваат Скопје на чело со Константин Тих[499], но го враќаат на обновената Византија веќе во 1270 година[500].

- Во 1282 година повторно српската војска го освоила Скопје, овој пат на чело со Милутин[501] (нарекуван „владетелот на Трибалите"[502]). Тие, во три наврати,[503] освоиле повеќе градови во Северна Македонија во кои се вбројувало и Скопје[504] - „И градь славьNыИ Скопию"[505] каде Милутин ја пренел својата политичка и управна резиденција[506]. Тој во Скопје изградил свои дворови, палати, болници, цркви и манастири[507]. Експанзијата на Милутин и неговата власт не се однесувала само на освојување на византиски територии, туку и насилничи и ограбувачки напади во сите

[492] Грујиħ Р., Скопска митрополија, 28
[493] Дероко А., Средњовековни, 6
[494] Грујиħ Р., Скопска митрополија, 30
[495] Јиричек К., Историја, 138
[496] Дероко А., Средњовековни, 6 ; Острогорски Г., Историја на Византија, 541
[497] Јиричек К., Историја, 181
[498] Дојчиноски К., Македонија, 36
[499] Дероко А., Средњовековни, 6
[500] Грујиħ Р., Скопска митрополија, 30
[501] Јиричек К., Историја, 191; Животи краљева и епископа, 138; Томоски Т., Скопје, 60; Острогорски Г., Историја на Византија, 591
[502] Бошкоски М., Имињата, 170
[503] Николовска С., Манастири, 509
[504] во таа наезда, освен Скопје, биле освоени бројни градови: Кожле, Велес, Просек, Дебар, Кичево, Охрид, Воден, Прилеп, Струмица, Штип.
[505] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 145
[506] Дојчиноски К., Македонија, 36
[507] Николовска С., Манастири, 509

соседни области. Кога Србите ја воспоставиле својата власт, дел од локалното население во Скопје ги признало и се вклопило меѓу донесената српска властела, додека останатите правејќи нереди, биле принудени да бегаат на византиска територија. Во оваа консталација, Византија на чело со Андроник II (1282-1328) веќе била немоќна да си ги поврати изгубените територии, иако се обидувала да организира неколку напади[508]. Така, во една дипломатска мисија го испратила Теодор Метохит во Скопје (тогашна српска престолнина), надевајќи се дека со преговорите ќе успее да ја прекрои границата во своја корист. Преговорите започнале во 1298 година[509], а завршиле со склучување на брак меѓу српскиот владетел Милутин и византиската принцеза Симонида[510], ќерка на Андроник II, која во тој момент имала само пет годнини. Во описите на Теодор Метохит се споменува дека "Симонида била преземена на вардарскиот мост"[511] при свадбената церемонија во пролетта 1299 година[512]. Во текот на преговорите се решавале пограничните прашања. Оттогаш Скопје засекогаш се ослободило до византиска власт, но станало омилено место на српската властела и центар на збиднувањата на српската држава. Кога Немањиќите дошле до овие територии, тие наишле на веќе развиено културно живеење и уметност, погодно за убав живот во раскошни рамки. И со мирот со Византија, се случила т.н. византизација на општестевениот, културниот и уметничкиот живот во српската држава.

- Со доаѓањето на Србите во Скопје, Охридската Архиепископија загубила цели четири епархии, меѓу кои била и Скопската[513]. Таа била приклучена на српската архиепископија. Но, на сметка на освојувањата на оваа област, градот доживеал целосна обнова. Биле подигнати бројни градби како што се палати, дворци и цркви, обновени старите одбрамбени ѕидови, подигнати нови кули. Градот веќе станал престолнина на српските владетели.

---

[508] им ги испратил грчките и татарските војски, но безуспешно (Јиричек К., Историја, 191)
[509] првично на Милутин му била понудена Евдокија, сестрата на Андроник, но таа одбила да се омажи за него (Острогорски Г., Историја на Византија, 592)
[510] Томовски Т., Македонија, 113
[511] Мошин В., Манастирот Св. Никита, 266
[512] Острогорски Г., Историја на Византија, 592
[513] Лакалиска С., Христијански споменици, 40

- Во времето на Милутин бројни запустени цркви и манастири се обновиле и заживеале, а голем дел од нив прераснале во заскошни зданија, како што се црквите Богородица Троеручица, Св. Константин и Елена, Св. Ѓорѓи Горг, Св. Никита во Бањани, Св. Никола во Кожле итн. Во пишаните документи се вели дека крал Милутин изградил 40 манастири[514], што најверојатно ги вбројува и оние кои ги обновил.
- Во Скопје се случила средбата на Милутин и Данило, кој бил на специјална мисија кај Стефан Драгутин во Дебрец. [515] Имено, "во место на река под градот славно Скопје, на река која се вика Велика[516]", сретнувајќи се со Милутин, српскиот архиепископ Данило во 1310 година од кралот барал воена помош против Каталонците, од кои на Хиландар претела силна опасност[517]. Подоцна, поради каталанската наезда (1305-1311 година), кога биле изгорени повеќе манастири на Света Гора, архиепископот Данило пренел огромна количина на злато, црковен инвентар и добиток во Скопје.[518]
- Уште во првите години на XIV век српската власт успеала скоро целосно да го поттисне грчкото влијание во скопската епархија. Од Милутиново време, па сé до падот под Турците, Скопје било најјужна српска епископија.
- Тука, во Скопје, бил спроведен Стефан Дечански во железни окови, а подоцна и ослепен, поради бунтот што го кренал во Зета против татко му Милутин.[519] Имено, во 1314 година синот на Милутин, Стефан Урош Дечански, се побунил против владеењето на својот татко, па дигнал бунт на кој му се приклучил значителен број привrзаници. Милутин со измама успеал да го привлече и зароби, па како пример за сите непослушни на неговото владеење, го оковал, го довел во Скопје и јавно го ослепел.
- Во Скопје на краток временски период престојувал и висок византиски достоинственик и деспот на Солун, Јован Палеолог. Тој во сојуз со српскиот владетел ја напаѓал византиската територија сé до Сер. За да ги смири, византискиот цар им

[514] Николовска С., Манастири, 509
[515] Животи краљева и епископа, 36; Томоски Т., Скопје, 61
[516] Треска
[517] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 145
[518] Томоски Т., Скопје, 61
[519] Томоски Т., Скопје, 61

пратил мисионери за да склучат спогодба, што не се случило поради смртта на Јован Палеолог во 1327 година.[520]

- Во 1330 година на 28. јули кај Велбужд одиграна е една од најзначајните битки за Македонија, меѓу војските на Србите против здружените сили на Византија и Бугарија. Победничките сили на Србија после тоа толку силно се зајакнале на овие позиции, што нивната хегемонија била недопирлива. Така, на веќеотуѓената скопска епархија и се придодале новоосвоени од Штип, Просек и Велес[521]. Во 1331 година Скопската епархија повторно била прегрупирана.

- На 26. август 1334 година бил склучен нов мировен договор меѓу Србија и Византија[522]. Така, Србите имале можност да се прегруираат во политичко-економска, црковна и културна смисла. Престолнината на Српското Кралство веќе била во Скопје.

- Скопје било посетено од каталонскиот морнар Ангелико Дулцерт. На неговиот портолан, што датира од 1339 година, нацртана е тврдина со кули и знаме, на која стоел натпис (со црвени латинични букви) Scopis.[523] Тука бил претставен амблем, типичен за повеќе средновековни тврдини - градови, со Душанов бајрак[524]. Значи, над натписот е претставена вињета на тврдината на градот со четири кули, на една од нив на копје се вее бело знаме. На знамето е претставен двоглав орел со раширени крилја. На врвот на копјето во круг е впишан крст.

- Во 1341 година, српскиот крал Стефан Душан навлегол во останатиот дел на Македонија, околу Солун и приморјето, што до тогаш не го имал освоено. Така, комплетно ја заземал Македонија, земајќи и ја териотријата од власта на Византија. Тогаш Скопје бил најсеверниот град од македонската територија која Србите ја држеле[525]. Обидите на Византија да си ги повратат изгубените територии во областа Македонија, па и Скопје, останале залудни.

- Во 1342 година, месец јули, писател и иден византискиот цар Јован VI Кантакузин (1347-1354), отишол во Скопје, престолнината на Србите, за да преговара

---

[520] Јиричек К., Историја, 205
[521] Острогорски Г., Историја на Византија, 470-472
[522] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 149
[523] Томоски Т., Скопје, 62; Антољак С., Скопје, 77 ; Бошкоски М., Скупи - Скопје, 149
[524] Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 40
[525] Бошкоски М., Имињата, 177

со српскиот крал Душан за негова помош и сојузништво против цариградската влада на царицата Ана Савојска[526]. Во своите записи, Јован Кантакузин го опишува Скопје како ромејски град, кој пред многу години го држеле Трибалите.[527]

- На 16. април 1346 година, на ден Велигден[528], на државниот собор во Скопје, српскиот патријарх Јоаникие и бугарскиот трновски патријарх Симеон[529], во присуство на српската властела, црковниот клир и светогорски калуѓери, Душан е крунисан за цар[530]. При тоа жена му Јелена е крунисана за царица, а син му Урош за крал. Свечениот чин се одржал во катедралната црква Богородица Троеручица[531]. Истата година (некој месец порано - пред крунисувањето) српската архиепископија била подигната на степен на патријаршија[532]. Следната година се одржал државен собир во Скопје. Тогаш, со царска повелба српската црква била возвишена во патријаршија, со што Скопската епархија станала Првопрестолна митрополија, а скопскиот епископ (Јован) бил унапреден во архиепископ, со ранг веднаш зад пеќкиот патријарх и охридскиот архиепископ[533]. Па и имал проширена јуриздикција врз новоформираната Лесновска односно Злетовска епископија.[534] Меѓу другото, во повелбата се вели: „...чеснаго и славнаго Скопија Тројеручици.....подложити в области митрополије Светије Троејеручице Скопскије..."[535] односно цар Душан ја установил првопрестолната митрополија на Света Троерачица на чесниот и славниот град Скопје[536].

- Во Скопје биле донесени неколку важни законски споменици и биле одржани неколку државни собори. Така, во 1345 година "у славном граду у Скопи" била напишана грамотата на хиландарскиот пирг во Хрусија.[537] Од 1348 година во

---

[526] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 152-153
[527] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 153
[528] Острогорски Г., Историја на Византија, 632
[529] Ракова С., Панова Р., Съборите, 256
[530] Радојчић С., Старине, 16; Јиричек К., Историја, 222
[531] Грујић Р., Скопска митрополија, 98
[532] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 468
[533] Грујић Р., Скопска митрополија, 98
[534] Томовски Т., Македонија, 115
[535] Грујић Р., Скопска митрополија, 100
[536] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 468
[537] Томоски Т., Скопје, 62

околината на Скопје датира грамотата за ќелијата на Св. Сава во Кареја[538]. "Главниот град Скопија" е споменат и во грамотата за манастирот во Лесново.[539]

- На 21.05.1349 година, на ден Спасовден, во Скопје бил одржан собор на кој присуствувале: патријархот Јоаникиј, царица Јелена, кралот Урош, црковниот клер и српска и грчка властела[540], како и скопскиот митрополит Јован[541], во присуство на „целаваселена". На овој државен собор донесен е познатиот Душанов Законик[542], а покрај тоа ги озакониле и утврдиле со повелби и хрисовули правата и привилегиите на црквите, манастирите и световните феуалци[543]. Душановиот законик[544] е најголемиот систематизиран правен документ од средновековниот период, во кој се опишани општествено-економските односи во српската држава од душаново време, во чиј склоп се наоѓале Скопје и Македонија. Содржел 201 параграф. Со овој Законик црковните отци биле ослободени од световната власт, односно не и одговарале на неа, но затоа Законикот се однесува на манастирската дисциплина и на црковната организација. Исто така, во него се регулирала класната нееднаквост во кривичната одговорност, се дала наредба за составување на порота (од 24 поротници за голема вина, 12 за помала и шест на мало дело), која би ослободила или осудила. Со Душановиот законик се дава слобода на трговците да ги вршат своите трговии слободно, без да плаќаат дополнително на локалните властодршци.

- До средината на XIV век со Скопје и територијата до Кристопол владеел Душан. Неговиот син и наследник Урош V (1355-1371) управувал со територијата северно и западно од Скопје. По смртта на Душан, Урош[545] само престојувал во Скопје.

---

[538] ibidem
[539] ibidem
[540] Савева Л., Мошин В., Српски грамоти, 140
[541] Грујиħ Р., Скопска митрополија, 102
[542] Хаџи Васиљевиħ Ј., Скопље, 468; Бошкоски М., Имињата, 186
[543] Савева Л., Мошин В., Српски грамоти, 215
[544] Лапе Љ., Историја, 126-128
[545] за Урош дознаваме дека бил „красен по изглед", но „млад во умот", што поради неговото неискуство советите на постарите ги отфрлал

- По окупацијата на Воден во 1350-51 година, царот Душан во Скопје врзан го довел водачот на бранителите на освоениот град Лизик, па „во Скопје го казнил за дрското однесување".[546]

- Во 1357 година Урош V го разделил скопскиот имот на повеќе властелини[547], со цел полесно спротивставување на непријателите што го вребале од сите страни. Во тоа време веќе голема опасност претела од Турците, кои немало доволно голема сила за да ги спречат во нивните освојувачки походи на Балканот.

- Во годините на распадот на државата на Немањиќите, поради немоќта на Урош да ја сочува државата во единствени граници, од 1366 година владеењето со Скопје и околината го превземале браќата Мрњавчевиќи, кралот Волкашин и деспотот Јован Углеша[548]. Кралот Волкашин во 1368 година одново ја повратил Скопската епархија под Охридската архиепископија.[549] Владеењето на Волкашин било признаено во цела Македонија.[550] Но, неговото седиште не било во Скопје, туку во Прилеп.

- И покрај силните освојувања на турските војски, сепак српската и византиската држава не можеле да се сплотат во сојуз и да направат напор за одбрана на своите територии. Ослепени од желноста за власт и моќ, тогашните владетели не можеле да престанат со дворските и меѓусебните интриги и да ја видат опасноста која им претела со доаѓањето на Турците Османлии и нивниот систем на владеење. "...жална слика можеше да се види! Земјата остана пуста од сите благодети..."[551]

- По Битката кај Чемрен (Черномен) на реката Марица на 26. септември 1371 година (лето 6879, ден петок[552]) и по смртта на браќата Волкашин и Углеша Мрњавчевиќи (тука и тогаш загинале[553]), со Скопје и областите северно и источно од градот завладеал Вук Бранковиќ[554]. Веќе во времето на неговото владеење, селаните од скопската област страдале од упадите и грабежите на турските освојувачки војски. Турците Османлии уште тогаш запленувале робје од Скопје и скопско и го продавале

---

[546] Бошкоски М., Скупи - Скопје, 154
[547] Томовски Т., Македонија, 115
[548] Аџиевски К., Пелагонија, 240-241; Томоски Т., Скопје, 63
[549] Дојчиноски К., Македонија, 37
[550] Јиричек К., Историја, 248
[551] Лапе Љ., Историја, 139-140
[552] Лапе Љ., Историја, 136
[553] Славева Л., Мошин В., Српски грамоти, 216
[554] Аџиевски К., Пелагонија, 240-241

на пазарите во Крит. Во 1385 година Крале Марко станал турски вазал, односно морал да го признае суверенитетот на турскиот султан, па му плаќале даноци и му пружале воена помош[555]. За возврат, Марко добил самостојност и право да управува со својата држава која била на многу мала територија (меѓу Скопје, Кичево и Прилеп), и за кусо време обезбедил привидна слобода. Крале Марко, кој македонската народна уметност го величи како голем заштитник на народот, загинал на 17. мај 1395 година борејќи како турски вазал во крвавата битка против самодржавниот влашки војвода Јован Мирче[556] кај Ровин(е). Во истата битка загинал и Константин Драгаш, кој исто како Крал Марко, не по своја волја, туку како турски вазал се борел на страната на турската војска[557].

- Веќе во 1391 година турската војска стигнала до ѕидините на Скопје. Бранителите на градот безуспешно се обидувале да ги вратат нападите. Некои сметаат дека Скопје мирно и без борба било предадено на турската војска[558].
- "В'љето 69 сотио (=1392 г.), к'ди Турци пријаше Скопие, мјесеца генвара 6", Скопје е завземено од Турците. Имено, на 06.01.1392 година Вук Бранковиќ им го отстапил Скопје на Турците Османлии кои освојувачки влегле во градот на чело со Јигит бег (познат како Јигит паша Освојувачот на Скопје[559]), и веднаш го запоседнале и населиле[560]. Југит бег (1392-1414[561]) е забележан и како прв турски управник на Скопје.[562] Веднаш после тоа градските ѕидови и кули биле накитени со исламски знамиња.[563] Од тогаш Скопје го носи турското име Ускуб.
- На 15 јуни 1389 година се одиграла познатата Косовска Битка, која е последниот обид за враќање на турските војски. И покрај тоа што на почетокот Србите имале успех, па и успеале да го убијат султанот Мурат, сепак со надмоќната

[555] Острогорски Г., Историја на Византија, 653
[556] Дојчиноски К., Македонија, 39; Острогорски Г., Историја на Византија, 664;
[557] Лапе Љ., Историја, 145
[558] Бошкоски М., Имињата, 191
[559] Петров К., Аквадукт, 22
[560] Јиричек К., Историја, 329
[561] Дојчиноски К., Македонија, 39
[562] Микулчиќ И., Средновековни, 309
[563] Томоски Т., Скопје, 63

турска војска на султанот Бајазит, изгубена е битката, па Србија станала вазална држава на Османлиското царство[564].

- Султанот Бајазит во освоениот град Скопје, склучил мир со „кнезовите на Македонија"[565], односно направил спогодбени договори за вазалство на локалните моќници, а во градот населил бројно турско население.

- Веќе во 1394 година сите дотогашни области на Скопската Митрополија дошле под директна власт на Турците, со исклучок на неколку северни местенца, кои давале отпор уште неколку децении. Така, Скопската Митрополија била прва епархија оттргната од склопот на Пеќката Партијаршија и воведена во состав на Охридската Архиепископија[566]. И покрај сменетата управна власт, Скопската митрополија останала под силни традиции кои ги влечела од минатото, сé до укинувањето на Охридската Архиепископија во 1557 година.

- Подоцна, во 1409-1410 година, Вук Бранковиќ како турски вазал го добил во управа јужниот дел од српската земја[567], во кој било вклучено и Скопје.

- Со доаѓањето на Турците во Скопје, Скопското Кале добило нов карактер и служело како воена касарна[568]. Градот веќе станал главна потпора за османлиското напредување кон Север. Но, на сметка на тоа, живеењето и границите на градот се шират се повеќе, и тоа без утврдување, на двете страни на реката Серава. Во Скопје се до падот на Византија (1453 година) често престојувале турските султани, па од тука управувале со освојувањето на Западен Балкан. Така, според Евлија Челебија, Султанот Бајазит го засакал Скопје поради неговата клима, па дел од својата престолнина ја држел во Скопје[569]. Со турските освојувања на Балканот, на овие територии се населувале турски колонисти, пред сé турски великодостојници и војсководци, на кои им се доделувани богати земјишни поседи[570]. Скопје било веќе приклучено кон Паша-санџак со седиште во Софија.

---

[564] Острогорски Г., Историја на Византија, 658-659
[565] Бошкоски М., Имињата, 188
[566] Грујић Р., Скопска митрополија, 190
[567] Јиричек К., Историја, 341
[568] Митревски Д., Скопска тврдина, 30
[569] Хаџи Васиљевић  Ј., Скопље, 469
[570] Острогорски Г., Историја на Византија, 648

• Во наредните 500 години Скопје било под турско владеење и управа. Така, во 1437 година, според записите на турскиот хроничар Ашик Паша Заде, кој на два пати доаѓал при скопскиот војнички заповедник Исак Бег, забележано е продавање на робови во Скопје[571]. Имено, турските војници прво ги колеле сите оние што давале отпор ("...Такво колење настана што коњите од мртвите тела не можеле да чекорат..."[572]), па оние што преживеале ги врзувале и во Скопје ги продавале како робови. Потоа војската целосно го опљачкала Скопје ("...такво пљачкање беше во Скопје, да и дете од четири години се продаваше за 20 аспри..")[573]. Во 1438 година султанот Мурат го запалил Скопје до темел.[574]

• На крајот на XIV и првата половина на XV век Византија била сведена на многу мали територии. Немаштијата достигнала врв, моралот целосно опаднат, а политичката позиција дури и срамотна. Колку и да се молела за помош, најмногу од моќната Русија, сепак пропаста на Византија во овој степен била неизбежна. Имало и неколку мали блесоци на надеж, со неколку примирја со турските султани или мали востанија против Турците[575].

• Најстара од познатите вакаф-нама (задужбина на турските феудалци) е онаа на Алаџа Џамија во Скопје, на Иса Бег, потекнува од 1445 година[576].

• На почетокот на април 1453 година султанот Мехмед II пред ѕидините на Цариград собрал огромна војска, која била околу 20 пати поголема од бранителите[577]. На 7. април започнала опсадата, а завршил на 29. мај со генералниот напад на Мехмед. Со паѓањето на Цариград, се губи секоја надеж за повторно завладување на Византија.

• Уште со воспоставувањето на турска власт во Цариград во 1453 година, се случило формирањето на Православниот милет или Румелија, во чиј склоп спипаѓа и Скопје со својата околина.

---

571 Дојчиноски К., Македонија, 40
572 Лапе Љ., Историја, 148
573 Лапе Љ., Историја, 147
574 Радојчић С., Старине, 15; Дојчиноски К., Македонија, 40
575 Едно од најпознато е востанието против надмоќните турски војски било тоа на чело со Скедер-бег, капетан на Албанија (1443-1468), кое во христијанскиот свет предизвикал воодушевување (Острогорски Г., Историја на Византија, 681)
576 Лапе Љ., Историја, 149155
577 Острогорски Г., Историја на Византија, 686

- Во 1455 година султанот Мехмед II Освојувачот , 15 скопски семејства преселил во Коњух во Албанија[578].
- Во 1483 година во Скопје престојувал султанот Бајазит II, кој ја надгледувал изградбата и обновата на тврдините по реката Морава.[579]
- Во 1550 година бил формиран посебен Скопски санџак, со седиште во Скопје , кој веќе му припаѓал Румелискиот вилает[580]. Тогаш во Скопје било седиштето на бегот на санџакот, управител со петстотната (резервна) војска.
- Од еден кус ракопис од манастирот Пантелејмон, с Нерези, дознаваме за турските уништувања на христијанските сакрални објекти, кој вели: „В лѣто ЗИРМТ (7043 = 1535) расипаше цркве оу Скопие"[581]. Во овој период најверојатно нестанала и прочуената Богородица Троеручица, катедралната црква и заштитничка на градот. Но, и покрај уништувањето на градбите од христијански карактер, Скопската митрополија уживала значителен углед кај турските власти.[582]
- Уште еден катастрофален земјотрес, тој во 1555 година, го загрозил градот, па неговото повторно раѓање за многу кратко време, како и летот на фениксот, се случило со излетување од прашината кон небото.

[578] Грујић Р., Скопска митрополија, 198
[579] Дојчиноски К., Македонија, 41
[580] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 470; Радојчић С., Старине, 17
[581] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 405
[582] Грујић Р., Скопска митрополија, 1

# III. Преглед на археолошките локалитети во скопската област

Во ова подглавје следи преглед на археолошките локалитети во скопската област со материјални докази кои хронолошки припаѓаат во средновековниот период. Редоследот е направен според фокус на интерес на овој труд, започнувајќи од петте најголеми, после кои следи список на локалитети нареден по азбучен ред на населените места во чиј атар припаѓаат.

Во овој преглед се вбројани и неколку профани објекти кои немаат типично христијанско обележје, но се неодделив дел од средновековно, па и подоцнежно Скопје.




*Сл. 2 Петте локалитети во Скопје и скопско*
*Скопско Кале, Скупи, Градиште во Таор, Маркови Кули на Водно и Давина Кула, Чучер*

## 1. Скопско Кале

Скопската Тврдина, Скопското Кале или едноставно Кале, лежи на висока тераса над левиот брег на реката Вардар, во централното градско подрачје на Скопје. Поставено е на висок рид, кој до минатиот век бил познат под името Калиште[583], составен од лапоресті седименти, на надморска височина од околу 260 м. По воздушна линија, се наоѓа на 4 км воздушно или 6 км низводно по Вардар од римскиот и доцноантичкиот град Скупи.

Има форма на неправилен триаголник, поставен со цврсти градски ѕидови.




*Сл. 3 Скопско Кале*

[583] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 128

Историјата на локалитетот започнува со најстарата населба од бакарното време - енеолитот или од IV милениум п.н.е[584]. На овој простор се живеело и во бронзеното доба[585], железното време[586], додека, пак, раноантички манифестации се откриваат преку наоди од една ритуална јама, во кои се вбројува и најстарата досега откриена монета на Калето, од времето на Александар III[587].

Следните остатоци припаѓаат на средновековниот град.

И покрај бројните историските факти за страшните уништувачки продори на варварските племиња во VI и VII век, особено во периодот од 596 - 602 година, кога биле разорени бројни градови меѓу кои и Скопје, сепак на Кале не се откриени археолошки остатоци од VI век. И покрај тоа што во литературата и во јавноста се вели дека најстара историска фаза на Тврдината е од периодот на Јустинијан и векот во кој тој живеел, археолошки потврди за тоа не се открија. Ниту, пак, е потврдена словенска колонизација на населението на Тврдината која е запишана во историските извори дека се случила на населението во Скопје и скопско во 658 година[588], кога поради неуспесите за освојување на Солун, словенските племиња почнале да се повлекуваат кон Север.

Веќе во VIII и IX век забележана е материјалната култура преку движниот материјал од мешан карактер, која го потврдува живеењето на градот.

Бурниот развој и живот на Скопското Кале започнува некаде во X век односно во Самоиловото време. Тогаш Скопското Кале било заштитено со убаво ѕидани бедеми, кои целосно го оградуваат Горниот град, формирајќи единствен фортификационен систем, граден по тогаш највисоките критериуми и градежни техники. Од тој период се откриени бројни монети, погребувања веднаш до внатрешната страна на Јужниот бедем, боеви секири, стрели, керамика и друг движен археолошки материјал. Според тоа, Калето во тој период најверојатно

584 Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 35; Митревски Д., Скопска тврдина, 11
585 Митревски Д., Скопска тврдина, 14
586 ibid, 16
587 Митревски Д., Скопска тврдина, 16
588 Бошкоски М., Скопје и скопска област, 137

функционирало како воен кастрон[589]. Тоа е логично бидејќи тврдината се наоѓа точно во средината на Самоиловата држава, па така било потребно да се одржува лесен и брз контакт со другите градови од кралството[590].

И во вековите што следат, укрепениот дел на градот служел како акропола односно централна градска населба, која управувала со градот што бил распослан и на пониската тераса и во непосредната околина.

Во XI-XII век во Скопје била сместена воено-управната власт на Византија, па поради тоа градот имал огромна потреба од физичко обезбедување со силни и цврсти утврдувања. Затоа, градот ги обновил и зацврстил бедемските партии баш во тој период.

Историските извори велат дека во XI век градот доживеал уште едно уривање, скоро до темел, како последица од бурните и турбуленти воено - политички односи со надворешни непријатели и нивните освојувачки напади, како што е Норманската инвазија во '80-тите годинина XI век. Со археолошките истражувања се потврдени неколку историски факти кои пишаната историја ги кажува за градот. Така, неколку наоди од југоисточниот дел на локалитетот ја потвдуваат опсадата на Норманите на Скопската тврдина од 1081-1088 година, особено со откривањето на деловите од викиншки самострел[591].

Исто така, лошите и нетрпеливите односи меѓу византиската власт и локалното граѓанство организираните востанија и нивното задушување довеле до скоро целосно уништување на градот. Во тие немири, особено со угушување на востанието во 1072 година од страна на византиската војска и Никифор Врениј, како и силниот удар од најкатастрофалната битка за Скопје меѓу српскиот жупан Вукан и византиската војска на Комнените, најмногу страдале бедемските партии на Скопското Кале. Затоа, следниот век за Скопје и неговата физичка поставеност требало да значи обнова во нови и посилни ѕидови. Од XI век се откри хоризонт на живеење во кој биле

---

[589] Митревски Д., Скопска тврдина, 20

[590] Вдолж Јужниот бедем од периодот на X век, покрај бројниот откриен движен материјал (монети, камени црковни украси и друго), се откри и калдрмисана улица што била користена за комуникација покрај внатрешноста на бедемот - види подолу.

[591] ibid, 24

користени големи складишни простории и објекти за храна и вода, подземно вкопани, кои биле користени во време на опсади и одбрана од напади на градот.

„Златното доба” градот го доживува во XII век, со владеењето на династијата на Комнените. Во тој период на Кале бил подигнат монументалниот т.н. **Киклопски Бедем** (План 2, точка 1), кој се наоѓа во внатрешноста на тврдината, на нејзината источна половина. Сочуван е во должина од 133 м., и во висина од најмногу 9 м. Ѕидан е од камени блокови сложени во преплетен слог - комбинација на opus quadratum и opus pseudoisodomon. Можно е блоковите да биле земани од урнатините на Скупи, која веќе како населба била скоро целосно напуштена. Од внатрешната страна на ѕидот опусот е поинаков односно е opus incertum и на него се гледаат мали неправилности и отстапки. На него се забележуваат бројни поправки правени низ текот на вековите, во кои биле дополнително вградувани материјали хронолошки и уметнички осетливи. На северниот дел од “Киклопскиот Бедем” се наоѓа кружна кула, на неговиот средишен дел има триаголна кула, а на крајниот источен дел правоаголна. Забележано е дека ѕидното платно меѓу



*Сл. 4 т.н. Киклопски Бедем*

кулите е поеднакво и е широко точно 9 римски стопи (266 см)[592]. Според Микулчиќ[593], овој ѕид дефинитивно е граден во времето на Јустинијан I, VI век, како и други бројни градови и обѕидија низ Северна Африка, Сирија, Палестина, Мала Азија, кои се градени на ист начин и ист опус. На тоа се надоврзуваат повеќе учени при што го надоврзуваат и фактот дека во време



*Сл. 5 Киклопски Бедем и Кружна Кула*

[592] Петров К., Скопското Кале, 230
[593] Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 37

користени големи складишни простории и објекти за храна и вода, подземно вкопани, кои биле користени во време на опсади и одбрана од напади на градот.

„Златното доба” градот го доживува во XII век, со владеењето на династијата на Комнените. Во тој период на Кале бил подигнат монументалниот т.н. **Киклопски Бедем** (План 2, точка 1), кој се наоѓа во внатрешноста на тврдината, на нејзината источна половина. Сочуван е во должина од 133 м., и во висина од најмногу 9 м. Ѕидан е од камени блокови сложени во



*Сл. 4 т.н. Киклопски Бедем*

преплетен слог - комбинација на opus quadratum и opus pseudoisodomon. Можно е блоковите да биле земани од урнатините на Скупи, која веќе како населба била скоро целосно напуштена. Од внатрешната страна на ѕидот опусот е поинаков односно е opus incertum и на него се гледаат мали неправилности и отстапки. На него се забележуваат бројни поправки правени низ текот на вековите, во кои биле дополнително вградувани материјали хронолошки и уметнички осетливи. На северниот дел од “Киклопскиот Бедем” се наоѓа кружна кула, на неговиот средишен дел има триаголна кула, а на крајниот источен дел правоаголна. Забележано е дека ѕидното платно меѓу кулите е поеднакво и е широко точно 9 римски стопи (266 см)[592]. Според Микулчиќ[593], овој ѕид дефинитивно е граден во времето на Јустинијан I, VI век, како и други бројни градови и обѕидија низ Северна Африка, Сирија, Палестина, Мала Азија, кои се градени на ист начин и ист опус. На тоа се надоврзуваат повеќе учени при што го надоврзуваат и фактот дека во време



*Сл. 5 Киклопски Бедем и Кружна Кула*

[592] Петров К., Скопското Кале, 230
[593] Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 37

на Јустинијан I и под негово покровителство биле изградени 370 (460) утврдувања, а само во неговото родно место обновил 61 утврдување, а осум од ново изградил[594]. Овие укрепени места ги градел со цел да направи одбрамбен систем од нападите на варварските племиња кои тогаш харале низ неговото царство[595]. Сепак, со истражувањата во 2007 - 2010 година не се утврдија археолошки наоди кои хронолошки одговараат на оваа теза. Т.н. Киклопски бедем е изграден во XII век[596], што се потврдува со неговиот најдолен дел на камења врзани со хидростатен малтер од црвеникава глина, истата глина крај бедемот во која се откри хоризонт на живеење датиран исклучиво во XII век, со разни движни наоди и потврден со монети. Во истиот период на Киклопскиот Бедем изграден е обход, чии скалила се сочувани во најсеверната парија на ѕидот.

На северниот крај на киклопот, од неговата надворешна страна изградена е **кружна кула** (План 2, точка 1а). Кулата служела како стан на командантот на гарнизонот, што се потврдува и со истражувањата. Имено, во самиот бедем, отворен е влез кој има широк пристап на кој се наоѓа праг од голем камен блок (преместен во подоцнежните преградувања во ранотурскиот период на повисока кота кон внатрешноста на кулата).

Во XII век Тврдината веќе имала активна административно-црковна функција.

Во склоп на Тврдината во XII век биле отворени работилници по должина на внатрешната страна на градскиот бедем. Во нив не се произведувало само оружје и метални предмети, туку дел од тие работилници биле специјализирани за произвотство на луксузна трпезна грнчарија, која со својата луксузна декорација и висок квалитет се издвојува како водечки центар на тој вид производство.

Додека XIII век за Византија е период на латинското царство, на Скопското Кале буквално се се воделе битки меѓу бројни племиња и новосоздадени кнежества. Покрај монетите на Палеолозите, археолошките истражувања го потврдуваат

---

[594] Грујиħ Р., Скопска митрополија, 12; Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 36; Зајковски Д., Христијанската црква, 74

[595] Неговиот одбрамбен систем на градење на укрепени градови се покажал многу ефикасен, особено со сознанието дека во периодот од 552 година па сé до крајот на владеењето на Јустинијан I (565 година), не бил регистриран ниту еден напад на Словените врз византиските укрепени градови.

[596] Огромна благодарност до професорот Драги Митревски за деталните и исцрпните совети, показатели, факти, документација и наоди

присуството на средновековната бугарска држава со монетите на Иван II Асен (1218-1241) и Србија со Стефан Урош II Милутин (1282-1321)[597].

Доцносредновековниот период (XIII-XIV век) е потврден со владеењето на српската династија преку повеќе откриени градби од тој период, потврдени и со бројни движни наоди.

Во тој период, Калето со своите градски ѕидини зафаќало многу поголем простор од денешниот простор кој е означен под границите на овој локалитет. Во прилог на тоа да ја споменеме црквата посветена на Св. Константин и Елена се наоѓала 'вьнутрь града Скопия"[598] изградена пред 1337 година[599], во времето на крал Милутин[600]. Црквата најверојатно била уништена при турската окупација на градот. Некои учени сметаат дека нејзините темели сеуште лежат под Мустафа Паша џамијата[601]. Во периодот на српската држава, градот бил целосно обновен, па така биле обновени и зацврстени градските ѕидови.

Во средновековниот период бедемските граници на тврдината најверојатно се протегале и југоисточно од црквата Св. Константин и Елена, па просторот каде сега се наоѓа црквата Св. Спас најверојатно се наоѓал во склоп на внатрешноста на главните градски партии.

Со истражувањата на Твдината од откриените градби најмногу од нив припаѓаат на овој период, кога на Акрополата бил сместен најрепрезентативниот урбан дел од Скопје. Така, тука се наоѓала династичката палата на владеачкото семејство, во чија близина активно функционирала државната администрација во коалиција со црковната власт.

Исто така, во истражувањата во `60-ти години на XX век низ целиот локалитет откриени бројни монети од време на Волкашин и Марко(1365-1371)[602], додека при истражувањата од 2007-2011 година, овие монети не се толку често присутни. Сепак, со нив се потврдува дека градбите продолжиле да се користат сé до крајот на XIV век.

---

[597] Митревски Д., Скопска тврдина, 24
[598] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 128
[599] Петров К., Преглед, 83
[600] Мошин В., Грамотите, 167
[601] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 128
[602] Микулчиќ И, Средновековни, 57

Во 1392 година Калето е освоено од турската војска, која целосно го окупирала градот што го разрушила и со одредени доѕидувања, обновувања и преправки од прекрасната Скопска тврдина направила воена касарна. И на југозападната страна градот се протегал сé до Вардар. Имено, сé до 1896 година се гледал ѕидан столб од тврдинските партии, кои биле заплускувани од бурните води на реката Вардар[603].

Во турскиот период бедемите ја намалиле драстично површината која ја затворале и ја довеле до минимум. Со текот на годините, а поради ширењето на урбаниот дел на градот, делови од Тврдината биле отстранувани и заменувани турски градби.

Од она што е останато од средновековниот град и користен (адаптиран, преправан, дополнуван, менуван) во турското средновековје разгледуваме остатоци од населбата, утврдена со уште два бедеми: надворешен (План 2, точка 2) и внатрешен.

***Внатрешниот бедем*** (План 2, точка 3) е целосно отворен со истражувањата во 2007 и 2009 година.

Со најновите информации добиени од ископувањата, основајќи се најзападниот дел од Јужниот Бедем, на ѕидаријата на истиот се отчитуваат повеќе фази на градење[604].



**Сл. 6 Јужен Бедем и Јужна Порта**

- X век

Во X век тврдината веќе со сигурност егзистирала. Основата се поклопува со трасата на праисториското утврдување. На бедемот има карактеристични триаголни

[603] ibidem
[604] Извештај 2007

и елипсовидни кули.[605] Во времето на Самоил, Тврдината веќе била изѕидана, што се потврдува и со бројните монети и истовремените наоди од X и XI век откриени во гробовите веднаш до внатрешната страна на јужниот бедем. Калето веќе функционирало како воен кастрон.

- XI век

Во текот на XI век, после големото рушење што се случило на северната, североисточната и јужната страна на тврдината, на остатоците од старите темели се изѕидуваат нови силни бедемски партии[606], за кои се користат сите расположливи камени материјали. Кулите се кружни, ѕидани врз елипсовидни темели. Во ова време веќе постои надворешниот бедем и ровот меѓу двата.

- XII век

Во времето на Комнените се случува голема обнова на јужниот и северозападниот дел од бедемот. За оваа фаза типично е користењето на црвениот хидрауличен малтер, користење на градежна керамика, и сето тоа на многу високо ниво на ѕидање. Кулите настанати во овој период сите се со квадратна основа[607]. Во овој период биле отворени Јужна и Северна Порта.

- XIV век

И во овој век се вршат големи обнови, особено на Јужната Порта. Најверојатно при оваа обнова, на портата и биле направени видни измени, односно била стеснета нејзината ширина. Во овој век прв пат била отворена Источна Порта, која била обновена и проширена заедно со многу други градби во ранотурскиот период.

- XV-XVI век

После земјотресот во 1555 година, се врши обновување на поголем дел од срушените бедемски партии, вклучувајќи ја и Источна Порта.

- XVIII век

Со доаѓањето на Австријците и битките меѓу двете силни војски во 1789 година, тврдината доживеала страшен крах. Дебели слоеви на опожарување ги прекриваат

[605] Babić B., Mikulčić I., Skopsko Kale, 49
[606] Babić B., Mikulčić I., Skopsko Kale, 49
[607] Babić B., Mikulčić I., Skopsko Kale, 49

хоризонтите на живеење. Затоа, после ова следела голема обнова која целосно го сменила изгледот на првичните бедемски партии на тврдината.

Во низ целиот средновековен период се влегувало низ три порти:

- **Јужна Порта** (План 2, точка 4), се наоѓа на Јужниот Бедем на југозападниот дел од локалитетот. Отворена е кон централниот градски плоштад[608]. Од двете страни



**Сл. 7 Јужна Порта пред реконструкција**



**Сл. 8 Јужна Порта по реконструкција**

влезната партија е фланкирана од две кули (11 и 12). Според димензиите сметаме дека преку неа во средниот век не се поминувало со возила и коњи туку била само за пешачки премин[609]. И покрај тоа, оваа порта е една од поважните стратешки точки за одбрана од бројните напади во средновековниот период, како и во периодот од XV век до II Светска војна. Со истражувањата во 2007 година[610], од Јужната Порта се откри голем камен блок во функција на праг (кота 267,89), со димензии 1,6 х 0,70 м х 0,34 м, кој е фланкиран со по еден довратник од двете страни. Довратниците во темелите и долните партии се ѕидани со правоаголни камења со мазнети лица, додека нагоре ѕидањето е направено со големи правоаголни тули, хоризонтално поставени. Довратниците се сочувани на височина од 0,25м и 0,50 м (не вклучувајќи ги и темелните партии). Во истражувањата во 1967 година исто така на овој дел бил откриен камен блок користен како праг, кој се наоѓал 1,65 м повисоко од претходно споменатиот. Портата е обновена во XIV век.

---

[608] Портата гледа кон просторот под сегашниот ресторан, каде веруваме дека се наоѓа капитален објект
[609] Ivanovska S., South Gate, 2
[610] Извештај 07

Портата била користена сé до 1865 година, кога турските власти ја срушиле. До тогаш, над влезот била ѕидана бела мермерна плоча со натпис на српски јазик, на која пишувало дека градот го „оправил цар Стефан Урош„[611]. Плочата долго време се чувала, но сега е изгубена.

- **Источна Порта** (План 2, точка 5) се наоѓа на источната страна на тврдината, пред која се наоѓа и мал дрвен мост. Овој мост во средновековниот период најверојатно премостувал мал, но длабок ров со вода. Навечер мостот се кревал, со



**Сл. 9 Источна Порта пред реконструкција**



**Сл. 10 Источна Порта по реконструкција**

што на тврдината и се давало дополнителна безбедност од лошонамерниците. На надвратникот на портата има натпис на кој се вели дека Портата била обновена во 1440 година. „...на источната...страна, пред вратата, преку ровот се наоѓа дрвен мост, што стражарите на чекрк го креваат и со него пред вратата прават брана "[612].

- **Северна Порта** (План 2, точка 6), се наоѓа на северната страна од локалитетот и била вовлечена навнатре. Изградена е во исто време со т.н. северен ѕид (точка 18 на План 2), каде се наоѓала и правоаголна кула, кои хронолошки се поставуваат во XII век и се дел од влезната партија. Тогаш, Северната Порта најверојатно била главна градска капија. Со пробивањето на асфалтниот пат, траги од оваа порта се останати само како отисоци во здравица.

Во внатрешноста на Тврдината се открија два големи комплекси на градби.

---

[611] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 129
[612] Лапе Љ., Историја, 192

- **Административно-црковен комплекс** (План 2, точка 7; сл. 11). Тој се протега на југоисточниот агол од локалитетот, обиколен од внатрешниот бедем со триаголната кула од исток, со кружната кула од југоисток и дел од Јужниот бедем од југ. Составен е од повеќе градби, од кои се идентификувани се: крстообразна **црква** (План 2, точка 8), **црковна резиденција** во источниот дел на коплексот (План 2, точка 9), **административни простории** (План 2, точка 10) во јужниот дел. Нејзиниот воен и административен карактер се потврдува со големиот број откриени печати со хронолошка припадност на втората половина од XI, XII и првите децении на XIII век, откриени во и околу градбата[613]. Дел од откриените пломби посочуваат и на постоење на објекти од црковен карактер.[614]



*Сл. 11 Административно-црковен комплекс*

Комплексот излегувал на две улици: и на северозападна и на јужната страна.

[613] Дел од нив се публикувани кај Mihajlovski R., Byzantine Lead Seals, 145-158
[614] Mihajlovski R., Byzantine Lead Seals, 145-146

• **Црква**[615] (План 2, точка 8; сл. 12), со крстообразна основа, се наоѓа на југоисточниот дел на тврдината, на нејзиниот највисок и најдоминантен дел, целосно откриена при истражувањата во 2007 година. Околу неа се наоѓа некропола. Покрај бројниот црковен инвентар, во неа се откриени и фрагменти од фрески со ликовни одлики од крајот на XIII и почеток на XIV век. Во криптата северно од оваа црква (во истражувања во 1968 година) беше откриен и познатиот сребрен пехар со позлата (кат. бр. 41). Во гробовите околу црквата беа откриени бројни наоди кои хронолошки припаѓаат на XIII и XIV век. Меѓу нив е откриена и надгробна плоча со старословенски натпис, која била посветена на некој болјар Влатко од 1281 година. [616] Сметаме дека оваа црква е градбата за која се вели дека била "в'ноутрӱ града Скопиꙗ, при вратѹх великих", била посветена на ***Св. Богородица*** и ја подигнал Ксенофон, кој заедно со својата палата ја дарувал црквата на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг[617], заедно со воденициите, нивјето и лозјето[618]. Во грамотата на Милутин од 1300 година се спомнува дека била подарена на манастирот Св. Ѓеорѓи Горг, па според тоа се датира кон крајот на XIII век.[619] Нејзиното замирање може да се препише со доаѓањето на Турците, на самиот крај на XIV век или евентуално на почетокот на XV век.



*Сл. 12 Крстообразна црква*

• **Резиденцијален комплекс** (План 2, точка 11; сл. 13) се наоѓа во централниот простор на локалитетот, веднаш до најјужниот дел од т.н. киклопскиот ѕид. Најверојатно е подигната во време на Милутин, околу 1300 година, во време на големата обнова. Градбата била користена и во подоцнежните периоди, во време на

[615] Митревски Д., Скопска тврдина, 28-30
[616] Поради авторските права на истражувачот Љубинка Џидрова не сме во можност сега да ги објавиме добиените резултати, па поради тоа ќе мора да се почека на публикацијата на црквата, се надеваме во блиска иднина.
[617] Грујић Р., Скопска митрополија, 138-139
[618] Лапе Љ., Историја, 115
[619] Петров К., Преглед, 80

другите српски владетели. Во ранотурскиот период градбата била обновена кога било поставено и поплочување со подни камени плочи. Во неа се влегувало од северната страна преку влезна партија и коридор кој водел до централниот простор - репрезентативна сала[620]. Овој објект беше претпоставен и во поранешните истражувања како репрезентативна сала од голема градба, која најверојатно била дел од резеденцијата на српските владетели од XIV век[621].



*Сл. 13 Резиденцијален комплекс*

При истражувањата од 2007-2011 година се открија неколку работилници од кои издвојуваме некои од средновековниот период:

- **Работилница 1**[622] (План 2, точка 12) . Се работи за работилнички комплекс составен од две простории, лоциран на самиот раб од горната тераса на Сектор 5 до коридорот на Јужна Порта. Едната просторија имала правоаголна форма, со димензии 2,30 x 2 м. На источната страна се наоѓа влезната партија од која е откриен праг, ѕидан од хоризонтално поставени печени тули, наредени во 1-2 редови,

[620] благодарност до истражувачот на секторот во кој беше откриен овој комплекс, д-р Марјан Јованов за отстапениот материјал
[621] Микулчиќ И, Средновековни, 57
[622] во теренската документација на Сектор 5 оваа просторија е заведена под бр. 4, целина ДЕ4.11

на места дополнети со камени плочи поради нивелација. Преку овој праг се влегувало во втората просторија чии димензии не се открија во целост поради ограниченоста на истражувачкиот простор. Подот на двете простории бил направен од хоризонтално поставени непечени тули. Градбата од едната страна се потпирала на внатрешната страна на Јужниот бедем (на неговиот најзападен дел), а останатите ѕидови биле изѕидани камен и кал во темелните партии, додека нагоре биле правени дрвени конструкции. Кровот имал дрвена конструкција, врз која биле поставени тули од непечена глина. Централно во источната просторија беа откриени делови од печка за печење. Поради големиот број на фрагментирана керамика од луксузни садови отркиени во просторијата, се констатира дека печката служела за печење на керамички чинии, а просторијата била работилница за производство на керамички чинии.

- **Работилница 2** (План 2, точка 13) Се наоѓа во североисточниот дел на Тврдината, веднаш до киклопскиот бедем, од неговата внатрешна страна. Тоа била работилница за произввотство на метални, но и стаклени производи, што се потврдува со огромната количина на метални и стаклени згури откриени на подот од оваа градба. Градбата е правоаголна форма, поделена на две простории. Во секоја од просториите има по една печка за печење. Во северната просторија се откри печка која била полукружна во основа, со калотесто завршување, градена од плитарни тули хоризонтално и вертикално поставени, одогора декорирана со брановидни врежувања[623]. Од подоцнежниот канал (од турскосредновекониот период) печката е прекината. На подното ниво отркиен е бронзен приврзок и бројна фрагментирана керамика која е датирана во XIV век.

- **Работилница 3** (План 2, точка 14) Крај југоисточната кула, при истражувањата во 2007 година беа откриени делови од работилница и ковачница, во која беа откриени згури од железо и хром. Исто така беа откриени и делови од викиншки самострел, кој како страотно оружје за тоа време, со сигурност го

[623] локул листа бр. ВС 1/2/3.30 за печка и ВС 1/2/3.35 за подно ниво на објектот, од теренската документација од истражувањата во 2007 и 2009 година - благодарност до колешката Александра Папазовска Санев за дадените информации и отстапениот материјал

потврдува присуството на Норманите во Скопје. Поради откриените наоди, градбата се датира во крајот на XI век[624].

- т.н. „**Куќа на Св. Димитриј**" (План 2, точка 15; сл. 14) се е наоѓа во централниот дел на Тврдината. Ориентирана е И-З, со влезна партија на јужната страна, широка 1,85 м, со камен блок од травертин како праг со димензии 0,78 x 0,49 м. Прагот е искршен. Градбата е ѕидана од непропорционална комбинација од кршен камен и тула, спонтано редени, врзани со кал. Наместа од надворешната страна на ѕидовите опусот е од убаво редени кршени камења врамувани со кршена тула. Се забележува дека источната половина на јужниот ѕид на градбата отстапува за неколку степени кон Југ. Според тоа, заклучуваме дека ѕидот е во две фази, примарната е таа од западната половина па кога на источната се срушил ѕидот бил реновиран само со камен и кал. Во средишниот дел на источниот ѕид на градбата, од внатрешната страна се наоѓа вовлечена ниша. Таа затвара мала апсида со д= 1,05 м, длабока 0,3 м, со сочувана висина од 0,43 м. Ѕидана е од хоризонтално поставени тули (квадратни и правоаголни), темно црвено печени, врзани со кал. Сочувани се шест редови. Во долниот дел на нишата се откри под со хоризонтално поставени тули во квадратни и правоаголни форми, темно црвено печени. Тулите се врамени од нивната северна страна со вертикално поставени тули сé до просторот каде завршува апсидата, во облик на ивичник, кој во јужната страна недостасува. Тука се откри икона на Св. Димитриј (види кат. бр. 1).



*Сл. 14 т.н. Куќа на Св. Димитриј*

[624] Митревски Д., Скопска тврдина, 22-24

Внатрешноста на просторијата беше исполнета со нафрлана земја во скоро целосниот габарит на градбата. На подното ниво од набиена земја, откриено е огниште во кое што се открија голем број метални предмети (дел од нив се алатки користени во металната преработка) и значително количество на метална згура, како остаток од производство на метални предмети. Во огништето се откри големо количество на гареж. Околу огништето, на ниво на под се открија предмети кои што сугерираат производство: три керамички предмети со конусовидна форма и широко отворен обод кон надвор (најверојатно користени за течен метал), мелнички камен за правење струготини од метал, железни предмети - алатки за производство на метални предмети, како и две железни ножиња, железна стрела, железно ѓуле и бројни железни предмети[625] - најверојатно биле инвентар на оваа просторија. Мора да се напомене дека на подното ниво, на неколку места во градбата се открија камени плочи, хоризонтално поставени. Тоа сугерира дека првобитно подот бил направен од целосно поплочување со камени плочи во различни форми над набиена земја, кое било дислоцирано во секундарната фаза на користење на оваа градба. Од другите наоди откриени на подот од оваа градба се издвојува: глава од коскена игла со цилиндрична форма и фрагментирано керамичко грне, според кои градбата се датира во XIII век.

Поради нишата - апсидата на исток, откриената коскена икона на Св. Димитриј (која се датира во XII - XIII век), како и позицијата и поставеноста на целата градба (со правец на протегање И - З) со излез на една од градските комуникации, се смета дека првобитната градба имала јавен карактер.

Работилничкиот карактер е во последната фаза, кога градбата била конечно напуштена од употреба. Нишата - апсидата посочува исклучиво на сакрален елемент кој во профана градба не би постоел. Доколку градбата имала профан карактер (работилнички), тогаш нишата би ја идентификувале како ”куќен олтар”.

Според висинските разлики меѓу екстериерот и ентериерот на т.н. “Куќата на Св. Димитриј” може да се констатира дека градбата е вкопана во здравица и на пониско ниво од улицата што се наоѓа пред неа и од која се влегувало внатре. Цела

[625] дел од откриените железни предмети се значително кородирани и не можеше да се индентификуваат, па се чека нивна конзервација

оваа тераса е правена вештачки со нивелирање на чакалната здравица и на вака подготвената тераса била поставувана градбата.

Низ Тврдината откриени се неколку комуникации кои биле радијално поставени и правеле цела инфраструктурална мрежа на горниот град.


Сл. 15 Комуникација крај Јужниот Бедем

- Првата е **Via Sagularis** -вдолжбедемска улица крај Јужниот бедем. Се протега во правец З - И, по цела должина на Бедемот. Се датира во исто време со првата фаза на бедемските партии - во X век - во време на Самоиловата држава. Оваа комуникација била калдрмисана улица која ја врзува влезната партија на Јужна Порта со движењето крај Јужниот Бедем. На нивото на калдрмата откриен е црковен инвентар, што наведува на тоа дека оваа улица поминувала крај сакрален објект.

- Втората (работно наречена **Via XXVIII**) е калрдма од силни и крупни камења, густо набиени, а наместа се сочувани и хоризонтално поставени камени плочи. Се протега паралелно со горната, и минува низ централниот простор на Тврдината. Откриена е на неколку пунктови. Нејзината ширина изнесувала 3,5 м. Поминува крај “Куќата на Св. Димитриј”. Продолжувајќи кон исток, таа минува крај крстообразната црква. Од јужната страна улицата имала банкина, преку која се спуштало на нивото на долната тераса. Крај улицата минува канал, кој ја следи улицата по цела нејзина должина. Оваа комуникација најверојатно го врзува градскиот одбрамбен систем. Покрај бројните наоди, на нивото


*Сл. 16* VIA XXVIII

на улицата откриена е и монета - трахеа на Андроник II Палеолог (1282-1328), кована во Константинопол.

- На просторот каде што е најсочувана оваа улица таа се вкрстувала со друга комуникација Се протегала во правец С-Ј, направена од камени плочи и го врзува централниот дел на Тврдината со нејзините северни делови. Под плочите беше откриен систем за одвод на вода составен од тубуси (12 откриени), со дијаметар од 16 см. Над тубусите излеан бил хидростатен малтер како заштита. Следните истражувања ќе ја откријат оваа комуникација, која засега само ја насетуваме.

- Во истражувањата во 2007 година во северниот дел од локалитетот, од надворешната страна на кружната кука од Киклопскиот бедем, се открија ѕидови од градба за која се претпоставува дека е црква[626] (План 2, точка 16). На тој простор се откри броен црковен инвентар, кој е обработен во овој труд.

- Бројни простории беа откриени при истражувањата крај внатрешната страна на Јужниот бедем. Тие биле градени од дрво или со камен и кал. Нивната трајност била слаба поради нивната привремена употреба. Биле користени како бараки за војници или магацини за работилниците, како и за депонирање на отпад.

- При истражувањата 2009 година беа откриени неколку подѕидувања со силна градежна структура (работно наречени бедемски партии). Тие биле изѕидани за да служат со две фунции: ги врамувале терасестите површини и ги оделувале на висинска разлика, а втората е да заокружат и заштитат нешто многу важно што се наоѓало во склоп на утврдувањето. Имено, Скопската Тврдина била многу често напаѓана од разни освојувачи. Во такви воени услови, локалното население од подградието (она што нема да успеало да избега во локалните збегови и селски населби во околината), би се засолнило во склоп на тврдината и би помогнало во одбрана на истата. За такво квантитативно присуство на човечка сила требало да се обезбедат услови за живот и во случаеви на подолга опсада, што значи: залиха на оружје, храна и вода. За складирање на храна и вода биле правени специјални складишта на силоси и бунари/цистерни подземно вкопани.

---

[626] Уште еднаш му благодарам на професорот Драги Митревски за споделените информации, корисни совети и исцрпни консултации.

Едно од тие подѕидувања се откри на централниот дел на тврдината, северно со т.н. „Куќа на Св. Димитриј", со правец на протегање И-З, со ширина од 1,80 м, сочуван во должина од 5 м и висина од 0,77 м. Ѕидан е крупно клесани камења, врзани со цврст, квалитетен малтер. Неговите темели биле длабоко вкопани во чакалеста здравица. Со текот на времето биле извршени бројни преправки.

И во пост-средновековниот период, познат како турско средновековие, археолошките наоди на Калето укажуваат дека на ова место не биле сместени само воените единици на турската војска, туку дека тука се одвивал и профан живот, многу активен и интензивен. Ова тврдење се поткрепува со бројниот движен археолошки материјал од типично профан карактер (за секојдневна употреба) датиран во периодот од XV-XVIII век, локациски распореден по површината на целиот локалитет.

Веќе во XVII век „Скопје лежи на десната и левата страна на реката Вардар на една широка и рамна земја...Тој е голем град. Западно од реката таму е трвдината...Тврдината е двојна, здрава и јака. Тоа е голем и убав град чии жители се просветени и на добар глас. Градските врати и ѕидови како да ги мaзнел оној што мазни метали или огледала. Тврдината е изѕидана од обработен камен...Вештиот архитект на ѕидот длабел и делкал, шарал и ги украсувал мермерните столбови...Тврдината лежи над скопскиот град. Петтоаголна форма има...Украсена е со 70 кули...Има тројни железни врати...Од едната страна на тврдината е пропаст без дно...Но, на источната.... и северната страна има длабок ров, подѕидан со делкан камен. Од таа страна, пред вратата, преку ровот се наоѓа дрвен мост, што стражарите на чекрк го креваат и со него пред вратата прават брана. Кулите и ѕидовите на оваа врата се изработени многу убаво и уметнички. Во самата тврдина има до стотина војнички кули, магацини и простории за оружје. Но, топови има малку бидејќи тврдината се наоѓа длабоко во внатрешноста на земјата"[627].

Од тој период постојат остатоци од бројни градби, од кои издвојуваме една, работно наречена **Западна просторија** (План 2, точка 17), во централниот дел на Тврдината. Таа била средновековна градба, потоа обновена и ставена во употреба во

[627] Лапе Љ., Историја, 192

Едно од тие подѕидувања се откри на централниот дел на тврдината, северно со т.н. „Куќа на Св. Димитриј", со правец на протегање И-З, со ширина од 1,80 м, сочуван во должина од 5 м и висина од 0,77 м. Ѕидан е крупно клесани камења, врзани со цврст, квалитетен малтер. Неговите темели биле длабоко вкопани во чакалеста здравица. Со текот на времето биле извршени бројни преправки.

И во пост-средновековниот период, познат како турско средновековие, археолошките наоди на Калето укажуваат дека на ова место не биле сместени само воените единици на турската војска, туку дека тука се одвивал и профан живот, многу активен и интензивен. Ова тврдење се поткрепува со бројниот движен археолошки материјал од типично профан карактер (за секојдневна употреба) датиран во периодот од XV-XVIII век, локациски распореден по површината на целиот локалитет.

Веќе во XVII век „Скопје лежи на десната и левата страна на реката Вардар на една широка и рамна земја...Тој е голем град. Западно од реката таму е трвдината...Тврдината е двојна, здрава и јака. Тоа е голем и убав град чии жители се просветени и на добар глас. Градските врати и ѕидови како да ги мазнел оној што мазни метали или огледала. Тврдината е изѕидана од обработен камен...Вештиот архитект на ѕидот длабел и делкал, шарал и ги украсувал мермерните столбови...Тврдината лежи над скопскиот град. Петтоаголна форма има...Украсена е со 70 кули...Има тројни железни врати...Од едната страна на тврдината е пропаст без дно...Но, на источната.... и северната страна има длабок ров, подѕидан со делкан камен. Од таа страна, пред вратата, преку ровот се наоѓа дрвен мост, што стражарите на чекрк го креваат и со него пред вратата прават брана. Кулите и ѕидовите на оваа врата се изработени многу убаво и уметнички. Во самата тврдина има до стотина војнички кули, магацини и простории за оружје. Но, топови има малку бидејќи тврдината се наоѓа длабоко во внатрешноста на земјата"[627].

Од тој период постојат остатоци од бројни градби, од кои издвојуваме една, работно наречена **Западна просторија** (План 2, точка 17), во централниот дел на Тврдината. Таа била средновековна градба, потоа обновена и ставена во употреба во

[627] Лапе Љ., Историја, 192

турското средновековие. Се работи за голема правоаголна просторија со убаво ѕидана влезна партија на североисточниот агол (преку која излегувала на комуникацијата С-Ј), со праг од хоризонтално поставени камења, наредени со скала од три скалила. Влезната партија е врамена со ѕидани довратници. Јужно од влезната партија, од внатрешната страна беше откриена правоаголна печка, ѕидана од хоризонтално поставени квадратни и правоаголни тули. Нејзините димензии изнесуваат 1,20 x 0,70 м.

Во внатрешноста на просторијата се откри под од набиена глина. Врз него беа откриени бројни предмети од печена глина и премаз со зелена глеѓ, кои биле дел од систем за внатрешно загревање.

Целата градба е поставена врз чакална здравица, која е поддржана со подѕид од јужната страна. Југозападно од просторијата се откри силос со жито[628], кој одозгора имал дрвена конструкција како настрешница.

Поради сето ова, сметаме дека оваа просторија била пекарска работилница.

На крајот на Прва Светска војна (1917-18 година) на Калето била сместена австриска војска со нејзиниот штаб. [629] Во Кралството на СХС во 1921-30 година на Калето биле изградени десетина масивни воени градби, кои биле во употреба сé до 1951 година. Во периодот после Втора Светска војна бил изграден Археолошкиот и Историскиот Музеј на Калето. Во земјотресот во 1963 година настрадале сите тогаш постоечки градби во склоп на градските ѕидини.

---

[628] Примерок од внатрешноста е испратен за хемиска анализа со што е потврдена содржината
[629] Митревски Д., Скопска Тврдина, 34

## 2.Скупи

Археолошкиот локалитет Скупи се наоѓа подножјето на Зајчев Рид, на околу 4 км од центарот на Скопје. Тој е најголемиот антички град на територија на Република Македонија на површина од 44 ха и воедно има достигнато највисок статус меѓу останатите - колонија.




**Сл. 17 Археолошки локалитет Скупи**

Градот Скупи се формирал како војничка колонија уште во I век п.н.е. (13/11 година п.н.е.), во време на Октавијан Август, на место каде Дарданците го нарекувале својот град Скупои (во превод стреи). Бил изграден како воен логор за стационирање на свете македонски легии: V македонски и IV скитска, според шаблон со квадратна основа, на површина од 40 (по најновите премерувања 44) ха. Потоа бил ветеранска колонија на заслужните римски војници од VII Клаудиева легија т.е. Pia Fidelis. Со тек на време, благодарение на силниот економски развој, градот прераснал во Colonia Flavia Scupinorum. Според административната поделба на доцноримското царство Скупи било престолнина на провинцијата Дарданија[630].

Уште со Миланскиот Едикт во 313 година и прогласување на слободата на христијаните за слободно искажување на својата религиозност, Скупи го започнал својот силен и брз процес за развивање на христијанството. Веќе во IV век бил

[630] Радојчиђ С., Старине, 8

епископско седиште, бидејќи тогаш веќе христијанството било сосема навлезено во градот. Скупскиот епископ Дак (Δάκος Δαρδανίας Dakus Dardaniea)[631], митрополит на провинција Дарданија, учествувал на Првиот Вселенски црковен собор во Никеа во 325 година[632]. Исто така, на соборот во Сердика 343 година се споменува скупскиот епископ Парегориј како учесник[633] - Peregorius a Dardania de Scupis. Во градот престојувале бројни великодостоинственици, меѓу кои и царот Теодосиј во 376 и 388 година[634].

Преку преписките на папата Лав и солунскиот Синодот во 444 година, дознаваме за уште еден епископ од Скупи, по име Карос чии ингеренции биле во провинција Дарданија, префектура Илирик[635].

Скупи станува седиште на архиепископија во 451 година[636]. Од истата година познат е уште еден епископ - Урсилије (Ursilie)[637] - Ursicius episcopus scupensis, Ursilius episcopus Dardaniae[638], но тој не учествувал на Соборот во Халкедонија во истата година. Во 494 година се споменува уште еден дардански митрополит Joannes (Јован - 490-495) од Скупи[639], кој му се обратил на православниот римски папа, признавајќи ја неговата јуриздикција и барајќи помош во средување на лошите односи со монофизитите[640]. Во писмото биле потпишани шетмина дардански епископи, предводени од потписот на ”Joannes episcopus sacrosanctae Ecclesiae Scopinae metropolitanae civitatis”.[641]

Значи, во градот веќе има силно влијание на христијанската црква, која дури превземала и дел од водењето на јавниот живот во градот. Таа го диктирала и водењето и раководењето на градот, а секако била дел од создавање на сликата за урбаната средина на ова епископско седиште. Така, под такви услови биле изградени

[631] Според Лакалиска С., Христијанските споменици, 11, Стобскиот епископ Будиус му бил потчинет на скупскиот митрополит Дакус.
[632] Радојчић С., Старине, 8; Бошкоски М., Скупската епископија, 9
[633] Грујић Р., Скопска митрополија, 8; Бошкоски М., Скупската епископија, 13
[634] Микулчиќ И., Скопје 36
[635] Зајковски Д., Христијанската црква, 35
[636] Микулчиќ И., Скопје 36; Алексова Б., Култ на мартириите, 223
[637] Грујић Р., Скопска митрополија, 8; Лакалиска С., Христијанските споменици, 12
[638] Радојчић С., Старине, 8
[639] Радојчић С., Старине, 8; Лакалиска С., Христијанските споменици, 13
[640] Грујић Р., Скопска митрополија, 8
[641] Зајковски Д., Христијанската црква, 65

неколку значајни објекти, храмови на младата христијанска, но веќе признаена религија.

Како главен град на провинцијата Дарданија, Скупи функционирал сé до големиот земјотрес во 518 година. Во меѓувреме, градот бил напаѓан од бројни племиња, најмногу од Сарматите во III век. Долго време се сметаше дека преживеаните скупјани од земјотресот го напуштиле градот и населиле некоја друга територија и формирале нов град, базирајќи се на пишувањата на М. Комес "(градот) бил потполно разурнат...иако без загуба на своите граѓани, кои избегале пред непријателот"[642]. Тие најверојатно бегале од нападите на племињата што надоаѓале, а со тоа се спасиле од урнатините при големиот земјотрес. Во 517 и 518 година Гети (Кутригури) навлегуваат на Балканот и при тоа и Скупи бил ограбен[643], поради што скупското население почнало да се раселува од градот, најверојатно во блиската околина. Можеби т.н. вили рустики распоредени во околината на Скупи и Скопје (во прегратките на Скопска Црна Гора) се нивните привремени пребежишта.

Иако за сега не може да се говори за активен средновековен живот во Скупи, после големиот земјотрес во 518 година и разбегувањето на скупското население во блиската околина, сепак сметаме дека градот продолжил да живее и во средновековниот период. Тој живот бил во многу скромен и нелуксузен облик, во една постурбана средина без грандиозни објекти и настани. Во прилог ова мислење потсетуваме не само на археолошкиот материјал откриен на локалитетот кој категорично припаѓа на средновековниот период (крстови реликвијари, прстени), туку и неколку историски факти, како што се спомнувањето на градот Scupis во втората половина на VII век (меѓу 667-670) во делото „Cosmographia" на анонимен автор од Равена, преведено од грчки на латински јазик во IX век[644].

Како помала рурална населба, Скупи продолжува да живее сé до X-XI век.

Сепак, активниот јавен црковен христијански живот се бележи само во ранохристијанскиот период од IV-VI век, и тоа преку сакралната архитектура во урбана фаза на градот. Откриени се:

---

642 Лилчиќ В., Давина Кула Чучер, 25
643 Ончевска Тодоровска М., Камени садови, 44
644 Антољак С., Скопје, 76

- **Базилика II**

Во ранохристијанскиот период во Скупи била изградена репрезентативна христијанска базилика (работно нумерирана како Базилика II). Некои сметаат дека таа припаѓа на подоцнежната урбана фаза, во V-VI век.[645] Таа се наоѓа во централниот дел на градот, на доминантна позиција. Има димензии 39 м x 18 м[646]. Тоа е трокорабна базилика, со кружна апсида на исток, со биконхален компартимент на југоисточната страна и пастофорија северно од нартексот. Има импозантни мозаични подови со високи уметнички вредности.


Сл. 18 Базилика I од Скуйи

При истражувањата откриени се бројни фрагменти од мермерна пластика, кои како дел од црковниот инвентар ја краселе величествената внатрешност на градбата (сл.18). Градбата била уништена во земјотресот во 518 година[647], а потоа не била обновена како верски христијански центар.

- **Ранохристијанска базилика**

Со најновите истражувања во 2008[648]-2011 година се откри уште една ранохристијанска базилика, која се наоѓа во централното градско јадро, работно наречена Големата ранохристијанска базилика со атриум. Во неа се влегувало од улицата Кардо. Ориентацијата на црквата е И-З. Се влегувало преку атриум, па во

---

645 Лакалиска С., Христијанските споменици, 14
646 Корачевиќ Д., Скупи, 131
647 Гарашанин М., Корачевиќ Д., Базилика II, 44
648 Ончевска Тодоровска М., Базилика Скупи, 103-112

нартекс и од таму во наос, а на исток градбата завршува со три апсиди (централната е тространа и го затвора атриумскиот дел, а страничните се полукружни). На северната страна додаден е компартимент со квадратна основа. Градбата има должина од 53 м, широка е 16,20м. Ѕидана е со комбинација на редови од камен и градежна тула (хоризонтално поставени), врзани со малтер. Подот на нартексот и компартиментот бил поплочен со хоризонтано поставени тулу, а олтарниот простор со камени плочи со правоаголни форми. Олтарот имал камена олтарна преграда (според откриените наоди). Во наосот по цела должина на северниот и јужниот ѕид на базиликата изградена е банкина-ниско ѕидче.

Според откриените нумизматички наоди, истражувачите сметаат дека базиликата постоела кратко, односно била изградена на крајот на V или почеток на VI век, а била урната во земјотресот во 518 година[649].



*Сл. 19 Базилика II во Скупи*

Околу градбата се откриени неколку погребувања на инхумирани покојници, чии покривни тегули имале декорација на врежани крстови, типично за градежната керамика на христијанските производствени центри од раното средновековие. И после нејзинотот рушење, градежна фаза одозгора нема, што значи дека и во раниот среден век бил почитуван светиот простор. Оценувајќи според наодите на архитектонската камена пластика со крстеста декорација, а особено според димензиите и начинот на градење, оваа градба е ремек-дело на ранохристијанското градителство.

[649] Ончевска Тодоровска М., Базилика Скупи, 108

- **Градска територија**

Откако се извршија опсежни истражувања на Градската териотрија на т.н. ***постурбана фаза*** се добија заклучоци дека животот на Скупи продолжил и по 518 година, најмалку до XI век[650] во забележлив обем. Тоа се потврдува и со бројните движни наоди со типични раносредновековни обележја. Мора да се напомене дека во тоа време Скупи веќе не е архиепископско седиште, а и не се споменува ни како урбана средина. Најверојатно престанал да живее како државно-административна единица, но продолжил да живее опсежно најверојатно како приградска паланка. Ова повторно се потврдува и со архитектонските интервенции на постарите римски и доцно антички градби во поедноставен манир, со користење на тули врзувани со кал[651]. Со истражувањата изминатата деценија на градската територија особено западно од Улицата, се открија градби ѕидани со кршен камен, по некоја тула, врзани со кал, кои затворале простор од набиена глина. На овој простор движниот материјал покажува раносредновековни карактеристики[652]. Исто така, овој хоризонт на живеење со куќи од типот на полуземјанки со античка градежна керамика во секундарна употреба, е последен на Скупи. Хронолошки припаѓа во раносредновековниот период (втора половина на VI и ран VII век) и нема траги од насилна девастација[653].

За целосна слика на животот на Скупи во раниот среден век, се очекуваат најновите резултати од истражувањата на некрополите на Скупи, со кои би се дополниле недостатоците во сликата за средновековниот скупјанец и неговото битисување по пропаѓањето на силниот антички град. Секако, со тоа би се увидело и влијанието на Христијанството на градот и неговиот развој. За сега, на градската територија не е откриен керамичен материјал со влијание од блиските производтвени центри, туку на дотогашните доцноантички облици им се додавале словенски декоративни елементи[654], со што се потврдува словенско присуство на овие простори во споменатиот период.

---

650 Корачевиќ Д., Скупи, 157
651 Корачевиќ Д., Скупи, 158
652 за овој факт се повикуваме на препознатливата керамика со декорација со брановидни линии, густо и рамномерно врежани, за која се врзува периодот на раниот среден век
653 Ристески Б., Раносредновековни наоди, 81
654 Ристески Б., Раносредновековни наоди, 81

## 3.Градиште, с. Таор

"...Qui apud Europae ... Dardanos Epidamnians fines excedere proxima Bederiana dicitur turris erat **Taurisium** nomen ferat, unde ortus sit, Iustinianus Imperator, civilis orbis conditor. Hoc ergo in muro minore forma quadratum dispositis turri in singulis angulis, vocari iussit, et, quod est in actu, Tetrapyrgia. Iuxta hunc locum ipse ædificavit civitatem, vocavitque Iustiniana insignem Prima, ita dat se beneficia nutritoris penatibus ... "[655]



*Сл. 20 Градиште, с. Таор*

Според многумина, во Таор е роден царот Јустинијан, како и неговиот вујко Јустин, односно Јустинијан бил родум од местото Таврисиум кај Скопје[656].

Селото Таор се наоѓа на околу 20 км југоисточно од центарот на Скопје, на левиот брег на реката Вардар, каде реката навлегува во Таорската Клисура. Наспроти него се наоѓа Бадер. Населбата се наоѓа на североисточната периферија на селото Таор, поставена на висок рид.

Градот е граден според однапред утврден план и приспособен на теренот. Во основа, има форма на триаголник, со отсечен северен агол. Го сочинуваат акропола и две тераси. Акрополата е поставена на јужната страна на локалитетот, на највисоката и најдоминантната позиција на ридот.[657] На нејзиниот јужен дел се наоѓа кула - бастион, која ги спојува западниот и источниот дел од бедемските партии[658].

[655] " ...Некаде во подрачјето на европските Дарданци, кои живеат зад границите на Епидамнијците, во непосредна близина на кастелот наречен Бадеријана, беше село по име Таврисиј. Тука е роден царот Јустинијан, основачот на светското царство. Укрепувајќи го набрзина ова село со ѕид во форма на четириаголник и подигајќи на секој агол по една кула, создаде четирикулен кастел па така и го нарече Тетрапиргија. Крај него изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима, оддолжувајќи се на тој начин на својата родилка..." - http://www.tauresium.info/lokacija.html

[656] Хаџи Васиљевиħ Ј., Скопље, 30; базирајќи се на Charl Deel, The Cambridge Medieval History II, c.2, Cambridge 1885: "Iustinian, as well as his unce, was born in Macedonia, in the village of Taurisium, near Scoplje"

[657] Ристов К., Архелошки истражувања, 69

[658] Ристов К., Таор 2, 35

Според досегашните истражувања[659] во стратиграфијата на локалитетот, може да се издвојат три населби што егзистирале на истот простор и тоа: праисториска, доцноантичка и раносредновековна.[660]

- Праисториска населба, која поточно му припаѓа на раното бронзено време[661].

- Доцноантичка населба (IV-VI век) која е потврдена преку многу бројните движни археолошки наоди и откриени градби. Најстарите монети откриени на овој локалитет му припаѓаат на Константин I (307-337)[662], што е всушност најстарата историска населба на локалитетот. Во стратиграфијата на оваа населба, јасно се издвојуваат две фази на егзистирање. Првата постоела од IV век па до катастрофалниот земјотрес во 518 година, а втората е по земјотресот па до крајот на VI век.[663] Во оваа фаза на егзистирање на градот, покрај другите објекти, бил изграден и систем за довод и одвод на вода. Како последица од нападите на Словените и Аварите на крајот на VI век, животот во оваа населба замрел.

- (рано) Средновековна населба (IX-XI век) е потврдена преку градежните интервенции на веќепостоечката архитектура и движен материјал. По прекинот од два века, населбата била обновена, односно биле обновени постоечките градби и адаптирани за новите услови. Цела оваа фаза е потврдена со движниот археолошки материјал тука откриен, особено со две монети на Роман I Лакапин (920-944). [664]

Од западната страна на населбата, трасирана речиси целата должина на одбрамбениот ѕид, кој е откриен во должина од 40 м, и ширина од 1,6 м. На него за сега се откриени две надворешни кули.[665]

Во внатрешноста на населбата засега се откриени две градби и една улица.[666]

Улицата е широка 2,60 м, откриена во должина од 20 м. и продолжува кон запад.

Една од градбите се наоѓа јужно од Улицата и е атриумски простор од голема градба од јавен карактер. Нејзиниот под првично бил поплочен со подна тула, која

[659] Благодарност до Кире Ристов од Музеј на град Скопје за помошта и отстапениот материјал
[660] Ристов К., Таор 2, 36
[661] Ристов К., Таор, 224
[662] Ристов К., Архелошки истражувања, 82
[663] Ристов К., Таор, 225
[664] Ристов К., Таор, 226; Ристов К., Таор 2, 41-42
[665] http://www.tauresium.info/gradbi.html
[666] Ристов К., Архелошки истражувања, 72

била најверојатно отстранета во подоцнежно време. Според откриените наоди, како и стратиграфијата на овој објект, сметаме дека градбата настанале прв пат во V или почеток на VI век. Во доцниот VI век била насилно уништена (најверојатно од племенските продори и напаствувања на населбата). Веќе во IX век следела обнова на градбата, но во многу поскромни димензии, а можеби и функцијата на градбата била изменета. Во еден од аглите на градбата е откриена кружна печка за печење леб, а предната страна делумно била затворена со ѕид[667], па сметаме дека во средновековниот период градбата имала функција за производство на печени производи, можеби фурна.

Втората градба се наоѓа северно од Улицата и е составена (засега) од три простории. Нејзината функција сéуште не е дефинирана, но е јасно дека имала јавен карактер. Според поставеноста на градбите свртени кон Улицата, претпоставуваме дека се работи за Пазар односно комплекс на продавници.

За сега, потврдена е доцноантичката некропола (IV-VI век), која се наоѓа на северното, северозападното и југозападното подножје на на Градиштето[668], но средновековната сеуште не е лоцирана.



*Сл. 21 Реконструкција на истражениот дел од лок. Градиште, Таор*

Според Микулчиќ[669], на ова место во антиката прво постоела цивилна населба од отворен тип, но по потребите во доцната антика се изградила фортификацијата. Веќе во VI век кастелот станал репрезентативен град, кој најверојатно бил помогнат од државната администрација. Се смета дека настанал во времето на големата градителска активност на Јустинијан I. Со тоа се согласува и К. Ристов[670], истражувачот на локалитетот, кој смета дека обновата на градот со “државни пари” се

[667] Ристов К., Архелошки истражувања, 76
[668] Микулчиќ И., Скопје, 106
[669] ibidem
[670] Ристов К., Таор 2, 43

случила по големиот земјотрес во 518 година. Веќе во следниот век Градот замрел и мирувал два века, кога во IX век бил обновен во многу поскромни рамки.

Иако не е докажано, сепак неизбежно е да се спомене концидентално поклопување на етимолошките термини од кажувањата на Прокопиј со сегашните имиња на селата Таор и Бадер, во Скопската област, регион од каде и потекнува големиот император Јустинијан I.

## 4. Маркови Кули/Крушче/ Чрнче, Средно Водно

Археолошкиот локалитет Маркови Кули се наоѓа на источната тераса на




Сл. 22 Маркови Кули / Чрнче / Марково Крушче, Водно



Сл. 23 Дворец на лок. Чрнче, Водно

планината Водно, на југоисточната периферија на Скопје, на 4,5 км југоисточно од Скопската Тврдина. Овој потег е познат како Марково Крушче, па така во постарата литература некаде овој локалитет е заведен под овој топоним.

Се работи за рановизантиско градче од јустинијаново време, со силна и сложена фортификација. Средновековниот град кој лежел на оваа позиција (во X-XIII век) е

познат како Чрнче[671] е всушност обновување на рановизантискиот град. Оваа населба служела како збег и последно засолниште за жителите на некој многу важен град, и тоа за многу бројно (повеќеилјадно) население[672], најверојатно на централниот град во областа - Скопје. Обновата најверојатно започнала во X век[673].

Градот е забележан во повелбата на кралот Милутин од 1300 година на манастирот Ѓеорѓи Горг[674].

Утврдениот дел на градот е поставен на три тераси, меѓусебе преградени со кули и порти.[675] Според Микулчиќ[676], обѕидието првично било зајакнато со 35 (односно со 40 кули[677]), широки 10-11, со триаголна или петоаголна основа ии мале неколку ката. На источниот бедем, на неговиот јужен крај се наоѓа порта, која најверојатно била отворна во првичната фаза кога било ѕидано утврдувањето, некаде во VI век. Низ неа се влегувало на средната тераса (среден град), преку двокрилни двени порти. [678] При обновата во X век портата била заѕидана и на сметка на тоа била отворена нова во североисточниот дел.

На највисокиот дел од укрепувањето се наоѓа акропола. На нејзината источната страна била појачана со четири кули со квадратна основа. (види сл. 22) Според наодите, истражувачите сметаат дека овој дел од бедемските партии биле изѕидани (или обновени ) во XI-XIII век.[679] Според Микулчиќ, обновата на збегот се случила во X век на некогашната акропола, при што биле обновени четири кули на источниот ѕид и челниот бастион[680].

Во внатрешноста на акрополата се наоѓаат градбите:

- Цистерна 1

Цистерната имала запремнина од најмалку 2.100 м³ односно има димензии 21 x 9,80 м и длабочина од 6 м[681]. Нејзините ѕидови биле облепени со хидростатен малтер,

---

[671] Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно, 205; Микулчиќ И., Средновековни, 284
[672] Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 37
[673] Микулчиќ И., Средновековни, 286
[674] Микулчиќ И., Средновековни, 290
[675] Микулчиќ И., Нукиљска Н., Маркови Кули, 137
[676] Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 37
[677] Микулчиќ И., Средновековни, 286
[678] Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно, 206-207
[679] ibid, 209
[680] Микулчиќ И., Средновековни, 286-7
[681] Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно, 210

додека нејзиниот под бил обложен со комбинација од хидростатен малтер со црвена боја, камени плочи и големи тули. Водата во градот била доведувана до цистерните од надвор, од западна насока, а преку планинското седло западно од челото на акрополата била преведувана. Со археолошките истражувања во цистерната се откриени наоди (железни клучеви, ѕвонец) со хронолошка припадност во VI век[682].

- Цистерна 2

Внатрешноста на цистерната е голема 13 x 7,60 м, со длабочина од 6 м. Внатрешноста на градбата имала хидростатна изолација. Била покриена со кров од тегули од комненски тип, што е всушност обнова на рановизантиската цистерна во средниот век. Подот има силна хидростатна супструкција од црвен малтер и цепени камени плочи.[683]

- Водоводни цевки

Доцноантичкиот кастел и средновековно Чрнче биле снабдувани со проточна вода, носена однадвор преку водоводен систем на цевки. Со сондажни истражувања откриени се канали (А, Б, В и Д), градени од тубуси. Хронолошки припаѓа на VI век, со настанокот на градот, но се потврдува дека истите биле користени во VII век[684], како и во периодот на средновековно Чрнче.

- Средновековен басен

Се наоѓа на просторот меѓу една од квадратните кули и цистерна 1. Има овална форма со димензии 3 x 2,20 и длабочина 0,45 м. Според истражувачите, басенот е формиран во почетокот на обновата на средновековно Чрнче, во предкомненскиот период.[685]

- Византиска бања

Се наоѓа на просторот меѓу јужниот градски ѕид и цистерна 2. Првобитно настанала во доцната антика и служела како складиште. Во средновековниот период, градбата била адаптирана во бања[686], најверојатно во времето на Комнените (судејќи

---

[682] Од археолошкото богатство, бр. 729, 730, 731)
[683] Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно, 213
[684] Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно, 214-215
[685] ibid, 215
[686] ibid, 216

по наодите на луксузна керамика). Била подигната врз остатоците на еден магацин од VI век и имала специфичен систем на затоплување одоздола[687].

- Дворец

Се наоѓа во средишниот дел на акрополата. Има правоаголна основа, со димензии 22,5 x 12 м. Медиумот на градбата е малтер. Ѕидовите биле украсувани, а подот бил малтерисан. Градбата имала три простории во една низа и еден трем пред нив по нивна должина. Од надворешната страна , на северозападниот агол на тремот имало санитарен јазол. Градбата дефининитивно е репрезентативна и најверојатно му припаѓала на некој локален големец. Според наодите откриени во неа (глеѓосана и градежна керамика), градбата е датирана во XII век.[688]

- Воени бараки

На просторот до челната кула, одвнатре, при истражувања биле откриени траги од две дрвени градби, потпрени на бедемот. Подот бил нивелиран лапорец, а дрвените ѕидови имале 2-3 редови камени темели. И кровната конструкција била дрвена, со керамиди од т.н. комненски тип.[689]

Во текот на сите ископувања, беа откриени голем број наоди:

- монети, најбројни се оние од крајот на VI век
- фрагменти од глеѓосана византиска луксузна керамика од XII век, декорирана во сграфито техника. Голем дел од откриените фрагменти се декорирани со флорални мотиви, но има и примероци со сликани претстави на птици. На дел од примероците орнаментиката била втисната во влажната глина пред да биде боена, што покажува припадност или влијание од произвотствениот систем на Скопско Кале. Голем дел од фрагментите се откриени во Бањата. На нив има претстави на рајски птици и раскошна флорална декорација.
- фрагменти садова керамика со влијание на словенските работилници од XI-XIII век
- метални наоди, како клучеви, алатки за делкање дрво, со хронолошка припадност во VI-VII век

---

[687] подетално кај Микулчиќ И., Средновековни, 288
[688] Микулчиќ И., Средновековни, 289
[689] ibid, 290

• Накит, од кој најбројни се фибулите, со хронолошка припадност во VI-VII век. Во цистерна 1 се откриени: златна обетка, златни украси, зрно бисер, појасна тока, тип сучидава[690], како и една доцносредновековна тока- пафта со декорација розета.

• фрагменти од стаклени садови во различни форми, големини и бои на стаклото, со хронолошка припадност во VI-VII век

• оружје, од кои голем број на стрели, со хронолошка припадност во VI-VII век, но некои најверојатно припаѓаат и на подоцнежниот средновековен период.

• неизбежно е да се спомене огромниот број метален градежен материјал кој квантитативно вбројува завидна колекција на десетина типови на клинци во различно форми и големини, со различна функција.

## 5. Давина Кула Чучер

Локалитетот Давина Кула, се наоѓа на висок рид на влезот на Качаничка Клисура, на 3 км југозападно од селото Чучер и 8 км од Скупи. Тука, на површина од 3,4 ха се наоѓа град доцноантички - рановизантиски, чие име сѐуште не и е познато на науката.


Сл.24 Давина Кула, Чучер

При првите истражувања констатирани се четири хоризонти на живеење, меѓу кои и еден во рановизантискиот период од VI век, и последната фаза на живеење во средниот век во IX-XI век.[691]

Градот на Давина Кула имала горен град (акропола, позната и како Маркова Кула) и долен град (подградие, познато како Давина и Стар Пазар). На северниот дел од долниот град иако се сметаше дека има порта[692], сепак со контролна сонда на тој дел такво нешто не се констатира[693].

[690] Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно, сл 7, 213
[691] Лилчиќ В., Станчевски И., Ивановска С., Николовска А., Давина Кула, 17
[692] Микулчиќ И., Скопје, 109

Во двата дела градот се наоѓа по една базилика. Горната е нумерирана како Базилика I, а долната како Базилика II. Во подградот при кратките археолошки истражувања идентификуван е и форум.

- Базилика I

Градбата се наоѓа во централниот дел на акрополата. Градбата била многу девастирана од нелегални прекопувања. Се работи за еднокорабна базилика која на западната страна има само нартекс, без никакви анекси. На западната страна има еднoделен влез, а во северозападниот агол на нартексот биле дополнително изѕидани скали со четири скалила кои воделе кон галерија над нартексот[694]. Градбата е со хронолошка припадност во ранохристијанскиот период, и тоа првата фаза од времето на Валеријан (375-392) до втората половина на V век. Втората фаза некаде по големиот земјотрес во 518 година[695], кога градбата била обновена. Во оваа фаза најверојатно се направени скалилата.



*Сл. 25 Базилика I, Давина Кула, Чучер*

- Базилика II

Објектот се наоѓа во централниот дел на долниот град на Давина Кула. Се работи за ранохристијанска базилика од крајот на VI и почеток на VII век.

Во основа има крстовидна форма, иако во првичните публикации за овој град се наведува дека се работи за трикорабна базилика[696]. Нејзините димензии изнесуваат 20,12 м x 15,90м.



*Сл. 26 Базилика II, Давина, Чучер*

Крстообразноста на градбата и ја даваат анексите во источната половина кои имаат улога на ѓаконикон и проскомидија. Исто така, во нартексниот дел има анекси, кои се идентични по големина и форма со оние на источната страна.

За жал, поради девастираноста на објектот, не се откриени in situ ниту под, ниту олтарната преграда. Голем дел од инвентарот на градбата се откри во наосот на

---

693 Лилчиќ В., Давина Кула Чучер, 37
694 Лилчиќ В., Давина Кула 2000, 32
695 Лилчиќ В., Давина Кула 2000, 36
696 Микулчиќ И., Скопје, сл. 62

базиликата, расфрлан во фрагменти низ градежен шут. Забележливо беше дека каменот мебел бил намерно кршен[697]. Во шутот и околу градбата се открија бројни фрагменти архитектонска камена пластика. Таа носи декоративни елементи со христијанска тематика: крстови во сите варијанти.

- Форум

На поширок правоаголен простор, северно до Базилика II, се наоѓа т.н. форум или Градски плоштад. При истражувањата откриен е движен материјал со хронолошка припадност во VI век[698].

Градот што се наоѓаа на денешна Давина Кула, како во доцноантичкиот период така и во средновековието, служел како стража на влезот во Качаничката Клисура, на патот кон Скопје. Во полниот среден век можеби бил и една од енориите на Скопската епископија, спомнати во повелбата на Василиј II од 1019 година[699].

Горенаведените и опишаните не се единствените средновековните локалитети во скопско, но сепак се издвојуваат по квантитетит на материјалот откриен таму, како и тематската компатибилност на истите со оваа тема. Во скопско се наоѓаат и следниве средновековни локалитети[700]:

## 6. Црквиште, с. Арачиново

Се наоѓа 1,5 км с/и од селото[701], на т.н Арачински Рид, на најјужните ограноци на Скопска Црна Гора. При орање во плантажите, откриена (а при тоа и уништена) голема ранохристијанска црква, градена од камен со малтер и примена на градежна тула[702].

[697] Лилчиќ В., Давина Кула Чучер, 37
[698] Лилчиќ В., Станчевски И., Ивановска С., Николовска А., Давина Кула, 33-34
[699] Микулчиќ И., Средновековни, 311
[700] списокот што следи е направен според азбучен ред на населбите во чиј атар припаѓаат локалитетите
[701] Лилчиќ В., Илјоска В, Каталог, 21
[702] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 112

**7. Смрѓец (Дрма), с. Бадер**



*Сл. 27 лок. Смрѓец (Дрма), с. Бадер*

Градиштето е лоцирано на 1,5 км северно (северозападно) од селото[703], на десниот брег на Пчиња, на висока тераса, на 32 км од Скупи. Се протега на површина од 280 х 170 м. Тука лежи значаен римски кастел, но меѓу доцноантичките градби се наоѓа и една ранохристијанска црква[704], која допрва треба да се истражи. Еванс го има забележано како Бадерско Кале.

Локалитетот е поделен на два дела: кастел и северна половина.[705] Кастелот има силно обѕидие, најсилен е на јужната страна. Долг е 1440 м и се протега во правец З-И. Зафаќа површина од 1,4 ха. Во внатрешноста на утврдувањето се наоѓаат темели од неколку градби, и тука меѓу нив се наоѓа ранохристијанска базилика, претпоставена според расфрланите делови од бел мермер[706].

Северната половина на локалитетот е подоцнежно изграден, најверојатно некаде во IV век и служел како прислужна населба на кастелот.

Веруваме дека на ова место лежи римската попатна станица Президиум, која е првото забележано место после Скупи на Tabula Peutingeriana. Имено, на XXI милји од Скупи се наоѓала станица Praesidium[707], која се поклопува со локацијата, па и функцијата на овој кастел. Кастелот се наоѓал на самата граница меѓу Дарданија и Македонија. Според истата карта, овој објект може да биде фрурионот Бадериана[708].

**8. Селиште, с. Бањани**

Во општина Чаир на 4 км северозападно од селото се наоѓа населба од средниот век.[709] Во нејзин склоп евидентирана е и црква посветена на Св. Јован.

---

[703] Лилчиќ В., Илјоска В, Каталог, 21
[704] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 112
[705] опис според Микулчиќ И. Скопје, 68-71
[706] ibid, 69
[707] Микулчиќ И., Таурисион и Бадериана, 104
[708] ibid, 105
[709] Евиденција на НКЦ, во оп. Чаир, под р.бр. 182, 4-837-001/11 ЕНД

**9. Црквен Рид, с. Бардовци**

Се наоѓа во самото село[710]. Се смета дека ова е дел од некрополата на Скупи, во чиј склоп се наоѓала и гробјанска црква.

**10. Градиште - Кале (Каља), с. Барово**

Се наоѓа на 2 км северно од селото, на ртот на планината Водно, на висока купа на западниот крај[711]. Од највисокиот дел може да се види Скопје, Тетово и некои други села и населби.



Сл. 28 Градиште - Кале (Каља), с. Барово

Утврдувањето има триаголна основа, со отсечен јужен дел. Ѕидано е од кршен камен - варовник врзан со цврст малтер. Во склоп на овој силен доцноантички и рановизантиски кастел, меѓу темели на бројни градби за живеење, се наоѓаат темели на базилика. Таа е позиционирана на доминантна позиција, има правоаголна основа, димензии од околу 20 x 30 м, апсида на искок, со доѕидани анекси на јужната страна во подоцнежнен период. Исто така, во склоп на градиштето се наоѓа цистерна за вода.

Тука имало активен живот во римскиот период [712]. Во овој силен доцноантички и рановизантиски кастел се живеело добро и богато во периодот на V-VI век[713].

Селаните, од преданијата на постарите, раскажуваат дека тука се наоѓало градче.

**11. Кале, с. Брњарци**

Тоа е населба од доцната антика и средновековниот период и се наоѓа на 500 м северозападно од селото. Се протега на површина од 107 x 40 м. На терен се препознаваат делови од бедем, со ширина од 1,5-2 м.[714]

---

[710] Грујић Р., Скопска митрополија, 5, сл 2
[711] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 114 и Микулчиќ И., Скопје, 71-72
[712] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 141
[713] Микулчиќ И. Скопје, 72
[714] Евиденција на НКЦ, во оп. Гази Баба, под р. бр. 7, 4-833-007/29 ЕНД

**12. Стари Лозја, с. Бунарџик**

Заведена е како населба од доцната антика и среден век[715]. Се наоѓа на 500 м југоисточно од селото. Од направените рекогносцирања на теренот во мај 2011 година се забележува широко пространство на населбата што може да се претпостави дека дека се протегала на околу 2-3 ха површина.

**13. Јазбине, с. Бунарџик**

Евидентирано е како населба со хронолошки распон од римскиот, преку доцноантичкиот период па и во средниот век. Се наоѓа на 500 м северозападно од селото и е распослана на површина од околу 1 ха[716].

**14. Црквиште, с. Бучинци**

Се наоѓа на 1,5 км северно од селото. Заведена е како населба со црква од средновековниот период[717], која лежи на три тераси.

**15. Св. Димитрија и Киша, с. Вртекица**

Во Шелско Маало се наоѓа муслиманска текија со девет гроба, изградено пред 130 години врз темели на средновековен сакрален објект. Според преданието, градбата била посветена на Св. Димитриј[718]. Во близина на црквата, наспроти училиштето, се наоѓа средновековна некропола, гробови од тип цисти со големи димензии, позната како Киша[719] (што на албански јазик значи црква).

---

[715] Евиденција на НКЦ, во оп. Илинден, под р бр. 27, 4-833-010/32 ЕНД
[716] Евиденција на НКЦ, во оп. Илинден, под р бр. 26, 4-833-010/31 ЕНД
[717] Евиденција на НКЦ, во оп. Илинден, под р. бр. 29, 4-833-011/35 ЕНД
[718] Археолошка карта II, 376 (кат.ед.В.Л.)
[719] Евиденција на НКЦ, во оп. К. Вода, под р. бр. 122, 4-835-005/20 ЕНД

**16. Аквадукт, с. Визбегово**



**Сл. 29 Најстарата слика на Аквадуктот според Е. Браун, 1673 г.**

Кај селото е сочуван дел од византиски аквадукт со 42 (43) сочувани арки, од 55 колку што се претпоставува дека имал[720]. Тој се движи по блага падина. Дел од истиот се наоѓа во склоп на касарната Илинден. Тој е огромен и монументален објект, кој најверојатно спроведувал вода од Скопска Црна Гора до градот на Скопското Кале. По неговото круниште водел ѕидан канал за вода.

Водоводната жила е откопана на неколку места во линија што водела од Скопска Црна Гора (каптажа кај Сандево) до просторот кај Француски гробишта[721]. Тоа уште еднаш потврдува дека водата била носена до Скопското Кале.



Сл. 30 Аквадуктот кај Визбегово

Првите пишани записи за постоењето на Аквадуктот датираат од 1566 година, кога анонимен патеписец вели дека во скопските градски бањи дотекува вода од некој стар аквадукт[722]. Стотина години подоцна, Евлија Челебија во своето дело "Патепис на Евлија Челебија", објавен во Турција во 1661 и 1670 година,

[720] Петров К., Акведукт, 8
[721] Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 37
[722] Петров К., Акведукт, 8

вели: "...сите води што се распоредени во градот по зградите на јавните установи се донесени од реката што тече од качанскиот град..."[723] Ова значи дека Челебија не го ниту видел ниту препознал аквадуктот. Но, неговиот современик, патеписецот Браун (Brown E.), ја дал првата слика на Аквадуктот со натпис: "Аквадукт близу Скопје"[724]. Истиот за аквадуктот запишал дека е величенствена и прекрасна старина[725]. И подоцна во повеќе наврати е спомнуван аквадуктот, со сите оние промени што му се случувале во текот на вековите[726]. Вода во Аквадуктот течела се до 1913 година[727].

За датирањето на овој монументален споменик, и после цел еден век откако станал интерес на истражување за многу научници, сепак не се знае со точност во кои рамки припаѓа. Според Дероко, тој е продолжување на стара римска градба во византиски стил, кој прво го снабдувал римскиот град Скупи, а во VI век Јустинијан го обновил[728]. А. Еванс, проучувајќи ја цела скопска околина дал свое мислење дека Аквадуктот е всушност византиска градба со турска реконструкција[729], без да даде поткрепа на своето тврдење. Вредно е да се споменат мислењата на Чремошник[730] и Месеснел[731] кои сметаат дека градбата е рановизантиска. Со тоа се сложува и Хаџи Васиљевић,[732] кој основајќи се на Прокопиј, вели дека "во 535 година Јустинијан го соѕидал Скопје и водовод, па во Скопје довел протечна вода во изобилие". Со истото се сложува и Радојчиќ, кој смета дека "големиот водовод" е од рановизантискиот период[733]. И. Микулчиќ, според ѕидаријата и пишуваните помени од XVI век, го определува како рановизантиски[734]. Истиот смета дека аквадуктот бил преправен во турскиот период и носел вода до Мустафапашина џамија[735].

723 Čelebija E., Putopis, 136
724 Brown E., Travels, 48
725 Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 133
726 детални описи за сета постоечка литература за овој споменик дава Петров К. во Аквадукт
727 Петров К., Акведукт, 6
728 ibid, 12 повикувајќи се на статија А. Дероко во весникот Илустована политика од 1958 година, бр. 2, под наслов „Стари Римјани трошили су много воде"
729 Evans A.J., Researches, 148
730 Чремошник. Г., Јужна Србија, 11
731 Месеснел Ф., Византиски споменици, 346
732 Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 133
733 Радојчић С., Старине. 9
734 Микулчиќ И., Средновековни, 300
735 Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 37

Сепак, К. Петров ги отфрлува сите до тогаш заклучоци, на фактот дека Аквадуктот не би можел да го преживее страшниот земјотрес во 518 година[736], значи не може да биде римски, ниту пак постоел средновековен град на кој му требал аквадукт[737] и го определува како турски[738], повикувајќи се на информација на Челебија[739], со уште попрецизна датација во XVI век. И Ѓ. Бошковиќ дава свое мослење дека Аквадуктот не би можел да му припаѓа на полниот среден век, туку најрано во XV век[740].

Ако Аквадуктот носел вода на Акрополата на средновековно Скопје, односно на Скопско Кале, тогаш не станува збор за рановизантиска фаза, бидејќи на Тврдината не е откриен рановизантиски (раносредновековен) град. Доколку постои послеримска фаза на градбата, а пред турската реновација во XV век, тогаш таа може да се врзе најрано со големата обнова на градот во XII век во Комненскиот период, или на таа од XIII век во време на владеењето на српската династија.

**17. Вучидол, с. Волково**

Во 1958 година Музеј на Македонија вршеле заштитни истражувања на локалитетот и при тоа е откриена мала ранохристијанска базилика. Истата е превентивно конзеравирана[741]. Во 1975 година Блага Алексова повторно вршела археолошки истражувања.[742]

**18. Куќетини, с. Глуво**

Локалитетот е заведен како населба од ран среден век. Се наоѓа на 800 м северозападно до селото, во Скопска Црна Гора. При случајни околности откриени се три големи јами во непосредна близина на наоѓалиште за вар. Ѕидовите на јамите биле облошени со издупчена глина. Во нив има видливи траги од силен оран, па затоа

---

736 Петров К., Акведукт, 14-15
737 Петров К., Акведукт, 16-17
738 ibidem, 19
739 Čelebija E., Putopis, 34
740 Бошковић Ђ., Архитектура, 340
741 Локалитетот е заведен во Евиденција на НКЦ, во оп. Илинден, под р бр. 60, 4-834-023/17 РНД
742 резултатите не ни беа достапни

истражувачот смета дека јамите се всушност печки за произведување вар[743]. Во една од јамите отркиени се фрагменти од глеѓосана византиска керамика со сликани спирални мотиви, датирани во XII век[744]. Неизбежно е да се поврзат овие наоди со работилничкото производтво на Скопското Кале. На 200 м од овие јами се наоѓаат урнатини од повеќе стамбени објекти, можеби од средновековниот период.

Според М. Билбија, тука се работи за место каде е воспоставен систем за производство на вар[745]. Истиот смета дека продуктите биле користени при живописување на манастирските комплекси во околината.

**19. Орашец, с. Глумово**

Локалитетот се наоѓа на 2 км ј/и од селото. Со рекогносцирање, заведени се темели од ранохристијански објект, околу кој се расфрлани фрагменти од архитектонска камена пластика[746]. Дел од камената пластика е префлен во дворот на соседната црква Св. Никола.

Базиликата е ѕидана од камен со малтер, а во ѕидаријата вградувани се и големи тули. Подот е покриен со тули.[747]

**20. Манастириште, с. Говрлево**

Во 1956 година, при обработка на земја случајно биле откриени средновековна населба и некропола. Се наоѓаат југоисточно од селото, на патот кон селото Осинчани. Освен дел од изрушена архитектура, откриени се остатоци од гробни конструкции[748].

---

743 Билбија М., Нови наоди, 134
744 Ibidem
745 ibidem
746 Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, стр 114; Лилчиќ В., Илјоска В, Каталог, 23
747 Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, стр 114
748 Археолошка карта II, 367 (кат.ед.В.Л.)

## 21. Св. Илија, с. Говрлево

Североисточно до селото, на ридчето наречено Илин Брдо, пред околу 70 години изградена е црква врз темели на средновековен сакрален објект. Црквата е посветена на Св. Илија[749].

## 22. Градиште, с. Говрлево



*Сл. 31 Градиште, с. Говрлево*

Се наоѓа на 600 м северно од селото, кон селото Сопиште. Се работи за утврдена населба од римскиот период - викус, која продолжила со битисување во ранохристијанскиот период. Бедемот е ѕидан од кршен камен и варов малтер. Акрополата се протега на 2 ха[750]. Населбата е утврдена со два одбрамбени ѕидови.

Со рекогносцирање на теренот, забележани се темели од ранохристијански објект и фрагменти архитектонска камена пластика.[751] Црквата се наоѓа на југоисточното плато. Тоа е голема трикорабна базилика, со триаголна апсида на исток и правоаголна припрата на запад, што би можело да биде и атриум. Долга е 34 м., а широка околу 13 м. Ѕидана е од големи камења - изделкани квадери, врзани со малтер.[752]. При обработка на земјата во минатото, селаните однеле голем дел од инвентарот на црквата во селото. Микулчиќ[753] ја датира во V век. Тука живот во VI век веќе немало, бидејќи населението заминало и населило друго (блиско) место - можеби Градиштето Барово. Во склоп на градиштето се наоѓа и една цистерна од римски период.

---

[749] Археолошка карта II, 368 (кат.ед.В.Л.)/ Евиденција на НКЦ, во оп. Кисела Вода, под реден бр. 125, 4-835-006/23 ЕНД
[750] Евиденција на НКЦ, во оп. Кисела Вода, под реден бр. 123, 4-835-006/21 ЕНД
[751] Лилчиќ В., Илјоска В, Каталог, 23
[752] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 116
[753] Микулчиќ И. Скопје, 76

**23. Манастириште, с. Горен Грчец**

Се наоѓа на 2 км северно од Сарај односно југоисточно од селото. Таму со рекогносцирање е препознаена населба од среден век[754], како и еднокорабна базилика во темели и архитектонска камена пластика внатре во локалната џамија.[755]

**24. Лозов Рид, с. Горно Свиларе**

Некропола од среден век. Се наоѓа на 1 км североисточно од селото.[756] Во склоп на некрополата има и темели од објект, најверојатно гробјанска црква.

**25. Кале (Градиште), с. Горно Свиларе**



*Сл. 32 Кале (Градиште), с. Горно Свиларе*

Локалитетот се наоѓа на висок, конусен рид, што е на самиот влез во клисурата на реката Вардар кон Радуша т.е. Тетово, на 2 км од селото. Има извонредно доминантна положба над широката околина. На мало зарамнето плато во раниот VI век бил подигнат цврсто утврден кастел за мала воена единица, која го штитела влезот во скопската котлина. Има елипсовидна форма и димензии 80 x 60 м. Ѕидовите се јаки и ѕидани од кршен камен со цврст малтер. Во внатрешноста има темели од неколку градби: цистерна за вода, мали простории (најверојатно за сместување на војската), мал плоштад, а централно се наоѓала мала ранохристијанска базилика со димензии 12 x 6 м.[757]

**26. Куќиште, с. Дивље**

Средновековна населба на 2-3 км североисточно од селото.[758] На терен се забележува утврдување во чиј склоп се надѕираат темели од повеќе градби.

[754] Евиденција на НКЦ, во оп. Кисела Вода, под реден бр. 124, 4-835-006/22 ЕНД
[755] Лилчиќ В., Иљоска В, Каталог, 24
[756] Евиденција на НКЦ, во оп. Карпош, под реден бр. 63, 4-834-001/18 ЕНД
[757] Лилчиќ В., Базилики, 70
[758] Евиденција на НКЦ, во оп. Петровец, под реден бр. 37, 4-833-016/36 ЕНД

**27. Рид (Јазинец), с. Добри Дол**

Во близина на селото, на неговата јужна периферија се наоѓаат остатоци од ранохристијански верски објект, ѕидан со секундарно употребена римска градежна керамика. [759]

**28. Депо на монети, с. Долно Коњари**

Се работи за случајно откриено депо на монети, што брои околу 2400 бакарни скифати од XII-XIII век[760].

**29. Пеленица - Манастир, Драчево**

Локалитетот е лоциран на 3 км ј/з од Драчево и 10 км југоисточно од центарот на Скопје, на висока тераса која доминира над долината на Маркова Река.

Според натпис на мермерен крст, тука била подигната црква посветена на светиот град Јерусалим од страна на Светозар Ѓорѓевиќ во 1936 година[761].



*Сл. 33 Пеленица-Манастир, Драчево*

Според преданието, на ова место се наоѓал манастир кој бил посветен на Св. Ѓорѓи, бил голем манастир, но некаде во XVIII век целосно пропаднал, а манастирскиот имот бил разграбан од тогашните турски големци[762]. Темели од повеќе градби биле видливи над земја до пред 100-тина години. Таму се откриени темели од ранохристијанска базилика.[763] Имено, мештаните под надзор на тогашниот директор на Скопскиот

[759] Евиденција на НКЦ, во оп. Кисела Вода, под реден бр. 131, 4-835-012/28 ЕНД
[760] Археолошка карта II. 368 (кат.ед.Ј.К.)
[761] Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, 115
[762] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 464
[763] Лилчиќ В., Иљоска В, Каталог, 26

музеј Р. Грујиќ, откриле базилика и ротонда со мозаични подови[764]. Од тогаш кај мештаните останало името Манастир - Манастириште.

Градиштето е опфатено со одбрамбен ѕид во должина од 190 м, сочинувајќи неправилен четириаголник на површина од 1,5 ха. Нетипичното обѕидие има ширина од 1,6-1,8 м и било појачно со неколку кули. Во внатрешноста се наоѓаат неколку објекти. Меѓу нив се наоѓа голема градба со две простории. Јужно до неа се наоѓаат темели од христијански сакрален објект. Ранохристијанската базилика имала подни партии од мозаик, како и богата каменопластична декорација. Има димензии 20х12 м.

Во склоп на локалитетот т.е во северозападниот агол на градиштето се наоѓаат темели од ротонда. Таа има основа на правилен круг, со многу дебели ѕидови. Пречникот изнесува 14,50 м и има под со мозаик од ситни каменчиња. Иако се сметаше дека градбата има верски карактер, сепак со ископувања е докажан нејзината профана функција[765], како репрезентативна хала во склоп на палата.

**30. Црквиште, Драчево**

На западниот дел од населбата Драчево се наоѓаат темели од ранохристијанска базилика[766], ѕидана од кршен камен врзан со бел малтер. Околу неа, случајно при обработка на земјиштето се откриени гробови на христијански покојници (со ориентација З-И), кои хронолошки припаѓаат на полниот среден век.

**31. Љубуш, Драчево**

На 3 км југозападно од селото се наоѓа римско утврдување. Во неговата внатрешност се откриени две ранохристијански цркви - ротонди[767].

**32. Црквиште, Зелениково**

На само 1 км јужно од центарот на селото, на 2 км северозападно од железничката станица, се наоѓа мал рановизантиски кастел во форма на делтоид со 7

[764] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 98
[765] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 118
[766] Микулчиќ И, Ранохристијански базилики, 116; Лилчиќ В., Иљоска В, Каталог, 26
[767] Археолошка II, 370-371

кули, кои имале правоаголна основа. Влезови најверојатно има два, по еден на источната и западната страна, мали потерни. Долг е 110 м и широк 55м[768].

Во јужниот дел на кастелот се наоѓа христијанска црква. Црквата е градена врз средишниот дел на ранохристијанска базилика, чија апсида се издига врз средновековсната тристрана апсида. Јужниот брод е адаптиран во средновековен трем. Средновековната црква била еднокорабна. Ранохристијанската градба имала атриум на запад[769], а во основата е трикорабна базилика, со димензии 22 х 12 м.


Сл. 34 Црквиште, с. Зелениково

Во склоп на кастелот, чија површина е околу 110 х 55 м, се препознаваат темели на неколку помали градби[770].

Некрополата на градот се наоѓа веднаш под кастелот на неговата југозападна страна. Тука се наджирнуваат гробови со ориентација З-И со констукции од камени плочи.

**33. Кале Градиште, с. Катлановска Сушица**

На 2-3 км северно од селото се наоѓа утврдена средновековна населба, изградена врз доцноантичка.[771]

**34. Маркови Кули, с. Кожле - Кастелот кај Пчиња**

Се наоѓа на карпест рид 70 м над Пчиња, на 1,6 км источно од с. Кожле и 1,2 км јужно од Летевци, на 3 км пред устието на Пчиња во Вардар, на самиот автопат од Скопје до Солун, на 26 км од Скопје. Со последните истражувања локалитетот е именуван како Кастелот на Пчиња. Кастелот е поставен на највисока точка, со неправилно овална форма и масивна кула на источниот крај

[768] Микулчиќ И. Скопје, 89-91
[769] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, стр 112
[770] Евиденција на НКЦ, во оп. Кисела Вода, под реден бр. 143, 4-835-019/34 ЕНД
[771] Евиденција на НКЦ, во оп. Петровец, под реден бр. 50, 4-833-034/51 ЕНД

Во ранохристијанскиот период (IV-VI) и во VII век, населбата како кастелиот, имала стратешко значење за контрола на патот Скупи - Солун кој поминуват оттука. Веќе во VII век, христијанското население подигнало христијански објект, кој се наоѓа во северниот дел на кастелот. Централниот дел бил користен во секојдневието, па таму се наоѓале трговски и работилнички објекти. Населбата била нападната при варварските наези, после што била напуштена.

Во средниот век тврдината е изградена целосно и одново, во три градежни фази. Првата обнова следела во XI век од страна на византиски наместнисници. Втората фаза најверојатно е изѕидана во доцен XII-XIII век[772]. Во внатрешноста постоела средновековна градба со димензии 24 х 6 метри, чиј сутерен е потпрен на јужниот ѕид. Наспроти неа стоела уште една градба. Надвор, на падината северно и источно се простирал стопански дел исто така укрепен со малтерно обѕидие, зајакнато со три кули, на површина од 153 х 55 метри.



*Сл. 35 Кастелот кај Пчиња - Маркови Кули, Кожле*

На западниот бедемски ѕид стои тесна правоаголна кула, најверојатно изѕидана доцен XIII или XIV век, што ја претставува третата фаза на градење на кастелот. На источниот ѕид исто така се наоѓа една кула и една полукула[773].

Инаку, градот Кожле е спомнат во српските црковни повелби од времето на Стефан Душан. Со него управувал кефалија[774], што значи дека во својата трета градежна обнова бил кралска (државна) тврдина. Го контролирал Вардарскиот пат во овој предел, воедно претставувал и гранична стража кон Византија.[775]

[772] Микулчиќ И., Средновековни, 291-292
[773] Микулчиќ И., Скопје, 292
[774] градот Кожле имал своја кефалија (Томоски Т., Скопје, 70)
[775] Микулчиќ И., Средновековни, 292

На 1 км јужно од кастелот, делумно вѕидана во пештера, се наоѓа црква. Според Микулчиќ[776], била подигната во времето на Душан, која со обновувањето во XVI век била посветена на Богородица. Во изворите се вели дека црквата е посветена на Св. Никола во XIII-XIV век. Била изградена од кралот Милутин[777], подоцна срушена и нејзиниот имот бил разграбан. Според Грујиќ[778], царица Јелена, сопругата на цар Душан дала да се обнови манастирот, во исто време кога нејзиниот сопруг обновил неколку познати манастири на територија на Македонија. Во 1366 година манастирот бил обновен од страна на серскиот митрополит Јаков[779], на молба на царица Елена[780] која подоцно и му го дала на доживотно користење. По смртта на митрополитот Јаков, манастирот преминал под власт на Архангеловиот манастир во Призрен[781].

Во склоп на манастирскиот комплекс се одвивал активен живот не само на светите отци туку и на локалното население, задолжените граѓани-зависници, па дури и на минувачите. Се бавеле со земјоделство, занаетчиство (ковање и златарство) и грнчарство. Во 1353 година за оваа црква издадена е грамота на Стефан Душан на серскиот митрополит Јаков[782].

Во близина на црквата, во карпата била ископана и испосничка келија, со арка на влезот, украсена со керамопластика[783].

### 35. Римска Црква, с. Љубанци

Локалитетот лежи на 3,5 км североисточно од селото, длабоко во планинскиот масив. На доминантна позиција се наоѓаат темели од голема градба со ориентација И-З. Се смета дека се работи за ранохристијански сакрален објект. [784]

---

776 Микулчиќ И., Средновековни, 292
777 Славева Л., Мошин В., Српски грамоти, 77
778 Грујић Р., Скопска митрополија, 140
779 Томоски Т., Скопје, 66
780 Славева Л., Мошин В., Српски грамоти, 77
781 Славева Л., Мошин В., Српски грамоти, 78
782 Славева Л., Мошин В., Српски грамоти, 77-78
783 Микулчиќ И., Средновековни, 292
784 Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 123

**36. Касановац, с. Љубанци**

На околу 500 м западно од селото се наоѓат темели од средновековна црква, мала и еднокорабна, ѕидана од камен и кал.[785]

**37. Кула, с. Љубанци**

На околу 4 км северно од селото се надѕира населба од среден век која била укрепена. При рекогносцирања на теренот установени се делови од бедемски партии[786].

**38. Марков Град, Матка**

Месноста Марков Град лежи на северниот крај на долгата клисура на реката Треска, на 2 км југоисточно од Матка. Се протега на стрмен гребен, на 380 м високо над реката.

Марков Град на Матка е еден од манастирските локалитети на територија на Република Македонија, кој како целина што вклучува и манастирско утврдување се изделува како комплекс од повеќе градби[787].

Градот не е настанат спонтано, туку бил однапред планиран со определена задача да се чува западниот предел на скопско.

Се работи за простор ограден во бедемски партии во чиј склоп се наоѓаат пет цркви[788]. Воглавно се изградени во XIV век и ја претставуваат "нашата Света Гора во минијатура"[789].

Градот егзистирал и на почетокот на турското средновековје, односно во XV и XVI, но во значително намален обем.

Значи, на 2 км од селото, високо на карпите откриени се остатоци од тврдина - кастел од доцноантичкиот период и од средновековниот период, со прецизна датација

[785] Евиденција на НКЦ, во оп. Чаир, под реден бр. 197, 4-837-009/21 ЕНД
[786] Евиденција на НКЦ, во оп. Чаир, под реден бр. 198, 4-837-009/22 ЕНД
[787] вакви значајни манастири од укрепен тип наоѓаме на Хиландар, како најтипичен пример (Лилчиќ В., Марков град, 285)
[788] Според С. Николовска „во живописната клисура на реката Треска се наоѓаат шест манастири" (Николовска С., Матка, 425)
[789] Лилчиќ В., Марков град, 286

во XIV век[790]. Имено, во XIV век била обновена доцноантичката акропола односно рефугиум од V-VI век[791].

Тврдината имала форма на неправилен триаголник, со површина од 0,25 ха[792], додека западното подградие било н површина од 0,50 ха. Обновеното обѕидие е сочувано. На западната страна има остатоци од вовлечена порта, што најверојатно бил главниот и единствениот влез во тврдината. Крај неа се наоѓала кула за набљудување, сега слабо сочувана. Северниот ѕид, кој е најсочуван, затворал мала тераса со неправилна форма. Крај бедемот се надѕираат објекти. Во средишниот дел се наоѓа зарамнето плато, а на него се наоѓаат два објекти:



*Сл.36 Св. Недела, Матка*

Малата манастирска црквичка ***Св. Недела*** се наоѓа на централното плато на акрополата. Тоа е еднокорабна градба со мала купола централно поставена. Има правилна ориентација И-З. Апсидата однадвор е тространа, а од внатре полукружна. Северно и јужно од неа има две мали полукружни ниши, одозгора покриени со мали полукалоти. Сочувана е само една арка на исток и нејзината височина изнесува 4,12 м. Влезот бил на западната страна, кој е изменет при неговата санација. Градбата била ѕидана од кршен и приделкан камен со користење на градежна керамика во секундарна употреба.[793] Долга е 6,50 м, а широка 4,05 м. Северната страна на градбата е прислонета на карпа. Од она малку што е останато од живописот, со анализите и истражувањата уште на средината на XX век, учените сметаат дека градбата хронолошки припаѓа на XIV век, и според преданието му се препишува на Крале Марко[794]. Според Лилчиќ[795], градбата е изградена и живописана во периодот од 1350-1360 година. Но, поради фактот дека во време на настанувањето на црквичката властелинот Бојко сеуште владеел со Матка, можно е тој да е ктитор на црквата, а

[790] Археолошка карта II, 377 (кат.ед.В.Л.); Микулчиќ И., Средновековни, 296
[791] Лилчиќ В., Марков град, 288
[792] ibidem
[793]иако во 2004 година, НКЦ има направено превентивна заштитан а црквичката, по направениот увид во мај 2011 година се забележува дека градбата е во многу лоша состојба
[794] Љубинковић Ћоровић М., Црква Св. Недеље, 95-99
[795] Лилчиќ В., Матка, 60

непрепознатливиот лик на ктитирската композиција[796], да биде негов. Иако на прв поглед изгледа како испосничка ќелија, според сочуваната документација за неа се гледа дека се работи за придворна властелинска црква.

Голем бронзен крст од кубето на црквата Св. Недела бил префрлен во Црковниот музеј во Скопје[797]. При истражувањата на Скопско Кале во 2009 година беше откриен овој крст во рушевинските слоеви на некогашниот Археолошки музеј на Калето.

Според народното предание, за ова место се раскажува уште една интересна и херојска приказна за девата Бојана, која убила седумдесет Турци. По увидување дека залудно го брани градот од Турците, скокнала во реката Велика и се убила. Потоа Турците го зазеле градот[798].

Можно ли е името на хероината Бојана да е сеќавање на властелинот Бојко, владетел на тврдината на Матка и околните села.

На 5 м северозападно од црквата се наоѓа објект со правоаголна форма и димензии 14,7 x 6,5 м. Поделен е на две простории, нееднакви по големина. Граден бил од кршен и делкан варовнички локален камен, врзан со бел варов малтер. Внатрешноста на ѕидовите биле обложени со слој од варов малтер. Градбата е опожарена. Во неа се откриваат бројни наоди. В. Лилчиќ смета дека тоа е стамбен објект[799]. Според Микулчиќ, се работи за две посебни манастирски градби[800]. Се врамува во хронолошката рамка на доцниот среден век, според начинот на градење, фрескодекорацијата, како и фрагментираната керамика околу градбата. Според Љубинковиќ -Ћоровић[801], тоа е ветерницата на Крале Марко, што можеби е грешка мислејќи на малата правоаголна просторија, всечена во карпа. Таа се наоѓа на околу 20 м над црквата, над подградието и акрополата. Тука лежат остатоци од кула набљудувалница.

---

796 во средината на XX век сеуште биле сочувани делови од живописот и некои учени го имаа објавено во своите дела, како што е Љубинковић Ћоровић М., Црква Св. Недеље. Денес не е ништо сочувано.
797 Љубинковић Ћоровић М., Црква Св. Недеље, 103
798 Повеќе за Легендата за Бојана види кај Лилчиќ В., Матка, 65-67
799 Лилчиќ В., Матка, 61
800 Микулчиќ И., Средновековни, 296
801 Љубинковић Ћоровић М., Црква Св. Недеље, 95

На 1,5 км ј/и од Сарај и 800 м ј/з од центарот на с. Долна Матка, се наоѓа црквата ***Св. Богородица*** (во постарата литература црквата Св. Богородица се сретнува и како Манастир Матка)[802] , која најверојатно потекнува од четвртата или петттата деценија на XIV век[803], односно пред 1372 година[804]. Изградена е од страна на властелинот Бојко, син на властелинката Даница[805]. Според Лилчиќ[806], во неа се вградени архитектонски елементи како сполии од II-III век, како што се капители и мермерна глава на овен, како и делови од ранохристијанска архитектонска камена пластика.

Во околината на градбата откриени се бројни фрагменти архитектонска камена пластика[807]. Овие фрагменти најверојатно припаѓаат на горната црква Св. Спас, која се наоѓа на само 1 км североисточно од неа. Градбата е градена некаде во доцниот среден век.[808]



*Сл.37 Св. Спас, Матка*

Локалитетот ***Св. Спас*** во документацијата е заведен и како Петров Камен, бидејќи се наоѓа на средината на ридот наречен Петров Камен. Лежи на 1, 5 км јужно од Матка и 13 км северозападно од Скопје (воздушна линија). Качен е на високи карпи на излезот од клисурата, низ која излегува р. Треска. На таа локација, во централниот дел на зарамнето плато се наоѓаат темели од ранохристијанска базилика околу која се расфрлени фрагменти камена пластика со специфична декорација (со развиени форми на крстови во комбинација на богата флорална орнаментика). Градбата е поставена е на високо плато со доминантна положба над околината. Во ранохристијанскиот период е изградена првата градба, додека во средниот век (најверојатно во XII-XIII век) изградена е втората, а во XIV век на истото место

[802] Николовска С., Матка, 425
[803] Петров К., Преглед, 84
[804] Според натписот на надгробна плоча откриена пред олтарот на црквата, на христијанската Марија, која починала во 1372 година, кога градбата веќе била изградена
[805] Даница е позната како ктиторка на Св. Никола во с. Љуботен
[806] Лилчиќ В., Матка, 19
[807] Лилчиќ В., Матка, 18-20, сл 4,7; Лилчиќ В., Иљоска В, Каталог, 29
[808] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 108

подигната е помала црквичка посветена на Св. Спас[809]. Истата во турско била срушена, а пред неколку децении повторно подигната од локалното население, најверојатно во 1968 година.

Ранохристијанската градба под црквичката има големи димензии, а со препознавање на нејзините контури се гледа широка апсида на исток. Градена е со камен врзан со варов малтер, со делумна примена на градежна тула. Покривот бил од тегули, широки доцноантички, што било типично за времето кога била подигната градбата[810].

Во околината има и архитектонска камена пластика[811], на која се наоѓаат фрагменти со декорација типична за ранохристијанскиот период односно со мотиви со крстови во различни графички форми. Меѓу нив се наоѓаат и расфрлани делови од обновата во XVII век.

Западно од црквата се простираат гробишта[812].

Јужно од оваа градба се наоѓа мала средновековна црквичка посветена на ***Свеш̄ише Троица***[813] или ***Св. Архангел Михаил***. Градбата најверојатно е подигната врз остатоци од антички храм и ранохристијански сакрален објект. Случајно откриената црквичка од мештаните додека го обновувале црквичето Св. Спас, градена е кршени камења врзани со малтер. Должината на црквата е 10,75 м, а ширина 6,35 м. На исток има полукружна апсида. Во средишниот дел на наосот откриена е надгробна плоча, на која покрај другото, напишан е патронот на оваа црква Св. Архангел Михаил[814]. Покривот бил обложен со византиски керамиди од т.н. комненски тип. Врз основа на тоа, и откриените чанкасти монети од XII и најдоцна ран XIII век, тоа е периодот во кој се датира објектот[815].

Во склоп на овој комплекс - локалитет се вбројува и црквата ***Св. Андреа***, која е поставена само на околу 2 м над нивото на вештачкото езеро, на 17 км западно од Скопје. Црква ***Св. Андреја Првоӣозван***-Христовиот апостол, се наоѓа во клисурата

[809] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 106;
[810] Лилчиќ В., Матка, 24
[811] Лилчиќ В., Иљоска В, Каталог, 29; Лилчиќ В., Матка24-25
[812] Лилчиќ В., Матка, 70 повикувајќи се на запис од М. Љубинковиќ од 1951 година
[813] денот кога е откриена црквата бил празник посветен на Светите Троица, па затоа мештаните така си ја викаат црквата
[814] Лилчиќ В., Матка, 68
[815] Лилчиќ В., Матка, 21 и 68

на р. Треска, наспроти Св. Никола во Нир, изградена во втората половина на XIV век[816]. Според натписот[817] во црквата, градбата е ѕизидана и живописана во 1389 година, по нарачка на Андреаш, вториот син на кралот Волкашин[818], брат на Крале Марко, со жена му Јелисавета. Во околината, принцот Андреаш имал мал имот, со кој раководел. Поради името на патронот, често меѓу мештаните се споменува како Св. Андреаш. Градбата е подигната во средината на XIV век, а живописана во 1389 година. Во тоа време манастирот имал голем имот, вклучувајќи ги атарите на неколку блиски села.[819] Неговиот активен живот се следи низ неколку столетиа. Последно спомнување на црквата е од 1642 година, после што најверојатно била опустошена.

Инаку, тоа е еднокуполна, подигната на висок осумстран тамбур. Во основа однадвор е слободен крст со повлечени бочни краци, а одвнатре комбинација на слободен крст и биконха. Апсидата од внатре троделна и таа би била третата конха. Однадвор е тространа. Градбата е градена од камен и тула, со разиграна керамопластична декорација. Со тоа фасадата е доста живописна и била боена. Во 1558 година на западната страна е доѕидана припрата. До XVIII век тука постоела камбанарија, што е запишано од неколку учени[820], а денес таа не постои.

Според натписите на словенски јазик во проскомидијата и ѓакониконот, сликари биле митрополит Јован и монахот Глигорие, а градител бил монахот Калест Кирил[821], кој најверојатно учествувал и во зографирањето. Досликаните партии во припратата датираат од 1559/60 година. Сликарството во Св. Андреа се одликува со одредена монументалност.[822]

Во црковниот музеј во Скопје, под инв.бр. 77 заведен е железен кован крст од кубето на црквата Св. Андреа на Треска, од XIV век, со димензии: 0,55 м (висина) и 0,27 м (ширина)[823].

***Св. Никола во Нир***, се наоѓа на непристапно место над десниот брег на реката Треска. Датира од XIV век, а се споменува неколку пати и подоцна во XVII, XVIII и XIX

[816] Томоски Т., Скопје, 66
[817] Грујић Р., Скопска митрополија, 166
[818] Петров К., Преглед, 85
[819] Бошкоски М., Ловот, 41
[820] Лилчиќ В., Матка, 82-83
[821] Извештај за конзерваторски работи на НКЦ во 1975 година
[822] Лакалиска С., Христијанските споменици, 76
[823] Лилчиќ В., Матка, 83

век. Црквата е градба со два еднокорабни простори. Апсидата однадвор е тристрана. Градена е од комбинација на камен и тула, со декоративни керамопластични елементи. Живописот потекнува од XIV век[824], насликан најверојатно врз живопис од XII-XIII век.

На целиот локалитет, само со рекогносцирање може да се забележат бројни фрагменти садова керамика, која припаѓа на манастирската трпезарија. Заедно со откриените парчиња од фрескоживопис, датацијата на локалитетот се одредува во XIV век[825].

Околу овој комплекс на локалитети односно градби од средниот век, особено во XIV и XV век постоеле неколку села, кои активно живееле и битисувале. Тие во литературата само се наговестуваат, додека преданијата и легендите ги овековечуваат. Археолошките рекогносцирања за сега успеваат само да ги стават во Евиденција дел од нив, а за некои од нив може да се добијат само неколку оскудни информации преку некои случајни државни документи и случајни записи во историските извори.

**39. Солиште, Матка**

Се наоѓа јужно селото Матка, веднаш крај сакралните објекти од антички и средновековен период. Се работи за мала некропола од доцен среден век[826], во која се погребани селаните од средновековното село Матка. Низ некрополата се расфрлани бројни надгробни покривни плочи.

**40. Рамниште, Матка**

Населба од среден век[827] Ова најверојатно била населба на каменоклесачите, кои ги екплоатирале травертинските лежишта од околината. Од тука, скоро цела скопска област се снабдувала со овој материјал, кој во овој предел го има во изобилие. Според

---

[824] Петров К., Преглед, 83-84
[825] Лилчиќ В., Матка, 53-67
[826] Евиденција на НКЦ, во оп. Карпош, под р бр. 87, 4-834-023(09)/42 ЕНД
[827] Евиденција на НКЦ, во оп. Карпош, под р бр. 87, 4-834-023(09)/33 ЕНД

Лилчиќ[828], на ова место (на 750 м с/и од Матка) лежат остатоци од урнатини од едно доцноантичко село.

**41. Св. Петка, Матка**

Овој локалитетт во Евиденцијата е заведен како некропола од среден век[829]. Според Лилчиќ[830], на овој простор се наоѓа некропола од доцноантичкиот период со гробови со дволсивни гробни конструкции составени од покривни керамиди од коринтски тип. Истиот смета дека оваа некропола била за селцето Рамниште. Ако е така, тогаш некрополата се датира во средниот век, како и населбата.

**42. Горна Ковачица, Матка**

Средновековен извор и каптажа[831] што се наоѓа во склоп на селото Матка. Како природен извор на чиста и свежа планинска вода, бил користен како во средновековниот, така и во турскиот период.

**43. Матка, средновековни села**

Во средновековниот период во склоп на преубавиот предел Матка, биле оформени бројни села, кои и се познати на стручната јавност и Националната Евиденција на археолошки локалитети[832].

- *Матка* е најпознатото скопско село, чие постоење во средновековниот период е потврдено во бројни историски записи. Името, со словенски корен, му е дадено според живописниот крајолик во кој е сместено. Се наоѓа на месноста Коштање - Стара Матка, на широко зарамнето плато , кое доминира над патот и клисурата на реката Треска. На западниот дел од платото се наоѓа сакрално место од античкиот и средновековниот период, на чија јужна страна се протега доцносредновековната некропола Солиште. Матка за прв пат се спомнува во 1337 година, како имовина на властелинот Бојко. Низ текот на вековите селото Матка се

[828] Лилчиќ В., Матка, 46
[829] Евиденција на НКЦ, во оп. Карпош, под р бр. 87, 4-834-023(09)/34 ЕНД
[830] Лилчиќ В., Матка, 47-48
[831] Евиденција на НКЦ, во оп. Карпош, под р бр. 87, 4-834-023(09)/36 ЕНД
[832] Во Евиденцијата на НКЦ, , стр. 5 и 6, во општина Карпош, се заведени неколку средновековни села ; Лилчиќ В., Матка 88-108

спомнува во историските извори. Селото сеуште живее и организира големи прослави за празникон на нивната патронка Богородица, за која на 28 август скоро опустеното село повторно заживува.

- *Нир* се наоѓа на блага падина пред манастирот Св. Никола, опколено со густа шума. Во неа се наоѓа извор на вода и чешма од која постојано тече студена планинска вода.

- *Момково*, се наоѓа на 2,55 км ј/з од црквата Св. Андреа, во долот што се спушта под ридот Крстец. Во селото сеуште постои голем извор на вода и чешма. За селани од ова село во средниот век постои запис дека се бавеле со одгледување на жито, лозја, бостан и пчеларство[833]. Ова село било во склоп на имотот на манастирот Св. Андреа

- *Капиновец*, во склоп на селото се наоѓа извор и каптажа.

- *Козарево* се наоѓа на падините на еден широк дол, западно од десниот брег на р. Треска, на 4 км ј/и од Матка и 1,5 км од селото Св. Петка. Селото било во сопственост на манастирот Св. Ѓеорѓи - Горг од Скопје. Во селото се наоѓал манастирот Св. Јован Златоуст, кој бил духовно средиште за повеќе мали средновековни цркви од околината. Тука се наоѓаат неколку извори на свежа планинска вода, како што е Коритиште и Цер. Во селото сеуште има население, но православни христијани живееле до XIX век, одржувајќи ја средновековната традиција.

- *Луковица*, се наоѓа на источните падини на Сува Гора. Се споменува како прилог на манастирот Св. Андреа во 1389 година. Ова средновековно село, кое живее се до денес, на неколку пати е забележано во историските извори.

- *Кукишта - Порта*, се работи за средновековно село со непознато име, кое продолжило со живот од антиката па се до крајот на средновековниот период. Се наоѓа на околу 250-300 м с/и од селото Матка, на благите падини од јужната страна. Се протега на површина од околу 3-4 ха. Со рекогносцирање се забележан антички градежен шут, но и шест средновековни чанкасти монети од XIII век[834].

---

[833] Лилчиќ В., Матка, 90
[834] Лилчиќ В., Матка, 48

## 44. Црквиште - Манастир, с. Мирковци

Локалитетот се наоѓа на помалку од 1 км с/з од селото, на граница со селото Бањани. Врз остатоци од римски градби подигнати се средновековни црквички односно манастирот Св. Меркурие.[835] Меѓу рушевините се наоѓаат фрагменти од архитектонска камена пластика[836] од ранохристијанскиот период. Тие најверојатно припаѓаат на ранохристијанската базилика која се наоѓа во непосредна близина на ”големиот извор” и е заведена како локалитет Развратиче во истото село[837].

## 45. Градиште, с. Нерези, (Средно Нерези)

Локалитетот се наоѓа на висока тераса над јужниот раб на Скопското Поле, односно на северното подножје на Водно, веднаш до последнте куќи на населбата Средно Нерези, на зарамнето плато. На самата тераса се наоѓал градот кој егзистирал во полниот среден век. Имал елипсовидна форма. Лицето на бедемот било изѕидано со големи камени блокови.[838] Тука постоел живот во предримскиот период, кој е обновен некаде во доцниот среден век.




*Сл.38 Градиште, Средно Нерези*

Некрополата се наоѓа во непосредна близина на северен раб на населбата. Во неа има гробови во редови, со необработени камени плочи и тули, со строга ориентација З-И. Според наодите надвор од гробовите, некрополата е сместена во временски интервал од XII-XIV век[839].

---

[835] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 120
[836] Лилчиќ В., Илјоска В, Каталог, 29
[837] Евиденција на НКЦ, во оп. Чаир, под реден бр. 201, 4-837-011/24 ЕНД
[838] Пашиќ Р., Градиште Средно Нерези, 95-96
[839] Манева Е., Накит, 221

**46. Црквиште, с. Ново Село**

Локалитетот лежи во Таорската Клисура, над левиот брег на реката Вардар, на 0,5 км јужно од селото. Селаните случајно откопале ранохристијанска црква.[840]

Во Евиденцијата[841] заведена е еднокорабна градба, со ориентација И-З, со полукружна апсида на исток, датирана во полниот среден век.

**47. Градиште, с. Ораше (Град Собри)**

Локалитетот лежи на 3,5 км јужно од Ораше и 1 км северно од селот Дворци. Поставен е врз сртот на тесен гребен, на 1 км од Вардар, среде Дервенската Клисура (која е природна граница меѓу Скопската и Полошката Котлина).

Град Собри[842] е најдобро сочуваниот средновековен град во Македонија, особено неговата акропола, која била обновена и користена и во турското средновековје. Градот е поделен на три дела разделени со ѕидови, заокружени како три подградија. Масивните ѕидови имаат сложена конструкција, па затоа биле многу тешки за освојување.



*Сл.39 Град Собри, Ораше*

Акрополата е поставена на највисоката позиција, со силни ртмини наоколу, обиколена со одбрамбени ровови од 5 м широчина. На ѕидовите од вториот одбрамбен бедем се наоѓаат кули со квадратни основи. Западно од северната кула лежи главниот влез на горниот град, кој има многу сложен систем (со качување по рампа и скали низ триаголен простор). Влезот е преправан неколку пати во текот на вековите. Акрополата има и внатрешен

[840] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 120
[841] Евиденцијата на НУ - КЦС, под бр. 69/70
[842] податоците се земени од Микулчиќ И. Скопје, 135-137

преграден ѕид појачан со кули.А во подоцнежно време имал и доградентрет преграден ѕид во должина од 30 м, за појачување на јужната страна и се наоѓал меѓу претходните два. Акрополата зафаќа површина од 0,7 ха. Низ неа биле поставени на карпа две улици, крај кои биле изградени згради во два реда. Тие објекти имаат квадратни основи, поголеми димензии и неколку простории. Градени се квалитетно со камен и малтер. Потекнуваат од доцниот среден век.

Северниот град е изграден исто така на сртот, во продолжение на акрополата од северна страна. Најверојатно е изграден после акрополата. Има правоаголна форма и се простира на површина од 85 х 50 м. Бедемите се цврсто градени и зајакнати со кули. Портата се наоѓа северoисточниот агол. Во внатрешноста на ова подградие се наоѓаат темели од неколку градби со правоаголна основа, кои биле живеалишта, работилници и дуќани.

Долниот град е изграден на западната падина под горниот град. Обколен е со бедемски партии со максимална ширина од 3,2 м, кој бил појачан со уште еден внатрешен бедем во западниот дел. Бедемот е појачан е со неколку кули. Влезот во градот се наоѓал на западната страна. Во внатрешноста на долниот град се наоѓаат темели од неколку десетици куќи, терасесто поставени на падината.

Северното подградие се протега на понискиот дел од сртот од северната страна, во должина од околу 25 м. На северната страна се наоѓа средновековно црквиште, ископувано од Р. Грујиќ пред Втора Светска војна. Тоа е еднокорабна базилика, со полукружна апсида на исток, а на запад завршува со нартекс.

Јужно подградие се наоѓа на јужниот дел под целиот град, скоро во селото дворци. Низ цело село се откриваат остатоци од средновековни куќи. Исто така тука лежат темели од голема средновековна црква која била уништена во турско време. Микулчиќ[843] смета дека во средниот век на ова место се наоѓале повеќе феудални имоти на некои богаташи со нивните дворци, од каде и сегашното село го добило своето име.

Во околината на градот Собри се наоѓаат и неколку рудници, од кои во средниот век се вадела железна руда.

---

[843] Микулчиќ И. Скопје, 137

**48. Крст, с. Орешани**

Локалитетот се наоѓа на благо возвишена тераса, на северозападнта периферија на селото, на 50-тина метри од железничката пруга Скопје- Гевгелија. Случајно е откриен при копање на темели за селската црква. Се работи за некропола со откриени десет гробови, некои со гробни конструкции од камени плочи во вид на циста, а некои се слободни вкопувања. Покојниците сите се спружени и положени на грб. Имаат единствена ориентација З-И. Некрополата била користена во XI-XI век[844].

Во Евиденцијата на НУ - КЦС[845], овој локалитет е заведен под името Кладенец, во село Орешани и е лоциран во западниот дел на селото. Заведено е дека се работи за средновековна некропола, на која вршени се археолошки истражувања во 1969 и 1970 година од страна на Археолошкиот музеј во Скопје.

**49. Коњушница, с. Орман**



Сл. 40 Коњушница, с. Орман

На 1,2 км јужно од Ѓорче Петров се наоѓаат темели од еднокорабна базилика[846]. Во 1957 година случајно е откриен објект и неколку гробови, после што во 1958 година биле организирани првите заштитни истражувања.[847] Во 1975 година повторно се организирани истражувања на локалитетот. При тоа е констатирана еднокорабна базилика, од крстовиден тип, со ориентација И-З[848]. Сочувани се делови од трансептот (I фаза), проскомидија и ѓаконикон (II фаза) на источната страна, нартекс и анекси на западната страна[849]. Димензии на црквата изнесуваат 22,65 (должина) х 16 м (ширина со пастофории). Ѕидана е со висока технологија на градење, со користење на тули меѓу травертинските клесани камења. Подот бил од тули[850].

[844] Ристов К., Каламадеска Михаилова Д., Орешани, 391
[845] заведено во Матичната книга за евиденција на арх. лок на НУ-КЦС, под бр. 10
[846] Алексова Б., Loca Sanctorum, 225-227
[847] Алексова Б., Орман, 77
[848] ibid, 78
[849] Лилчиќ В., Илјоска В, Каталог, 30
[850] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 98

Градбата е датирана во V-VI век[851]. Внатрешноста на градбата најверојатно била живописана, бидејќи при истражувањата, истражувачите откривале ситни парчиња фреско-живопис.[852] Поради близината на Скупи (на само 3 км), истражувачите сметаат дека овој осамен објект и припаѓа на скупската епископија.[853]

Во близина на базиликата, случајно е откриена една засводена гробница, со ориентација З-И.[854] Гробницата е ѕидана од кршен камен врзан со бел варов малтер. Има правоаголна комора. Покриена е со плиток полуобличест свод, ѕидан со доцноантичка градежна тула, радијално наредена. Според Лилчиќ[855], гробници од ваков тип се типични источњачки структури, кои се прилично застапени на територија на Република Македонија веќе во V и VI век. Но, земјќи во обзир дека во гробницата не е откриен целосен остеолошки материјал, може да се претпостави дека гробницата била ограбена во некој подоцнежен период и била искористена во секундарна употреба.

**50. Св. Никола, с. Осинчани**

Се работи за мала еднокорабна средновековна црквичка со димензии 4 х 7 м.[856] Ориентирана е во правец Ј - С. Ѕидана е од камен, камени плочи и кал. Источниот полукружен ѕид е сочуван во висина од 1 м.

**51. Црквиче, с. Осинчани**

Во самото село се наоѓа мала црквичка со хронолошка припадност од доцниот среден век, најверојатно подигната врз ранохристијански објект. Ѕидана е од кршен камен врзан без малтер. Всушност, се работи за мала капела, на површина од 2 х 4 м.[857] Црквата најверојатно му била посветена на Св. Атанасиј.

При рекогносцирање случајно е откриена монета на Јустинијан I.

---

[851] Алексова Б., Орман, 78
[852] Алексова Б., Орман, 80
[853] Алексова Б., Орман, 78
[854] Лилчиќ В., Орман, 143
[855] ibid, 150
[856] Евиденција на НКЦ, во оп. Кисела Вода, под реден бр. 153, 4-835-028/40 ЕНД
[857] Евиденција на НКЦ, во оп. Кисела Вода, под реден бр. 154, 4-835-028/41 ЕНД

## 52. Гробишта, с. Пакошево

Се наоѓа на излезот од селото кон Ново Село, десно и лево од патот. Локалитетот е заведен како некропола со црква од доцно-средновековниот период[858]. Тоа е малку збунувачко бидејќи во близина на оваа некропола се наоѓа единствено Градиште Пакошево, кое е утврдување од III-најдоцна VI век[859].

## 53. Кука, (Маја Кикес), с. Рогле

Локалитетот се наоѓа на западниот раб на Скопската Котлина, на 1 км североисточно од Рогле, на висок рид наречен Кука. На овој рид лежел доцноантички кастел, во чиј средишен дел со доминантна позиција, се наоѓа голема ранохристијанска базилика.[860] Градбата имала богата ѕидна и подна декорација.



Сл.41 Кука (Маја Кикец), с. Рогле

Имено, кастелот има триаголна основа со заоблени агли. Се препознаваат само две кули со правоаголна основа. Крај нив се претпоставува дека стоеле порти[861].

Во внатрешноста на површина надѕираат темели од повеќе градби, со големо количество на малтер и градежен материјал.

## 54. Јашар-бегов конак, Скопје

Во народот се смета дека конакот бил подигнат од страна на Јашар бег во XIX век и посветен на татко му Али Мемед[862]. Во 1954 година, при рушење на конакот во самиот град, на длабочина од 4 м, откриени се неколку средновековни гробови, кои биле концентрирани околу некој средновековен објект, уништен со конакот.

[858] Евиденција на НКЦ, во оп. Кисела Вода, под реден бр. 156, 4-835-030/43 ЕНД
[859] Микулчиќ И. Скопје, 99
[860] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 120-121
[861] Микулчиќ И. Скопје, 100
[862] Алексова Б., Еден нов наод, 1

Во едниот од откриените гробови, кој е ограден и покриен со мермерни плочи, откриена е срцолика златна обетка. Според наодот, Б. Алексова[863] ги датира гробовите во XIV-XV век. Е. Манева[864] смета дека тоа е преурането, па обетката ја датира во раното турско средновековје.

**55. Клучка Хиподром, Скопје**

При заштитни истражувања на праисториската населба во 1989 година, случајно и надвор од контекст откриени се скромни остатоци од средновековна населба[865]. Така, во Евиденцијата на НКЦ[866], исто така стои и: населба и некропола од средниот век.

**56. Кпал Кзи, Скопје**

За време на градењето на факултетскиот комплекс на УКИМ, во подножјето на ридчето Кпал Кзи, во 1954 година откриени се гробови оградени со големи камени блокови. За точна датација недостасуваат наоди, само постои претпоставка дека се работи за средновековна некропола[867].

**57. ул. Прохор Пчински, Скопје**

На ул. Прохор Пчински при градежни работи случајно е откриен мал керамичен сад во кој имало 20 сребрени монети ковани од венецијански владетели[868].

**58. Камен Мост, Скопје**

Иако не е археолошки локалитет, ниту сакрален објект, сепак се вбројува во значајни зданија на средновековната градителска уметност.

Мостот е монументално здание кое ги поврзува стариот и новиот дел на градот Скопје. Изграден е од добро обработени камени блокови. Неговата масивна конструкција се потпира на црвсти столбови, меѓусебно врзани со кружни лакови.

---

[863] Алексова Б., Демир Капија, 81; Алексова Б., Еден нов наод, 4-5
[864] Манева Е., Накит, 220
[865] Археолошка карта II, 383 (кат.ед.Д.М.)
[866] Евиденција на НКЦ, во оп. Гази Баба, под реден бр. 20, 4-833-021/4 ЕНД
[867] Алексова Б., Демир Капија, 82
[868] Археолошка карта II, 385 (кат.ед.Б.А.)

Се претпоставува дека прв пат е изграден во VI век, кога што настанала и првата скопска средновековна населба, по големиот земјотрес во 518 година и пребегот на Скупјани на оваа територија. Остатоци од оваа прва фаза на градење не се откриени, или барем не се видливи без археолошки истражувања, но се знае дека подоцнежните обнови и доизградби биле вршени врз сегапостојниот.



*Сл. 42 Камен Мост*

Некаде во втората половина на X век[869] старото (античко) име на реката Вардар е променето со ново (кое стои до денес) - Вардар, во чест на Варда Склир кој извршил регулација на токот на реката и ги спасил мештаните од чести поплавувања[870]. Имено, Варда Склир, византиски управник на Скопје, наредил изградба на ново (регулирано) корито на градскиот дел од реката, со тоа реката ја насочиле и го регулирале нејзиното диво течение. Со изградбата на новото корито на Аксиос = Вардар и регулација на неговото течение, најверојатно биле направени неколку зафати на мостот.

При брачната церемонија меѓу српскиот владетел Милутин и византиската принцеза Симонида[871], ќерка на Андроник II, во описите на Теодор Метохит се споменува дека “Симонида била преземена на вардарскиот мост”[872] во пролетта 1299 година[873].

---

[869] векот е дискутабилен, на различни места има различни податоци. Некаде може да се најде податок дека Варда Склир бил лик од раниот IX век
[870] Византиски извори III, 102
[871] Томовски Т., Македонија, 113
[872] Мошин В., Манастирот Св. Никита, 266
[873] Острогорски Г., Историја на Византија, 592

Голема обнова на мостот се случила во душаново време, во XIV век, па затоа многумина го сметаат за „Душанов мост". Со доаѓањето на Турците, мостот претрпел големи поправки, поради големите поплави што му се случиле на Скопје во XVI век, како и поради катастрофалниот земјотрес во 1555 година.

Едно од преданијата, запишани во постарата литература, вели дека овој мост го граделе и цар Душан и Крале Марко[874].

Евлија Челебија, во своите патеписи, за мостот запишал: "На реката Вардар има мост со 14 сводови од кои четири отвори се урнати, та сега се доградени и поправени. Овој мост, што заслужува да се види, го направил (се мисли обновил) Султан Мехмед, татко на завземањата (освојувачот). На другата страна, преку овој мост се крева целиот град..."[875]

**59. Црква Св. Спас, Скопје**

Црквата е подигната кон крајот на XVII и почеток на XVIII век, како трабродна црква. Од исто време потекнува и живописот. Највпечатлив дел од црковниот инвентар е секако ремек-делото на мијачките мајстори Петар и Марко Филиповски и Макарие Фрчковски, познатиот и воодоошевувачки резбарен иконостас.

Во 1933 година при нивелација на теренот пред црквата, случајно се уништени голем број гробови. Само на два гроба им се отркиени покривните плочи, па не се знае дали и другите гробови имале покривна конструкција. Сепак, траги од дрвена конструкција имало.

Во 1970 година при изведување на подземни инсталации откриена е гробна конструкција, ѕидана со антропоморфна форма. Во неа имало броен движен материјал, според кој е и датирана некрополата во првата половина на XIV век[876]. Сметаме дека на овој простор, пред изградба на црквата Св. Спас имало некропола или постар објект, со припадност на средновековниот период.

---

[874] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 125
[875] Лапе Љ., Историја, 194
[876] Димитриоска Г., Прилог, 147-149

Според преданието[877], оваа црква била подигната како сеќавање на средновековната црква која се наоѓала на овој простор и била во склоп на градските ѕидини. Таа средновековна црква постоела во време на српската власт во Скопје. Најверојатно се работи за Св. Петка, која била уништена од турските разорувања.

Во 1972 година при уредување на дворот пред црквата Св. Спас истражени се 32 гроба со христијански обележја, со хронолошка припадност во турското средновековие, односно XVII и XVIII век[878], што покажува континуитет во погребување на христијански покојници од средновековниот период па и во време на турското владеење.

**60. Рамниште, Св. Петка**

На 750 м североисточно од селото откриена е населба од средниот век, со остатоци од куќи и грамади од кршен камен. На падините јужно од локалитетот и 150 м северно од патот за с. Матка се наоѓа некропола со остатоци од големи, грубо делкани камени плочи од гробни конструкции[879].

**61. Марков Манастир, с. Сушица**

Манастирот се наоѓа на 20 км југозападно од Скопје, зад јужните падини на Водно, во непосредна близина на с. Сушица, на левиот брег на Маркова Река. Ограден е со камена ограда и во дворот се влегува преку голема дрвена порта.



*Сл.43 Комплекс Марков Манастир, с. Сушица*

Во склоп на манасторот, од левата стана при влезот во манастирскиот двор, се наоѓа црквата посветена на ***Св. Димитриј***, која е градена во седмата и осмата деценија XIV

[877] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 135
[878] Извештај, 72
[879] Микулчиќ И., Средновековни, 309-311

век[880]. Ктитори биле кралот Волкашин и неговиот син Марко, за што сведочи натписот над јужниот влез во црквата[881], во чие време е и изградена.



Сл.44 Црква Св. Димитриј, Марков Манастир, с. Сушица

**62. Маркови Кули, с. Сушица (Малчиште)**

Крепоста се наоѓа на издаден рид, кој се издига на стотина метри над Маркова Река, на 1 км југозападно од Марков Манастир и 1 км северно од с. Малчиште. Во средниот век било обновено доцноантичкото обѕидие од камен со малтер, со намалени димензии и било зајакнато со седум контрафори.



Сл.45 Маркови Кули, с. Малчиште

Во северното подножје на тврдината лежат антички аспиралишта на златоносен песок, кои биле користени и во средниот век[882]. На јужната падина пред челото на крепоста, по пат на рекогносцирање биле откриени бројни фрагменти садова керамика, како и монети датирани во XIV - XV век[883].

[880] Касапова Е., Марков Манастир, 307
[881] Никуљска Н. Н., Марков Манастир, 405
[882] Микулчиќ И., Средновековни, 294
[883] Микулчиќ И., Средновековни, 294-295

**63. Овоштарник, с. Таор**

Локалитетот се наоѓа на 1 км југозападно од селото Таор. Во склоп на доцноантичкиот викус во кој се откриени неколку ранохристијански фрагменти камена пластика. [884]

**64. Селска Нива, с. Тисовица**

На 5 км западно до селото, меѓу Пештерска Река и Дрмос, се наоѓа средновековен сакрален објект, чии ѕидови се сочувани во висина од 1 м.[885]

**65. Крст, с. Усје**

На оваа локација откриено е депо на српски (84 динари) и венецијански монети (12 матапани), закопани во мал керамичен сад[886]. Меѓу монетите, откриени се и две средновековни наушници од сребро, работени со филигран и гранулација, од многу луксузна продукција од т.н Скопска варијанска на Киевски тип[887]. Материјалот е датиран во XIV век[888]. Всушност, во 1991 година при копање темели за куќа, на ул. Првомајска 26, откриен е керамичен сад во кој биле сместени споменатите наоди. Со деталната анализа на монетите и наушниците, се доби terminus post quem- датум по којшто предметите доспеале под земја: 1321 година[889].

**66. Селска Џамија, с. Чајлане**

Селото е оддалечено на 16,6 км западно од Скопје, на левата страна на патот кон Тетово. Селската џамија била изградена врз урнатините на ранохристијанска црква. При градењето, биле откриени мермерна камена пластика, која според В. Лилчиќ, се датира во IV - VI век. [890]

---

[884] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 122
[885] Евиденција на НКЦ, во оп. Кисела Вода, под реден бр. 174, 4-835-043/58 ЕНД
[886] Археолошка карта II, 387 (кат.ед.Л.Ј.)
[887] Maneva E., Ancient Jewellery, act. no 20
[888] Ivanišević V., Hoard, 113-138
[889] Манева Е., Усје, 330
[890] Лилчиќ В., Базилики, 70

# IV. Јустинијана Прима

Да се проучува Скопје и неговата средновековна историја, со неговата блиска и поширока околина, скоро е невозможно а да не се спомене мистериозното постоење на Јустинијана Прима, градот кој го изградил големиот император Јустинијан I. Поради тоа, во овој труд ќе биде опфатена оваа тема, накусо со потенцирање на неколку различни заклучоци и резултати од истражувања.

## *a. Која е Јустинијана Прима?*

Каде е градот кој Јустинијан I за да му се оддолжи на својот роден крај, наспроти селото Тврисиум, подигнал " тврдина со правоаголна основа, со (четири) кули на аглите"[891], "....најсјаен град...со боженствени храмови...со збор неописливи дворови, проштади, улици, извори, бањи, домови со продавници...достоен град за царот Јустинијан...голем, со многубројно население, најголем по големина и најубав по убавина"[892].

Некои сметаат дека "Јустинијана Прима е раскошен град единствено во литературата, тешка гатанка за науката, таинствен феномен и мистеризна Атлантида за љубопитните"[893]. И да се согласиме со оваа поетична верзија за Јустинијана Прима, мора да признаеме дека само описите за овој град се единствените измислици, а постоењето и локацијата на градот (можеби во поскромна варијанта од панагиричните описи на Прокопиј од Кесареа) треба допрва да се истражат и докажуваат.

Градот е полн со мистерии, двосмислености и контрадикторности.

Прокопиј од Кесареа е современик на Јустинијан и негов официјален писар и историограф. Неговите записи за градот се првите и почетните, кои ги даваат иницијалните историографски податоци за веќенепостоечкиот град. Дури и тој му

[891] Вулиќ Н., Iustiniana Prima, 49
[892] Грујиќ Р., Скопска митрополија, 12
[893] Шукарова А., Јустинијана Прима, 96

противречи на царот Јустинијан дека Јустинијана се наоѓа во земјата на Дарданците, а царот вели во провинција Средоземна Дакија[894].

Прокопиј вели во своето дело "За градбите" вели: " ...Некаде во подрачјето на европските Дарданци, кои живеат зад границите на Епидамнијците, во непосредна близина на кастелот наречен Бадеријана, беше село по име Таврисиј. Тука е роден царот Јустинијан, основачот на светското царство. Укрепувајќи го набрзина ова село со ѕид во форма на четириаголник и подигајќи на секој агол по една кула, создаде четирикулен кастел па така и го нарече Тетрапиргија. Крај него изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима, оддолжувајќи се на тој начин на својата родилка..."[895] Многумина учени сметат дека авторот на делото не е лично запознаен со геограските прилики, па најверојатно неговите очи никогаш и не го виделе градот за кој тој пишувал. Но, затоа ги имал податоците од старите записи, но и кажувањата и плановите на самиот цар Јустинијан. Она што не го знаел, го исполнувал со панагирични фрази[896].

Потоа продолжува: "Тука изгради водовод и го снабди градот со многу вода што не пресушува. И многу други значајни градби, достојни за помен, изгради основачот на градот"[897].

"...Тешко е да се набројат сите храмови Божји, тешко е да се поменат сите градби за разни надлештва, потоа големината на тремовите (стои), убавините на плоштадите, чешмите улиците, јавните бањи, трговини. Беше тоа напросто голем град и со многу жители, и инаку среќен и создаден за тоа да биде престолнина на целата област. Градот е определен за седиште на епископот илирски и останатите градови заостануваа зад него, бидејќи беше најголем..."[898]

„...Градот се фали дека го одгледал царот, царот се фали дека го создал градот"...[899]

Според многумина, во Таор е роден царот Јустинијан, како и неговиот вујко Јустин, односно Јустинијан бил родум од местото Таврисиум кај Скопје[900].

---

[894] Шукарова А., Јустинијана Прима, 98
[895] http://www.tauresium.info/lokacija.html; Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале";
[896] Панов М.Б., Јустинијана Прима, 20
[897] Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 38
[898] Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 38
[899] Шукарова А., Јустинијана Прима 2, 47

Со градот што го нарекол Јустинијана Прима, Јустинијан сакал да го врзе споменот за себе. Во тој негов градителски замав, изградил повеќе градови, меѓу кои и Јустинијана Секунда (втора) -Улпиана, кај денешно Липљан, на Косово

Овој град имал за цел не само да ги покаже своите сентиментално-патриотски чувства кон родниот град, туку и бил дел од стратешкиот политичко-црковен план за јакнење на ромејската власт преку силното градителство.

Јустинијана Прима - Glorissima Prefectura[901] - требала да биле најмоќен воено - административен и политичко - црковен центар на Балканот. Дотогашните римски провинции на Балканскиот Полуостров се реорганизирале во рамките на една нова територија со големо воено - стратешко и политичко значење за целата обновена империја. Зад сета таа планска огранизација стои царот, Великиот Јустинијан, кој е патрон и обновител на својот роден град и неговата поширока околина: на север Дунавските води се граница со варварските народи, за запад Котор, Сава и Дрина, на исток до устието на реката Вит во Дунав, преку Трајановата порта до утието на реката Места во Егејското Море. На ваква една голема и богата територија Јустинијан ја возобновил Римската империја со урбанизирање во воено-стратешка, правно-политичка и црковна смисла. Во таквиот концепт за монументална обнова на старите градови и капиталните инвестиции во нови утврдени места, Јустинијан наоѓал медиум за прикажување на својата моќ, власт и возвишеност.

Така, Јустинијана Прима станала географски и политички центар на Источен Илирик, па затоа царот го преселил таму управувањето на политичката власт од Солун во Јустинијана Прима (според многумина тоа било во Скопје[902]).

Со поделбата на провинцијата на два дела, јужниот дел го имал Солун за центар, додека северниот - латинскиот дел прогласил самостојност на архиепископијата на дарданската/скупската архиепископија со ново седиште во Јустинијана Прима (Скопје)[903].

---

900 Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 30; базирајќи се на Charl Deel, The Cambridge Medieval History II, с.2, Cambridge 1885: "Iustinian, as well as his unce, was born in Macedonia, in the village of Taurisium, near Scoplje"
901 Алексова Б., Старохристијански центри, 26
902 Радојчић С., Старине, 9; Грујић Р., Скопска митрополија, 13
903 Грујић Р., Скопска митрополија, 14

Од оваа временска истанца не смее да се негира постоење на еден ваков град, особено во родниот крај на Императорот кој со подигнување на величенствен град требал да демонстрира духовна, физичка и градителска сила. Но, од друга страна може да се претпостави дека ваков град во најмала рака бил во план, нереализира но добро обмислен проект, кој демонстрирал политички престиж или само обид да се изгради и подигне величенствено здание.

### *2. Шѿо велаѿ историскиѿе извори на Јусѿинијана Прима?*

Историјата не ја измислила Јустинијана, ниту пак вековите ја збришале. Главни извори за овој мистериозен град се Novela XI, Novela CXXXI (двете издадени од Јустинијан I и се однесуваат на формирањето и црковно - канонскиот статус на архиепископијата и делото на јустинијановиот историограф Прокопиј од Кесареа со наслов „De Aedificiis" или „За градбите". Еве што тие заедно сведочат за овој град:

- Јустинијана Прима е подигната во 535 година од страна на императорот Јустинијан I, за да се оддолжи на родниот град. Јустинијан I бил роден во Таврисиум (Таор), наспроти градиштето на Бедеријана (Бадер).
- Официјалното раѓање на градот е забележано во Јустинијановиот документ од 14.04.535 година, со Новела XI, насловена како *De privilegis archiepiscopi Primae Iustinianae*, адресирана до првиот архиепископ на Јустинијана Прима, Келијан[904]. Значи, императорот Јустинијан I со Новела XI ја промовирал архиепископијата Јустинијана Прима во истоимениот новооснован град во своето родно место Таурисиум[905]. *Во Новела XI нагласено е дека Градот е на место на некогашната* митрополија, сега унапредена во архиепископија. Може да се претпостави дека се мисли на Скупската митрополија[906]. Односно, на градот му е доделена највисока црковна власт: "et circa sacardotalem censuram eam volimus maximis incrementis amliare".[907] Со тоа Јустинијан го овластил архиепископот на Јустинијана Прима самостојно да ги организира црковните институции во својата диецеза, слободно да располага со

[904] Алексова Б., Старохристијански центри, 20
[905] Алексова Б., Старохристијански центри, 26
[906] Шукарова А., Simulacrum, 14
[907] Бошкоски М., Скопје и скопска облас, 46

епископите и свештениците и да решава црковни спорови во рамките на Архиепископијата.[908] Јурисдикциите не се ограничувале само на црковната администрација, туку и на политичките и световните услови, кои биле неприкосновени и скоро неограничени. Првиот архиепископ на Јустинијана Прима - Кателијан, кој бил избор на императорот, бил најверојатно хиротонисуван во присуство на римскиот папа Виргилиј .

- Местото на скупските митрополити го превземале архиепископите на новонастанатата Јустинијана Прима[909]. "Илирскиот архиереј ја избрал оваа нова варош како најголема меѓу останатите да му биде престол, па со тоа да му угоди на царот, бидејќи Царот слави што ја подигнал"[910]. Во историјата се познати петорица архиепископи на Ј. Прима: Кателијан, Бененат, Јовин (Јован I), Леон и Јован II.

- После Кателијан, еден од првите архиепископи на Јустинијана Прима е Бененат (549-553), кој се спомнува како одбил учеството на V Екуменски собор во Константинопол[911] (во 553 година), но и како една од личностите кои зеле учество во црковно - теолошките засправи за монофизитските цркви[912]. Бененат е единствениот кој ја прифатил анатемата на царот врз носителите на несторијанската идеа[913].

- Како седиште на диецезата Дакија, Јустинијана Прима политичката и световната јурисдикција ја превземала од веќе уништениот Сирмиум, кој пред варварските напади бил седиште на спомнатата диецеза сé до втората половина на V век[914]. Новото седиште наречено Јустинијана Прима, се наоѓала подалеку од варварските напади, но сепак доволно блиску за воспоставување на контрола во околината.

- И покрај присуството на папата и неговите делегати при хиротонисувањето на првиот архиепископ на Јустинијана Прима, сепак врвот на римската црковна власт остро реагирале и покажувале незадоволство од одзимањето на дел од ингеренциите. Тие тоа неколку пати го изразувале пред императорот. Според Novela CXXXI

[908] Зајковски Д., Христијанската црква, 75
[909] Микулчиќ И. Ранохристијански базилики, 98
[910] Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 36
[911] Алексова Б., Старохристијански центри, 26
[912] Зајковски Д., Христијанската црква, 80-81
[913] Грујиħ Р., Скопска митрополија, 15; Лакалиска С., Христијанските споменици, 18
[914] Зајковски Д., Христијанската црква, 77

(насловена како De ecclesiastic titulis[915]) од 18. март 545 година[916], по само една деценија од нејзиното формирање, архиепископијата на Јустинијана Прима била ставена под јурисдикција на Римската црква. Така, Јустинијана Прима го изгубила статусот на самостојност и независност, па така папата Виргилиј ја воспоставиле својата јурисдикција над целиот Илирик, а седиштето било во Солун.

- Со потпаѓање под власта на римскиот папа, Јустинијана Прима изгубила дел од својата територија (така на пр. Македонија Секунда потпаднала по власта на Солунскиот викаријат). Со тоа се завршиле десетте години од независноста на Јустинијана Прима , која требала да биде стожер на моќта на Императорот. Сѐуште не е познато зошто Јустинијан, само за толку мал период од една деценија, ја променил својата политика и на својот град и го одземал приматот - тоа што тој самиот и го дал.

- Третиот титуларен архиепископ на Јустинијана Прима е Јовин / Јован I (591 - 602). Тој, во неколку дописки на високоцрковниот римски клер, е спомнат како управник на префектура Илирик поточно папата Гргур му се обраќа “ad Johannem episcopum Primae Justinianae Illyrici”. Архиепископот Јован бил доста активен црковниот живот на својата јусдикција, па понекогаш и се вмешувал и во несогласувањата и препирките на други свештеновладетели. Тоа наидувало скоро секогаш на осуда кај римскиот папа, па затоа Јован бил замолчуван и критикуван. Јовин бил тој што им дал прибежиште на избеганите црковни високодостоинтвеници од градовите кои биле нападнати од Словените и нивната колонизација во 591 година[917].

- Во 603 година се спомнува скопскиот архиепископ Леон, кој папата со *паллиум го признал за свој викар во Архиепископијата на Јустинијана Прима*[918].

- За последен пат се спомнуваа градот и архиепископијата на Јустинијана Прима со името на Јован II кој во 680 година учествувал на Трулскиот собор во Цариград[919]. Ова континуитетно продолжување на епископските претставниви на

[915] Панов М.Б., Јустинијана Прима, 29
[916] Зајковски Д., Христијанската црква, 78
[917] Зајковски Д., Христијанската црква, 134
[918] Грујић Р., Скопска митрополија, 16
[919] ibidem

самиот почеток на VII век покажува за наследништвото што ерархијата на Скопје го добила од архиепископијата на Јустинијана Прима.

- Веќе во 787 година на Вселенскиот Собир во Цариград, Јустинијана Прима не се споменува како постоечко архиепископско седиште, ниту дека на собирите учествува нејзин претставник. Од тогаш нејзиното постоење е фиктивно и духовно, додека физичкото останала некаде во минатото.

- Во XI век архиепископијата Јустинијана Прима правно се поистоветува со Охридската Архиепископија како една иста црквено-правна институција[920]. Ова може да се поткрепи и со фактот дека границите на Охридската архиепископија од XI век се совпаѓаат со границите на Јустинијана Прима од VI век. Прв архиепископ на Охридската Архиепископија бил назначен Јован, со словенско потекло[921].

- Во 1037 година на чело на Охридската црква доаѓа гркот Лав, кој бил голем поборник да се избришат сите, па дури и формалните траги од поврзаноста на охридската со бугарската црква[922]

- Во средината на XII век официјално е прифатена теоријата за поврзаноста на Јустинијана Прима со Охридската Архиепископија[923], односно се смета дека Охридската архиепископија е наследничка на епископијата на Јустинијана Прима. Со тоа, може слободно да се каже дека Македонската православна црква своите корени ги наоѓа во архиепископијата на Јустинијана Прима.

- Во XIII век еден од највидните охридски архиепископи, ученоит Димитриј Хоматијан, во црковната хиерархија ја сместува Охридската Архиепископија на трето место, веднаш по римскиот папа и цариградскиот патријарх, благодарение на славниот Јустинијан, кој го промовирал архиепископското седиште на Јустинијана Прима со законскиот Акт "Novella CXXXI".[924]

- Дури и скопската римокатоличката надбискупија во XVII век се врзува како наследничка на цковната организација на Јустинијана Прима[925].

---

920 Шукарова А., Јустинијана Прима, 99
921 Лакалиска С., Христијанските споменици, 27
922 Византиски извори III, 363
923 Византиски извори III, 363
924 Шукарова А., Јустинијана Прима 2, 48
925 Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 36

### *3. Каде се наоѓала Јустинијана Прима?*

Ако нештото сега не е таму, тоа не значи дека никогаш не било таму. А можеби и ние не знаеме да го видиме или препознаеме.

Едно од најтешките и неодговорени прашања во науката е местоположбата на мистериозниот град. Научниците, секој на свој начин, се обидуваат да го одговорат ова прашање, користејќи се со досегапостоечките информации и откритија. Еве еден мал преглед на досегашните резултати и теории:

- Неизбежни се поврзувањата на скопското село Таор со доцноантичкиот Таврисион, како и Бадер со доцноантичката Бадериана. Би биле слепи и глуви доколку не се обидеме да направиме поврзување на Таорското Градиште (и неговата егзистенција од VI век) кое се наоѓа во близина на каструмот Бадер, со поставувањето на Јустинијана Прима, изградена во близина на селото Бадериана. Секако, индикации наговестуваат и Прокопиевите зборови: наспроти селото Таурисиум, подигнал " тврдина со правоаголна основа, со (четири) кули на аглите"[926] или "тврдина со четири кули наречена тетрапиргион".[927] И сер Артур Еванс[928] вели дека Таврисиум (родното место на Јустинијан) е денешното село Таор[929], во близина на Скопје.

- Според К. Јиричек[930], Јустинијан - родум од тој крај - го обновил Скупи во близина на старата варош на место на денешно Скопје, па својата нова творевина ја нарекол Јустинијана Прима, но "старото варошко име било појако од новото, па така живее до денес".

- Голем број автори велат дека епископското седиште и центар на префектура Илирик, Јустинијана Прима лежи под темелите на средновековниот град на Скопското Кале[931]. Но, со ископувањата во 1953 година[932], 1967 година[933], како и со

[926] Вулић Н., Iustiniana Prima, 49
[927] Зајковски Д., Христијанската црква, 85-86
[928] Evans A.J., Researches, 82;
[929] истото го тврдат неколку еминентни автори: Ј. Хаџи Васиљевиќ, Скопје, ослонувајќи се на неколкиу српски државни акти од средниот век
[930] Јиричек К., Историја, 30-31
[931] Микулчиќ И., Средновековни, 299 и 306; Шукарова А., Simulacrum, 13
[932] Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", 26-46 (превземено од Грујић Р., Скопје у прошлости, Јужна Србија кн. I, стр. 4)
[933] Микулчиќ И., Скопје, 36

најновите истражувања на Калето од 2007-2011 година, на овој локалитет не се откри рановизантиска, ниту, пак, јустинијанова фаза.

Имено, како најпосочуваната локација за местоположбата на Јустинијана Прима, е Скопско Кале[934], изградена во VI век во времето на Јустинијан, после разорнувачкиот земјотрес во 518 година. Градските ѕидови на Тврдината прв пат биле подигнати во 535 година[935], што соодветствува со годината на промовирањето на Јустинијана Прима во ранг на архиепископија. Според Микулчиќ[936], јадрото на градот се наоѓало на просторот Подкале, па сé до Старата чаршија на исток. Овој хронолошки период (VI век) исто така многумина го врзува со монументалниот т.н. киклопски бедем, кој се наоѓа во внатрешноста на тврдината, на нејзината источна половина. Според Микулчиќ[937], овој ѕид дефинитивно е граден во времето на Јустинијан I, VI век, како и други бројни градови и обѕидија низ Северна Африка.

Многумина учени се сложуваат дека најстарите делови на Калето се ѕидани во VI век[938]. Сепак, како што е погоре веќе кажано, при истражување на Скопско Кале не се откриени археолошки остатоци од VI век . Исто така, монументалниот т.н. **Киклопски**, долго време во науката се датираше во Јустинијаново доба, е датиран исклучиво во XII век, археолошки потврдено со бројни движни наоди и со монети.

- Сепак, неколкумина мистериозната Јустинијата Прима би ја барале во скопската област[939]. Тоа морало да биде во скопскиот регион и поради фактот дека Јустинијана Прима ги продолжила традициите на митрополијата со седиште во Скупи, која престанала да егзистира по земјотресот во 518 година. Исто така, *потсетуваме на изразот кај Прокопиј*

“ ...Некаде во подрачјето на европските Дарданци, кои живеат зад границите на Епидамнијците, во непосредна близина на кастелот наречен Бадеријана, беше село по име Таврисиј...”, што несомнено го посочува единствено и недвосмислено скопскиот регион.

---

[934] Шукарова А., Simulacrum, 13
[935] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 129
[936] Микулчиќ И., Јустинијана Прима и Скопје, 9-14
[937] Микулчиќ И., Јустинијана Прима, 37
[938] Петров К., Скопското Кале, 232; Винчиќ Ж., Скопската Тврдина “Кале”, 37
[939] Алексова Б., Старохристијански центри, 27

- Во Србија, кај Лебане се наоѓа археолошкиот локалитет Царичин Град, за кој српските научници[940] и многу други интернационални истражувања[941], сметаат дека е Јустинијана Прима. Таму се одвиваат ископувања повеќе од 80 години. Тоа е утврдена населба, на површина од 7 ха, во кој се откриени осум ранохристијански базилики и во кој живееле не повеќе од неколку стотини жители. Бил поделен на горен и долен град, подигнати на благо возвишување. Горниот град имал централен плоштад и две главни улици, кои го поврзувале градот вдолж (cardo) и попреку (decummanus). На акрополата се влегувало преку две порти (источна и јужна). Долниот град е положен на издолжено, зарамнето плато, со пристап од исто така две порти. Во градот откриени се неколку значајни објекти, од кои се издвојуваат: базиликата со трансепт и големата градска цистерна. Прилог кон позитивното идентификување на овој локалитет како Јустинијана Прима е откриениот монограм на Јустинијан I врежан на јонски капител во трибелонот на базиликата со трансепт во Долниот Град[942]. Градот дефинитивно бил епископско седиште. Исто така, потсетуваме на непостоење на Прокопиевите топоними Таурисиум и Бадеријана во близина на локалитетот наречен Царичин Град.

- Секако, мора да се земе во предвид дека оние кои први и го славеле името на Јустинијана како Прва и главна во ерархијата на Јустинијановата изградба, можеби измислиле дел, или преувеличиле од она што било или би сакале да биде градот што царот го изградил за возврат на родното место.

- Во секој случај, прашањето за локацијата на Јустинијана Прима ќе мора да почека со соодветен одговор, бидејќи засега не постојат сигурни, ниту релевантни факти кои би го убицирале овој мистериозен град.

---

[940] Кондић В., Поповић В., Царичин град; Бавар Б., Иванишевић В., Ivstiniana Prima - Царичин Град
[941] Duval N., Popović V., Caričin Grad I, Begrade - Rome, 1984
[942] Кондић В., Поповић В., Царичин град, 57-58

# V. Декоративните христијански елементи на сакралните и профаните предмети

Симболот, како поим, означува договорен и/или препознатлив знак за одредена видлива (но скриена) или невидлива, реална или нереална појава. Користењето на симболи во христијантсвото најквантитативно било во периодот на првите години по појавата на Христијанството. Тогаш верниците се состанувале тајно и разменувале тајни знаци и симболи, кои нехристијаните не можеле да ги разберат. Повеќето од користените форми имале употреба и во претхоните ери и во паганските религии, но христијантсвото им дало ново (христијанско) толкување и значење. Веќе во периодот на раното христијантво (IV-VI век) овие симболи излегуваат од тајност и се во широка употреба скоро секаде во јавниот живот на христијанската заедница. Со тек на време симболите не ја губат својата содржина ниту вредност. Напротив, тие се зајакнуваат и создаваат еден цел систем на симболи, општо прифатени и канонски одредени.

Користењето на христијанските симболични елементи со секојдневниот живот е еден вид на световна Евхаристија односно молитва на благодарност.

Тоа на христијанскиот систем му дава широко отворени врати за создавање на богата и раскошна палета на симболи.

Општено гледано, декоративните мотиви од христијанската палета на украсување, може да се поделат во четири групи:

- геометриски - крстови, кругови, триаголници, ромбови, плетенки, мрежи. Поради својата едноставност, овие елементи се среќаваат во предристијанскиот период, како и во други религиозни системи. Во Христијанството тие земаат свое место и носат со себе своја симболика и употреба.
- флорални/вегетабилни - цветови (розети, кринови), листови, ластерки, лозови гранки, дрвја, плодови се некогаш главен, понекогаш дополнителен декоративен елемент. Тие како група ја обележуваат рајската убавина.
- зооморфни - домашни и диви животни, но тука се вбројуваат и измистени, митски и чудовишни животни. Христијанската симболика има лепеза од домашни и диви животни кои ја претставуваат христијанската идеологија, кои се користат во

декоративни цели во скоро сите домени на живеењето (градителство, домување, на утилитарни предмети, накит, итн).

- антропоморфни - Со својата богата лепеза на ликови од византиското ѕидно сликарство, се бележи преслика на скоро истата иконографија при декорација на предметите од т.н. применета уметност. Во тој склоп се вбројуваат бројни човечки ликови, стоечки фигури, допојасни претстави на светци и светици, некои само локално обожувани, а некои широко прифатени и доста популарни. Исто така, се јавуваат скратени, но и комплексни сцени превземени од византиското ѕидно сликарство.

### *Геометриски декоративни мотиви*

**Крст**от еден од наједноставните декоративни елементи, а воедно тој е носител и главен симбол во Христијанството. Составен е непомалку од една хоризонтална и една вертикална греда. Трпи различни промени, додавки, варијанти и облици. Неговото воведување во христијанската симболика доаѓа со распнувањето на Исус Христос на крст, односно како медиум користен за мачење.

Крстот за христијаните е симбол на духовното спасение после физичката смрт. Тој ја докажува Христовата човечка природа, чија дематеријализација (воскреснување) ја симболизира победата над смртта и ја дава ознаката за Рајот. Тој е фетиш, симбол на нешто што е непознато, аксиома која не бара потврда, нешто необјасниво со факти, нешто што научната теоретика не може да го докаже, симбол на своевидна полидимензионалност материјализирана во облик. Тој претставува материјализиран белег на религиозна креативност на христијанскиот свет, како во минатото, така и во денешницата[943].

Пред 2000 години крстот укажувал на најпонижувачкото и најсрамното мачење, што едно човечко битие може да го поднесе во својот живот и го доведува до многу страшна смрт. Римјаните крстот го нарекувале arber infelix[944]- дрво на срамот и понижување. А денес крстот е најпочитуваниот знак кај христијаните.

---

[943] Ивановска С., Крстови, 29
[944] Миловановиќ Д., Крстови, 10

Крстот за Христијаните е Сонце на Божјото небо. Крстот е драгоцен камен на вистината на Евангелието, а не нејзина рамка. Тој е средиште и срж на Христовата порака, а не нејзин дел[945]. Крстот е патот на безгрешноста, а не само нејзин симбол.

Поради сето тоа, крстот е една од најголемите инспирации за христијаните за нивно уметничко искажување. Тој се јавува во бројни форми, со што претставува најманипулативниот елемент за декорирање. Неговата основна едноставност овозможува игра на варијации на иста тема, со што спектарот за негово користење добива огромен квантитет.

Постојат неколку основни графички форми, кои и се најчесто сретнувани, додека останатите претставуваат нивни најразлични варијанти.

Основните графички форми[946] (**сл. 46**) се јавуваат во повеќе варијанти, но и од нив се извлекуваат бројни форми, кои се во разна употребна и декоративна функција.



***Сл.46 Графички форми на крстови***

[945] Виленд Р.Ј., Крст, 8
[946] Ивановска С., Крстови, 33-40, во консултации со Leksikon, 255

Основни графички форми :

1. Латински крст (crux capitata, crux ordinaria)
2. Петров крст ( crux inversa)
3. Т-крст, Антониев крст (crux commissa)
4. Ипсилон или разбојнички крст
5. Грчки крст (crux immissa, crux quadrata)
6. Андреин крст (crux decissata)
7. Руски крстови (а, б, в)
8. Малтешки крст (а, б, в)
9. Кукаст крст, свастика (crux dessimulata или crux cammata)
10. Египетски крст (crux ansata)
11. Утроен руски крст, Папски крст (crux papalis)
12. Прекршен крст
13. Клинест крст
14. Јаболчест крст
15. Тролисен, Лазаров, брабантски
16. Штакест крст / патеричест (crux patibulata)
17. Ленгер-(crux ansata ancorata)
18. Сидрест крст (crux ancorata)
19. Повторен крст
20. Ерусалемски, Крст на Светиот гроб
21. Маченички крстови
22. Ротирачки крст
23. Сончев крст
24. Германски крст
25. Гамадија крст (crux gammata)
26. Келтски крст
27. Бисерен крст (cruxgemmata)
28. ЕТС крст
29. Крст издигнат над земјата
30. Дрво на животот (crux virescens - Arbor Vitae)
31. Архангелски крст
32. Евангелски крст
33. Коптски крст

Доста често формите на крстовите се поистоветува со монограмите на Исус Христос и светците Таа забуна е логична, бидејќи секој монограм, без разлика дали е на Исус Христос, дали е царски или припаѓа на некој светец, во својата содржина секогаш има крст, вметнат, вклопен или развиен. Најчести се Христовите монограми, кои ги има во повеќе варијанти.

Бројни форми се врзани со специфична симболика. Така на пример, Т-крстот ја симболизира змијата обесена на вертикалната греда, односно смрт на победената жртва[947].

Гледајќи го спектарот на христијанските симболи, може да се забележи дека скоро секоја форма и појава во природата добила свое место во христијанскиот религиозен систем.

Крстовите имаат најбогат репертоар за декоративна изведба. Тие се следат од обична геометриска и флорална декорација, до претстави на Распетието Христово, Богородица Оранта, локално почитувани светци, како и скратени сцени од Големите празници и Житието Христово.

Зголемување на производството се бележи со доаѓањето на Комнините на власт во Цариград (1081-1185), во ликовната уметност се јавува еден нов бран на хуманизација и профанизација на религиозните сцени. Воведувањето на експресивниот израз на ликовите на светците, обогатувањето на гамата на боите, изразените потези на линиите. Силно влијание имала и естетиката од античкиот период. Сето тоа имало големо влијание врз изработката на крстовите. Во овој период експанзијата на цветнолисната орнаментика, позната како bluttenblatstil[948], во византиското ѕидно сликарство се рефлектира и врз уметничкиот израз на крстовите.

Веќе во послниот среден век, светиот град Ерусалим и религиозните центри не се веќе единствените кои произведуваат крстови. Мајсторски работилници се наоѓале и во населените места, од каде преку патувачки трговци биле разнесувани низ околните населени места.

---

947 Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 310
948 Грозданов Ц., Студии, 59

Се забележува силен и забрзан развој на локална уметничка продукција, која има и посебен белег во изразот.

Се јавуваат диференцијации на локалната продукција. Имено, само помали региони држат до унифициран тип, кој се шири само во блиската околина. Поради тоа се случува еден непланиран вариетет на типови на крстови со различно решавање на канонизираната иконографија, што води кон проширување на лепезата на сцени, форми, типови, светци, композиции.

Во нашата каталошка збирка, крстот е најчестиот тип на предмет во три од групите во каталошката збирка. Се јавувавaат како реликвијари, процесиски, разводници, од кандила, оплати, приврзоци, апликации и пломби. Но, најчесто се јавуваат како декоративен елемент, и како централен мотив, и како пропратен украс.

Го има:

- на крстот оплата од Скопско Кале со кат. бр. 29;
- на хоросниот крст од Марковиот Манастир, со кат. бр 34, како и на различни делови од истиот полиелеј, со кат. бр. 35 и 36;
- пред почетокот на врежаниот текст со грчко писмо на лентата на луксузниот пехар од Скопско Кале, со кат. бр. 41;
- како централен мотив на бронзената чинија од Скопско Кале, со кат. бр. 45;
- како централен мотив на главите на прстените со кат. бр. 50, 51, 52, од Скопско Кале, и на прстенот со кат. бр. 53 од Градиште, с. Таор;
- како централен мотив на детска белегзица со кат. бр. 89 од Скопско Кале, на белегзијата од Градиште, с. Таор со кат. бр. 101 и на белегзијата со кружни краеви на белегзија од Скопско со кат. бр. 100;
- по цела должина на белегзија од Скопско Кале, со кат. бр. 99;
- како дополнителен мотив на алките и главите на прстените со кат. бр. 62 и 83;
- како мотив на фрагменти од стаклени белегзии од Скопско Кале, со кат. бр. 105 и 106;
- крстовидно пробивање на сучидава токи со кат. бр. 131 од Скупи, кат. бр. 133 од Градиште, Таор, но и со кружни пробивања кои сочинуваат крст како на токата со кат. бр. 132 од Градиште, с. Таор;

- како централен мотив на ликсузните чинии од Скопско Кале, како што се примероците со кат. бр. 151, 152, 153, 156, 157;
- како дел од декоративна композиција на апликација од Скопско Кале, со кат. бр. 206, и на сложената композиција на калапот од Св. Спас, со кат. бр. 217, во горниот дел (каде елегантите птици фланкираат крст што симболизира "дрво на животот".)
- како и на бројни примероци каде крстот е дел од комплексна комплозициска сцена.

**Круг**от е симбол на небесното царство. Првично тој се испоистоветува со Сонцето, како извор на животот, без кој нема ништо да постои. Кругот е геометриска слика на сферата, која пак е симбол на рајот. Рај (грчкиот παραδεισος, латинскиот paradisus, словенски *рај*), во библиска смиса е место каде престојува Господ Бог и во кој е воведен првиот човек (Книга на постанок 2:8).

Рајот не ја означува само сферата и Божјата заедница во која се наоѓал човекот на почетокот на постанокот, туку и состојбата на човекот ќе се најде на крајот, учествувајќи во боженствениот живот. Крајно, рајот е состојба на победа: „...На оној, кој победува (против злото), ќе му дадам да јаде од дрвото на животот кое што е среде Божјиот рај!" (Откровение на Јован 2:7)

Кругот, кружницата се прифаќа и како симбол на вечноста и непрестојното постоење, па така е симбол и за Божјата вечност (на почеток, сега и во вечни векови).[949]

Во нашата каталошка збирка, доста често се јавува како декоративен елемент. Така, кругот е централен мотив на глава на прстен со кат. бр. 54, од Скупи, и на прстените со кат. бр. 55 и 56 од Градиште, с. Таор. Го има и на бронзената украсна игла од Скупи, со кат. бр. 142, каде кругот е втиснат и на главата и на телото на птицата. Во комбинација на организирани и неорганизирани кругови, се јавува и како декорација на белегзии со кат. бр. 93 од Коњушница, с. Орман и на кат. бр. 94, 95, 96, 97 и 98 од Скопско Кале. Втиснати кругови исто така се јавуваат на аверсната страна на

[949] Leksikon, 367

крстовите - приврзоци од Скупи, со кат. бр. 119 и од Градиште, с. Таор со кат. бр. 123 и на две појасни пафти-токи од Скопско Кале со кат. бр. 124 и 125.

**Топка** (како кружен симбол) е претстава на Сонцето. Сонцето е најобожуваното нешто на сите времиња. Без него нема живот и тоа човештвото отсекогаш го знаело. Во Христијанството, Исус Христос во преносна смисла се испоистоветува со Сонце. Доста често низ стручната литература и документарните медиумски прикази се сретнува атеистичка интерпретација на врската меѓу Синот Божји и Сонцето. Така, за Исус се смета дека е симболична претстава на Сонцето и Соларниот дуалитет (ден и ноќ; светли и темно; Сонце и Месечина).

Поради библиската објава за блажената Марија : „...И се покажа голем знак на небото - жена, облечена со сонцето и месечината под нејзините нозе, а на нејзината глава круна од дванаесет ѕвезди..." (Откровение на Јован 12:1), Сонцето и месечината се сметаат за симбол на Богородица.



*Сл.47 Симболи Сонце и Месечина*

Сонцето и месечината исто така се симболи на жалост во сцените, во сцените на Распетието Христово. Се јавува на реликвијарните претстави на Распнатиот[950].

[950] Аверсна половина од реликвијар од Струмица, над табулариумот, што се наоѓа над Христовата глава, релјефно се претставени Сонце во левиот и Месечина во десниот агол
Аверсна половина од реликвијар, Ивановска С., Крстови, кат. бр. 20 и 21

Таков пример во нашата каталошка збирка наоѓаме во реликвијарот со кат. бр. 15, откриен на Скупи, на кој над Христовата глава, во аглите на горниот крак, изведени се релјефни симболи на Сонце и Месечина.

Сончевите симболи многу често биле комбинирани со други симболи, дополнувајќи ги во композитна експлицитност. Така, на пример, графичката форма јаболчест крст (со топчести завршувања на краевите на краците) го симболизира патот на Сонцето околу Земјата[951]. Исто така, често се јавува крстот вкружен во круг познат како сончев крст.

Глобусот односно Земјината топка е симбол на власта, така често се користи како симбол на Отецот. Кога е во рацете на Исус Христос, го означува неговото врховство, а во рацете на човечки лик тогаш е царски симбол или симбол на кралевското достоинство.[952]

Калотести испупчувања симболизирајќи го Сонцето, во нашата каталошка збирка се јавува на крстот пломба од Скопско Кале, со кат. бр. 211, каде како композициска целина , исполнувајќи ја цела површина од аверсната страна на крстот.

Една од топчестите односно кружните форми е и **бисер**от. Според источните филозофии, бисерот, кој по форма влегува во групата на кружни симболи, е лунарен симбол и се врзува со жената, со љубовта и бракот, со чистината на душата, со дождот и неговите капки. Од друга страна, христијанството бисерот го врзува со безгрешното зачнување на Христос, неговото духовно раѓање и неговото огнено крштевање[953]. Бисерот е бел, чист и скапоцен.

„...Царството небесно е слично на трговец, кој бара убави бисери. А кога најде еден скапоцен бисер, оди и продава се што има, и го купува...” (Евангелие по Матеј 13:45,46)

Бисерот го означува и знаењето во срцето: еднаш штом ќе се најде, не смее да се фрли. Ниту смее непромислено да се пренесува на оние кои не се достојни.

[951] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 315
[952] Leksikon, 241
[953] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 47

“...Не давајте им го она што е свето на кучињата; ниту фрлајте ги своите бисери пред свињите, за да не ги изгазат со своите нозе, и да се завртат и да ве раскинат...” (Евангелие според Матеј 7:6)

Во христијанската уметност се сретнува лик над кој е свод, додека под нозете има четвртаста клупа. Тоа е симбол на Господ Бог кој од својот небесен престол се симнува на земјата[954]. Значи, преминот од кружен облик во квадратен го претставува отелотворувањето односно творечкиот мост меѓу две природи (Божја и човечка) и поврзаноста меѓу небото и земјата.

Во нашата каталошка збирка, се вбројува копче-апликација со кат. бр. 141 од Градиште, с. Таор со капковидна / бисерна форма. Исто така, на краевите на краците на процесиските крстови од Скопско Кале со кат. бр. 17 и 18 има полутопкалести завршетоци кои имитираат бисери.

Квадрат, со идеално еднакви страни, е претставник на земјената плоча. Квадтарот во нашата каталошка збирка се јавува како дополнителен декор во различни композиции, како на пример на плитка чинија од Скопско Кале со кат. бр. 152, или пак како рамка во која е врежана сцена, како на прстенот од Скопско Кале со кат. бр. 84.

**Ромб**от е симболична порта на повторното раѓање. Неговата форма е анамнеза на вулва, па затоа е прифатен како женски принцип. Ромбот е всушност симболика на повторното раѓање кое доаѓа со самиот чин на крштевање.

Ромбот е составен од два триаголници кои се спојуваат во своите основни краци. Тој нивни спој се идеализира со спојот на небото и земјата, односно врската меѓу горниот и долниот свет[955].

Во нашата каталошка збирка, не е чест како декоративен елемент. Се јавува на држалката на бронзена спатула од Скопско Кале со кат. бр. 46, каде ромбот е врежан

[954] ibid, 329
[955] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 566

три пати по средината на предметот. Исто така, на златната членковидна белезица со кат. бр. 88 од Скопско Кале, централните мотиви се врамени во ромбовидна рамка.

**Спирала**та е симбол кој се сретнува не само во христијанството, туку и низ скоро сите епохи на човековото живеење. Но, во средновековниот период е главна карактеристика на стилот на византиската применета уметност од XI-XII век, па и XIII век. Во Скопско, најчесто се сретнува како декоративен елемент на луксузната керамика од Скопско Кале. Така, таа е главен мотив на чиниите со кат. бр. 147, 154, 155, 160, 161, 162 и 164, но и мотив за декорирање на надворешната страна на чинијата како на примерокот со кат. бр. 153. Сите се од Скопско Кале.

Спиралата е симбол на вечното движење.

**Јаже - плетенка**, е симбол на животот. Оваа симболика се пренесува уште од Старото египетско царство, каде фараоните се претставувани со јажето на животот во раката. Преку претставите на Изида и други комбинирани божества од политеистичките религии, се пренесува и на Балканот, а со текот на времето и Христијанството ги прифаќа.

Јажето има и негативна смиболика - тоа е знак на предавство. Имено, "...Тогаш четата, заповедникот и јудејските слуги Го фатија Исуса и Го врзаа..." (Евангелие според Јован 18:12), со што јажето и Јудиното предавство се во тесна врска.

Во нашата каталошка збирка, јажето односно плетенката се јавува како декоративен елемент на луксузната керамика од Скопско Кале. Како главен мотив, плетенката се јавува во фриз на внатрешната страна на чинијата со кат. бр. 158, но се јавува и како двојна полуплетенка на чинијата со кат. бр. 157. Во облик на вегетабилна плетенка, се јавува на феагмент од капак од кутија од Скопско Кале, со кат. бр. 219. Исто така, плетенката се јавува и како дел од сложената декоративна композиција, просторно разделувајќи две библиски сцени на калапот откриен во дворот на црквата Св. Спас, со кат. бр. 217.

**Пентаграм / петокрака ѕвезда**. (на грчки pénte значи пет, а grámma е буква) Еден од честите космички симболи користени во декоративниот репертоар на

христијанските симболични мотиви е и пентаграмот или петокараката звезда. Таа, како космички амблем ја укажува врската меѓу космичкото и рајското, бидејќи небесниот рај се наоѓа во состав на космичкото царство.[956] Со нејзините пет краци се изразува единството на нејзините нееднакви делови[957].

Како графичка форма, пентаграмот бил користен уште во време на грчкиот филозоф и математичар Питагора и неговите ученици-следбеници. Во средновековието го користеле и научници (градители и уметници), чија наука се основала на математички плавила. Неучениот свет во него гледал магиска необичност, па како форма петокраката ѕвезда освен што се користела против злото и уроците, играла и излечителна улога. Така, според 45-тиот лист од Кодикот на Манастирот Матка[958], петокраката ѕвезда во два круга на корка леб му се давала на лице укасано од бесно куче да ја изеде за да оздрави. Христијанството петокраката ѕвезда ја прифаќа како симбол на петте Христови рани кои Синот Божји ги здобил додека бил распнат на крст[959].

Пентаграмот исто така означува брак, како соединување на машкиот принцип во бројот три плус женскиот принцип во бројот два. Поради тоа, некои венчални прстени во средновековниот период биле означувани со врежан пентаграм на главата на прстенот.

Пентаграмот носи значајна симболика, која ги соединува бракот, среќата и исполнувањето. Поради тоа сметаме дека прстените декорирани со петокрака ѕвезда се бурми кои ги носат венчаните парови.

Ѕвездата е таа која го осветлува темното небо во ноќта, па затоа христијанството ја прифатило како алегорија на Божественото лидерство и Божјата наклонетост. Исто така, ѕвездите го означуваат безгрешното зачнување на Богородица: : „...И се покажа голем знак на небото - жена, облечена со сонцето и месечината под нејзините нозе, а на нејзината глава круна од дванаесет ѕвезди...” (Откровение на Јован 12:1)

---

956 Миловановић К., Речник симбола, 417
957 Chevalier J.,Gheerbrant A., Rečnik, 494
958 Николовска С., Матка, 429
959 Leksikon, 458

Во нашата каталошка збирка, се јавува како декоративен елемент. Така, пентаграмот е централен мотив на главите на прстените со кат. бр. 57, од Скупи, на со кат. бр. 58 од Градиште, с. Таор и кат. бр. 59 од Крст, с.Орешани.

Исто така се срекава и на патената од Скопско Кале со кат. бр. 44.

Забелешка: хексаграмот[960] не е во врска со пентаграмот, ниту ,пак, е негово дополнување.

**Лак**от, како машки принцип, ја симболизира силата: "...Мојата слава ќе се подмладува секогаш, и лакот ќе се обновува во мојата рака..." (Јов 29:20)

Од друга страна, лакот го претставува небесниот свод. Лакот е тој што е преобразен во ореол и се поставува околу главите на светците. А самиот ореол ја симболизира светлоста што ја имаат воскреснатите тела и им припаѓа на покојниците кои на овој свет живееле како светци и се примени на небото.[961]

Крстот со лакот го симболизира спојувањето на Земјата и небесниот свод преку Крстот[962].

Таков пример, во нашата каталошка збирка наоѓаме во крстот разводник од Скопско Кале, со кат. бр. 19.

**Срце** и срцевидна форма е многу честа декорација на накитот на средновековните христијани. Срцето се сметало за средиште на разбирањето, љубовта општо, храброста, побожноста, жалоста и радоста[963]. Библиската интерпретација има врска со содржината на човековото срце, односно љубовта општо и побожноста. Срцето ја претставува внатрешноста на човекот, неговиот духовен живот, интелигенција и мудрост.

"...Господ му рече на Самоила: Не гледај на неговата надворешност, ни на неговиот висок раст, зашто го отфрлив. Бог не гледа како што гледа човекот: човекот гледа на лице, а Господ гледа што е во срцето..." (Прва книга на Самоил 16:7)

---

960 шестокраката ѕвезда = Штитот на Давид - Соломонов знак или Соломонов печат е најтипичното еврејско обележје почнувајќи од XIV век, но е присутно како во Христијанството, така и во Исламот
961 Chevalier J.,Gheerbrant A., Rečnik, 26
962 Ивановска С., Крстови,
963 Leksikon, 542

Симболиката на срцевидната форма на Балканот е стигната од Византија, која ги има преземено од Блискиот Исток[964] и вклопено во цела своја уметност (применета и црковна), во IX-XI век, па и во периодот од XII до средината на XV век.

Срцето во рацете на светец означува длабока религиозност, пробиеното срце со стрела е симбол на големо покајание и побожност во длабока невоља[965]. Западното христијанство почесто го употребува срцето во симболичните претстави на своите светци.

Поради тоа што срцето е првиот орган што се обликува во човековото тело и последно умира, се смета за основа во изреката: да се сака со цело свое срце.

Оттаму срцето и срцевидната форма е дел од репертоарот кој има романтична конотација, и е поврзано со романтично - љубовни чувства: "...Срцето ми го плени, сестро моја, невесто, срцето ми го плени само со еден твој поглед..." (Песна над песните 4:9)

Со религиозна конотација, срцето како форма во нашата каталошка збирка го среќаваме кај на приврзокот со кат. бр. 110 од Скопско Кале чија срцовидна декорација е изведена со пробивање. Потоа, три копчиња имаат срцевидна форма, и тоа: кат. бр. 138 од Скопско Кале, кат.бр. 139 од Скупи и кат. бр. 140 од Градиште, с. Таор. Како срцевиден медаљон, се сретнува декоративен морив на керамичките чинии со кат. бр. 148.

**Стап** = долга прачка е симбол на Христовиот пастирски стап. А пастирскиот стап е со свиткана држалка и се нарекува *йедум*. Тој е знак на епископската власт над умното стадо.

Таков педум е претставен на прстенот со кат. бр. 83, од непознат локалитет. Стапот ја придружува централно поставената фигура, која не може да се идентификува со сигурност. Според претставениот педум претпоставуваме дека централната фигура е Исус Христос.

---

[964] Битрашевић М., Средњовековна керамика, 19
[965] Leksikon, 542

**Монограмите** се типично христијанско обележје, особено Христовите монограми - христограми, кои се сплет на букви од христовото име. Потекнува уште од ранохристијанскиот период, односно овој знак му се јавил на Константин Велики пред битката со Максенциј во есента 312 година, па императорот истиот знак го ставил на штитовите на своите војници. Со победата во оваа битка, Христовиот монограм се претставува на шлемот кој го носел Константин, потоа на кованиците во Триер од 312 и 313 година, кованиците од Сицилија од 317 година итн[966]. По тој пример, и во средновековието се појавуваат монограми на „следбеници на христовата вера", видни и значајни личности во општеството.

При истражувања на дворскиот манастиир во Преслав, седиштетот на Бугарското царство, биле откриени бројни фрагменти садова керамика, глазирана и неглазирана со врежани кирилски букви и натписи[967].

Во Велико Трново, Царевиот град, на сграфито керамика биле откриени бројно монограми на значајни личности од општеството, но и на некои бугарски цареви. Таа традиција продолжила и после времето на последниот бугарски цар Иван Шишман- до крајот на XIV век[968]

Христограмите се најчесто вгравирани на златни прстени[969], но не ретко се сретнуваат и на прстени од бронза.

Во нашата каталошка колекција, монограми се откриваат на повеќе предмети:

- на главите на прстените со кат. бр. 62 од Скопско Кале и кат. бр. 63 од Градиште, с. Таор, на кои се врежани монограм К односно †NIK
- врежани на фрагменти керамика како на кат. бр. 173, каде е врежан монограмот на Божјата Мајка, како и на примерокот со кат. бр. 174, каде со плитко врежување изведен е натпис со словенсо писмо † С Є К Ш
- на фрагмент од керамичен сад, кат. бр. 175, со плитно врежување изведени се неколку монограми.
- на фрагмент од капак од кутија од Скопско Кале, со кат. бр. 218, каде Христовиот монограм е врамен во круг.

---

[966] Поповић И., Накит од злата, 30
[967] Тотев Т., Дворцовия манастир, сл. 19
[968] Георгиева С., Търново, 66-68
[969] Поповић И., Накит од злата, 31

## *Флорални и вегатабилни декоративни мотиви*

После крстот, омилена кај средновековните мајстори е флоралната (цветолисната) и вегетативната тематика. Тоа најсилно се одразува врз изработката на металните премети, особено кај накитот, но секако се сретнува и во декоративните решенија на луксузните чинии. Флоралното решение односно вегатабилната декорација е анамнеза на кружниот тек на животот т.е. циклусот на раѓање - созревање - смрт - преобразување. Билката ја симболизира насобраната сончева енергија; таа ја црпи својата сила од земјата, ја дава својата лековитост каде е потребно, но и својата отровност, и пред да свене го дава своето семе за да продолжи нејзиниот род. Нивната употреба е потсетување дека билките, како и човекот, се раѓаат од земјата, и се створени од Бога.

Самата привлечност на убавината на цветот во било која форма и боја, се базира и христијанското учење за цветниот рај. Цветот е слика на душевните доблести.

**Розета**та е израз на небесниот благослов и животворната милост. Таа е ерусалимската ѕвезда Деница. Но, сепак, крајно ја евоцира откупителската Христова крв[970].

Розетата е графичка форма на цветот роза. Розата е симбол на плодноста, но и знак на обновата. Таа ја поттикнува мислата за совршена убавина, нежноста на душата, растрепереност на срцето. Розата, растела во земскиот рај без трнови. По падот на првите луѓе, розата станала обичен земски цвет, па ги добила своите боцки. Таа со својата миризба и убавина ги потсетува луѓето на гревовите што ги направиле, но и на убавините на рајските сласти.

Розата (ружата) без трње ја отсликува Богородица, бидејќи таа е изземена од исконскиот грев[971].

Се јавува во VI-VII век и се сретнува најчесто во IX-XIV век во многу различни форми.

[970] Chevalier J.,Gheerbrant A., Rečnik, 566
[971] Leksikon, 516

Таа е квантитативно најкористената флорална форма во христијанскиот систем на декоративни елементи.

Во нашата каталошка збирка, се јавува многу често и како централен мотив, и како дополнителен декоративен елемент. Четирисната розетата е украс на раскошната оплата за крст со кат. бр. 29 од Скопско Кале и се јавува на двата откриени краци. Потоа, како пропратен, но упадлив декоративен елемент на сцената Распетието Христово на крстот оплата од Скопско Кале, со кат. бр. 30, над Христовата глава и под Христовите нозе. Розетата исто така дополнува комплексна декоративна композиција, изведена со врежување на дното на метална патена од Скопско Кале, со кат. бр. 44. Како централен украс, розетата се наоѓа на на главите на прстените со кат. бр. 65, 66, 67 од Скопско Кале и на примероци од непознат скопски локалитет со кат бр. 68. Композиција на пробиените шестлатични розети го украсуваат приврзокот со кат. бр. 107 од Скопско Кале, а осумлатичната розета е централен мотив на два мали кружни приврзоци со кат. бр. 108 и 109 исто така од Скопското Кале. Мали испупчувања во форма на розети ги красат две лировидни розети со кат. бр. 125 и 128 од Скопско Кале. Едно копче со кат. бр. 136 од Скопско Кале, има форма на осумлатична розета.

**Крин**от - лилјанот (Lilium Candidum), како чест елемент во декоративната експресија на христијаните, има многу женствена симболика. Тој е симбол на Богородица и ја претставува нејзината чедност и чесност[972]. **Лилјановите цветови** се девствени симболи[973]. Во Песна над Песните, Богородица е наречена полски лилјан / лилјан меѓу трњето / долински крин. "Она што е кринот меѓу трњето, тоа е мојата возљубена меѓу момите." (Песна над песните 2:2)

Лилјанот исто така ја означува вербата во Бога и препуштањето на милоста Божја: „...Погледнете ги полските лилјани како растат; не се трудат ниту предат..." (Евангелие според Матеј 6:28)

Кринот / лилјанот следствено на предходното е симбол на белината, чистотата, недолжноста, девственоста. Затоа и се препишува на Богородица. Во сцените на

[972] Манева Е., Накит, 93
[973] Манева Е., Амајлии, 3

благовештение, Св. Архангел Гаврил во раката држи лилјанов цвет. Еден тип на лилјан е fleur - de -lis , кој го симболизира кралско достоинство[974]. Таков пример за богато декориран предмет наоѓаме во нашата каталошка збирка, во катси-кадилницата од Марковиот Манастир, со кат. бр. 33, чие издолжување од телото кон држалката со ажурирање е декорирана со сплет на елегантни кринови.

Исто така, лилјанот се јавува на прстенот со кат. бр. 81, каде ја опкружуваа стоечката фигура на Исус Христос.

**Винова лоза** *(Vitus vinifera)* е еден од најстарите и најтипичните христијански симболични елементи кој својот корен го влече од Библиската интерпретација на Христовиот повик за спас на човечкиот род: „Јас Сум лозата, а вие прачките, и кој што е во Мене, и Јас во него, тој ќе даде многу плод; бидејќи без мене не можете да направите ништо" (Евангелие по Јован, 15:5). "Јас сум лозата, Мојот Отец е лозарот. Тој ја отстранува секоја прачка на мене, што не дава плод; а ја чисти секоја што дава плод, за да даде повеќе плод..." (Евангелие по Јован, 15:1). Виновата лоза го симболизира односот меѓу Господ Бог и неговиот народ.

Лозата, исто така, го симболизира животот и е свето дрво (иако не е дрво по појава), и дел од рајската приказна за Небесното Царство, симбол на Божјиот посед: "...(на крајот на деновите) Секој ќе седи мирно под виновата лоза, и под својата смоква и никој не ќе се плаши..." (Книга на пророк Михеј 4:4), "...Во оној ден - слово е на Господа над Војските - ќе се повикувате еден друг под лозата и под смоквата..." (Книга на пророк Заахарија 3:10)

Виновата лоза раѓа плод - гроздот - од кој се прави виното (црвено) кое е алегорична анамнеза на Христовата крв. Виното е и неоделив дел од чинот на примање на Светата Причест, либичниот елемент од неа, вкусување на Христовата крв. Преку вкусувањето на "Христовата Крв" верникот му се потчинува на чинот на евхаристијата, чин кој е всушност перпетуално повторување на чинот на благословување на лебот и виното на последната вечера на Исус Христос со апостолите.

[974] Fleur - de - lis се наоѓа на грбот на француските кралеви - Лексикон, 388

„...Дрвата и рекоа на лозата: Дојди, биди ни цар! Лозата им одговори: Зар да се одречам од виното што ги весели Бог и луѓето за да владеам над другите дрва?...” (Книга на Израелеви судии 9:12-13)

Основајќи се на Библијата, во неколку наврати виното се прикажува како симбол на радоста и симбол на сите дарови кои Бог им би дава на луѓето: “...(Бог прави) Вино што го развеселува човековото срце...” (Псалми 104:15)

Господ Бог е виноградинар, и го моли синот свој да го посети виноградот. А Исус Христос, жртвувајќи се за народот, се поистоветува со лозата, така неговата крв е виното на Новиот Завет[975].

Бездруго, виновата лоза е едно од омилените растенија на човекот, кое со својот род секогаш обезбедувало добар живот. Затоа и Ное, на почетокот на новиот циклус, првото што го посадил било винова лоза.

Во нашата каталошка збирка, се вбројува прстен од Скопското Кале, со кат. бр. 69, на чија триаголна глава во релјеф прикажани се претстави на лозници и гроздови кои фланкираат крст во форма на “arbor vitae”. Исто така, на аверсната страна на крст-приврзок од Крст, с. Орешани, со кат. бр. 124, се наоѓа стилизирана флорална декорација, со префинети и извиени форми на разлистени извиени гранки, кои имитираат лозови ластерки. И на керамичките чинии може да се сретне декорација со лозови ластерки, како што е на чинијата со кат. бр. 166. Исто така, виновата лоза се јавува и како дел од сложената композициска сцена од 41. Давидов Псалм прикажан на калапот од Св. Спас, со кат. бр. 217.

**Жито**то / пченицата е едно од најтипичните вегетабилни Христови симболи, поради своето евхаристично значење. Житото ја означува и Христовата човечка природа: ”...Вистина, вистина ви велам, ако пченичното зрно не падне во земјата и не умре, останува само; а ако умре, донесува плод...” (Евангелие според Јован 12:24), односно пченичното зрно е алеориска Христова предлошка на умирање и повторно раѓање.

Пченичните гранки се чест вегетабилен декоративен елемент на луксузните садови.

---

[975] Chevalier J.,Gheerbrant A., Rečnik, 360

Во нашата каталошка збирка, житото се јавува како декоративен мотив, и тоа на керамичка чинија од Скопско Кале, со кат. бр. 155, каде меѓу спиралите се изведени и високи ластерки од жито.

**Палма и палмета** (Chamaerops)

Нејзината употреба како декоративен елемент прв пат се бележи кај Римјаните како симбол на победата[976], триумфот[977] и славата. Била употребувана и во Индија, Персија и Кина како симбол на изобилието. Во христијанството симболиката благо се видоизменува, па и тогаш ја означува победата и триумфот на мачениците над маките нивни и смртта.

"...Множество народ, што беше дошол на празникот, кога чу дека Исус доаѓа во Ерусалим, зеде палмини гранки и Му излезе во пресрет и викаше: Осана! Благословен Кој доаќа во Господовото име, Изралевиот цар!" (Евангелие според Јован 12: 12-13)

Палмата ја симболизира дланката, раката, поради што етимолошки е блиска со зборот „дланка" во повеќе западни јазици. Таа е свето стебло, благословена од Господ, симбол на обновувањето, воздигнувањето и бессмртноста.

Палметните мотиви се јавуваат во два облика: прости (тролисна или многулисна палма) и сложена (палмета - благоизменета форма на палмата, најчесто од уметнички причини).

Во нашата каталошка збирка, палметините мотиви се користени во склоп на комплексна вегетабилна композиција за декорација на керамичка чинија со кат. бр. 168 или како централен мотив како на чините со кат. бр. 169 и 170, трите од Скопско Кале.

**Папрат**от (nephrodium) ја сокрива својата убавина, нежност и префинетост во засенети и мистериозни шумски предели, па така неговите убавини може да ги види оној кој искрено трага. Папратот ја симболизира незабележливата понизност, чесноста и искреноста[978].

---

[976] Leksikon, 447
[977] Ивановски М., Јовановиќ А., Оловни печати, 140
[978] Leksikon, 448

**Маслинка** (Olea Europaea) е исто така библиски плод, кој на луѓето им обезбедува масло во изобилие. Маслиновата мрсност, нејзиниот богат род ја отсликува Божјата грижа за своите деца.

„...Тргнале дрвата за да помазат цар кој ќе владее со нив. Па и рекоа на маслинката: Биди ни цар! Маслинката им одговори: Зар да се одречам од своето масло, што им е чест на Бог и на луѓето за да владеам над другите дрва?...” (Книга на Израелеви судии 9:8-9)

Маслиновата гранка носена во уста на гулаб/ицае симбол на мирот.

“...(Ное)...пак го испрати гулабот од бродот. Навечер гулабот се врати при него, и ете, во клунот имаше свеж маслинен лист...” (Битие 8:11-12)

До денес маслиновата гранка сеуште се смета за симбол на мирот. Затоа, таа се појавува на алегоричните прикази за мир.

Во сцените на Благовештение понекогаш Архангел Гаврил држи маслинова гранка како знак за мир.

**Смоква,** поради својот состав од многубројни семки, претставува симбол на плодноста и изобилието. Па според тоа, смоквата се смета за женски принцип.

„...Дрвата и рекоа на смоквата: Дојди, биди ни цар! Смоквата им одговори: Зар да се откажам од слаткоста и од својот красен плод за да владеам над другите дрва?...” (Книга на Израелеви судии 9:10-11)

Исто така, понекогаш го зема местото на јаболковото стебло во рајската градина, како дрво на сознанието.

Од друга страна, поради библиското спомнување на смокловиот лист, „...Тогаш на двајцата (Адам и Ева) им се отворија очите, и согледаа дека се голи. Сплетоа смоквини лисја и си направија прегачи...” (Битие 3:7), листот од смоквата се зема како симбол на копнеж.

Смоквата, заедно со лозата го симболизираат стеблото на месијата: “...(на крајот на деновите) Секој ќе седи мирно под виновата лоза, и под својата смоква и никој не ќе се плаши...” (Книга на пророк Михеј 4:4), “...Во оној ден - слово е на Господа над

Војските - ќе се повикувате еден друг под лозата и под смокватa...” (Книга на пророк Захарија 3:10)

Смокватa има и негативен аспект: исушена смоква станува лошо стебло. Како што на смокватa и се исушиле гранките и не дава плодови, таква е Синагогата која не го признава Месијата на Новиот Завет, но и онаа Христова црква која шири ерес[979]. Во Новиот Завет, смоквиното дрво без плодови е проколнато од Христос: “...И виде смоква покрај патот и отиде до неа, но не најде ништо на неа, освен лисјата, и и рече: Отсега да нема плод од тебе довека! И смокватa се исуши веднаш...” (Евангелие според Матеј 21:19)

**Калинката - нарот** во христијанството се поврзува со духовната радост и вечниот живот. Плодот е репрезент на црквата, а неговите многубројни бобинки го симболизираат послушното и сплотеното стадо кое го следи Исус Христос Спасител на душите.

Калинката е симбол кој се користи уште во антиката како олицетворение на бессмртноста, подмладувањето и плодноста. Таа во грчката митологија првично била симбол на божицата Хера, а потоа започнало верувањето дека нарот изникнал од крвта на Дионис.

„...Твоите подници се калинкова градина, полна со најдобри плодови: калинка и шафран, миризлива трска и цимет...” (Песна над Песните 4:13)

Од дамнешни времиња па се до денес, сите народи кои во својата околина имале калинка, и давале позитивна интерпретација на симболиката што овој плод ја носи. Се смета(ло) дека таа носи среќа и благосостојба, па затоа нејзиниот исушен плод се вплеткува во венчиња за на глава и/или се закачува како украс на главниот влез во домовите.

Во нашата каталошка збирка, калинката се среќава како централен декоравивен елемент на керамичка чинија, со кат. бр. 167, како и на чинијата со кат. бр. 162, каде калинката е симболично претставена како ишрафирана кружница, поредена во фриз.

---

979 Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 611

**Бадем**от е симбол на Боженственото одобрување и на наклонетоста. Поради плодот кој е обвиткан во цврста лушпа, го симболизира суштественото скриено во несуштественото. Бадемот е симбол на духовности прикриени со доктрини. Бадемот е Исус Христос односно неговата Божествена природа, која е скриена зад лушпата - светлината. Поради тоа, бадемот ја симболизира и мистичната тајна на Светото Постоење.

Бадемовото стебло и неговото рано пролетно процветување се симбол на обновата и новото раѓање.

Бадемот, според својата геометриска форма, се едначи со мандорлата, што е оваловидна светлина која го опишува светиот лик односно светецот, во сликовито прикажана бессмртна слава.

Бадемовата форма е всушност ромб со заоблени краеви, па поради тоа го означува спојот меѓу небото и земјата, долниот и горниот свет, како и дуалистичките единства меѓу материјата и духот, водата и оганот, небото и земјата[980].

Во нашата каталошка збирка, бадемот се јавува како декоративен мотив, како што е фризот од бадемовидни мотиви на керамичката чинија од Скопско Кале, со кат. бр. 159.

**Бршлен**ов и **даб**ов лист се симболи на вечниот живот, на неминливоста, трајноста, постојаноста. Истовремено се симболи и на верноста и возвишеноста.

Како христијански симбол, бршленот се смета за свето дрво и е карактеристичен за Медитеранот. Италијанските златарски работилници го користат многу мотивот на бршлен во декорацијата на своите производи, традиционално почнувајќи од средниот век, па сé до денес.

Кај нас застапен е во сите аспекти на применетата уметност, а во скопската средновековна колекција има многу значајно место во декоративно изразување на луксузните чинии, особено оние произведени во работилниците од Скопското Кале. Така, бршленот се сретнува како главен мотив кој се повторува како фриз, на чинијата со кат. бр. 150; како дополнителна декорација на централно поставениот

[980] Chevalier J.,Gheerbrant A., Rečnik, 387

крст на чинијата со кат. бр. 153, во склоп на комбинација со други вегетабилни декоративни елементи како на чинијата со кат. бр. 166.

Дабовиот лист е чест декоративен елемент на керамичките чинии, како што се дабовиот медалјон на чините со кат. бр. 149 и 168, дабови листови во комбинација со кругови како на чинијата со бр. 163, дабови листови меѓу фриз од плетенка како на чинијата со кат. бр.158 , фриз од дабови листови како на чиниите со кат. бр. 171 и 172.

И призводот на дабово дрво, како неговиот лист, така и неговиот плод, имаат многу честа примена во декоративниот систем на христијанската применета уметност.

***Желад***от се јавува како декорација на повеќе предмети. Тој е централен украс на раскошната оплата за крст со кат. бр. 29 од Скопско Кале. Потоа, на златната членковидна белезица со кат. бр. 88 од Скопско Кале, централниите мотиви на крстови завршуваат во форма на желади, кои се врамени во ромбовидна рамка и над која дополнително се претставени желади на секоја латица по еден. Желадовидни е завршетоците на краевите на краците од крстовите приврзоци од Скопското Кале, со кат. бр. 112 и 114. Потоа, три копчиња имаат срцевидна форма, и тоа: кат. бр. 138 од Скопско Кале, кат.бр. 139 од Скупи и кат. бр. 140 од Градиште, с. Таор, на кои во средишниот дел релјефно е изведен мотив на желад, свртен надолу. Желадот е релјефна декорација на јазиче (дел од појасна гарнитура) со кат. бр. 145 од Градиште, с. Таор.

**Стебло - дрво - Арбор Витае**

Во нехристијанските верски системи тоа е носител и симбол на животната борба. Во Христјанството тоа се изедначува со крстот, заменувајќи го старозаветното дрво на спознавање на доброто и злото од земскиот рај[981]. Тоа е симбол на постојаното обновување и симбол на спознанието (добро и лошо).

"...Тогаш Господ Бог направи та од земјата изникна секое дрво - убаво за погледот и добро за храна - и дрвото на животот, среде градината, и дрвото за познавање на доброто и злото..." (Битие 1:9)

Може да се идентификува со чемпресот, кој се смета исто така за свето дрво, симбол на задгробниот живот, бессмртноста и воскреснувањето.

---

[981] ibid, 130

Во зависност од тоа дали е живо, здраво и цврсто или исушено, овенато и закоравено, дрвото има симолика на животот и смртта.

Стеблото на животот многу често се споредува со еленот, поради еленовите разгрането рогови, кои повремено се обновуваат[982].

Во нашата каталошка збирка, се вбројува прстен од Скопското Кале, со кат. бр. 69, на чија триаголна глава во релјеф изведен е крст во форма на "arbor vitae". Странично, изведени се флорални мотиви, како и претстави на лозници и гроздови.

### *Зооморфни декоративни мотиви*

Животните, како архетип, претставуваат длабоки слоеви на несвесното и нагонот. Тие се симбол на материјаниот принцип и телесната сила. Иако во христијанството е исклучена зоолатријата, сепак тие имаат особено значење меѓу христијаните.

Животните како дел од христијанската палета на мотиви во декорацијата на предметите, се доста чест приказ. Некои животни, според Христијанството, се дел од Божествениот Рај и како такви имаат доста честа примена при симболизирање на рајски елементи, како што се јагнето, паунот, еленот. Тие се земени како алегориски прикази на доблести, но и прикази за злата страна на светот.

**Риба** е едно од ретките земјени суштества на кои природата им подарила брзо и лесно размножување, па затоа таа е симбол на вечниот живот и плодноста. Но, како основен симбол рибата ја претставува душата на верникот, таа што ја дава Бог со својa волја преку вдахување при чинот на зачнување на телото.

Грчкиот збор за риба ΙΧΘΥΣ христијаните го земале како идеограм составен од иницијалните букви на слоганот ΙΣΟΣ ΧΡΙΣΤΟΣ *ΘΕΟΣ ΥΙΟΣ ΣΟΤΕΡ*, што во превод значи: Исус Христос Син Божји Спасител. Оттаму, рибата е строго христолошки симбол. Но, симболиката на рибата од друга страна е евхаристчна, бидејќи рибата е

---

[982] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 226

храна која и Исус Христос ја јадел. Рибата Христос ја давал за да ги нахрани гладните како што ги хранел со вера оние на кои им била потребна. Со две риба и пет јачменови леба, Исус си нахранил петте илјади гладни (Евангелие по Матеј 14:16-21 и Евангелие по Лука 6:1-11), кои на гора го слушале неговото проповедање пред саботната вечера.

Во поширока смисла, рибата е симбол на покрстувањето. Имено, како што рибата не може да живее надвор од водата, така и христијаните може да биде спасен само преку крсна вода[983].

Претставата на рибите во рој се употребува и како симболика за верниците кои се пред вратите на рајот: „...Царството небесно е слично на мрежа, фрлена во морето, која собира риби од секаков вид. Кога се наполни, ја извлекоа на брегот и седнаа, па ги собраа добрите во садовите, а лошите ги исфрлија....” (Евангелие по Матеј 13:47,48)

Разните комбинации на рибата со други симболични знаци имаа и различни толкувања. Така, риба претставена со брод на грбот е алузија Црквата Христова, кога е со кош со лебови или на чинија, таа претставува евхаристија[984].

**Јагне**то = агнетц е симбол на жртвата, на грчки Θυσια. Гледајќи уште во претхристијанскиот период, при принесување на жртва на боговите од политеистичкиот пантеон на неколку религии се принесувало јагне.

Јагнето е чист симбол на Исус Христос, односно воскреснатиот Син Божји. Односно Јован Крстител го испоистоветува Исус Христо со јагне за да го земе целиот грев на овој свет. Христос е αμνος, του Θεου - Agnus Dei = Јагне Божје[985].

“...Утреден Јован Го виде Исуса како доаѓа при него и рече: Еве Го Божјото Јагне, Кое ги зема гревовите на светот!..” (Евангелие по Јован 1: 25)

Признавањето на жртвата Христова за спасот на човештвото исто така се претставува со алегорија преку јагнето “...И видов, ете, среде престолот и четирите живи суштества и среде старешините: Јагне, што стои како заклано, со седум рогови и седум очи: тоа се седумте Божји духови, пратени по целата земја...(и потоа тие) паднаа пред Јагнето...(потоа) зборуваа со силен глас: Достојно е Јагнето, Кое е заклано да

---

[983] Leksikon, 509
[984] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 558-559
[985] Брија Ј, Речник, 62

прими сила и богатство, и премудрост и моќ, и чест и слава и благослов...(продолжија да довикуваат) : На Оној Кој седи на престолот, и на Јагнето, благослов и чест; слава и власт, со сите векови!” (Откровение на Јован 5 : 6, 8, 12, 13)

Во византиското ѕидно сликарство претставата на Исус Христос инфант (дете) е наречен Исус Христос Агнетц. Јагнето е симбол на непорочната жртва, на благоста, едноставноста, простодушноста, чистотата и покорноста.

“...(Ѕверот и лошите цареви) ќе војуваат против Јагнето, но Јагнето ќе ги победи, зашто Тој е Господар над господарите и Цар над царевите, а со него се повиканите, избраните и верните...” (Откровение на Јован 17:14)

Јагнето се претставува како стои или лежи, и секогаш во својот ореол има впишан крст, како што се претставува и Исус Христос.

“...И видов, и ете, Јагнето стои на Сионската гора, а со него сто и четириесет и четири илјади, кои го имаа напишано, на своите чела Неговото име и името на Неговиот Татко...” (Откровение на Јован 14:1)

Од друга страна, каде Исус е претставен како пастир, јагнето е симболика на грешните.

Овцата отсекогаш (во скоро сите религии и секојдневноста) е синоним за кроткост и послушност. Така, таа стои наспроти лажлиовоста и грабливоста: „...Пазете се од лажните пророци, кои ви доаѓаат во овча облека, а внатре се грабливи волци...” (Евангелие според Матеј 7:15) . Овцата е верен следбеник и повторно симбол на стадото Христово, па поради тоа и на верниците им следува вечен живот под закрила на Бога: “... Моите овци го слушаат Мојот глас, и Јас ги познавам, и тие идат по мене. Јас им давам вечен живот и никако нема да загинат и никој нема да ги грабне од Мојата рака...” (Евангелие според Јован 10:27-28)

Во случај кога се прикажува овен, како предводник на стадото овци, тогаш го симболизира Исус Христос. Како што овенот се сукобува со волкот и го победува, така Христос води борба против Сатаната и останува победник. Според старозаветната Аврамова жртва, овенот кој се заплеткал во трње, а требал да биде жртвуван наместо синот Аврамов - Исак, го претставува Исус Христос со трнова

круна како се жртвува за спас на човечкиот род[986]. Воопштено, овенот е симбол на снага.

**Јарец**от (коза), нема позитивно толкување во христијанскиот систем на симболи и го претставува Ѓаволот[987]. Во средниот век Ѓаволот се прикажува баш како јарец, а на сцените на Страшниот Суд, јарци се насликуваат на левата страна на Реката, како симболични претстави на грешниците и проклетниците[988]. А ѓаволот е зол дух кој го одделува човекот од Бога и ги подгрева луѓето за меѓусебна омраза, перфидност и лага[989].

Со повторното Исусово доаѓање "...ќе се соберат пред Него сите народи, а Тој ќе ги оддели едни од други, како што пастирот ги одделува овците од јарците..." (Евангелие според Матеј 25:32)

Неговата појава во симболичен систем се следи уште во хеленистичкиот период.

Секако, и репертоар од диви животни се застапени во христјанската палета на мотиви за украсување, на накит, садови, и други предмети.

**Елен**от, како едно од најмилите животни на Земјата, во многу свети книги има свое место. Етимолошки, зборот елен (ἐλάφος) значи суштество кое ги извлекува змиите од дупките и од кого тие се плашат и бегаат[990]. Па затоа и Христијаството го зима еленот како симбол на борбата против злото (змијата). "...Како што кошутата жеднее по водни извори, така и душата моја, Боже копнее по Тебе..." (Псалм 41:1), во што еленот е претставен како симбол на побожноста. Во стариот Завет, еленот ја означува мудроста и моќта Господова[991].

Еленот исто така е симбол на самотијата и чистотата на животот, бидејќи бара слобода и скривалиште во високите планини[992]. Тој и покрај што е плашлив, самотник

[986] Leksikon, 445
[987] Лилчиќ В., Ранохристијанска црква, 252
[988] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 218
[989] Брија J, Речник, 45
[990] Манева Е., Словенски амулет, 52
[991] Манева Е., Словенски амулет, 52
[992] Leksikon, 296

и срамежлив, еленот е убиец на змиите. Поради тоа, тој е идеална претстава за Христовите следбеници: да се скромни, срамежливи, доблесни и мирни, но секогаш да можат да се изборат со злото.

Еленовите разгранети рогови, кои повремено се обновуваа многу често се споредуваат со стеблото на животот[993].

Во нашата каталошка збирка, не често се сретнува еленот како декоративен елемент. Сепак, неговите рогови декорираат внатрешност на една луксузна чинија од Скопско Кале, со кат. бр. 184.

**Лав**от како крал на животните, станал многу популарен низ цела Европа, па своја улога одиграл и во средновековното византиско сликартсво. Тој е претстава за сила, величенственост, храброст. Легендите велат дека малите лавчиња се раѓаат мртви, но оживуваат поради тоа што лавот три дена ги грее со својот здив. Таа фантастична појава се врзува со Христовото воскреснување и постанал симбол на Христос кој е господар на животот[994].

Лавот е прифатен во христијанската симболика како симбол на Св. Марко, еден од четворицата евангелисти. Тој се прикажува со крила и е симбол на кралско достоинтво.

Средновековното предание вели дека лавот спие со отворени очи, поради што станал симбол на будноста.

Лавот исто така е симбол на правдата (од таму и се на Соломоновиот престол), па оттаму и на Христос Судија, а кога држи свиток или книга тогаш е Христос Исцелител[995].

Лавот во Библијата, односно во Битие се спомнува како од Јудиното племе израснува Христовата силна личност: "...Јудо, лаве мој млад! Од грабеж се издигаш, сине мој. Се наведнуваш и легниваш како лав и лавица...." (49:9) А, потоа и победата на силната Христова волја и победа над злото со својата сила: "...Не плачи! Ете, победи

[993] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 226
[994] Leksikon, 373
[995] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 344

Лавот, Кој е од Јудиното колено, Кпоренот Давидов, подеди да ја отвори книгата и ги скрши нејзините седум печати...” (Откровение на Јован 5:5)

Во нашата каталошка збирка, лавот се јавува како централен декоративен елемент на прстени. Така на пример, на прстенот од Скопско Кале со кат. бр. 76, 77, 78, како и на прстените од непознат скопски локалитет, со кат. бр. 74 и 76, одозгора на главите изведена е декорација на фигура на лав. Ниту еден од примероците не наоѓа сличност меѓу останатите, што ги прави комплетно различни меѓу себе. Така, еден од овие прстени (кат. бр. 77), направен од сребро, е типичен пример за т.н. lion passant[996] кој се врежува само на сребрени прстени кои се хералдички грбови.

Исто така, лавот е дел од прстените печатници, како што е примерот со прстенот со кат. бр. 76. Мора да се напомене дека претставите на лавови со кренатата опашка нагоре го дава и хералдичкиот предзнак на опашката.[997]



*Сл.48 Стилизиран лав*
*Заштитен знак на*
*Археолошките истражувања на Скопско Кале во 2007 година*

Бројни се прстените со лавовска декорација со потекло од Јужна Србија и Северна Македонија, кои припаѓаат во во збирката на Народниот музеј во Белград[998].

Во нашата каталошка збирка, лавот исто така се јавува како централен декоративен елемент на луксузната керамика од Скопско Кале, како на примероците со кат. бр. 187, 188, 189, 190, 191.

**Змија**та, како предмет на култ, е еден од најпознати хтонски животни кои се симболи во скоро сите религиозни системи, од паганските верувања, политеистичките религии па се до монотеистичките верски системи. Но, во христијанството нејзината двојна улога е малку збуновачка, но и од друга страна логична. Иако од гризнување на

[996] Радојковић Б., Накит, Т. 38 и 139
[997] Манева Е., Накит Водоча,
[998] види кај Милошевић Д., Накит, кат.ед. 148-179

змијата се умира, сепак нејзиниот отров во мали и контролирани дози значи лек и спас од болест. Библијата ја идентификува со Сотоната, со злотото што се носи на земјата.

Во првиот грев: "Змијата беше полукава од сите полски животни, што Господ Бог ги направи......Бидејќи го направи тоа, проклета да бидеш меѓу сите ѕверови и меѓу секое полско животно!...Јас ќе направам непријателство меѓу тебе и жената, меѓу твоето семе и нејзиното Семе: Тој ќе ти ја сотрува главата, а ти ќе му ја сотруваш петицата..." (Битие 3:1 и 14-15)

Но, т.н. "медената змија", Мојсеј ја поставил на стап, а со поглед во змија отровница луѓето оздравуваат[999]. Мотивот на "медената змија" е префигурација на Распетието односно со Христос Искупител[1000]. Оваа змија не е истата со онаа од првиот грев, која е уплетена околу стеблото на сознанието / спознавањето на доброто и злото.

Во нашата каталошка збирка, змијата не изостанува. Таа е честа форма на краевите скопските средновековни белегзии, и се јавуваат во повеќе варијанти, како што се белегзиите со кат. бр. 90, 91 и 92, откриени на Скопско Кале.

**Куче** (canis) е сеопшт симбол на верноста, без разлика дали се работи за верност кон брачниот другар или кон верата Христова. Библијата изобилува со описи на верни кучиња.

Во нашата каталошка збирка, претстава на куче се наоѓа на керамична чинија од Скопско кале, со кат. бр. 185.

***Птиците*** се неизбежен елемент во христијанската декоративна тематика. Без разлика дали се тоа домашни птици или не, тие се доста чест дел од репертоар на средновековната христијанска декоративна изведба. Уште од самиот почеток на христијанството се употребуваат како симбол на душата. Така, таа секогашго прикажува духовното, кое стои наспроти материјалното.

Така, понекогаш дури предметот ја носи формата на птица, како што е една бронзена украсна игла од Скупи од VI век, со бр. 142. Нејзината глава завршува во

---
[999] Leksikon, 409
[1000] ibidem

форма на птица. На главата и телото на птицата втиснат е орнамент “птичје око“. Во нашата каталошка збирка, исто така се вбројуваат предмети кои носат декорација на птица (чиј тип не може да се идентификува). Меѓу нив се и два прстени од Скопското Кале, со кат. бр. 70 и 71, на чии глави глава со врежување се изведена птици.

**Гулаб** е симбол на љубовта[1001], како и претставата на пар на гулаби. Од друга страна, пак, гулабицата е зооморфен облик на Духот Божји односно душа на праведниот[1002]. Белата гулабица веќе од II век (со претстави во катакомбите во Рим) е симбол на Светиот Дух, најчесто со крст или светлина во ореолот.[1003] Таа е претстава на Духот Божји во сцените на Светото Тројство. Гулабицата и нејзините бели крилја се симбол на чистото и безгрешното. Од таму, нејзината љубов е чиста, незгрешна, продуховена. И нејзината убавина е предмет на восхит, кој го третира и Библијата. Во Песна над Песните, убавината на гулабицата и нејзините очи се репер за мерење на убавината на жената односно нејзиниот чист поглед.

„...О, убава си, мила моја, убава си! Имаш очи гулабови...” (Песна над Песните 1:14)

Гулабот исто така е носител и симбол на мирот, кога во устата носи маслиново гранче.

Појавата на гулабот како мироносец се бележи и во Библијата: “...(Ное)...пак го испрати гулабот од бродот. Навечер гулабот се врати при него, и ете, во клунот имаше свеж маслинен лист...” (Битие 8:11-12)

Во нашата каталошка збирка, гулабицата како централен мотив се јавува на глава од прстен откриен на Скупи, со кат. бр. 72, потоа како централен мотив на керамичките чинии од Скопско Кале со кат. бр. 176, 177, 178 и 179, и Маркови Кули, Водно со кат. бр. 180. Исто така, пар гулаби се прикажани на како дел од сложената композициска сцена на калапот од Св. Спас, со кат. бр. 217, каде елегантите птици фланкираат крст што симболизира ”дрво на животот”.

---

[1001] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 168-169
[1002] Лилчиќ В., Ранохристијанска црква, 252
[1003] Leksikon, 211

**Лебед**от е машки соларен симбол и претставува светлост која нараснува и оплодува. Тој (не само во Христијанството) е општо прифатен симбол на чистотата, убавината, елеганцијата, племенитоста и смиреноста. Според модерното верување и живеење, тој е симбол на оптимистичкото гледање на трансформацијата од мало и грдо во убаво и племенито.

**Пауно**т е симбол на бессмртноста, бидејќи преданијата велат дека месото на паунот не трули. Но, како соларен симбол тој со својата опашка го претставува сончевиот круг или ѕвезденото небо. Евхаристичните сцени, иако не се поврзани со животни, не можат да се замислат без симболичното претсвување на пауни кои пијат вода од кладенецот (кантаосот) на изобилието. И како што е евхаристијата склоп на молитви на благодарност, така пауните се претставници на евхаристична презентација на вечното блаженство и изобилие од боженствена духовност.

Паунот е наречен - животно со "Стотина очи" , што се наоѓаат на неговиот опаш. Тие, од една страна ја означува свевидноста на Црквата, а од друга станале знак на вечното блаженство, доховното видување на Бог- лице во лице.

Во нашата каталошка збирка, паунот е декоративен елемент на две керамички чинии од Скопско Кале, со кат. бр. 181 и 182. Исто така, два пауни се јавуваат и како дел од сложената композициска сцена од 41. Давидов Псалм, на калапот од Св. Спас, со кат. бр. 217, каде се прикажани свртени еден кон друг, фланкирајќи го "кантаросот на животот".

**Орел** (aquila) се смета како соларен симбол, бидејќи самата птица со својот лет тежнее кон Сонцето. Орелот е владетел со небото, па и затоа се испоистоветува со Небесното Царство. Исто така, тој е симбол на светлоста и духовното обновување. Тој не се ослепува од поглед кон Сонцето, затоа може да лета гледајќи кон него. Орелот е владетел со небеските широчини, па затоа се смета дека е цар на небото. Тоа што е лавот на земјата, тоа е орелот на небото.

„....Човекот се раѓа за страдања, како што орловиот лет се среми кон височините..." (Јов 5:7)

Орелот исто така се смета за симбол на воскреснувањето. Имено, според старите верувања, орелот повремено го обновува своето перје и својата младост. "...како на орел ќе се обнови твојата младост..." (Псалм 102:5). Таа обнова се испоистоветува со воскреснувањето и почетокот на новиот младешки живот.

Библијата дава уште една интерпретација на орловата симболика како израз на надеж и нова сила вдахната од Бога: "...На оние кои се надеваат во Господа, ќе ја обноват силата своја, ќе кренат крилја како орли, ќе трчаат и нема да им биде тешко, ќе одат и нема да се уморат..." (Книга на пророкот Исаија 40:31)

Уште една интерпретација на ореловата природна појава вели дека оваа птица е симбол на великодушноста, основано на тоа дека тој го споделува својот плен со други птици.

Како декоративен елемент во нашата каталошка збирка се јавува неколку пати и тоа: на еден прстен од Скупи од X-XII век со бр.73, како и централна претстава на керамичка чинија од Скопско Кале, со кат. бр. 183. На еден фрагмент од керамичен сад, со кат. бр. 192, покрај боси човечки нозе, прикажани се пар птичји нозе, кои наликуваат на орловските.

**Двоглавиот орел** е многу чест и омилен во семејството на Комнените, а најчесто се јавува во време на Манојло I Комнен (1143-1180). Во времето на Палеолозите двоглавиот орел се јавува со хералдичко значење[1004]. Подоцна повторно им се враќа репутацијата и честото користење во XV век[1005]. Во време на српската династија двоглавиот орел се јавува не само на накитот, туку и како декоративен елемент на тканини, фрескодекорација, икони и утилитарни предмети во различни метали. Двоглавиот орел е претставен на белото знаме што се вее на потроланот на каталонскиот морнар Ангелико Дулцерт, што датира од 1339 година. На портоланот е претставено Скопје, како тврдина со која владее Сервиа, односно како Српска престолнина.

Потеклото на двоглавиот орел е од Месопотамија, што во XI век преку Византија е пренесен во цела Европа. Неговата популарност рапидно се шири и користи во

[1004] Манева Е., Накит, 92
[1005] Манева Е., Накит, 92

целиот втор милениум. Така, тој станува симбол на христијанската вера, а со тоа и симбол на Цариградската патријаршија. Од 1433 година тој се јавува и на грбот на Светата римска империја. За скопската област битно е што и Стефан Првовенчани го примил двоглавиот орел како свој амблем. И не само тој, туку и сите оние семејтсва кои сакале да покажат блискост со Првовенчани, го користеле двоглавиот симбол како свое хералдичко обележје[1006]. Сепак, двоглавиот орел е влијание кое доаѓа од Византија, династички почнувајќи од времето на крал Милутин преку владеењето на цар Душан, па се до времето на Волкашин и Марко.

Двоглавиот орел во материјалната култура, најчесто се среќава како декорација на прстени, што во случајот двоглавиот орел не е само декаративен елемент со своја симболика, туку претставува амблем на печатник на одредено семејство.

Еден од познатите двоглави орли е оној со кој е декорирана внатрешноста на сребрената чинија на цар Душан[1007]. Така, се смета дека двоглавиот орел е амблем на царската фамилија на Душан.

Поради неговата хералдичка употреба, двоглавиот орел ја превземал и симболиката за врховна власт.

Кај нас, фигура на двоглав орел е дел од сложената декоративна композиција од полиелејот кој потекнува од Марковиот Манастир (во нашата каталошка збирка под кат. бр. 36).

**Феникс** е митска птица, со потекло од Етиопија, иако многумина ја препознаваат неговата прва појава во египедската митологија како душата на Озирис[1008]. Фениксот како појава се провлекува со векови низ човековата симболична историја преку повеќе религии, не само поради легендата на издигнувањето од прашината, ниту поради својот долг век на живеење (од 300-500 години), туку и по својата величествена убавина. Имено, за него се смета дека кога е при крај на својот живот, тој се собира во своето гнездо и изгорува од својата топлина. Потоа воскреснува од својата прашина и продолжува да живее полн со младешка свежина. Со тоа ги симболизира

[1006] Манева Е., Накит, 92
[1007] Радојковић Б., Старо, 38-39, сл. X
[1008] Leksikon, 227

воскреснувањето и бессмртноста, раѓањето и смртта.[1009] Поради тоа, фениксот има нескршлива волја за преживување, како извојувана победа на животот над смртта. Така, на керамичКа чинија од Скопско Кале, со кат. бр. 179, поставеноста на прикажаната птица имитира лет на феникс.

Од чудовишните и измислени форми на животни се сретнуваат во христијанската иконографија. Дел од нив имаа значајно место, не само по својата симболична вредност, туку и поради нивната раскошна појава и форма.

**Змеј**от (змев, ала, аждаја, ламја), како симбол на Сотоната, е прикажан во Христијанството во неколку познати сцени, во кои се убива змејот и со тоа се извојува битка над злото. Најпозната импликација на оваа приказна е убивањето на Св. Михаил на змејот , како и на храбриот Св. Ѓорѓи - убиец на змејови. Змејот бил дел од небесниот рај, кој бил протеран во пеколот.

Убивањето на змејот е честа тема во фолклорот, опфатена во рамките на разни жанрови , особено како верско предание адаптирано во волшебна приказна.

**Грифон**, како род, е врста на пес, во комбинација на орел и лав. Секако, ова е измислено чудовиште. Тој е дивовска птица со човечка глава и лавји шепи или глава и крила од орел и тело на лав. Во предхристијанскиот период, предок на грифонот е керберот. Во христијанството грифонот има двојно значење. Позитивното: го симболизира Спасителот, поради својата моќ да се вивне во небесата. Тој е сроден на земјата и небота, па затоа може да биде симбол Христов односно на двете негови природи: човечка и божествена[1010], како и симбиозата меѓу снагата и мудроста (земската сила на лавот и небесната сила на орелот). Негативното: симбиозата на орловската грабливост и лавовската окрутност го симболизира прогонот на христијаните.[1011] Негативна претстава на грифонот има и во подоцнежното христијанство, кога грифонот и неговата окрутност ја симболизира Сотоната[1012].

---

[1009] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 153-154
[1010] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 177
[1011] Leksikon, 247
[1012] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 177

Грифонот е доста застапен како мотив во декорацијата на луксузните керамички чинии, а локалната скопска средновековна продукција брои неколку примероци, како што се оние од Скопско Кале, под бр. 186 како централен мотив изведено е животно со кучешка (или волчја) глава и тело на птица. Во композиција, претставен во три медалјони, грифонот се јавува како декорација и на една апликација од Скопско Кале со кат. бр. 207.

### ***Антропоморфни декоративни мотиви***

Од антропоморфните претстави се издвојуваат сцените од византиското сликарство кои се застапени и на профаните предмети. Не сите, но некои сцени од Великите Празници, како и сцени од Христовиот живот е инспирација за средновековните мајстори.

Претставите на светците се воспоставени не само од историографските податоци за нив, туку и врз основа на видувањата, теофаниите (богојаленијата) и други случки од историјата на Спасението. Секако, иконографот (мајсторот) морал во се да ги почитува податоците на Светото Писмо.

Така, воспоставени се неколку правила, основани на канонизацијата од страна на црковната догма.

***Исус Христос*** е централна личност во христијанската идеологија, па и затоа е најчесто претставувана личност во христијанската иконографија. На грчки јазик Khristós значи помазаник - месија, додека неговото име Исус доаѓа од еврејското Jēšūa, на латински Jesus. Тој е Емануел (еврејски immānū - el) односно Бог е со нас. Тој е Речта, Логос, Мудроста Божја, Откупителот, Спасителот, Јагнето Божје, Учителот, Пастирот, Судија, Кралот. Тој е патот, вистината, животот. Исус Христос е посредник меѓу две крајно поинакви точки: Бог и човекот. Тој е оска околу која се врти светот.

Тој е Вториот од Светите Троица, Тој е со две природи: човечка и боженствена, ја основал црквата и е секогаш во неа присутен, Тој е Синот Божји кој со својата

жртва ги искупил сите дотогашни човечки гревови. Неговото повторно доаѓање се очекува, во денови на Страшниот Суд.

Во првите години на христијанството, во време на прогоните на тогаш новата вера, претставите на Исус Христос биле симболични и разбирливи само на упатените (верниците). За негово претставување биле користени графички симболи (крстови и монограми), фитоморфни симболи (грозд, винова лоза), зооморфни симболи (риба, јагне) и антропоморфни симболи (рибар, пастир). Овие "скриени" симболи продолжиле по традиција да се користат и во подоцнежните векови, без да го изгубат или променат своето значење.

Веќе во IV век, со Миланскиот Едикт за толеранција од 313 година, а особено со Никејскиот Собор во 325 година - каде Исус Христос се признава како истобитен со Господ Бог, па се случува голема промена во иконографијата за претставување на Христовата појава.

Во VI век се добиваат и првите карактеристики кои Исус Христос антрополошки ги носи. Во истиот век неговиот ореол добива впишан крст, што останува непроменето и единствено сé до денес.

Иконографски, се јавува во неколку типови, од кои издвојуваме неколку најчести во византиското ѕидно сликарство:

- Распнат Исус Христос
- Исус Христос Добриот пастир
- Исус Христос Агнетс - Јагне или Исус Христос Емануел - Immānū - el односно Бог е со нас, се прикажува како допојасно голо дете што Богородица го држи во раце
- Исус Христос Пантократор (Седржител) е допопрсна претстава на Исус Христос (најчесто во централниот дел на куполите на црквите), облечен е во свечена облека, држи книга во левата рака, а со десната благословува со собрани три прсти.
- Ангел на Великиот Совет

- Исус Христос Страшен Судија, во сцената на Страшниот суд
- Исус Христос Цар над Царевите е седнат на престол во царска одежда и благословува.
- Христос Велики Архиерeј, се прикажува во сцената Причестување на апостолите, како дели причест (леб и вино) на своите ученици и при негово водење на свечената литургија
- Старец на Деновите е иконографска антропоморфна предлошка на Господ Бог, настаната по видувањето на старозаветниот пророк Даниел, каде Отецот е прикажан како старец со долга бела брада и коса, во долга бела одежда, како седи на престол поставен на облаците: „Гледав - престолите беа поставени и Праведниот седна. Облеката му беше како снег, влакната на косата како чиста волна, а неговиот престол како огнени пламенчиња и колцата како вжарен оган..." (Книга на пророк Даниел 7:9)

Неговата фигура е во бројни композитни сцени од неколку циклуси, Христови, но и циклуси на други светци.

Претставата на ***Синоӣ Божји*** е уникатност во применетата христијанска уметност. Но, и неизбежен дел во христијантвото, кој е носител на идеата на целиот религиозен систем. ...Исус му рече: „Јас Сум Патот, и Вистината, и Животот; никој не доаѓа при Татко Ми, освен преку Мене” (Евангелие по Јован 14: 6)

Најчесто употребувана сцена во декорацијата на сакралните предмети е ***Расӣеӣиеӣо Хрисӣово***. Но, мора да се забележи дека секогаш оваа сцена е претставена шематизирано или драстично оскудно. Секако, тоа се должи и на малиот простор кој го има мајсторот за работа. Раното Христијанство не го покажува мртвото Христово тело од неколку причини:

- Под влијание на еврејската прохибиција за иконопоклонството
- Празниот крст (crux nuda - празен крст) го симболизира Воскреснувањето Христово, што е основна идеа на Христијанството
- Мртвото тело на Исус Христос ја симболизирасамо неговата смрт

- Социолошко - психолошки причини, бидејќи во тоа време смртаа на крст покажувало срамно и понижувачко умирање, а така биле погубувани најлошите криминалци.

Така, Распетието било прикажувано на симболични начини (јагне). Сето тоа било заборавено, кога во VI век Распетието е прогласено за свето од страна на Римската Црква[1013], па се јавуваат спорадични претстави на Распетието на крст. Тие претстави биле доста дискретни (па понекогаш била претставувана само неговата глава). На некои од нив сеуште се гледа влијанието од антиката и отсуството на срам од голото тело, па Христос се јавува скоро целосно гол (срамот му бил оскудно покриван со тенок плашт).

Веќе во VII век станува вообичаено распнатиот Христос да се прикажува мртов и окован, како победник. На Труланскиот Соборот во 692 година се забранува претставувањето на Христос како јагне[1014].

Големи расправи и разлики во првите званични векови на христијанството биле водени за голотијата на човековото тело односно за голото тело на Распнатиот Христос. Источната црква од секогаш голотијата ја сметале за одбојна и за понижувачка, но и за срамна и недостојна. Во однос на тоа, од VI до X век се оформиле два типа на Распетието:

- Хеленистички: Распнатиот е гол, а околу појасот е врзана тканина наречена ***периζома***. Христос е млад и без брада
- Ориентален: Христос е облечен во ***colubium***, со силни мажествени црти на лицето и брада.

[1013] Fausset's Bible Encyclopedia, 145
[1014] Leksikon, 498

Распнатиот во било која варијанта се претставува фронтално. Најчесто не се потенцираат облините на телото. Главата се поставува со благ нагиб на страна или силно и безживотно спуштена кон едната страна или пак, жив со отворени очи. Рацете се раширени и поставени на краците на хоризонталната греда. Нозете се доближени една на друга, потпирајќи се на долниот крак на вертикалната греда. Стапалата може да бидат преклопени едно преку друго, или доближени, поставени на ***suppedaneum***. Над Христовата глава може да се најде табулариум со испишан титулус.



***Сл. 49 Распетие Христови и делови на крстот***

Христос може да е облечен во долга одежда, или ***collubium***, долна облека со или без ракави, што се носи на голо тело. На крстовите, посебно на реликвијарите, Исус Христос се прикажува облечен во царска облека, која се нагласува со фронтално драпирање долга одежда со истакнување на дивитисионот. Распнатиот може да биде облечен во ***divitision***, како Цар над царевите или, пак, во долга кошула ***стихар***.

Умрениот Христос на крст, со свиткано и беживотно тело, гол во перизома околу бедрата, се јавува дури во XI век во византиската иконографија на ѕидното сликарство, но скоро и да не се сретнува во применетата уметност.

Во нашата каталошка збирка, Распетието Христово е најчестата тема за декорирање на аверсната страна крстовите реликвијари, како што се енколпионите од Скопско Кале со кат. бр. 7, 8. 9, 11, 14, како и оној откриен во Скупи со кат. бр. 15.

Исто така, сцената Распетието Христово се сретнуваат и на крстот оплата од Скопско Кале, со кат. бр. 30, што е една ретка појава на територија на Македонија да

Исус Христос е облешчен во перизома; потоа на прстен со кат. бр. 80 од Скопско Кале, како и на аверсната страна од Крст -приврзок од Скупи, со кат. бр. 121.

Иконографска претстава на Исус Христос во нашата каталошка збирка среќаваме и на малата дрвена икона од Скопско Кале, со кат. бр. 2, каде Божјиот Син со крст во својот ореол, најверојатно е дел од композицијата Деизис. Исто така, фигура на Исус Христос декорира глава на прстен од Скопско Кале со кат. бр. 81, како „принц меѓу лилјани". Можна претстава на Исус Христос наоѓаме на глава прстенот со кат. бр. 83, од непознат локалитет, каде централната фигура на светец е придружуван од исправен педум. Иако со сигурност не може да се идентификува претставениот светец, според претставениот педум претпоставуваме дека централната фигура е Исус Христос, иконографски тип Големиот Пастир. Христова допојансна претстава, со впишан крст во ореолот околу главата, декорира една од многу оштетените страни на оловната матарковидна евлогија од Скопско Кале, со кат. бр. 195.

Како единствен чест женски лик е ***Богородица***. Таа е зашитничка, покровителка, посредничка и помошничка на верните. Православното Христијанство, иако Марија не ја става како водечки лик во религијата, сепак ја признава како родилка со тело на Едниот од Тројцата, Христос Бог па затоа е Богородица.

На Вселенскиот Собор во Ефес во 431 година Марија, Исусовата мајка, била догматски дефинирана како Богородица - Mater Dei - Theotókos - Мајка Божја[1015]. Таа во византиската уметност се јавива во повеќе иконографски форми, како Елеуса (Милозлива), Галактрофуса (Млекопитателница - доилка), Одигитрија итн.

На претставите на Богородица таа скоро секогаш е Оранта, со широко раширени раце кон небесата - иконографски е позната како **ШЪІРШАЯ НЕБЬЕСА** - Поширока од небото. Оранс - Оранта - Онаа која моли, молитвен став. Тој Богородичин



***Сл. 50 "Ширшаја Небеса"***

[1015] Leksikon, 346-347

став ја симболизира христијанската Црква. Богородица со своите широко отворени раце го прегрнува светот и дарува благослов за сите. Нејзините широко отворени раце се посочени кон Бога, очекувајќи Тој да ги исполни празните дланки со дарови[1016].

Во нашата каталошка збирка, Богородица Оранта се јавува како пандан на Распетието Христово на реликвијарите со кат. бр. 4, 10, 14, и 16. Исто така, претстава на Мајката Божја се наоѓа на фрагмент од ликсузно декориран оков за икона од Скопско Кале, со кат. бр. 31.

Божјата Мајка доста често е прикажувана и со нејзините нејзините сигнатури со грчко писмо: најчесто **М-Р** или понекогаш само **М**. Инсигниите се извлечени од **МР - ΘV** = Μήτηρ Θεοῦ (Mater Domini) = Мајка Божја. Некогаш само нејзините иницијали се анамнеза за неа односно го прикажуваат нејзиното "духовно присуство" или длабоката љубов и благонаклонетост кон неа.

Исто така, на фрагмент од обод од луксузна чинија од Скопско Кале, со кат бр. 173 одозгора се врежани инсигнии на Божјата Мајка **МР** споени во монограм.

Една од омилените од циклусот сцени од Великите празници, застапена како декорација на предметите е и ***Крштевање Христово***, на која се прикажуваат Јован Крстител кој го крштева Исус Христост во реката Јордан. „....Тогаш Исус дојде од Галилеја до Јордан при Јована, за да се крсти од него..."(Евангелие според Матеј 3:13)

Во нашата каталошка збирка, се јавува како декорација на главите на прстените со кат. бр. 84, 85, 86 и 87 од Скопско Кале. Во сите четири примери, оваа сцена е строго шематизирано претставена, но сепак ја задржува својата симболиката и препознатливост. Се прикажуваат само по две фигури, една наспроти друга, од која едната е Јован Крстител со крената рака над главата на другата фигура - Исус Христос.

***Деизис = деисис*** доаѓа од грчкиот збр deisis што значи молитва. Тоа е скратена верзија на Страшниот Суд, највисока од сцените вклопени во оваа сложена композиција. Деисисот е типичен византиски иконографски израз за учеството на

[1016] ibid, 440

Богородица како посредник на милоста Божја[1017]. Технички, се работи за симетрична композиција, каде Исус Христос е централен лик и седи на престол. Десно од него е Богородица, а лево Јован Крстител. Страничните ликови се со наведнати (поклонети) глави кон Божјиот Син, а со споените раце му се обраќаат со молитва. Наместа, во канонизирана византиска предлошка, наместо Претеча, претставен е младиот Св. Јован Богослов.

Така, во нашата каталошка колекција, иконата (кат. бр. 2) изработена од дрво, во гро план е претставена допојасна фигура на Исус Христос, а лево и десно од неговата фигура, претставени се мали стоечки фигури на Богородица и Јован Крстител.

Исто така, на фрагмент од бронзена апликација (кат. бр. 32), од бронзен лим со релјефна декорација, изведени се две седечки фигури со ореоли. Таквата композиција би било прикажување на дел од Деизисниот Чин.

Една од најмилите сцени, но најретките е претставата на ***Свешише Троица*** (на грчки Τριας, на латински Trinitas), главно и категорично учење на новозаветното откровение. Тоа е верување во еден Бог со три лица, во три форми и три појави. Тоа не е тритеизм (тробожество), или три различни божански ликови. Бог е со една природа, но со три лица - ипостази. Тие меѓу себе не се разликуваат по егзистенција ниту по есенција. Имено, Отецот е извор на боженственото, нероден и непричинуван, начело на суштесвеноста. Синот има егзистенција од Отецот со раѓање од вечноста, а преку Светиот Дух го прима човечкото тело и се јавува во светот.

Исус Христос пред своето Вознесение на небото им заповеда на своите ученици да одат да проповедаат и да се крстатво име на Светите Троица: "...Така одејќи, направете ги сите народи мои ученици, крштевајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух!..." (Евангелие по Матеј 28:19)

Нивната природа не можела сликовито да се прикаже, бидејќи тие се невидливи и без облик. Затоа, за нив е измислена друга, симболична форма. Така, Богот Татко се спретставувал како младо момче при средбата со Авраам, како што им се јавувал на

---

[1017] Leksikon, 200

пророците во Стариот Завет. Светиот Дух се претставува во вид на гулаб/ица, бела и чиста. А синот има воспоставена форма на телото, како човек.

Како алегорија на Светото Тројство се претставува старозаветната сцена Аврамово гостопримство, каде на гостинската трпеза седнати се три фигури (најчесто ангели) - странци, а Аврам и жена му Сара ги служат и гостат.

Вегетабилниот еквивалент на Светото Тројство се гледа во претставата на тролисната детелина или само во тролисна билка.

Геометрискиот еквивалент на Светото Тројство се трите споени кругови.

**Ангели**те се крилати и прекрасни појави со антропоморфна интерпретација и се прифатени како посредници меѓу небесното и земјеното. Тие се духовни суштества со етерични и провидни тела (како духови). Тие се Божји гласници, чувари, водачи, заштитници...Во христијанската ерархија организирани се во седум редови.

Од антропоморфната декорација, доста често се во употреба локално обожувани светци. Многу често меѓу нив се ***свешише воини***, како што се Св. Димитриј, Св. Ѓорѓи, Св. Никита, Св. Евстатиј, Светите Теодор Тирон и Стратилата. Меѓу нив е вбројан и војсководецот на Светата Христова Војска, Архангел Михаил.

Почитувањето на свети воини е всушност механичко пренесување на античките традиции во византиското царство, како наследник на дел римската империја. Во тоа имала голем удел и црквата која давала идеолошка смисла на претставите на светците особено во периодот на масовната христијанизација во царството. И од таму, овој тренд продолжил да се шири и во невизнатиските територии, како и во вековите подоцна.

Иконографијата на светите воини се појавува во уметноста на раниот среден век. Истата се поклопува со периодот на бурни битки и војни на Византија со нејзините најопасни непријатели Персија и обединетите Арабјани поведени од Исламот, и тоа баш во периодот на VI - VII век. Во тој период светите војници најчесто биле претставувани во полна воена опрема[1018]. Култовите најмногу засилуваат по 843 година, со масовите освојувања на Арабјаните на многу византиски територии. Освен

[1018] Grotowski P. L., Arms and Armour, 311

повлекувањето на реликвиите на светителите во Цариград од други мести каде им претела опасност од наездите на исламските војски, се подигале нови цркви и манастири на безбедните териотрии, каде патрони биле светите воини. Големи поклоници на светите воини биле самите императори. Така на пример, Лав VI, освен што подигнал црква на Св. Димитриј во склоп на царската палата, му пишувал и пофалби на светецот[1019].

Средновековните хагиографи ги опишуваат чудесните учества на светите воини во војните и битките на страна на христијаните, како што античките поети го опишувале појавувањата на богот Марс како војник на страната на Римјаните. Затоа, средновековните луѓе во бојноселе слика на свет воин. Присуството на слика на свет воин во битките се очекувало светецот да ја „обезбеди" победата во таа војна. Во мирно време, претставата на свет воин е реминисценција или желба за спас од немирни времиња, воени напади, упади и слично.

И западниот свет бил под влијание на Византија во однос на почитувањето на светите воини. Имено, на 28 јуни 1098 година крстоносците ги победуваат турските сили. Успехот им го препишуваат на светите воини Св. Димитриј, Св. Ѓорѓи и Св. Меркуриј, па во нивна чест обновиле срушен храм во Лид и ним им го посветиле[1020].

Во Византија, само македонската династија се издвојува со занемарување на светите воини, иако тие потекнуваат од силно војничко племство. Така, од Василиј I па се до Теодора на нивните монети нема претстави на свети воини. Но, во времето на Комнените почитувањето на светите воини станува државен култ[1021]. Затоа, на монетите обавезно се претставени, но најчести се Св. Ѓорѓи и Св. Димитриј, облечени во војничка гардероба.

Во нашата каталошка збирка, еден неидентификуван свет воин краси глава од прстен откриен на Скупи, со кат. бр. 82, каде воинот е со кренатa десна рака и свртен кон лев. Од шематизираноста на претставата, може да се препознае само војничката облека.

[1019] Марковић М., О иконографији, 585
[1020] Марковић М., О иконографији, 587
[1021] ibid, 588

Најчест свет воин во иконографските претстави, не само во Скопје и скопско, туку и на територија на цела Македонија, е Св. Димитриј.



*Сл. 51 Претстава на Св. Димитриј над влезот во истимената црква во Марковиот Манастир*

***Св. Димитриј*** , според едни, бил припадник на угледно семејство, тој прво служел како ексертор[1022], а потоа како антипат и конзул[1023]. Тој е патрон на Солун. Уште не е познато како дошол до својата „светост". За време на Комнените тој бил почитуван како династички патрон, па оттаму станал и државен култ. Според Ана Комнена, ноќта пред големата битка на Византија против Норманите во 1082 година, на Алексеј I Комнен на сон му се јавил Св. Димитриј, претскажувајќи му ја победата[1024]. Така, освен на државното знаме носено при таа војна, Императорот повторно го вовел претставувањето на ликот на Св. Димитриј овој пат на своите монети.

Според други[1025], Св. Димитриј е сирмиумски ѓакон, кој бил погубен во 304 година бидејќи тајно криел свети книги. Бил погубен надвор од ѕидините на Сирмиум (Сремска Митровица), каде што му била подоцна подигната гробишна базилика. Подоцна, неговите реликвии биле пренесени во Солун.

Во недостаток на реликвии од светецот Димитриј, наместо неговите останки императорот Мануил I земал икона од Св. Димитриј од Солун и ја пренел во Цариград во 1149 година. Не многу подоцна, откако била изложена во манастирот посветен на Пантократорот, иконата станала чудотворна, па од неа почнало да тече свето и лековито миро[1026].

---

[1022] ексертор е воен чиновник, кој ги бележел инструкциите на војсководците и ги редиговал за пренесување на трупите
[1023] Марковић М., О иконографији, 580
[1024] Grotowski P. L., Arms and Armour, 115
[1025] Leksikon, 203
[1026] Grotowski P. L., Arms and Armour, 116

Уште поголема популарност Св. Димитриј доживеал во време на норманските освојувања на Солун во 1185, како и за време на бугарските освојувања на Балканот. И меѓу словенските народи Св. Димитриј добил на популарност, но не како свет воин туку како светец - чудотворец. Во периодот од XII-XIII век се јавуваат мали ампули - евлогии кои биле полнети со т.н. миро на Св. Димитриј, наполнети од мирото што тече од чудотворната икона[1027].

Миракулите на Свети Димитриј - Miracula S. Dimitri[1028], како збирки на приказни кои потекнуваат од VII век, се еден од најзначајните хагиографски литерарни дела, кои содржат значајни информации со потврден историографски квалитет. Автор на првиот том е солунскиот митрополит Јован, додека анонимниот автор на вториот том најверојатно му припаѓа на понизок солунскиот клир. Особено во првиот том, „Миракулите" ни даваат доста обемна и разноврсна збирка на информации за византиска Македонија од крајот на VI и почетокот на VII век, односно нападите на варварските народи (Словени и Авари) на Солун и нивната материјална култура. Вториот том информира за Македонија во втората половина на VII век и нападите на повеќе варварски народи. Неволјите кои ги задесуваат населението на македонската територија ги намалува или излекува чудотворното делување на Св. Димиртиј.



*Сл. 52 Коскена иконка на Св. Димитриј од Скопско Кале*

Во нашава збирка неговата фигура, на Св. Димитриј , се откри како релјеф на мала коскената икона од Скопското Кале (кат. бр. 1). На предната страна е претставена стоечка фигура на Св. Димитриј во орантен став.

Иконографски, Св. Димитриј се претствува по две традиции: солунска (како војник со војнички атрибути) и сирмиумска (како великодостоинтвеник). Обата града

---

[1027] Grotowski P. L., Arms and Armour, 117

[1028] Византиски извори И, 173 - 216

го земале Св. Димитриј како патрон и заштитник, а Сирмиум од 1388 година дури бил наречен и Civitas Demetrii.[1029]

Трагајќи во литературата по претставите на Св. Димитриј, наидовме до неколку интересни податоци. Најстарите претстави на светите воини се поставувани во оранс став[1030]. Така, во периодот пред иконоклазмата преовладува т.н. конзулски тип на Св. Димитриј, кој е облечен во туника и свечен плашт, на што му претходи еден тип на Св. Димитриј во оранс став но со едноставна туника. [1031] На мозаик од црквата Св. Димитриј во Солун (V-VI век), светецот е претставен исто така во став оранс[1032]. Во Ермитраж се чува триптих од слонова коска, со цариградско потекло, на кој се претставени Св. Ѓорѓи, Евстатиј[1033], Теодор Тирон, Теодор Стратилат, Св. Димитриј, Св. Меркуриј и Св. Прокопиј[1034]. Триптихот се датира во раниот IX век.

Релјефот на слонова коска со претстава на свет воин е доста ретка, но и многу ексклузивна појава. Вакви примероци светот бележи многу ретко во музеите на неколку светски метрополи, како што се Лондон, Виена и Милано[1035]

***Светиот воин Св. Ѓорѓи*** е често претставуван лик. После претставувањето на Алексеј I Комнен на ликот на Св. Димитриј на монетите кои ги кова, неговиот син Јован II Комнен (1118-43) започнува со ковање на монети со ликот на Св. Ѓорѓи. После него Алексејовиот внук Маноил I Комнен (1143-80), синот на Јован II Комнен, го претставува Св. Теодор Тирон. Св. Ѓорѓи најобожуван е во времето на Јован II и подоцна за време на Исак II Комнен (1057-59), кога се јавува и на царските печати[1036]. Св. Ѓорѓи исто така се јавува на печатите на некои високодостоинственици од истото време (XI век).

---

[1029] Leksikon, 203-204
[1030] Марковић М., О иконографији, 569
[1031] Lemerl P., Note, 1-10
[1032] Марковић М., О иконографији, 570
[1033] само тој не е облечен во војничка гардероба
[1034] Марковић М., О иконографији, 591 и се повикува на Bank A., Byzantine Art in the Collection of Soviet Museums, New York/Leningrad 1978, 294, sl. 124, 126
[1035] Марковић М., О иконографији, 571
[1036] Grotowski P. L., Arms and Armour, 116

***Св. Никиѿа*** бил готски војник, кој живеел во втората половина на V век. Кога ја признал отворено својата христијанска вера меѓу своите пагански пријатели, бил спален. Така е претставена и неговата прва појава во христијанската иконографија, спален во оган, како младолико момче, со кратка коса, облечен во војничка туника[1037].

Подоцна тој се претставува со долга темна коса, симболизирајќи ја христовата појава.

Најголема популарност Св. Никита доживува во време на српското владеење, па така неговото сликање во црквите зачестува во XIII век и продолжува и понатаму[1038]. Во скопско, неговата популарност предизвикала подигање на неколку храмови нему посветени.

Овој светец е многу популарен, не само кај нас, туку и во Кападокија, па и во Цариград. Преданието вели дека неговите останки, кои после спалувањето биле пренесени во Мопсуестиа[1039], правеле чуда.

***Архангел Михаил*** е драг лик во претставување на антропоморфните форми во декоративни цели. Архангелите, како заповедници на небеските војски, го чуваат влезот на небото и рајот. Понекогаш се појавува само еден од нив. Најчест е Архангел Михаил. Тој е Судија на Страшниот Суд, помирител на душите, гревовите и вините, секогаш со меч, вага или гласнички стап[1040]. Архангел Михаил е водач и победник против побунетите ангели. Тој е бранител на "жената, облечена со сонцето и месечината под нејзините нозе, а на нејзината глава круна од дванаесет ѕвезди и беше бремена и викаше од породилни болки...и настана војна во



*Сл. 53 Архангел Михаил*

[1037] Walter C., The Warrior Saints, 231
[1038] Марковић М., О иконографији, 593-594
[1039] Walter C., The Warrior Saints, 232-233
[1040] Ивановска С., Крстови, 25

небото; Михаил со своите ангели завојува со против змејот...” (Откровение на Јован 12:1-2,7)

Според литургиските текстови, Архангел Михаил е водител на блажените души во рајот, мерач на душите при Страшниот Суд. Затоа, понекогаш се претставува со терезија во рацете.

Мечот на Св. Михаил се среќава во Библијата Имено, пред битката за Ерихон, на Исус Навин му се јавил Архангел Михаил, војвода на војската Господова, со меч во рака и тоа било знак дека неговиот народ бил заштитен од Бога во бојот[1041]. “...Кога Исус му се приближи на градот Ерихон, ги подигна очите и здогледа човек како стои пред него, со извлечен меч во раката. Исус му пристапи и го праша: Дали си ти со нас или си со нашите непријатели? А тој одговори: Не, јас сум водач на Господовата војска, и тукушто дојдов...” (Книга на Исус Навин 5:13-14).

Неговиот култ во Византија започнува во IV век, а голема популарност доживува во полниот среден век.

Во нашата каталошка збирка, претстава на Архангел Михаил се јавува на фрагментот од керамичка икона со кат. бр. 3. Придружна фигура на Архангел Михаил, се наоѓа на хоросниот крст од Марковиот Манастир, со кат. бр. 34. Тој во едната рака (во левата) држи пастирски стап, а во десната меч, со кој замавнува преку глава.

Честа појава се допојасни фигури на четворицата Евангелисти: **Матеј, Марко, Лука и Јован,** како симбол за Божјиот престол, односно четирите негови столбови - ногарки. Најчесто се распоредуваат на четирите крака на крстот, околу Распнатиот Божји син. Тие често ја придружуваат Божјата мајка на реверсната страна. Доколку не се сите заедно претставени, тогаш тешко се препознатливи.

Четворицата Евангелисти се исто така антропоморфна симболика за четирите страни на светот односно сеопштата Боженствена објава што ја носат нивните Евангелија во Новиот Завет. Нивните симболи (лав, ангел, бик и орел) се прикажуваат со крилја, бидејќи крилјата се знак за Боженствено послание.

[1041] Марковић М., О иконографији, 573

Исто така, нивните атрибути, како воспоставена византиска иконографија, можат да се сретнат старозаветните симболични објаснувања на четворицата евангелисти:

| | | |
|---|---|---|
| Марко | крилест лав и книга (и перо за пишување) | Првописецот на првото Евангелие, по кажувањата на апостол Петар |
| Матеј | ангел, крилат човек, пес, книга | Апостол, цариник |
| Лука | крилест бик - вол книга | Апостол, лекар, Евангелието напишано следејќи го Св. Павле |
| Јован | орел (симбол на возвишеноста) и книга | Најмладиот од Христовите апостоли. Напишал три посланија, Евангелие и Откровение |

Во нашата каталошка збирка, четворицата Евангелисти се честа придружба на Распетието Христово и Богородица Оранта на крстовите реликвијари, како што се: со кат. бр. 4, 9, 10, 11. Исто така, се дел од декоративната сцена раскошната оплата за крст со кат. бр. 29 од Скопско Кале.

# VI. Типолошка поделба на движниот материјал

Во овој труд обработени се повеќе групи на предмети, со голем вариетет на типови и нивни подвидови. За полесно обработување, направени се четири големи групи во кои ги вброивме типовите и видовите на примероците:

- Црковен инвентар
- Накит
- Керамички чинии
- Varia

Предметите од секоја од групите се распоредени по истиот редослед како и според редоследот на локалитетите во глава I. Преглед на археолошките локалитети во Скопско.

## *1. Црковен инвентар*

Откриениот црковниот материјал е квантитативно слабо присутен во збирките на музеите и институциите на културата. Тоа се должи на фактот дека денешната црква своите стари предмети ги чува како реликвии, далеку од очите на широката јавност, но и подалеку од стручните апетити на археолозите. Затоа, во овој труд се обработени само оние примероци кои се откриени при археолошките истражувања изминатава деценија. Најбројни се оние од Скопско Кале.

***Икони***те се најтипичен пример за црковниот инвентар. Под икона источното христијанство подразбира слика, релјеф или мозаична претстава на светци. Општо е прифатено дека иконата во христијанската уметност е Божја, односно световна слика и дека не е направена од човечка рака[1042]. Односно, иконата симболично претставува отворен прозорец меѓу земјата и небото, отворен во двата правци.[1043]

Икона (на грчки - εικων , на латински - imago) значи: лик, слика, претстава - свет лик, света слика, во две димензии, која ги прикажува светите ликови, кои имале свое

[1042] Лакалиска С., Оков за икона, 78
[1043] Chevalier J.,Gheerbrant A., Rečnik, 202

тело, да им се поклонуваме и ги почитуваме. Честа дадена на насликаната икона преминува на тој кој е насликан на иконата[1044]. Таа сведочи за Божјето присуство во време и во простор, ја соопштува визуелно невидливоста на Божествената стварност

Како сликовна претстава, иконата може да има историски, естетски и археолошки карактеристики и таа секогаш припаѓа на сакралната уметност и на богослужењето на Црквата, како што е и Светото Писмо и Светите Тајни.

За христијаните, таа не е украс, табло или фигуративно претставување, туку е визуелно соопштување на невидливата божествена стварност, манифестирана во време и во простор. За православната теологија, темел на иконата и/или симболичното прикажување всуштост е стварноста на оплодувањето на Синот Божји односно Христос е „икона на Невидливиот Бог"[1045].

Во историјата на Православјето познати се чудотворни икони, кои се смета дека биле насликани од иконописци со силна вера. Тие чуваат Тајна која нема никогаш да биде откриена, а секогаш ќе му помагаат на верникот кога од нив ќе побара помош.

Во VIII век, византискиот цар Лав V Ерменин, започнал кампања против култот кон иконите. Ова гонење е познато под името иконоборство или иконоклазма (рушење на икони). Иако монасите се спротивставиле на оваа кампања, сепак во 787 година, на VII Вселенски Собор во Никеја, иконоборството е идентификувано како ерес. На 11. март 842 година царица Теодора го икинува иконоборството и од тогаш иконата продолжува да завзема значајно место не само во уметноста на православните христијани, туку и во вербата на истите.

Во нашата каталошка збирка вбројани се примероци кои не се класичен тип на икони што ги красат ѕидовите на православните цркви, туку се портабилни иконки со мали димензии. Колку и да им се димензиите нетипични за веќепознатите форма и големина на православните икони, сепак канонизацијата на нивната декорација не изостанува.

Појавата на овие минијатурни икони најверојатно се случила во периодот после победата над иконоборството. Значи, по 842 година, кога Цариградскиот синод

---

[1044] Брија Ј., Речник, 68-69
[1045] Брија Ј., Речник, 69

определил дека иконите мораат да се почитуваат, веќе било дозволено ликовно прикажување на светителите и нивните ликови. Со тоа, започнал и рапидно почнал да се шири култот кон иконите со претстави на омилените светители.

Во нашава збирка откриени се три икони.

Едната икона (кат. бр. 1 и сл. 66) Изработена е од коска од крупно домашно животно[1046]. Овој медиум е реткост кога се работи за претстава на свети ликови од христијанскиот пантеон. На неа во релјеф е прикажана стоечка фигура на Св. Димитриј.

Втората икона (кат. бр. 2) е изработена од дрво, што претставува реткост поради неиздржливоста на дрвото на забот на времето и неговата лесна унишлтивост. На неа претставена е допојасна фигура на Исус Христос, а лево и десно од неговата фигура, прикажани се мали стоечки фигури на Богородица и Јован Крстител

Третата икона (кат. бр. 3) направена на керамична плочка и драстично се разликува од претходните две по својот маниристички израз. На неа е прикажана претстава на Архангел Михаил.

Трите икони се одликуваат со префинета убавина и висок уметнички дострел во мануелниот израз на изработка.

Мора да се напомене дека иако овие икони се вброени во групата на црковен инвентар, сепак сметаме дека тие биле во припадност на поединци и биле чувани како лични амајлии на носителот.

Крстовите, кои се дел од црковен инвентар, значително се разликуваат од оние во групата за накит. Имено, изработката, декорацијата, па и изборот на материјалите е сосема поинаква. Тука се вбројани пет типови на крстови, вклучувајќи го и енкоплионот - реликвијарот, чија намена е и лична за носителот.

***Реликвијари - енколпиони***

Тоа е мала кутија во облик на крст чија намена е чување на мало парче од Чесниот Крст, а подоцна и скапоцени предмети или свети мошти од светци. Крстот е составен од две профилирани плочки, шупливо лиени, така да внатре има празен

[1046] Благодарност до Анета - археозоологот за идентификација на коската

простор каде се чуваат реликвиите. Најчесто, на горниот крак, има мали шарнир каде се спојуваат двата дела на крстот. На него прикачена или слиена е алка за закачување, низ што се протнува ланец, кожно ременче или било какво јаженце за да може да се носи на врат односно на бедрата. На долниот крак се наоѓа мала шарка, што не се отвара, туку ги држи двете половини. Оние реликвијари кои немаат шарнир ниту алка за закачување, имаат иста намена-чување на реликвии, но местото на носење не е пекторалот, туку се чуваат во џеб, торбичка, под пазуви, или, пак, да биде домашен инвентар.

Реликвијарот е патувачки олтар односно мала крстилница. Во моменти на итна потреба за покрстување, кога Христијанството масивно се ширело, реликвијарите одиграле важна улога во самиот чин. Тие станале алат, односно сретство за покрстување во ситуација на непостоење на христијанска сакрална градба или, пак, крстилница. Така, сложената процесија на покрстување била упростена со употребата на реликвијарите како сретство за покрстување.

Како почеток на процесот, реликвијарот бил потопуван во света вода. Со трократно потопување во вода (или трократно попрскување со вода), се упростува чинот на покрстување. Најчесто го вршеле лаици, кои го изведувале масовно, кога патувале од место на место. После таквото покрстување, реликвијарот станувал сопстевеност на заедницата, па затоа останувал во населбата. Истиот бил пренесуван на следните генерации и завршувал во гробот на најугледниот или најзаслужниот член од заедницата.

И покрај таквите примери, енколпионите најчесто се откриваат во гробови, тогаш тие биле приватна, лична амајлија на сопственикот, негов личен талисман и обележје.

Поради своето ексклузивно потекло и специфичност како појава, енколпионите-реликвијари во литературата се познати како палестинско-сириско тип.

Енколпионот т.е. преклопениот крст претставува ставротека т.е. носител на честите од Чесниот Крст. Така и започнала неговата продукција. Во Ерусалим биле произведени првите крстови-кутивчиња, во кои биле ставани делови од Чесниот Крст, односно Крстот на кој бил распнат Исус Христос на Голгота.

Од времето на Јустинијан I започнува фанатичното почитување на крстот, со што уште повеќе се почитува како државен култ и симбол на државната вера. Оттогаш, масовно почнува продукцијата на реликвијарите, како спомен од аџилакот односно посетата на “светата земја“, земања дел од “светиот Крст“,“светото миро за помазание“ и “светата вода за крштевање“.

На балканската територија овој тип на крст најголема експанзија доживуваат од IX-XII век[1047], но сепак како продукт на локалното производство.

Во VI век, па и во подоцнежните векови, не била многу честа појавата за одење на аџилак односно поклонување на Светиот Гроб. Тоа биле исклучителни случаи. Затоа, оригинални примероци на реликвијари со сириско-палестинско потекло е голема реткост. Во големите епископски центри и помалите црковни седишта биле произведувани крстови по пример на ерусалимските. Секако, локалата интерпретација секогаш доведува до појава на некој нов елемент на копираниот тип или, пак, да биде само бледа или шематизирана реплика на постоечките.

Во Македонија се забележува силна продукција на реликвијари со локално потекло од X-XI век, кој продолжува во не помалку скромни рамки сé до XV век. Енкоплионите продолжуваат да се произведуваат и понатаму, но концепциски, уметнички и технолошки го менуваат принципот.

Тие следат комплексна иконографија со сцени инспирирани од евангелските текстови. Најчести претстави се Распетието Христово на аверсната страна и Богородица Оранта на реверсот. Нивната изработка е прецизна и крајно симболична. Се запазуваат детали, се обрнува големо внимание во претставување на ликовите и гардеробата, технологијата е високо развиена, а уметничкиот израз оддава широка имагинација и голема канонска подготвеност на мајсторот обработувач.

Според графичката форма исклучиво се латински.

Тие се изработуваат од бронза, во техника на т.н. изгубена форма

Во нашата каталошка збирка, вбројани се 13 примероци, со кат. бр. од 4 до 16. Повеќето од овие реликвијари се откриени на Скопското Кале, а само два се откриени на Скупи.

---

[1047] Петровиќ Р., ракопис, 162-163

Со ***процесиски крстови*** се предводи процесија - поворката за Големите црковни празници, како што е тројното кружење околу црквата за Велигден, или, пак било каква друга поворка. Се носат на висока држалка (стап), па затоа во долниот дел имаат тулец за ставање на стапот или масивен трн за вденување во дрвен стап. Крстот и долниот дел (трнот/тулецот) најчесто воедно се лијат или пак се спојуваат со залемување.

Најчесто нивната декорација е сведена на минимум. До XV век тие се доста упростени. Единствено раскош може да се види во нивните графички форми, кои може да бидат доста развиени. Антропоморфната декорација целосно изостанува.

Од XV век па до денес тие стануваат уште поголеми и се декорираат со разни камења, се бојат, се вметнува стаклена паста, формите се уште повеќе развиени, а и се користат поскапи материјали и племенити метали.

Во нашата каталошка збирка, вбројани се само два примероци, со кат. бр. од 17 и 18, и двата се откриени на Скопското Кале.

***Крстови разводници*** се наречени и хоросни Тоа е тип на крст кој се наоѓа на пречките од обрачот на црковниот хорос и служи како спојница. Во оваа група на крстови спаѓаат и оние крстови кои се вклучителен дел на црковните полиелеи кои преку синџири и ланци висат од него. Тоа се воглавно крстови со поголеми димензии. На една од гредите, на краевите на краците се прават перфорации за во нив се протне алка или синџир, кои преку масивни куки се врзуваат за полиелејот на црквата.

Нивната прва појава се бележи во доцниот V и почетокот на VI век. Тие биле редовен украс на ентериерите во ранохристијанските базилики.

Во нашата каталошка збирка, вбројани се шест крстови разводници, со кат. бр. од 19 до 24. Овие примероци потекнуваат од различни локалитети: по еден од Скопско Кале, Скупи, Коњушница, с.Орман, и Давина Кула, с. Чучер, додека два се откриени на Градиште, Таор.

***Крстови кандила*** служат за закачување на кандило, според што во литературата го дибиле својот назив. На овие крстови на долниот дел од долниот крак

преку синџирче или бронзен тел се прикачени куки на кои биле обесувани кандила. Тие редовно се дел од црковен ентериер, од својата појава во VI век па сé до денес.

Во нашата каталошка збирка, вбројани се два примероци на крстови-кандила, со кат. бр. од 27 и 28. Двата примероци се со хронолошка припадност во VI век и потекнуваат од Скупи.

***Окови/оплати*** најчесто биле ***за икони.*** Тие се присутни во средновековниот црковен инвентар, па сé до денес се многу чести. Се јавиле прв пат во IX век[1048], најверојатно со победата над иконоборството и со текот на времето нивната популарност растела. Византиските мајстори - златари ја промовирале оваа мода на оковување на икони, која со тек на време била превземена од скоро сите центри и во другите балкански земји и територии. Најрепрезентативните примероци на средновековното златартсво од средновековниот период, односно од XII-XIV век, надвор од цариградските работилници, потекнуваат од работилниците на охридските занаетчии. Како најраскошни, тие се врвот во однос не само на квалитетот на изработка, туку и според орнаментирањето. Иако под благо влијание на Цариград, тие се препознатлив уметнички белег, кој исто так силно влијаел и бил распространет во бројни градски центри. Така, и во Скопје.

Оковите / оплати биле употребувани не само како раскошен декоративен елемент околу главите на светците, нивните раце или некој дополнителен елемент, туку и за заштита на носачот односно дрвото на иконата. Во врска со начинот на изработка, мотивите на оковите најнапред биле исчукувани на задната страна во негатив, а потоа предната страна била рачно и прецизно доработувана[1049]. Биле користени разни елементи со христијанска тематика, како што се: лозица, цветови, крстчиња.

Во нашата каталошка средновековна збирка од скопско, вбројан е раскошен примерок на фрагмент од оков за икона, од сребрен лим со позлата. Тој потекнува од XII век од Скопско Кале, со кат. бр. 31. Сочувана е само горната лева четвртина.

[1048] Лакалиска С., Оков за икона, 74
[1049] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 202

Иконата била посветена на Богородица, базирајќи се на инсигниите М-Р со грчко писмо, кои се отчукани во аголот на оковот.

***Крсш-оков/ойлаша.*** Оковите и оплатите не биле употребувани само за оковување на иконите. Бројни предмети со органско потекло: дрво, рог или коска-материјали кои можат лесно да се уништат и бараат поцврста заштита, биле оковувани или оплатувани со метални додаток. Најчесто крстовите од дрво, кои “се дел од Чесниот Крст” биле оковувани, најмногу со цел да се заштити дрвото. Тоа е всушност евтина варијанта за оној кој не можел да си дозволи метален примерок.

Во периодот на доцното средновеквие, со појавата на крстови изработени од појачан восок, се среќава оков и на овие крстови.

Крстовите биле оковувани на следниве начини:

- странично по краевите на краците
- од задната страна
- или се правена цела кутија

Во нашата каталошка збирка, вбројани се два крстови оплати, со кат. бр. од 29 и 30. Двата примероци потекнуваат од Скопското Кале.

***Кандила*** (латински candela значи свеќа; candelere = свети)

Свеќњаци се модерна варијанта на кандила. Тоа е висечки метален сад во која гори масло, поставен пред свети слики - икони. Металниот сад виси на ланци на кои многу често се закачени т.н. крстови разводници. Тие ги држат кандилата да висат надолу од плафон на градба. Имено, тие на долниот дел од долниот крак преку синџирче или бронзен тел се прикачени куки на кои биле обесувани кандила. Затоа и овој тип на крстови се викаат крст - кандило. Тие редовно се дел од црковен ентериер.

Таков пример во нашата каталошка збирка се двата држачи за кандило со кат. бр. 25 и 26 од Скопско Кале. Составени се од по една кружна алка, од која се пуштени три надоврзани жици со плетенчиња на една страна. Недостасуваат кандилата, кои најверојатно биле направени од стакло.

***Кадилници*** (латински: incensorium - запалено или thiribulum -темјан)

Кадилница е дел од црковниот инвентар, направени од метал, учврстени се на ѕид или висат закачени на три ланци. Служи за поставување на темјан кој се пали и гори. Со чадот се врши “прочистување” од злите духови и со тоа се врши подготовка за примање на светиот чин на причеста.

Кадењето своите корени ги има од антиката, кога палењето на миризливи масла и тревки било во чест на боговите. Христијаните тоа не веднаш го прифатиле, во веќе во раниот среден век било прифатено кадење во чест на Императорот, а потоа има активен удел во црковните богослужби[1050].

Средновековните кадилници биле во најразлични форми, со најразлична декорација. Дел од нив имало вдладнување во кое се ставало темјан или некое друго ароматично растение да гори. Се поставувале неколку помали кадилници низ аглите на црквата или едно големо на самата Свечена Трпеза од каде и започнувал чинот на Свечената Литургија.

Опис на кадилница се сретнува и во Библијата, но направена од багремово дрво, опкована од злато и во неа мирисливо посветено масло за помазание. (Исход 37:25-29)

Единствен примерок во нашата каталошка збирка е кадилницата од типот т.н. катси од Марков Манастир, датирана во XIV век, со кат. бр. 33.

***Полиелеи - Хороси- Поликанделеони***

Црковниот хорос или полиелеј (повеќе свеќници), наречен и поликандилеон, е всушност централното црковно осветлување во облик на огромен, развиен и сложен лустер. Имаат различни форми, составени од силни попречни држачи, во парен број (шест, осум, десет, дванаесет), лиени во бронза и меѓу себе споени во конструкција. Попречните држачи биле украсувани во различни мотиви со христијанска тематика. Преку силни синџири се зацврстени на куките зацврсети на главната купола на градбата и од таму висат. Како спојници меѓу попречните држачи биле поставувани медајлони, фигури или големи крстови. На одредено растојание, на горната ивица на попречните држачи, биле поставувани свеќници со свеќи (денес тоа е заменто со сијалици), па и од таму е името поликанделеон. Понекогаш на нив се закачувани икони, кои преку куките виселе од хоросот. Понекогаш на хоросите се поставувале и

[1050] Leksikon, 312

висечки конструкции на кои се обесувале и кандила. Хоросите го зафаќаат централниот и најсвечениот дел од црковната градба.

Освен неговата практична улога да ја осветлува внатрешноста на сакралниот објект, исто така имал теолошко - симболично значење ја прикажува светлината која ја донесува при ноќната богослужба, како и централното место кое го зазема во објектот. Затоа, бројот како и содржината на неговите елементи не бил ниту случаен, ниту спонтан.

Во Библијата е запишан голем светилник (кој бил осветлувач во црква) од чисто злато, со „разгранати гранки и цветни чашки" (Исход 37:17-24)

Нивната прва појава се бележи во доцниот V и почетокот на VI век. Тие во некоја скромна форма биле редовен украс на ентериерите во рано-христијанските базилики. Византија ги има првите големи и раскошни хороси, уште од IX век. Но, и во западно-христијанските храмови се среќаваат во IX-X век, кои ги изработуваат по византиските примери. Во доцниот среден век скоро секоја црква имала хорос. Во време на турското средновековје економската моќ на црквата не овозможувала да се прават во метал, па затоа доста често биле правени и од дрво. Во Херцеговина хоросите ги нарекувале "Богородично коло"[1051].



*Сл. 54 Реконструкција на полиелејот од Марков Манастир*

Во нашата каталошка збирка, вбројани се четири каталошки единици за делови од полиелејот во Марковиот Манастир, кој во делови се чува во музеите во Истанбул, Белград Софија и Музеј на Македонија. Нумерирани се со кат. бр. од 34 до 37.

[1051] Радојковић Б., Старо, 79

***Свеќници***

Појавата на свеќниците се бележи уште во почетокот на самото христијанство, уште во времето на тајното собирање, за осветлување на ноќта и темните, тајни простории. Дури имало и службеници кои биле задолжени исклучиво за нив, кои биле наречени аколити.

По легализирањето на Христијанството, свеќниците имале повеќе симболично значење, но продолжиле со својата практична примена.

Со текот на времето, тие претпрпуваат разни промени. На почеток се едноставни, но со тек на време добиваат се повеќе на својата луксузност. Богатите и луксузно украсените потекнуваат од Запад, најмногу од Германија и Фландрија[1052]. Се до XIII век биле изработувани најчесто од дрво и од бронза, а потоа и од сребро.

Свеќниците се составени од следниве делови: доле е стопа (кружна, овална или квадратна), нога, чашка, трн.

Луксузните примероци на наша територија стигнуваат по пат на трговија, а особено се зачестени во XIV век. Биле изработувани најчесто од ковано железо, но и лиени делови од бронза, па спојувани со нитни и клинчиња. Биле декорирани со растителни и флорални мотиви.

Скопје и скопско имаат примероци кои припаѓаат во хронолошка рамка на турското средновековје, но по својата форма се реминисценција на оние увезени свеќници од западните земји.

Во нашата каталошка збирка, се вбројуваат три стопи кои биле дел од свеќник, со кат. бр. од 38 до 40, трите откриени на Скопското Кале.

***<u>Црковни садови</u>***

Оваа група на предмети се издвојува поради функцијата што ја имаат. Тие се исклучиво за црковна упореба при изведување на Божја литургија во храмовите. Тие се во служба на Евхаристијата, при чинот на Светата Божествена Литургија односно тие се дел од група на молитви на благодарност со принесување (изнесување) на свети дарови. Самиот чин на Евхаристија, православното христијанство го смета за противотров на смртта (онаа душевна и трајна), како обред со кој се доаѓа поблиску до

[1052] ibid, 51

вечниот живот во духовниот свет на Небескиот Рај. На таквиот обред потребни му се предметни нешта, кои завземале канонизиран облик.

„...И кога јадеа, зеде Исус леб, го благослови, го прекрши, па им даде и рече - Примете, јадете, ова е Моето тело-. Потоа ја зеде чашата, заблагодари и им ја даде, и се напија од неа сите. И им рече: -Ова е Мојата крв на Новиот Завет, која се пролева за мнозина-...” (Евангелие по Марко, 14:22-24)

Според Николај Кавасила (XIV век), литургијата не е ништо друго освен симболично претставување на Христовите дела, за на верниците да им се овозможи вистинско учество во плодовите на Неговата жртва[1053]. Евхаристичната жртва е центар на литургиската богослужба и таа е Тајната која ја актуелизира единтвената Христова крсна жртва[1054]. Таа се наоѓа некаде меѓу анамнезата и епиклезата. Принесувањето на леб и вино, донесени од верниците, се принесување на “духовна жртва” и претстава на Светото Тело и Светата Крв Христова. Со нивно осветување, тие стануваат Свети Дарови. Чинот на принесување дарови, го прикажува евхаристичниот карактер на Литургијата во која таинствено се акруелизира жртвата на Јагнето Божје, кое го превзема целиот грев на светот, со што и го спасува (Послание на Евреите, 9:1-28 и 10:1-18).

Литургија доаѓа од грчкиот збор λειτουργια, што значи служба, служење, јавно дело, свештеничка служба во храм. Тоа е служење на Црквата јавно преку збир на обреди, зборови, симболи и ритуални движења. Значи, тоа е јавна молитва организирана од Црквата и се случува секојдневно. Православјето ја практикува византиската литургија, спроведена од великите архиереи Св. Јован Златоуст Антиохиски (тој живеел во IV и V век - починал во 407 година, но неговата служба се спроведува од VIII век) и Св. Василиј Велики од Кесареа (се користи почнувајќи од IV век). Основен елемент на литургијата е евхаристичната анафора. Разликата меѓу двете претходноспоменати е во квантитетот на анафорските евхаристични молитви.

---

[1053] Брија Ј., Речник, 106
[1054] ibid, 63

Чинот на литургијата ги содржи група на молитви за благодарност, анамнеза (присетување), епиклеза (повикување на Светиот Дух), приносување на свети дарови за светите и за живите и мртвите. Свештеникот ги повикува присутните да пристапат со силна вера кон Бог и љубов во срцата. Потоа се крши леб - квасен, и се врши насипување во патената. Потоа путирот и патената (чашата и дискосот) се пренесуваат од Чесната Трпеза на проскомидијарот, Литургијата се завршува со молитва, благослов и делење на благословениот леб (нафора - αντιδορον). Во православната традиција не постои литургија без причест на служителите и присутните верници. Без причест, смислата на литургијата би била порекната.

За причест на верниците им се дава да вкусат вино како спомен на Крвта Христова и тогаш тие пијат од путир, во спомен на путирот од кој пиел Исус Христос при Последната Вечера. При тоа се користат и плитки чинии - патени во кои се става лебот - анамнеза на Телото Христово. На „дочекот на Христос Кој Доаѓа" во проскомидијата се подготвува, а на Чесната Трпеза се сервира и од тука се дели „неговото тело" и „неговата крв".

### *Пуӣир -Poterion - Пехар- Каликс - Куӣа - Калеж - Грал - Чаша*

Путир - Пехар е црковен сад во функција на чаша, за ликвидна причест - либација. Таа е свечена чаша во која свештеното лице на литургиската свеченост принесува жртвен дар со вино, кои по Христовите зборови се претвора во неговата крв, па од неа верниците се напиваат и причествуваат. Пехарот (fons vitae) ја симболизира евхаристијата на верниците кои очекуваат вечност по крштевањето односно од него течат водите на вечниот живот[1055].

Чашата е знак на Христовата смртна борба во Гетсиманската градина, односно Исус чашата ја зема како симбол на неговата жртва за спас на човештвото (Евангелие по Матеј 26:42). Или: "...зеде чаша, па рече: Оваа е чаша е Новиот Завет во Мојата крв; Ова правете го, кога ќе пиете за Мој Спомен.." (Прво послание на Коринтјаните 11:25)

[1055] Лакалиска С., Минијатурна стела, 56

Исус Христос на својата последна пасхална вечера пиел од обична чаша, каква што тогаш била во употреба. Но, со текот на времето сеќавањето на таа чаша добива полуксузни облици и се прави од најразлични материјали. Во IV век оние од дрво, стакло и животински рогови биле забранети, па во VI век се одредува истите да бидат исклучиво од племенити материјали[1056].

Путирите по форма се кантаровидни садови, изработени во најразлични варијанти, од едноставно, но и скапоцени материјали. Составени се од три дела: купа, нога и стопа.

На поголемиот дел од нив не се изведува специјална декорација. Такви се пехарите од Скопско Кале, со кат. бр. од 41 до 43. А, некои од нив се ексклузивни примероци, не само поради употреба на благородни материјали, туку и поради начинот на кој се украсени. Таков е на пример Пехарот со кат. бр. 41. (Сл. 55)



***Сл. 55 Пехарот од Скопско Кале***

***Чинии- патени*** (на грчки patánē, на латински patina)

Црковните чинии се нарекуваат патени, за носење на лебот за причест односно се принесувала т.н. нафора (парчиња од леб со квасец), чин на Светата Евхаристична молитва односно Света Причест. Во обредите на Евхаристијата кај Православните Христијани се користи квасниот леб, бидејќи тој е "душата во телото односно елементот кој не пропаѓа и не се распаѓа"[1057]. Наспроти него стои безквасниот леб = азима= карактеристичен за (и користен во) Западното Христијанство.

Патените се предмети преку кои во полниот и доцниот среден век се рефлектирало богатството и моќноста на парохијата.

[1056] Leksikon, 314
[1057] Брија Ј, Речник, 5

Од внатрешната страна на дното, чинијата се декорира со врежување на различни мотиви, кои најчесто се многу едноставни, но прикажуваат христијанска тематика: крстови, цветови, пентаграми итн. Скоро секогаш се направени од метал.

Во нашата каталошка збирка нема бројност на патени, вбројани се само две каталошки еденици, 44 и 45. Едната патена е сочувана со поклопец (кат. бр. 44), додека вториот примерок е фрагмент од бронзен сад до релјефна декорација на развиен крст (кат. бр. 45). Двата примероци се откриени на Скопско Кале.

***Спатули - лажичиња - губи***

Како придружни предмети при изведување на Светата Причест, во црквите се користат спатули - лажички, кои немаат некоја конкретна симболика, туку имаат практична улога како помошен предмет на Отецот кој ја врши Богослужбата.

Тие можат да бидат едноставни од органски материјали (од дрво како кат. бр. 49, со едноставна форма) или пак метални, едноставни (како кат. бр. 48) или богато декорирани (како бр. 47, - литургиска спатула/губа, со капковидна форма, одозгора декорирана со врежување со стилизирани флорални мотиви).

Аналогии наоѓаме во збирката на Коринт[1058], каде трите примероци се скоро целосно сочувани, а кат. бр. 1508 е скоро идентичен со нашиот примерок со бр. 49. За разлика од него, коринтскиот примерок на кружната глава има натпис односно со врежани инсигнии на Исус Христос.

Сите примероци од нашата каталошка збирка потекнуваат од Скопско Кале.

---

[1058] Davidson R.G., Corinth, 198, кат. бр. 1508, 1509 и 1510

## *2. Накит*

Накитот е груша на наоди која ги носи најкарактеристичнте обележја, не само на одреден временски период и на одредена географска целина, туку и на одреден религиозен круг.

Накитот е украс, но и сведок за општествениот статус. Тој секогаш го носи најтипиччниот белег не само на етничка групација, народ или нација, туку и е својствена карактеристика на религиска определба на носителот. Се носи во секоја прилика, настан или свеченост, но е неизбежен декор и во секојдневното живеење. Носителот го носи накитот во својот живот, но и по смртта истиот му ставан во гробот, за и во задгробниот живот да го краси и обележува.

Како христијани, жителите на средновековно Скопје и неговата околина, многу често ги користат како мотиви за украс на накитот што го носат симболите на христијанскиот религиозен систем. Значи, ги употребувале сите христијански симболи, почувајќи од крстот, па сé до сложени сцени од византиските циклуси. Единствени рамки кои ги ограничувале мајсторите-изработувачи на овие предмети, бил ограничениот простор на медиумот на кој го истакнувале својот уметнички нагон.

Гледано од сите аспекти, накитот е еден од најпогодните медиуми преку кој може да се истакне не само религиозна, туку и сталешката припадност, финансиската моќност и општествениот статус, туку преку него се преставувала и религиската припадноцт. Не само како декорација, накитот е и гласноговорник за скоро се она што неговиот носител претставува.

Почетоците на производство на средновековниот накит влече корени од доцноантичкиот период. Но, во средниот век се случуваат големи и драстични промени, не во материјалот и техниката туку тематиката и формите. Во VIII и IX век се произведува накит во многу скромен облик. Византиското влијание е минимално, а често и изостанува.

Во IX век веќе е развиено производтсвото на накит во поголемите па и помалите градови. Но, тој сеуште останува "заробен" во својата географска рамка на потекло, со исклучок на некои типични примероци, пристигнати по пат на освојувачки походи или населување.

Со развој на трговијата, тоа се променило. Така, одредени примероци од типичните локални работилници пристигнувале во многу далечни краеви.

Најголемото произвотство на накит од квантитативен аспект се јавува во периодот од IX до XII век. Не само во Скопје и скопско, и многу други градови на Балканот почнуваа самостојно развивање на својот локален накит.

Особено со развој на златарскиот занает во XII век, под влијанието на комненската уметност од цариградстките работилници, накитот го доживува својот вистински процут. Од тогаш започнува експанзија на раскошни облици, со префинета изработка. Со доаѓањето на Латините на почетокот на XIII век, се почувствувал и бран од западната уметност и благ опад на византиското влијание. Исто така, се чувствува и благо влијание од дубровничките работилници, кои по пат на трговија биле во непрекинат контакт со нашиве краишта[1059]. Луксузниот накит припаѓал исклучиво на властелинските кругови. За широките народни маси се изработувал едноставен накит.

Низ XIV и почетокот на XV век веќе се јавуваат богати, раскошни и развиени форми. Во XV век се јавува експанзија на типолоши форми, па се чувствува и влијанието на турската новодојдена уметност.

***Прстени***те се најбројната група на наоди, кои се откриваат на неколку локалитети.

Во христијанството, прстенот го симболизира слободното прифаќање на верната приврзаност кој Бог[1060]. Така, тој се доведува во врска со вселената и времето. Првите христијани, по старите пагански традиции, носеле прстени, се додека Кирил Александриски на верниците од неговото време не им посоветувал да носат прстени кои на главите имаат голубица, риба или сидро[1061].

И по официјализирањето на христијанството, прстените го носат своето апотропејско значење, кое го имале и во претходните векови. Така, нивните декоративни мотиви се со христијански карактер. Но, мора да се земе во предвид дека

[1059] познато е дека дубровничките трговци имале свои трговски колонии, кои преку караванска трговија допирале до многу далечни места, но и имитациите на истите во скопско.
[1060] Chevalier J.,Gheerbrant A., Rečnik, 537
[1061] ibidem

христијанството во раниот период морало да биде скриено во прикриен симболизам. Исто така да се потсетиме дека христијанството и паганската религија на словенските народи битисувале истовремено и паралелно долги векови на територија на скопско. Така доаѓа до мешање на симболичните претстави како и на симбиоза на христијанска тематика со мотиви од словенска иконографија.

Според LXXVIII Јустинијановата новела од 539 година[1062], носењето на златен прстен била одлика на слободното граѓанство, а оние од олово, калај, железо, разни легури, стаклена паста и друго, ги носеле сите.

Иако во литературата може да се најде податок дека на свештениците им било забрането носење на златни прстени[1063] и воопшто златен накит, сепак археолошките истражувања покажуваат дека накит (воедно и златен), особено прстени, носеле сите оние кои можеле тоа да си го приуштат. Така, Римскиот папа носи т.н. прстен на рибарот, со врежан лик на Св. Петар и е направен од чисто злато. Прстените кои ги носат припадниците на црковната служба, ја означува нивната вереност со Црквата, но и степенот на нивната црковна служба[1064].

Прстените обработени во овој труд, се делат во шест видовни групи, поделени според формата (и функцијата) на нивните глави. Така, диференцираме прстени со:

а) кружни глави (кат. бр. 51, 53, 54, 55, 56, 57, 64, 65, 66, 67, 68, 71, 79, 80, 83)

б) овални глави (кат. бр. 50, 52,58, 59, 62, 63, 70, 72, 73, 74, 75. 78, 82, 84, 86, 87)

ц) квадратни глави (кат. бр. 60, 61, 81)

д) ромбовидни глави (кат. бр. 85)

е) триаголни глави (кат. бр. 69)

ф) Прстен - печатник е доста специфичен по својата појава, бидејќи освен декоративната улога, тој има и употребна. Имено, со овој тип на прстени се вршело запечатување односно посигурно затворање на нешто. Св. Климент Александриски се обидел да ја канонизира употребата на печатниците, воспоставувајќи канонизација на претставите.[1065] Според него, на свештеничките прстени треба да се претставуваат: гулаби, риба, кораб со раширени едра, лира, котва; а никако не смеело да се

[1062] Манева Е., Накит, 80
[1063] Cabrol A., Leclercq H., Dictionnaire, 2180-2181
[1064] Leksikon, 491
[1065] Манева Е., Христијанските симболи, 64

прикажуваат претстави на пагански идоли, оружје, световни и љубовни приказни...сé она што можело да го навреди Бога.[1066] Во нашата каталошка збирка, на двата примероци од Скопско Кале, прикажани се лавови (кат. бр. 76, 77)

Носењето на прстен - печатник не била одлика само на високото свештенство туку и на сите оние кои им требало да оставаат на нешто свој личен потпис. Најчесто на нив ги има личните обележја на носителот - што во чест случај е личен монограм.

Без разлика на формата и типот на прстенот, скоро сите тие произведени од средновековните мајстори имаат декорација на главата, на рамењата, а понекогаш и на самата алка. Тематика за декорација, ограничена со малата површина за работа, е скратена и често шематизирана. Дијапазонот на христијански мотиви е огромен.

Геометриските мотиви се јавуваа:

- крстови (со сите облици и форми), како што се кат. бр. од 51 до 53
- кругови - втиснати, како што се кат. бр. од 54 до56
- пентаграми - врежани, како што се кат. бр. од 57 до 59
- квадрати, како што се кат. бр. од 60 и 61
- монограми (кат. бр. 62) и натписи[1067] (кат. бр. 63)
- со комбинирана декорација (кат. бр. 64)

Со вегетаабилна декорација се вброени:

- розети (кат. бр. од 65 до 68)
- винови лози и гроздови (кат. бр. 69)

Не изостанува ниту зооморфната декорација:

- птици (кат. бр. од 70 до 73)
- лавови (кат. бр. 74 до 78)
- фантастични животни (кат бр. 79)

Со антропоморфна декорација се сретнуваат и сцени:

- Распетие Христово (кат. бр. 80)

---

[1066] Манева Е., Христијанските симболи, 64

[1067] на прстен од ранохристијанскиот период, па низ целиот среден век се сретнуваат молитви како "Господе Помогни"- и скратеници "Светлина, живот" како на прстен откриен на Хераклеа Линкестис, VI век, Манева Е., Христијанските симболи, 65

- Фигура на Исус Христос (кат. бр. 81)
- фигура на Архангел Михаил (кат. бр. 82)
- Крштевање Христово (кат. бр. од 84 до 87)

Од квантитативен аспект, најголем број примероци од нашата каталошка збирка потекнуваат од Скопското Кале (вкупно 21 прстен), потоа од Скупи (шест примероци), Градиште, с Таор (вбројани пет прстени), по еден прстен од локалитетите Крст, с. Орешани и Давина Кула, с. Чучер, додека четири примероци на прстени се од непознат локалитет.

Исто така, ***белегзиите*** како дел од дамскиот и детскиот накит, е присутен во значителен квантитет, не само во скопско, туку и на територија на цела Република Македонија во текот на средновековниот период, како и во т.н. турско средновековие.

Во нашата каталошка збирка, белегзиите ги групираме во две големи групи, според материјалот на нивната изработка: метални и стаклени.

а. метални

Металните белегзии во нашата каталошка збирка (кат. бр. од 88 до 104) најчесто се лентести која е најомилена форма кај скопските мајстори и со различно завршување на краевите: заоблено, кружно, проширено, заострено. Има белезици и со валчест пресек и со краеви кои завршуваат во облик на лилјан, како и примероци со правоаголен и кружен пресек. Декорацијата на белегзијата се изведува на горната површина и на нејзините краеви. Се прикажуваат мноштво од христијански симболични елементи: како што се крстчиња во различни форми, спирали, кругови, точки, цветови, кружни вдлабнувања крстесто распоредени.

Во оваа каталошка збирка се издвојува единствената членковидна белезија (кат. бр. 88), не само по благородниот материјал од кој е изработена, туку и по нејзината уметничка и занаетчиска изведба. Направена од злато и инкрустрација, покажува врв на локалната умешност во мајсторството на производство на златен накит.

б. стаклени

Стаклените белегзии во нашата колекција се истакнуваат со исклучително убава декорација со типични христијански мотиви на крстови во различни форми. Пресекот на белегзиите е овален и кружен. Бојата на стаклото варира: од светло сино, преку темно сино, до неколку варијанти на зелено. Декоративните елементи се изведени во стакло со топли нијанси, како што се црвената, жолтата и портокаловата.

Во нашата каталошка колекција вброени се само две единици односно фрагменти од стаклени белегзии, со кат. бр. 105 и 106. Отсуството на стаклени белегзии се должи на два фактори: нежноста (кршливоста на материјалот) и ексклузивноста на предметот.

Стаклените белегзии, особено оние полихромни и комплицирано украсените, се византиски импорт или се под силно влијание на византиските работилници. Ова влијание е силно во периодот од X-XIII век. Тоа е периодот во кој големите центри на балканот почнале свое произвотство[1068]. Со српското владеење, иако влијанијата од Византија врз уметноста на накитот сеуште постојат, сепак стаклените белегзии скоро и да ги снемува.

Изобилието со декоративни елементи со религиозна - христијанска тематика, повторно ги групира белезиците во повеќе подгрупи:

- со крстаста декорација
- со флорална декорација
- со геометризирана декорација
- со змијолики краеви

***Приврзоците*** носени на ланец/ланче/јамка се исто така еден многу популарен декоративен елемент на средновековните скопјани. Но, оние приврзоци кои ги носат карактеристиките на христијанската применета уметност се малубројни и припаѓаат

[1068] за сега се потврдени неколку големи работилници во кои се произведувало стакло од каде е дистрибуирано во поширокета околина. Една од нив е во бугарската престолнина во полниот среден век Велико Трново во периодот од XII-XIII век (Валов В., Производња, 140-141)

на оние типови кои имаат крстовидна и флорална декорација. Примероците од нашата каталошка збирка (кат. бр. од 107 до 109) се направени од бронза, лиени се во едноделни калапи и најистакнато ја претсавуваат христијанската розета - симболот на небесниот благослов и животворната милост. На некои приврзови се изведуваат и врежани крстови, како скромен декоративен елемент , но со силна порака за религиозната определба на носителот. Еден од примероците (кат. бр. 110) има срцолика форма.

***Крстовите приврзоци***, според начинот на употреба, се тип на крстови кои се носат приврзани на јаженце или кожичка. Се носат на градите или како висулец закачен на околупојасен ремен или се приврзок за стило.

Крстовите приврзоци се секогаш едноделни. Се изработуваат од најразлични материјали. Од средновековниот период откриваме најчесто крстови од бронза, поретко сребрени, златните се вистинска реткост. Крстови приврзоци од нашата колекција најчесто се изработени од бронза, лиени во едноделен или дводелен калап.

Во нашата каталошка колекција, вбројани се 14 крстови приврзоци (кат. бр. од 111 до 124). Најбројни се примероците од Скопско Кале (вкупно шест), потоа од Скупи (пет), па од Градиште, с. Таор (два) и само еден примерок од лок. Крст, с. Орешани.

Крстовите приврзоци најчесто се декорирани само од едната страна, многу ретко и реверсот е обработен. Декорацијата може да биде геометриска, како на крстовите приврзоци со кат. бр. 119, 120 и 123. Но, попопуларна е флоралната и се среќаваат разни видови на стилизирани растенија: розети и цветови во повеќе варијанти, како на крстот приврзок со кат. бр. 124. Ретко се јавува антропоморфна декпорација, како на примерокот со кат. бр. 121 од Скупи каде е прикажано Распетието Христово. Сепак, многу често крстовите приврзоци се без дополнителна декорација, па така се истакнува самата форма на крстот, која може да биде најразлична.

***Токите и пафтите***, како утилитарен накит, се доста често откритие при археолошки истражувања. За жал, само на дел од нив има декорација исклучиво преку која би биле вгрупирани во предмети од христијанската материјална декоративна

колекција. Дел од нив се исклучиво со употребна намена и не им се дава уметнички израз.

На токите им припаѓа симболизмот на кругот и дискот, па затоа тие се знак за совршенство на оној кој ги носи: сила и брзина на коњот, војник јунак, разборитост на граѓанинот[1069]. Најчесто на нив се претставуваат: лав, орел, цар, светец, или има сложена уметничка композиција од растителни и флорални елементи.

На поголемиот дел од токите во нашата каталошка збирка единствено христијанско обележје е декоративната христијанска розета како на кат. единица 125. Останатите четири се со лировидна фирма (кат. бр. од 126 до129) . Нивната изработка била инспирирана од византиските луксузни токи, кои прв пат се појавиле во X век[1070] и се во употреба сé до XIV век.

Некои од токите се носени од војска, како што се токите од типот наречен „сучидава", но сепак на нив има христијанско обележје: пробиен е крст во средишниот дел на токата (кат. бр. 131 од Скупи и 133 од Градиште, с. Таор) или кружни прфорирања во распоредени во форма на крст (кат. бр. 132 од Градиште, с. Таор).

Меѓу токите, се вбројува уште еден тип на мала двојна тока, како појасна пафта, составена од два дела: едниот е аголен, а другиот кружен со одредена декорација на него. Овие токички стоеле на крајот на ременот. Во нашата збирка од овој тип на токи вбројани се два примерока, со кат. бр. 134 и 135, откриени на Скопско Кале и потекнуваат од XII-XIV век. Тие се со розетасто тело кое одозгора е украсено со мноштво кружни пункти, густо втиснати во телото. Вториот дел има триаголна форма.

Во нашава каталошка збирка исто така се вбројува еден примерок, со кат. бр. 130 откриен на Скопско Кале, кој по својата форма наликува на оние од т.н. тип Милетин, именувани по два златни примероци од оставата од локалитетот Милетин, на Лезбос, Грција. Според тоа, датацијата е одредена на VII век. Разликата меѓу нашиот примерок и гореспоменатите е во декоративното решение. Предниот дел е во цветолисна форма на која централно се претставени три допојасни фигури. Нивните ликови не се препознаваат, имаат само ребрести ореоли околу кружните глави.

[1069] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 706
[1070] Манева Е., Накит, 34

Најверојатно се работи за скратена и упростена верзија на Дејзисниот чин. Долниот дел на токата е со овална форма. Централно е пробиена кружна перфорација.

И ***койчињаша***, како дел од декорацијата на гардеробата на средновековните скопјани, ја носат симболиката на нивната верска припадност. На нив се изведуваат разни христијански симболични елементи.

Според старите преданија, се смета дека затвореното копче го штити носителот од лоши и зли влијанија. Отвореното копче, пак, на носителот му нуди ослободување[1071].

Копчињата се во квантитативна употреба дури после IX век, додека во периодот од VII-VIII век за нив нема никакви потврди и појави[1072].

Некои примероци од скопската средновековна колекција се на врвот според својата луксузна изработка. Таков пример е копчето со кат.бр. 137, кое е со потекло од дворот на Немања и Стефан Првовенчани[1073].

Многу често на копчињата релјефно е изведен мотив на желад, свртен надолу. Желадот е врамен во врежана срцевидна рамка, која ја следи ивицата на копчето. Така, тие копчиња добиваат срцевидна форма. Такви се примероците со кат. бр. од 138 до 140, откриени еден на Скопско Кале и два на Градиште, с. Таор. Во збирката на копчиња се наоѓа примерок откриен на Градиште, с. Таор (кат. бр. 141) со капковидна / бадемова форма.

***Иглиѿе***, како декоративен предмет, се чести примероци во средновековните колекции за накит.

Единствениот примерок во нашата каталошка збрирка со кат. бр. 142, потекнува од Скупи. Се работи за бронзена украсна игла чија глава завршува во форма на птица. Припаѓа хронолошки и уметнички во периодот на раното христијанство во VI век.

---

[1071] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 278
[1072] Манева Е., Накит, 34
[1073] Радојковић Б., Накит, 98, Т.30

***Наушници*** во нашава каталошка колекција скоро изостануваат, не поради квантитативното отсуство на истите при откривање на истражувањата, туку поради недостаток на елемент кој би ги идентификувал како производство на христијанската материјална култура.

Единствен примерок е со кат. бр. 143. Тоа е лунулеста наушница од Градиште, с.Таор со две триаголни перфорации на телото. Датирана е во VIII - почеток на IX век.

***Делови од појасни гарнитури*** односно од појасите, ремените, каишите се скоро обавезен дел во средновековната гардероба. Како утилитарен предмет, појасот ја впрегнува одеждата на половината на носителот. На него можело да се обесат и закачат разни делови, кои би биле декоративни. Но, на појасот се закачувале и мали ткаени торбички, кои служеле како кесички за чување на ситни потребштини. Коланите биле правени од органски материјали, како кожа, коноп и слично, па затоа од нив речиси никогаш ни трага не се останува. Затоа, пак, она што на коланите било закачено останува да сведочи за носителот и неговите потреби и наклонетости. Тоа се метални додатоци во разни форми и облици на висулци, приврзоци и јазичиња.

Нехристијанскиот свет бил силно наклонет кон појасите и сите оние многубројни висулци што на него се ределе. Во христијанските преданија, појасот е знак на заштита, воздржување и чедност[1074]. И во двата света, кои едно време се ”споиле”, преку појасите и она што на нив се закачувало, се изразувала класната и хиерархиската припадност на носителот, но и на неговата верска определба.

Во раносредновековниот период, највисоките општествени слоеви носеле златни појаси[1075]. А во свечени прилики од највисок општествен ранг, освен регуларниот накит на главите и рацете, благородништвото носело и богат инвентар на појасниот колан, најчесто декориран со раскошни украси и скапоцени камења. Од изворите се дознава дека цар Душан за своето племство и царската свита, меѓу другата скапоцена одежда, нарачувал сребрени колани од Венеција[1076].

[1074] Chevalier J.,Gheerbrant A., Rečnik, 522
[1075] Манева Е., Накит, 29
[1076] ibid, 30

Според Е. Манева[1077], во периодот од VII и VIII век елементите од појасните гарнитури се доста застапени квантитивно и кај нас, додека во подоцното средновековие тие се поретки, посиромашни и едноставни.

Типолошки, постојат неколку видови на колани: центура, брагериум, пантереа и бинда[1078].

Во нашата каталошка колекција, вбројани се два примероци: апликација од Скопско Кале (кат. бр. 144) и јазиче од Градиште, с. Таор (кат. бр. 145).

## *3. Керамички чинии*

Керамички чинии како бренд, особено оние глеѓосаните декорирани во т.н. сграфито техника, познати се како византиски производ. Тие се чинии со висок квалитет и се вбројуваат во највисоката класа на средновековното грнчарство. На територија на византиското владеење и влијание овие чинии земаат замав во квантитативна продукција некаде во XI век. На територија на Република Македонија се јавуваат неколку иморти од преминот од XI во XII век. Но, воглавно тие му припаѓаат на XII век. Во вековите што следат традицијата при изведувањето и премената на техниките за декорација останува иста. Единствено што се менува е техничката уметност на изведувачот која реципроцитетно ослабнува и опаѓа. Тоа значи, дека најубавите и најпрецизните примероци на византиска глеѓосана керамика со сграфито својот врв го достигнува во XII век, а вековите што следат го бележат падот во уметничката изведба, па и во квалитетот на самата керамика.

Принципот за ваков вид на производство продолжува и во турското средновековие со некои изменети елементи, мотиви и избор на бои, а истото се одржува и до ден денешен.

Оваа луксузна трпезна грнчарија го претставува врвот на керамопроизвотството на територија на византиското влијание и како ексклузивитет и се препишува на

[1077] ibid, 29
[1078] Радојковић Б., Накит, 149-151

византиската уметност. Но, како традиција, Скопје продолжува да ги продуцира не само во доцното средновековје, туку и понатаму се до денес.

Досегашните истражувачи сметаат дека луксузната глазирана керамика има потекло од Византија и дека под директно влијание на Цариград вршен е масовен импорт од цариградските работилници, тука директно во скопската област. Но, со истражувањата на Скопско Кале во 2007 и 2009 година, без сомнение, во слојот кој хронолошки е врамен во XII век, се открија работилници за производство на керамични глазирани садови, декорирани со христијански мотиви во елегантни форми и чудесни бои. Оваа керамика не била ексклузивно користена на местото каде е произведена, туку таа била распространета низ целата околина, по пат на трговија. Така, на локалитетот Маркови Кули на Водно, при истражувањата се откриени бројни фрагменти садова керамика, со глазирана површина и декорирана со сликани христијански мотиви. Од овој локалитет потекнува и едистевениот примерок кој не е откриен на Скопско Кале, а е вбројан во нашата каталошка збирка - тоа е плитка керамичка чинија (кат. бр. 180) со централен декоративен моти на птица - гулабица.

Елементарно и типолошки, скопската средновековна керамика е обработена во докторска десертација[1079], каде е даден пресек на керамиката според типот на обработка и формата на садот. Тука се вклопени и оние примероци кои го носат белегот на христијанската симболика, предметот на овој труд.

Техниката која се користела за декорација е воглавно иста. Чинијата прво била премачкана со бела енгоба од внатрешната страна (понекогаш и од надворешната целосно или парцијално), додека била глината влажна. Потоа со техника на shamp-leve и sgraffito декориран во саканиот мотив. После тоа садот одел на печење, на многу висока температура. Откако првиот пат ќе се испечел, на садот му следело добојување или биле капнувани дамки од зелена, жолта или кафена боја. Потоа следел и премазот со оловна глеѓ, во различни бои, најчесто безбојна. После се, садот повторно се печел, овој пат на пониска температура, со што се фиксирала глеѓта и целата декорација.

Sgraffito е техника на на врежување на тенки врежи во глината додека е сеуште влажна, а потоа врежаните линии на испечениот сад биле исполнувани со боја. Оваа техника се јавила како пренос на техниката на тореутика од метал на глина односно

[1079] Ристески Б., Средновековно грнчарство

имитирање на тореутиката во металот во сграфито на глина. Сграфито прв пат е забележан во IX век на просторот на Персија и Задкавказје, а од таму се проширило на Блискиот Исток и Византија[1080]. Веќе во XI век се јавува и на Балканот особено во големите центри.

Shamp-leve е техника на врежување со длето во чинијата која е веќе премачкана со бела енгоба. Врежаните линии не се пополнуваат дополнително со боја како кај сграфито.

Пред внесување во печка, чиниите биле одвојувани со мали триножници (триподи) од керамика. Триподот се поставувал на дното на украсената чинија и на него била поставувана друга чинија. Наредени во вертикала, така се ставале во печката за печење. При отстранување на триподот од садовите, остануваат мали траги на дното на чинијата, каде нема глеѓ[1081].

Чиниите произведени на Скопско Кале во XII век најчесто биле декорирани во комбинирана техника на сграфито, шамп-леве и слободно боење.

Централни мотивите користени за сликање - декорирање:

- крстови во најразлични форми (кат. бр. 151, 152, 153, 156,157)
- геометриски фризови, најчесто мрежасти (кат. бр.146, 162)
- спирали подредени во фризови(кат. бр. 147, 154, 155,160, 161, 164)
- срцевидни листови (кат. бр. 148, 150, 170)
- цветови, во разни облици (кат. бр. 165, 166)
- бршленови листови (кат. бр. 149, 153, 166)
- дабови листови (кат. бр. 163, 168, 171, 172)
- палмети и полупалмети (кат. бр. 168, 169)
- птици, од кои најчести се елегантни гулабици, со споени или раширени крилја (кат. бр. 176, 177, 178, 179, 180), пауни (кат. бр. 181, 182), но се претставува и орел (кат. бр. 183)
- поретко има и волци, кучиња(кат. бр. 185), и само еден пример со рогови од елен (кат. бр. 184)

[1080] Битрашевиħ М., Средњовековна керамика, 18-19
[1081] Битрашевиħ М., Средњовековна керамика, 20

- лавови, кои имаат уметнички изменета форма (кат. бр.187, 188, 189, 190, 192)
- грифони, односно животни со кучешки, волковски и лавји глави и птичји тела (кат. бр. 186 )

Изненадувачки беа откривањата на неколку фрагменти од керамички садови на кои се наоѓа декорација со антропоморфни фигури и од делови од човечко тело. Така, на кат. бр. 192 и 194 прикажани се екстремитети од човек, додека на фрагментот со кат. бр. 193 линеарно е прикажана човечка фигура.

Привилегијата да се поседува ваков богат трпезен инвентар ја имале само богатите, а можноста да го произведуваат истото - само големите произвотствени центри, како што е градот на Скопската Тврдина[1082]. Во нашата каталошка зборка, вбројани се 48 примероци (цели чинии или фрагменти од чинии), кои се откриени на Скопското Кале.



*Сл. 56 Луксузни чинии од Скопско Кале*

Низ балканската литература може да се најде терминот „сграфито керамика" за овој тип на чинии. Такви, се наоѓаат во голем број балкански центри во Бугарија (Софија[1083], Перник[1084], Плиска, Сливен[1085], Варна[1086], Трново[1087]), Србија (Белград[1088], Ново Брдо[1089], ...). Сите тие се иста група на керамични садови, под едно влијание - Византија, но сепак секоја одделна локална група носи свои одредени карактеристики.

---

[1082] вакви центри низ Македонија се бележат во неколку големи средновековни градови: Прилеп (Варош), Охрид, Просек, Жеглигово, итн, и сите со свои типични локални карактеристики.
[1083] Станчева М., Сграфито керамика, Софија 1964
[1084] Чангова Й., Перник, 211-212, според која Перник бил центар од каде производите биле носени во Солун, како најголем трговски центар во околината
[1085] Радева М, Сграфито керамика, 146-157
[1086] Димитров Д., Работилница, Варна 1960
[1087] Георгиева С., Керамиката
[1088] Битрашевић М., Средњовековна керамика, Бг. 1970
[1089] Љубинковић М., Српска глеђосана керамика, 165

## 4. *Varia*

**Амулети/Амајлии**

Како форми може да бидат најразлични. Најчесто имаат изглед на накит. Воглавно се работени од благородни метали, поради вредноста и благородноста на истите. А формите и нивната декорација е различна.

Според древните верувања, пекторалниот дел на човековото тело често се штити со накит кој има профилактичко-амулетско значење односно да го одбива злото или да го привлече доброто кон носителот[1090]. Затоа, овој предел на човековото тело е како резервиран за личните амајлии на носителот. Имено, со истакнување на амајлијата на пекторалот, се оттргнува погледот и вниманието на оној отспротива од очите и лицето, па така носителот на амајлијата е заштитен од ”урокливи очи”, ”лош поглед” и” клетви”.

Амајлиите имаат праисториско потекло. Многу се применувани во антиката. А во средновековниот период овие пагански обичаи доаѓаат во колизија со христијанството баш преку амајлиите и амулетитети со христијанска тематика и/или декорација.

Иако во овој труд крстовите типолошки се подредени во накитот, поради нивната двојна функција, тие можат да бидат сместени и во оваа група на наоди, како амајлии / амулети. Ова особено се однесува на: крстовите реликвијари и крстовите приврзоци односно на оние крстови кои се за лична употреба и кои носителот ги носи со себе.

Во оваа група ги сврстуваме и **Ампули - тн. Евлогии.** Со својата дисковидна форма, евлогиите го симболизираат небесниот круг[1091].

Тие биле изработувани од керамика или метал. Најчести се оловните ампули. Тие се користеле за чување на мали количини скапоцена течност - свето масло, имаат декорација со христијански ликови односно светци. Во нив најчесто се чувало свето миро извлечено од реликвии на некој светец или слично.

[1090] Манева Е., Амајлии, 6
[1091] Лилчиќ В., Ранохристијанска црква, 157

Мирото се сметало за свето миризливо масло кое миронамазаните ги штити од болести и зло. Така, уште во VII- век познати се ампулите кои биле носени од страна на аџиите кои се поклонувале на светиот Гроб во Ерусалим. Овие рани примероци биле правени од стакло или керамика. Така, раните примероци на евлогии кои аџиите го донесувале од поклонувањето на Светиот Гроб не бил сувенир кој носел убави сеќавања, туку свет предмет со спиритуална моќ[1092]. Подоцнежните, направените од метал, се врзуваат со мироносниците кои светото миро со noселе од Солун, односно од цибориумот на црквата на Св. Димитриј[1093].

Зачестеното користење на евлогиите се врзува со зголемениот интерес и почитување на Св. Димитриј. Во недостаток на реликвии од овој светец, наместо неговите останки византискиот император Мануил I земал икона од Св. Димитриј од Солун и ја пренел во Цариград во 1149 година. Не многу подоцна, откако била изложена во манастирот посветен на Пантократорот, иконата станала чудотворна, па од неа почанало да тече свето и лековито миро[1094]. Мирото се собирало во мали евлогии и се продавало на верниците. Така, и кај словенскиот свет на Балканот во периодот од XII-XIII век тоа станало многу популарно.

Во нашата каталошка збирка се вбројуваат три евлогии и тоа една во форма на матарка (кат. бр. 195) и две со цилиндтрична форма (кат. бр. 196 и 197), како и едно капаче за евлогија (кат.бр. 198). Сите примероци се откриени на Скопско Кале и се датираат од крај на XII - почеток на XIII век.

***Крстови апликации*** се украси со крстовидна форма, но не спаѓаат во облик крст како предмет. Имаат различна намсна: практична (како спој на гардероба, декорација на некој друг предмет) или естетска (декоративна). Облиците се најразлични, во зависност од нивната намена. Тие служат за декорација на облеката или нејзини додатоци, за кои се зашивуваат или прикачуваат. Може да бидат апликација на кутија, или додаток како декоративен елемент на некој друг предмет. Ако се изработени со

1092 Vikan G., Byzantine Pilgrimage Art, 13
1093 Битракова Грозданова В., Голем Град Преспа, 95-100
1094 Grotowski P. L., Arms and Armour, 116

ажурирање, тие биле пришивувани на одредени делови на гардеробата. Некои од нив имаат и илики, преку кои се прикачувале како брошеви.

Нивната луксузност најчесто се изразува со разгранатост на обликот со флорални форми, а понекогаш и со вметнување на драги и полудраги камења или колоритна стаклена паста.

Се јавуваат во најразлични графички форми и нивни варијанти.

Во нашата каталошка збирка се вбројани седум крстови - апликации (кат. бр. од 199 до 205), кои потекнуваат од Скопско Кале и Градиште, с. Таор. Меѓу оваа мала колекција на крстови апликации нема примероци кои биле носени/пришивани на гардероба, туку биле аплицирани на тврди предмети како кутии, мебел, ентериер.

Во нашата каталошка збирка исто така се вбројани апликации кои не се крстови, ниту биле аплицирани на крстови. Тие биле аплицирани на секојневни предмети со утилитарна намена. Такви се примероците на апликации чија декорација имаат христијанска тематика, и тоа: кат. бр. од 206 до 208.

***Крстови-пломби*** секогаш се изработува од олово, во техника на лиење. Се користат за да со нив се запечатува или затвара некоја кутија, сандак, сад и слично, за да се сочува или заштити ставеното нешто. Тие се втиснуваат во веќеподготвени зарези на кутијата или садот. Во многу ретки случаи на нив има декорација која се изведува со врежување. Таквите крстови се заштитен знак или амблем на семејството или работилницата на сопственикот.

Доста често се откриваат крстови пломби со кои се спојувале скршени делови од керамичен сад, односно голем амбалажен керамичен сад.

Многу често на крстовите пломби се среќаваат кружни перфорации, кои биле во секундарна употреба како приврзоци и ги носеленајдолните слоеви на луѓе.

Во нашата каталошка збирка, вбројани се шест крстови пломби (кат. бр. од 209 до 214), од кои четири се откриени на Скопско Кале, а две потекнуваат од Градиште, с. Таор. Нивната хронолошка припадност е различна и се одредува не преку иконографија, форма или изведба, туку најчесто во контекстот на нивното откривање.

***Калапи***. Како следна, а сепак многу важна група на наоди, се калапите. Во средновековниот период често е користена т.н. Cire perdue, техника на лиење со т.н. "изгубена форма".[1095].

Од оние кои не ја губат својата форма, калапите се поделени на:

- *Отворен калап.* Тоа е едноделен калап, кој се користи за лиење на предмети со едноставна форма со рамна површина. Декорација се изведува само на едната страна.
- *Дводелен калап.* Со овие се лиат предмети што имаат симетрични половини. Може да биде во форма на кутија чии две половини се спојуваат и меѓу нив да има каналче за сипување на течниот метал. Може да има форма на клешти со две долги држалки, со чија помош се отварало и затварало дводелното тело во кој е обработен негативот на предметот[1096].

И обата калапи (отворен и затворен) се практични, бидејќи се користат во повеќекратна употреба, со што може сериски да се изработуваат голем број на примероци од ист тип.

- *Отисок-калап* се изработува на тој начин што на веќе подготвен модел се става глина одозгора, пополнувајќи ги сите празнини и дупчиња. Кога глината ќе се исуши и зацврсти, се сече на повеќе парчиња и се ослободува од моделот. Потоа, парчињата глина се составуваат. Овој тип на калап се користи за полно лиени предмети, најчесто предмети со помали димензии[1097].

Во нашата каталошка збирка има три калапи, и тоа дваделен калап за крст и прстени (за едноделно лиење) со кат. бр. 215, откриен на Скопско Кале, потоа дводелен калап за лиење на крст приврзок со кат. бр. 216 со потекло од Скупи и калап

[1095] Најпрвин се обликува јадро од глина со приближна форма на модел. Одозгора се нанесува восок, кој детално се обработува, со што се добива моделот. Врз оладениот обликуван восок се става глина, прво ретка и најчиста, а потоа се погуста. При целата обработка на невидливи места за окото се оставаа неколку каналчиња од површината на восокот до површината на глинената обвивка. Загреаната метална течност на температура од 1.200°С, се налева во цевчестите отвори. Врелината на металот го топи восокот и го зазема неговото место. Кога металот комплетно ќе се олади, се крши глинената обвивка, а предметот подлегнува на завршна доработка. Оваа техника на лиење е исклучиво за еднократна употреба, поради тоа што се губи формата на восокот. Се користи за обработка на предмети кои се уникатни по својата појава -Ивановска С., Крстови, 86

[1096] Георгиева С., Бучински Д., Техника, 25

[1097] Ивановска С., Крстови, 85

за лиење на минијатурна икона со библиска сцена - кат. бр. 217, откриен со ископувања на дворот на црквата на Св. Спас.

***Кутии и кутивчиња-пиксиди***, иако се утилитарни предмети, имаат сакрална позадина. Имено, нивната првична улога била за чување на свети реликвии, па тогаш биле нарекувани честињак или цибориум. Многу од реликвиите кои се чуваат во приватна сопственост, па и во црковните збирки им била потребна заштита, не само физичка од оштетување, туку и од крадци. Поради тоа, многу од мајсторите ангажирани да изработат некој значен предмет, биле исто така задолжени за изработка на кутија за истиот. Оние со скромен буџет тие кутии ги нарачувале да бидат изработени од дрво, па ги украсувале со метални вметоци односно окови, оплати и апликации. Но, оние кои можеле да си дозволат, овие кутии си ги нарачувале од метал. Металните кутии секогаш биле подложувани на декорирање на различни начини. Основната идејна тематика за нивно декорирање исто така требала да биде духовна и во согласност со христијанските норми. Најчеста тема е христијанскиот цветен рај.

Двата примероци во нашата каталошка збирка, со кат. бр. 218 и 219, се делови од капаци од такви кутиии за чување на свети реликвии. Двете се направени од бронзен лим и потекнуваат од Скопско Кале. Датирани се во XII-XIII век.

***Печатот*** е еден од најважните предмети кои низ историјата завземал значајна улога во најразлични прилики. Кралот го удира својот печат на документите кои ги издава и во кои се содржат неговите одлуки и има вредност како личен автограм. Затоа, печатот е знак на моќ и власт. Со печатот се потврдуваат јавни и приватни договори, со него се спречува предвремено отварање на одреден документ, со него се затвора нешто што е тајна за широките маси. Оттаму, печатот е и симбол на тајната[1098].

Тие се лично обележје на носителот, со што тој го користи печатот наместо потпис. Затоа ги има строго личните обележја на сопственикот. Според С.

---

[1098] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 487-488

Витлянов[1099] овие печати треба да се именуваат во деминутивна форма - печатчиња - поради диференцијата со моливдовулите.

До пред три децении, во европската литература овие наоди (печати) биле сврстувани во група на амулети. И покрај нивната целосно световно - утилитарна употреба за лична заштита од кражби и измами, сепак нивните декоративни елементи се превземени од христијантвото. Затоа, доста често на нив биле врежувани крстови, птици, и други типично христијански мотиви.

Во Библијата, печатот во бројни наврати игра значајна улога, па со него:

- Бог ги обележува своите следбеници и верници
- Бог го бележи Исус Христос - својот син, со што го назначува и испраќа во негово име да подари вечен живот
- Бог ги обележува своите упатства
- Бог става печат на ѕвезда, забранувајќи им да се покажат
- Даниел да ги запечати своите видувања т.е. да не ги објавува
- Рабинските писатели да означи обрезувањето како воведување на индивидуата во народот кој припаѓа на Бог
- Се означува спасот на душите преку Светиот Дух

Така, во врела и течна восочна (поретко и оловна) маса, со печат кој имал релјефна изведба во негатив, се притиснувало и така се добивало отпечаток во масата. Со ладење, се добивала конечната форма и декорација. На тој начин, се затворало нешто, се запечатувало за да не биде отворано. Неговата цел е утилитарна, која со тек на време добива и димензија на идентификација за сопственикот и негова "лична карта".

Во нашата каталошка колекција содржани се два печати.

Едниот (кат. бр. 221) е мал оловен печат со цилиндрична форма, а вториот (кат. бр. 220) е керамична пинтадера, во форма на макара, која на двете страни има релјефен приказ. Двете потекнуваат од Скопско Кале.

---

[1099] Витлянов С., Новооткриени лични печати,, 154

## VII. Производство

„...Отстрани ја згурата од среброто и ќе успее работата на златарот...” (Пословици 25:4)

### *1. Репроматеријали*

*а..Рударство*



*Сл. 57 Пресек на рудничка јама*

Уште од периодот на доцната антика / раното христијанство, традиционално населението на територија на Република Македонија се занимава со рударство. Тоа продолжува во средниот век и егзистира во помал обем и до денес. На самиот почеток државна работа била безбедноста на рудничките и топилничките постојки. Според Микулчиќ[1100], на нашата територија, како доцно-античко наследство, се наоѓаат 150 крепости инволвирани во рударството и металопроизводството. Меѓу самите рудари и занаетчии, во таа дејност се вклучувале и: рударски чиновници, стражари, контролори, стручњаци. Во “рударските градови” , освен откопувањето во рудниците, биле топени металите под строго контролирани услови под будните очи на стражарите и контролорите, па и бил наплатува рударски данок[1101]. Во нив се чувале добиените метали, од каде што биле дистрибуирани кон работилничките центри.

[1100] Микулчиќ И, Средновековни, 21
[1101] ibidem

Ваквиот однос кон рударството и метало-производството се задржува и во средниот век. Имено, во XI-XII век се користела иста технологија, па и организација на работите.[1102]

Начинот на кој се изведувало рударењето всушност е доста примитивен и едноставен. Прво, се копала јама, во која со помош на коноп се симнувале рударите. Тие доле со крампови ги откршувале рудните карпи, па добиениот облуток го испраќале преку корпа, влечена одозгора со јаже. Облутокот бил пречистуван веднаш тука до самиот рудник, во импровизирани работилници, во кои исто така на висока температура била топена рудата.

Развојот на рударството поттикнало силен економски подем на широката териотрија, особено на сопствениците на рудникот, без разлика за кој вид на руда се работи. Но, исто така, рударството го убрзал развојот на трговскиот релации не само на соседните територии, туку и во подалечни дестинации. На тој начин се развил занаетчиството, особено златарството и произвотството на накит.



*Сл. 58 Чистење и мерење руда*

Рударството доживува нов подем во времето на српското владеење, особено со експлоатацијата на железната руда. Во тоа време биле активни неколку рударски населби како што се Звечан, Ковач, Девич, Требовље, Бучин, Добрун, Железнец (Сидеркастрон), Габаларион, Дебрица, крај кои се наоѓале рудници. Руднички населби крај рудници за оловно-сребрена руда имало и во злетовскиот регион каде приматот (најмногу за сребро) го имале Саситe. Всушност, се смета дека со нивното доаѓање на Балканот некаде во последната четвртина на XIII век, (кога бегајќи од татарските наезди, основале неколку рударски населби), почнува интензивно и систематско користење на рудните богатства. Од тука, пласманот на добиените руди се ширел во

[1102] ibid, 50

блиската околина. Сепак, во литературата се спомнуваат стари рудници на железо регистрирани се на неколку километри североисточно од археолошкиот локалитет Давина Кула во с. Чучер[1103]. Исто така, во непосредна близина на средновековниот град Собри (археолошки локалитет Градиште, Ораше), крај Љуботенска Река, лежат стари рудници на хром и железо[1104], експолатирани во антиката и средниот век. За ова постојат и археолошки потврди на наоди на згура во самиот град, како и примарно топени железни калоти - суровини од кои дополнително е екстрахирани чисто ковано железо[1105].

Што се однесува до камените материјали користени во средновековниот период, се издвојува травертинот, кој е популарен во Скопје и Скопско. Тој е со жолтеникава боја и е слабо порозен. Едно од најпознтите лежишта користени во средниот век е Рамниште. Се наоѓа северно од Матка и тука травертинот го имало во изобилие и каде сеуште постојат травертински лежишта.

### *2. Работилници и импортни центри*

Во раниот средновековен период постоеле златарски центри, кои ја наследиле умешноста и технологијата од римското златарсрво. Како такви, тие во тоа време биле примери за скоро целиот тогашен цивилизиран свет.

“Огништето” на раносредновековното европско златарство било во Милано[1106], каде работеле голем број златарски работилници. Нивните творевини, по пат на трговија, биле распространети низ целото “некодашно” римско царство.

Скопје е познат и како занаетчиски центар. Како најпозната гранка од скопското занаетчиство било златарството[1107], особено во периодот на XII-XIV век. Во време на византиската власт, цариградското влијание било силно, не само со

[1103] Микулчиќ И., Средновековни, 310
[1104] Микулчиќ И. Скопје, 80
[1105] ibid, 138
[1106] Zlato i srebro Zadra, 10
[1107] Радојковић Б., Старо, 21

достигнатите предмети по пат на трговија, туку и локалните занаетчии правеле имитации на византискиот накит. По неколку наоди од Скопје со хронолошка припадност на XI-XII, па и почетокот на XIII век[1108], може да се заклучи византиско присуство во Скопје. Прашање е само дали се работи група на увезени предмети или, пак, за присуство и активност на некој византиски мајстор во Скопје. Италија исто така имала влијание, од каде локалните мајстори земаат за пример за изработка на своите дела.

Во XIII век Скопје е веќе голем центар во кој се произведувал накит[1109] и од таму бил распространуван во широката околина. Тоа и не е така чудно, бидејќи познато е дека Маркова Река, во близина на градот, само позади ниската планина Водно, била златоносна (скоро до денешни денови), од каде се добивало големо количество на злато. Познато е дека скопските златари биле многу богат сталеж, па имале и големи имоти. Во повелбата на крал Милутин за манатирот Св. Ѓеорѓи Горг во Скопје, се споменува и еден познат врвен златар по потекло од приморките градови на Јадранското Море, кој живеел во Скопје, по име Миха(о) и еден локален, селски, но врвен златар по име Мужил[1110]. Во истата повелба спомнат е градскиот златар Бах[1111].

Веќе со доаѓањето на српската власт и влијанијата се менуваат. Се развива карактеристичен белег, но не во локалното произвотство, туку на продукцијата на територија на целата српска држава. Во него не изостанува висок уметнички дострел, но сепак се чувствува блага инфериорност во споредба со цариградските изведби. Тоа е на пример очигледно во изработката на сложените технички изведби на скапоцени материјали. Затоа, таквите уникатни предмети биле увезувани директно од Цариград. Можеби биле и носени цариградски мајстори на некои од имотите на пребогатите властенини или во дворот на самиот владетел. Така, тие тука ги произведувале своите врвни уметнички дела во византиски манир за потребите на богатите локалци. Во увозот на предмети, па и мајстори не изостанува ни западот. Така, се чувствуваат влијанија повторно од Италија, па од Франција и Германија, како и од Фландрија.

[1108] овие предмети не се тема на овој труд, затоа ин е се прикажани во нашата каталошка збирка. За нив детално види кај Радојковић Б., Старо, 23-83
[1109] Радојковић Б., Накит, 55
[1110] Алексова Б., Еден нов наод, 6
[1111] Радојчић Б., Старине, 15

Златарските и трговските центри на територијата на средновековна српска држава се наоѓале воглавно покрај големите рударски места, како Кратово и Призрен. Но, многу често владетелот и многу богатите властели на своите имоти имале оформено работилница каде занаетчии од разни области произведувале предмети во корист на својот госпорар. Произведените предмети служеле и како материјал за трговија. За некои големи феудалци, тоа била гранката со која се бавеле. Истото го правела и црквата, која била голем феудалец во тоа време. Покрај нив, имало и градски занаетчии, кои ги задоволувале потребите на локалното и околното население. Скопје е еден од тие средновековни градови, кој освен за своите граѓани, снабдувал занаетчиски производи за цела блиска, па најверојатно и широка околина.

Традицијата за изработка на злато во Скопје продолжило преку турското средновековие, сѐ до денес. И тогаш во Скопје, некаде во долниот град, се наоѓала уличка позната како "златарска", во која биле наредени продавници и работилници на локалните златари. После толку поминати векови, во Старата Скопска Чаршија, сеуште има уличка позната како "Златарска".

Во Кодикот на манастирот Матка[1112], покрај доста познатите златари, се сретнуваат неколку занаетчии: папуџии, сапунџија, ќурчија, кожувчии. Во градот имало и кожари, месари, оружари, гременари, свирци, дромохари, апоклисари, винари[1113].

Една од поозбилните занаетчиски гранки што го карактеризираат средновековно Скопје е керамопродукцијата. Градот бил матица за произвотство на прекрасна, прилично високо уметничка грнчарија, со врвен квалитет.

На Скопско Кале, во истражувањата 2007-2010 година откриени се неколку работилнички објекти, како што се[1114]:

а. *Работилница за производтво на луксузна керамика*

б. *Работилница за произввотство на метални и стаклени производи*

ц. *Работилница и ковачница за произвотство на оружје*

д. *Работилница за производство на метални предмети*

---

[1112] Николовска С., Матка, 430

[1113] Микулчиќ И., Средновековни, 61

[1114] види на страна 119 до 122 во овој труд

И не само во раболничките комплекси, туку и низ целиот локалиутет беа откривани керамички триподи користени во керамопродукција. Тоа уште еднаш потврдува за силна керамопроизводствена активност на акрополата на средновековното Скопје.



*Сл. 59 Триподи за производство на керамчки садови, откриени на Скопско Кале*

### *3. Влијанија*

Територијата на денешна Македонија припаѓала на источниот дел на Византија, па според тоа била под јуриздикција на Цариградската патријаршија. Оваа црковна власт имала пошироко влијание, не само од државен, туку и од културен аспект. Наоѓајќи се на крстопатот на главните комуникации кои ги спојувале Европа со Блискиот и Средниот Исток, низ Македонија, па и низ Скопје, струеле економски, културни и филозофски достигнувања од земјите на старите култури, но и од догашните современи збиднувања.

Територијата на скопско во средниот век имала свои особени карактеристики, но исто така била отворена и подложна на разни влијанија: канонски, естетски и уметнички.

Сепак, глобално гледано, локалното произвотство е под силно влијание на византискиот културен круг, но истовремено се одликува со специфично регионално обележје. Домашната продукција, која ги опфаќа скоро меѓу сите предмети од средновековниот период, бележи специфичен стил на конкретни локални работилници.

Но, влијанието не било диктирачка сила која целосно го наметнувала својот стил, туку Скопје со своето производство успеало да се вклопи во уметничките текови на големите креативни сили: Солун и Цариград. Особено Цариград бил центар на сите нови уметнички идеи, но и на уметнички занаети. Тие како центри во кои се слеваат новитетите и богатставата од Истокот и се мешаат со силно присутните култури на античкиот свет. Златото на Цариград и пурпурот на кралското семејство ги обземало посетителите, па затоа истите се обидувале да го пренесат тоа и во своите земји. Од Цариград многу често идеите биле превземани и пресликувани или превземани во делата на нашиот град. Тука не се работи само за велелепноста на сакралните објекти, туку одраз е земен и во целокупната материјална култура.

Керамопродукцијата е најмасовна во Скопје. Особено се истакнува Кале како центар на производство на луксузна т.н. византиска керамика, кој ги има „впиено" влијанијата од византиските работилници. Во почетокот на „модата", некаде во среднината и крајот на XI век, оваа околина увезувала продукти од ваков тип. Но, со развивање на локалната работилничка продукција, овој луксузен производ станал локална категорија. Во мас продукција, глеѓосаната византиска чинија ја произведувале работилниците што се наоѓале во склоп на Скопската Тврдина и од таму ја дистрибуирале во околните потрошувачки центри, најмногу на Маркови Кули на Водно и локалитететите на Матка.

## 4. Материјали

***Глинаша*** е еден од најевтините и најдостапните материјали кои човештвото ги користи во сите ери на живеење. Од неа на лесен начин (со едноставно обликување) може да се изведат и најсложени форми. По својот состав, глината во својот состав може да има и бројни примеси.

Глината најчесто се вади на просторите има поголемо количество вода, најчесто покрај реките. На средновековните скопјани тоа не им било проблем, бидејќи низ нивниот град минувале две големи реки: Вардар и Серава.

Во близина селото Вртекица, на падините на Мокра Планина, во месноста позната како Црепњова Земја, откриени се огромни дупки од кои во средновековниот

период била вадена чиста каолинска глина, за правење на керамични садови. Најверојатно од тука била црпена глината и транспортирана до работилниците.

За работилниците во Скопската тврдина веруваме дека самата тврдина можела (од одредени места, како што е северната ераса) да обезбеди одредена количина. Но, едно досега непојавено откритие на истражувањата во државава, па и пошироко, не наведе да помислиме дека големо количество на свежа глина, во облик на правоаголни сурутки, биле носено на Твдината и складирани веднаш непосредно до работилниците за произвотство на керамични производи.

Имено, западно од споменатата работилница 1 за производство на луксузна керамика на Скопско Кале, беше откриен цел еден слој од нафрлани т.н. глинени тули. Тоа не се тули со кои би се градело, туку тоа е репроматеријалот кој бил депониран крај работилницата и од таму користен. Веруваме дека бил донесен од блиска околина.

За обликување на глината воопшто гледано, има два начина: рачно или на грнчарско колце.

Сите примероци во нашата каталошка збирка се исклучиво работени на грнчарско колце.

***Стакло / стаклена паста*** е маса составена воглавно од сода, калциум и силициум, на што се додаваат и други елементи, воглавно оксиди на повеќе метали, како што се: манган, железо, алуминиум, натриум, цинк, жива, калиум итн. Се изработува на два основни начини:

- обликувано во калап
- слободно дување

Стаклото е во употреба уште во Стариот свет на првите цивилизации. Широка примена наоѓа и во антиката. И во ранохристијанскиот период се изработувало по римските традиции. Балканските тенденции за изработка на стакло во раниот среден век значително опаѓаат, па скоро и да нема стаклени наоди во периодот од VII до VIII

век, не само во Македонија, туку и во блиската околина[1115]. Веќе во полниот среден век може да се каже дека римските традиции скоро и да ги нема, а сепак продукцијата на стакло доживува процут. Според многумина учени, стаклото почнува да поприма источно влијание (Среден Исток), најмногу од Сирија[1116], но и од Египет[1117], но не во однос на декорацијата, туку во технологијата на изработка. Стаклото веќе не е раритет и ексклузивна појава, бидејќи веќе се изработува во изобилие и станало дел од секојдневието во секое средновековно домаќинство. Започнува локално произвотство во повеќе големи центри, на византиска територија, но и во нејзиното соседство. До неодамна се сметаше дека предметите од стакло, особено белегзиите, на нашата територија (но, и територија на Србија) се византиски импорт или во најмала рака копија на византиски примероци[1118]. Не смеат да се исклучат ниту влијанијата на венецијанското стакло, кое поради отворените трговски релации на венецијанските трговци на територијата на Византија, лесно продирало на пазарот на целата територија, а со тоа и во Скопје. Иако овие пазарско-трговски и индустриски пенетрации започнале во XI век, стаклото на нашата територија доспева дури во XIII век. Тогаш стакларските работилници скоро насекаде на византиската (догашна или поранешна) територија биле под силно влијание на увезените млетачки производи од Венеција[1119].

Освен силно влијание на цариградските работилници, масовен импорт на стаклени предмети доаѓа од Венеција, што се засилува со големиот трговски пат што го одржува особено Скопје во полниот и доцниот среден век. Во тие трговски трансакции, меѓу другото Скопје се здобило со бројни луксузни стаклени предмети.

При археолошките истражувања на Скопското Кале се открија бројни фрагменти од стакло, неколку стаклени предмети, како и стакло како дел од

[1115] на пример: во Бугарија локалното произвотство на стакло е прекинато во пеиодот од VII-VIII век, но со развој на младата бугарска држава, стаклото завземало значајна улога во изработка на профатата и сакралната архитектура (мозаици и прозори во Плиска, Преслав...). Djingov G., Sur L'origine de la Verrerie, 109-114.
Во време на Првото Бугарско царство се створиле услови не само за мас продукција во бугарските градови, туку и за силен импорт на стакло во блиската и широката околина - (Вжарова Ж., Стакло, 121)
[1116] Ščapova L.J., Le Verre Byzantin, 33-48
[1117] Гаспарето А., Венецијанско стакло, 155
[1118] Миниħ Д., Наруквица од staклене пасте, 75
[1119] Гаспарето А., Венецијанско стакло, 155

архитектонски склоп. Исто така, во склоп на работилница 2 на истиот локалитет, освен на метални предмети, потврдено е произвотство и на стаклени.

Единствени стаклени примероци во нашата каталошка збирка се двата фрагменти од стаклени белегзии, со кат. бр. 105 и 106, двете откриени на Скопско Кале. Исто така, стаклена паста била дополнително користена за доукрасување на златната членковидна белегзија со кат. бр. 88, откриена на истиот локалитет.

Стаклена паста била користена и за дополнување на просторот меѓу флоралите мотиви на на златната членковидна белезица со кат. бр. 88 од Скопско Кале.

***Дрво***то е материјал од органско потекло кое во средновековниот период било во употреба во огромни размери во сите сфери на живеење. Но, неговата неиздржливост на забот на времето, како и на составот на почвата на која и подлегнува пред да биде откриено, го прави најредок материјал откриен од страна на археолозите. Сепак, и покрај киселоста на скопската почва, одредени примероци се вројани во откриени наоди при археолошките истражувања. И како такви, најчесто поради материјалот на нивната изработка се вбројани во уникати.

Дрвото е еден од најпогодните материјали за работа поради неговата мекост. Со копаничарење можат да се изведат и композициски сцени на многу мал простор со голема прецизност.

Во нашата каталошка збирка вбројани се само два дрвени предмет: икона (кат. бр. 2) и спатула (кат. бр. 49), двата откриени на Скопско Кале.

***Метал***от е еден од најкористените елементи во човековото опкружување во текот на целата човечка историја. Неговата употреба не е само утилитарна за произвотство на секојдневните предмети, туку е и начин за покажување и прикажување на економска моќ и општествен статус.

*Бронза*та е најчест материјал од кој се изработувале металните предмети. Таа е практичен материјал, лесен за работа и едноставно подлегнува на обработка. Се топи

и лие во калапи за посакуваната форма. Од бронзата се прават сите можни форми кои не би трпеле секојдневн притисок[1120].

*Железо*то е еден од најкористените материјали во скоро сите сфери од секојдневниот живот во средновековјето. Тоа е основен материјал за изработка на земјоделските алатки, за ковање на предмети кои било потребно да издржат поголем притисок, односно за алати и оружје, но се користи и во градежништвото во појачните архитектонски конструкции (клинци, клинови, кламфи). Во применетата уметност, овој метал се употребува за изработка на предмети кои не подлежат на додатна и најпрецизна декорација и дообработка. Со исковувањето предметот ја добива својата конечна форма.

*Злашо*то, како еден од поскапите материјали, е доста во ретка се открива при археолошки истражувања. Но, тоа не значи дека било ретко и во употреба. Напротив, златото низ вековите, и без разлика на географскиот простор, етникус, време, статус и слично, е обожувано од човештвото. Кога златото е во сопственост, тоа знчи сигурност и богатство.

Златото е симбол на вечноста, небеското светло, светлото на Преображението[1121], чистото светло и небесната творевина во која живее Господ Бог[1122]. Тоа е драгоцена ковина, која му е омилена на човековото око, па заради тоа , златото понекогаш оживува алчни чувства во човековото срце. Библијата раскажува за "златното теле на кое му се поклонувал народот додека Мојсеј ги примал 10-те божји заповеди". Од друга страна, златото ја евоцира Божјата љубов кон луѓето[1123].

И *со сребро*то е истиот случај, само што тие предмети на територија на Скопје се уште поретки. Од сребро најчесто се прават оковите за крстови, додатоци на икони, а во нашата колекција се истакнува меѓу прстените. Среброто, поради својата белина, но и поради тоа шро е драгоцен материјал а сепак подлегнува на оган, симбол е на чедноста и побожноста.

„...Господовите слова се чисти зборови, како сребро претопено во земјена печка, пречистено седум пати..." (Псалми 12:6)

---

[1120] значи, се она што не е оружје или алатка
[1121] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 202
[1122] Leksikon, 592
[1123] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 623

Исто така, среброто претставува Божествена мудрост[1124].

*Оловото* се користи за изработка на предмети со едноставни форми. На овие примероци најчесто нема декорација, но ако воопшто ја има се сведува на минимални линијски потези со врежување.

*Лим*, кое е најчесто бронзен, откако тенко и рамно ќе се излее, се исекува во посакуваната форма. Не се користи за изработка на најрепрезентанитвите предмети, како и на чинии, путири и слично. Од бронзен лим се изработуваат крстовите разводници од полиелеј и за кандило.

***Коскаша*** е доста ретко во употреба кога се работи за изработка на предмети со сакрално значење. Таа е мек материјал кој за обработка бара прецизност и умешност. Во нашата каталошка збирка само еден предмет е израборен од коска и тоа од домашно големо животно- (кат.бр. 1), мала коскена икона со релјефна претстава на стоечка фигура на Св. Димитриј, откриена на Скопско Кале.

### *5. Монешоковање*

Скопје има и своја *ковница*[1125], најверојатно и порано, но со сигурност во времето на српското владеење. Ковачи на пари биле златарите, бидејќи ним им била најсродна техниката и технологијата за изведба. Прво тие би направиле калап од дрво, и тоа неколку калапи за една серија на монети, бидејќи дрвото брзо отупувало. Би се одредила големината на калапот, би се изведе знаците, натписот и фигурите. Потоа, би се стопил металот, би се извлекол во плочки со договорената дебелина соодветна за монета, би го исецкале на мали плочки, а потоа преку калап со рака се ставал металот и со притискање би се добивала посакуваната монета. Во периодот од XI - XIV век се ковале: скифати, хистамени, билонов трахеј и популарните чанкасти монети. Сите овие се во форма на моделот на небото = ***ураниское***.

Логично се смета дека овие ковници секогаш се врзани со рударските центри, но ковниците биле дел од големите градски центри. Така, Скопје како еден од поголемите во тој период, не е исклучок.

---

[1124] Chevalier J., Gheerbrant A., Rečnik, 623

[1125] Радојковић Б., Старо, 14; Радојковић Б., Накит, 160; Марић Р., Студије, 89-90

Во време на византискот владеење, парите доаѓале од Константинопол или биле ковани по налог на Царот. Покрај тие пари, биле во оптег и други, во зависност од тоа кој и колку влијание имал.

Во 1193 година византискиот император Алексеј III, со посебна грамота им дал повластици на венецијанските трговци да тргуваат на византиска територија, особено во Скопската тема[1126], времето кога Скопје веќе било познато и големо трговско место. На сметка на тоа, во Скопје и цела Македонија се откриваат бројни монети од венецијански владетели.

Во време на српското владеење, се ковале пари од сребро, кое на почеток било со најголема чистота, а со текот на времето, неговата чистота опаѓала и добивал повеќе примеси на бакар. Златни српски монети не ни се познати. Ковот на почеток бил несмасен и неуреден, а со тек на време тој се подобрува.

За да нема фалсификати и да се контролира призвотството на пари, државниците направиле системи на заштита. Меѓу другото, биле издавани и Законици. Еден од тие е Душановиот Законик кој прецизира дека пари може да се кова само во градовите[1127]. Казните за непослушност биле смртни, со палење на клада. Во време на династијата на Немањиќите, пари ковал само владетелот. Но, со јакнењето на српската властела одредени богати семејства коваат свои монети. Така, семејството на Волкашин, заедно со синовите, имаат свои пари. Исто така и Вук Бранковиќ, со синовите Гргур, Ѓурѓе и Лазар. Имаат и деспот Оливер, севастократор Влатко, деспот Драгаш, Стефан Лазаревиќ итн.

Најголем број ковници на територија на српското владеење имало во средината на XIV век, иако експанзијата почнала на почетокот на истиот век. Скопската ковница се отворила во време на владеење на Милутин[1128], најверојатно во 1300 година. Тие монети, ковани тука, сеуште не се препознатливи, бидејќи скопската ковница немала своја сигнатура која ги украсувала средновековните пари. Наместо тоа, тие имаат точки, крстчиња, цветчиња.[1129]

---

[1126] Дојчиноски К., Македонија, 35
[1127] Радојковић Б., Старо, 14
[1128] Милутин отворил неколку ковници, и тоа: Скопје, Призрен, Арилје, Сребреница, Ново Брдо, Трепча- Радојковић Б., Старо, 15
[1129] Повеќе за иконографијата на монетите кај Радојковић Б., Старо српско златарство, 16-18

VIII. КАТАЛОГ

# а. Црковен инвентар



## 1. ИКОНА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на ФФ

Инв.бр. 00158/09

Коска, релјеф,

врежување, пробивање

Висина: 4 см

Ширина: 1,9 см

Дебелина: 0,4 см

Коскена икона со релјефна претстава на Св. Димитриј. Изработена е од коска од домашно животно[1130], во длабок испакнат рејлеф. Иконата е со правоаголна форма. На предната страна е претставена стоечка фигура на Св. Димитриј во орантен став. Ставот на Св. Димитриј влече корени од најстарите претстави на светите воини кои биле прикажувани во оранс став[1131]. Ова е исклочок од византиските канони каде тој најчесто се претставува со воена опрема. Светецот е облечен во достоинственичка, свечена одежда, декорирана на бордурите,



т.е. краевите од ракавите и долните делови. Обуен е во благороднички обувки. Во ликот, Св. Димитриј е претставен како младо момче со уредена и собрана кадрава коса, околу која е нагласен ореол. Рацете се прикажани со линии. Во горниот лев агол впишани се инсигниите на Св. Димитриј со грчко писмо: ”ӘΔγНТрНОС”. Иконата има две мали перфорации: едната е пробиена во горниот десен агол,

[1130] Благодарност до Анета Ивковска- археозоолог која изврши идентификација на коската
[1131] Марковић М., О иконографији, 569

додека втората е доле и централни, меѓу нозете на светецот. Најверојатно иконата била сошивана кон органски материјал, односно на гардероба (можеби во горниот дел на градниот кош?).



Релјефот на слонова коска со претстава на свет воин е доста ретка, но и многу ексклузивна појава.

Датација: XII-XIII век.

Околности на откривање: Археолошките ископувања во 2009 година, Блок XXVIII, во апсидален простор на источната страна на т.н. “Куќа на Св. Димитриј“

Непубликувано

Аналогии:

- Вакви примероци светот бележи многу ретко во музеите на неколку светски метрополи, како што се Лондон, Виена и Милано[1132].

2. **ИКОНА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-0034/07

Дрво, резба

Соч. висина: 4,2 см

Соч. ширина: 3,7 см

Дебелина: 0,9 см

Тежина: 10,72 гр

Дел од дрвена икона на која е изведена резба. Претставена е допојасна фигура на Исус Христос околу чија глава нагласен е ореол и впишан крст во него. Христовата фигура е сочувана само до половина, сепак се насетува неговата долга одежда. Ликот му е претставен издолжено, а личните карактеристики линеарно. Над неговата глава има и негова инсигнија ХЪ. Лево и десно од Христовата глава претставени се мали стоечки фигури свртени на страна,

[1132] Марковић М., О иконографији, 571

чии ликови не се препознатливи. Сметаме дека со оваа сценографија е прикажан Дејзисниот чин односно централна фигура на Исус Христос, а лево и десно од него се Богородица и Св. Јован Крстител.

Од иконата најверојатно недостасува само уште мал дел од доле и од лево.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

## 3. КЕРАМИЧКА ИКОНА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 320/10

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Сочувана висина: 5,5 см

Сочувана ширина: 6,8 см

Дебелина на ѕид: 0,7 см

Керамичен фрагмент од темно црвена, прочистена глина со одлична фактура. Од едната страна фрагментот е декориран со антропоморфна декорација. Претставен е лик на светител со овално лице и прикажани кружни очи, со лачни веѓи, (византиски) издолжен нос и мала уста. Околу главата прикажан е ореол, чија внатрешност е исполнета со кафени точки. Од телото сочувано е само дел од рамото, на кое се гледа дека одеждата на светецот е декорирана со точкање - пунктирање исполнето со кафена боја, како што е изведен и ореолот. Над главата на светецот се наоѓа декорација, со мотив на дабов лист. Позади рамото на светецот, врежана е полукружна форма која најверојатно е крилото на светецот. Затоа претпоставуваме дека се работи за претстава на Архангел Михаил.



Иако првично се сметаше дека се работи за фрагмент од керамична чинија, сепак (со консултација на литература) се дојде до заклучок дека се работи за мала керамична икона.

Датација: XIV-XV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2010 година, Блок XXI, целина Е10.7.1а

Непубликувано

Аналогии:

- Тотев Т., Преславската художествена керамика, 22-25, сл. 11-16
- При истражувања на дворскиот манастиир во Преслав, седиштетот на Бугарското царство, биле откриени бројни фрагменти садова керамика, глазирана и неглазирана со светителски претстави - Тотев Т., Дворцовия манастир, Табла XLIL, L, LI, LII

**4. РЕЛИКВИЈАР**

**(реверсна половина)**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 647/09

Бронза, лиење

релјеф

Висина: 7,5 см

Ширина: 5,8 см

Дебелина: 0,7 см

Реверсна половина од крст - реликвијар. Графичка форма на латински крст. На двата крака на вертикалната греда се наоѓале шарнири; горниот е целосно откршен, долниот е сочуван. Централно е прикажана релјефна претстава на Богородица Оранта, со широко кренатa раце нагоре и убаво обележени прсти на рацете. Божјата мајка е облечена во мафорион, кој ја покрива и нејзината глава. Околу издолжената глава, назначен е кружен ореол. На краевите на краците на крстот во кружни

медаљони се претставени допојасни фигури на четворицата Евангелисти: Марко, Матеј, Лука и Јован. На ликовите не се претставени лични обележја. На секој од краците во агол врежана е по една буква: горе М, доле К, лево А, десно Д. Недостасува аверсната половина.

Датирање: X-XI век

Околности на откривање: Археолошки ископувања 2009 година, Блок XXI, целина C8.5.11, кота 287.71

Непубликувано

Аналогии:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед. 8, скоро идентичен со реверсната половина од реликвијар од лок. Плаошник, црква Св. Пантелејмон, Охрид, освен впишаните букви крај медаљоните на Евангелистите.

### 5. РЕЛИКВИЈАР

**(реверсна половина)**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 607/09

Бронза, лиење

врежување

Висина: 8,3 см

Ширина: 4,5 см

Дебелина: 0,5 см

Реверсна половина од крст реликвијар. Графичка форма на латински крст. На горниот и долниот крак на вертикалната греда сочувани се шарнири, со двојни, странично поставени алки. Декорацијата на површината на крстот е изведена со плитко врежување. Претставена е фигура на светител во оранс став. Светителот е облечен во долга наметка која линеано е обележана, а наборите се претставени со густо врежани брановидни линии. Ликот на светецот е претставен издолжено, а околу некогата глава е врежана линија која го обележува ореолот.

Најверојатно е претставен локално обожуван светец. И заднината на крстот е декорирана со плитко врежани брановидни линии. Површината на крстот е значително оштетена.

Датација: XI-XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Блок XIII, целина O8.1.10; кота 287,58

Непубликувано

Аналогии:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед. 6, (аналогичен по начинот на изработка со реверсната половина од реликвијар од арх. лок. Плаошник, црква Св. Пантелејмон, Охрид)
- Скоро е идентичен со крстот реликвијар од Белград, с. Брестовик, малку преурането датиран во IX-XI век (Крст над ушћем, кат.бр. 96)

**6. РЕЛИКВИЈАР**

**(половина)**

***СКОПСКО КАЛЕ***




Музеј на град Скопје

Инв.бр. 520/09

Бронза, лиење

Висина: 6,1 см

*Ширина:* 3,8 *см*

Дебелина: 0,5 см

Една половина од крст - реликвијар. Графичка форма на латински крст. Во горниот и во долниот дел откршени е шарнирот. Поради големата оштетеност на крстот, декорацијата на површината само слабо се насетува: на горниот крак од вертикалната греда се наоѓа издолжена глава и тело кое ја пополнува скоро цела површина на крстот.

Датација: XI-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, блок XXI, целина Г8.5.1, кота 287.31, под ниво на поплочен под од средновековна градба

Непубликувано

### 7. КРСТ РЕЛИКВИЈАР

**(аверсна половина)**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-0137а /07

Бронза, лиење

Висина: 4 см

Ширина: 2,5 см

Дебелина: 0,4 см

Тежина: 9,45 гр

Аверсната половина од крст - реликвијар. Графичка форма на латински крст. На краевите на вертикалната греда, горе и доле, шарнирите се искршени. Во релјеф претставено е Распетието Христово во шематизирана форма. Околу главата Христова слабо е обележен ореол. Поради оштетувањето на крстот не може да се препознае одеждата на Синот Божји. Над Христовата глава врежано е правоаголно поле во улога на табулариум. На него не се препознава врежаниот текст. Под Христовите нозе графички е поставен супеданеум.

Датација: X- XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, кв. Е9, кота 268,94

Библиографија:


- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

## 8. КРСТ РЕЛИКВИЈАР

**(аверсна половина)**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-0137/07 б

Бронза, лиење

Висина: 3,6 см

Ширина: 2,5 см

Дебелина: 0,4 см

Тежина: 9,48 гр

Аверсната половина од крст - реликвијар. Графичка форма на латински крст. На краевите на вертикалната греда, горе и доле, шарнирите недостасуваат. Во релјеф претставено е Распетието Христово во шематизирана форма. Околу главата Христова обележен е кружен ореол, додека ликот е преставен со благо издолжување. Одеждата на Синот Божји ги покриваат само неговите бедра. Прстите се непропорционално обележани со линии. Под неговите нозе графички е поставен кружен супеданеум или можеби графички е претставена Адамовата глава[1133].

Датација: X- XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, кв. Е9, кота 268,94

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

[1133] Со приказ на Адамовит череп под Христовите нозе симболичнно се прикажува Христовото ископување на праисконскиот грев

## 9. КРСТ РЕЛИКВИЈАР

**(аверсна половина)**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Бронза, лиење, релјеф

Висина (со шарнир): 7,3 см

Висина (без шарнир): 6,2 см

Ширина: 3,8 см

Дебелина: 0,4 см

Тежина: 18,6 гр

Висина на Христовата фигура: 3,5 см

Распонот на Христовите раце: 2,8 см

Аверсна половина од крст - реликвијар. Графичка форма на латински крст. На горниот и долниот крак на вертикалната греда поставени се странично испусти од шарнир низ кои се пробиени мали кружни перфорации. Овие единечни испусти влегувале меѓу двоен шарнир, а низ перфорациите се протнувала тенка жица. Така енколпионот бил затворан. Централно во релјеф е претставено Распетието Христово. Околу Христовата издолжена глава, која е навалена кон десно, пластично е обележан кружен ореол . Распнатиот е облечен во долга одежда преметната преку двете рамења. На краевите од секој крак претставени се допојасни фигури кои ги претставуваат четворицата евангелисти: Марко, Матеј, Лука и Јован, околу чии глави пластично се обележани кружни ореоли.

Датација: X-XI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

Аналогии:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед. 29 (со аверсната половина од реликвијарот од лок. Могила, с. Видовиште, Штип - начинот на обработка, релјефната претстава на Распнатиот, како и шарнирот се скоро идентични)

## 10. КРСТ РЕЛИКВИЈАР

**(реверсна половина)**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на ФФ

Инв. бр. 0098/09

Бронза, лиење

релјеф

Висина (со шарнири): 7 см

Висина (без шарнир): 5,7 см

Ширина: 3,8 см

Дебелина: 0,8 см

Тежина: 24 гр.

Реверсната половина од крст - реликвијар. Графичка форма на латински крст. Сочувани се двојни шарнири на горниот и долниот крак на вертикалната греда. Во релјеф централно е претставена стоечка фигура на Богородица во оранс став. Божјата Мајка е облечена во долга одежда и наметната со мафорион кој ја покрива од главата, па сé до нозете. На сите четири страни на крстот односно на краевите на краците претставени се допојасни фигури на четворицата евангелисти: Марко, Матеј, Лука и Јован.

Датација: XI - XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Сектор XV, целина X2.4.8

Непубликувано

Аналогии:

- Ивановска С., Крстови, кат.бр. 5, 17, 25, но најмногу има сличности со бр. 29, реверсна половина од крст реликвијар од лок. Могила, с. Видовиште, Штип со кој имаат не само иста декоративна програма и изведба, туку и типот на шарнирот е ист.
- Чангова Й., Перник, Т. 135, сл. 2
- Zlato i srebro Zadra, kat. br. 13

## 11. КРСТ РЕЛИКВИЈАР

**(аверсна половина)**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 520/09

Бронза, лиење

релјеф

Висина: 6,2 см

Ширина: 3,7 см

Дебелина: 0,3 см

Аверсна половина од крст реликвијар. Графичка форма на латински крст. На горниот и долниот крак на вертикалната греда се наоѓале шарнири за затворање, но се откршени. На крстот изведена е релјефна декорација. Централно е прикажано Распетието Христово. Распнатиот е облечен во долга одежда (колубиум) која го покрива целото негово тело. Колубиумот е пластично драпиран. Главата е овална и благо навалена кон лево и околу неа пластично е назначен ореол. На сите краеви на крациte се наоѓа по една допопрсје, означувајќи ги четворицата евангелисти: Марко, Матеј, Лука и Јован. Двајцата кои се на хоризонталната греда, прикажани се само со главите, бидејќи распнатите Христови раце го завземаат скоро целиот простор на гредата.

Датација: XI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXI, целина Г8.5.1, кота 287.10

Непубликувано

Аналогии:

- Кепеска Л., Енколпиони
- Ивановска С., Крстови, кат.бр. 16;
- Марјановиќ- Вујовиќ Г., Крстови, 33, сл. 16 а,б
- Манева Е., Симболи, 62, цртеж 3
- Микулчиќ И., Средновековни, 195, сл. 60

- Чангова Й., Перник, Т. 135, сл. 2

На сите горе наведени аналогни крстови, аверсот е скоро идентичен, со скоро исти линии и потези. Аверсот е следен со ревесна половина, каде е прикажана Богородица Оранта, облечена во мафорион, декориран со густи релјефни набори. Околу неа, на четирите краеви на краците, поставени се бисти на четворицата евангелисти

## 12. КРСТ РЕЛИКВИЈАР



***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1140/09

Бронза, лиење

врежување

Сочувана висина (со шарнир): 5,4 см

Сочувана висина (без шарнир): 4,3 см

Сочувана ширина: 3 см

Дел од крст реликвијар, графичка форма на латински крст. Сочуван само левиот крак од хоризонталната греда и долниот крак од вертикалната. На долниот крак е сочуван и шарнир преку кој се затворал крстот. На површината со врежување изведена е стоечка фигура, која е непрепознатлива поради оштетеноста на крстот. Се забележува само дека е облечена во долга одежда. На левиот крак се забележува само контура од допопрсје на светител со назначен кружен ореол.

Датација: XI век, локално производство

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок VIII, целина Ј7.9.3

Непубликувано

Аналогии:

- Ивановска С., Крстови, 26, во однос на контурите на врежаниот светец

**13. РЕЛИКВИЈАР**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на ФФ

Инв.бр. 565/10

Бронза, лиење

Висина: 8,7 см

Ширина: 8,1 см

Дебелина: 1,3 см

Тежина: 38,58 гр

Графичка форма на грчки крст со заоблени краеви на краците, развиена форма на т.н. јаболчест крст. На аверсот, на секој крај од краците се изведени калотести испупчувања. Во средишниот дел излиено е вдлабнување во кој најверојатно бил вметнат камен. На останатиот простор изведени се плетени декоративни ленти, кои имитираат филигран. На реверсот на краевите на краците релјефно, во централниот дел исто така, а и на останатиот простор се наоѓаат истите плетени декоративни ленти како на аверсот.

Внатрешноста на крстот е шуплива и сѐуште крстот не е отворен за да се види содржината внатре.

Цела оваа форма и начин на декорација потсетува на рановизантиските јаболчести крстови, но начинот на изработка и дополнувањата во декорацијата ни откриваат поинаква хронолошка припадност.

Датирање: XV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година

Непубликувано

Аналогии:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед. 54, Т.VIII, 153

**14. КРСТ РЕЛИКВИЈАР**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Постојана поставка

Инв. бр. 73, реинв. 17р

Бронза, лиење, врежување

пунктирање

Висина: 6,8 см

Ширина: 5,3 см

Крст реликвијар. Графичка форма на латински крст, на чии агли на краците има капковисни проширувања. На двата краја на вертикалната греда има по еден шарнир за затворање. На двете страни претставени се две скоро идентични стоечки фигури во став на оранс. Нивниот меѓусебен сооднос е пандански како Исус Христос и Богородица. Најверојатно една од претставите е светец кој е локално обожуван, а на реверсот е прикажана Богородица Оранта. На ревесната страна, над главата на Богородица има обид за врежување на сигнатура, нечитлив, на кој се препознава само **ARИН.**

Главите на обете страни се прикажани релјефно, а телата со врежување и пунктирање.

Датирање: XI-XIII век

Околности на откривање: При археолошките ископувања на Скопското Кале во 1967 година, подоцна во 1975 година Заводот го предал крстот на Музејот на град Скопје, во чие депо се чува.

Библиографија:


- Од археолошкото, кат.бр. 811, сл. 811;
- Бабиќ Б., Средновековно, кат.бр. 175 ;
- Ивановска С., Крстови, кат.ед 27

## 15. КРСТ РЕЛИКВИЈАР

**(аверсна половина)**

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 14620

Бронза, лиење, врежување

Висина (со шарнир): 4,7 см

Висина (без шарнир): 3,8 см

Ширина: 2,5 см

Дебелина: 0,4 см

Тежина: 9,84 гр

Аверсна половина од крст - реликвијар. Графичка форма на латински крст. Во горниот дел на вертикалната греда сочуван е дел од шарнирот, странично поставен, кој има кружна перфорација низ која се протнува жица за затворање на крстот. На долниот крак шарнирот е откршен. На површината на крстот во плиток релјеф изведена е претстава на Распетието Христово, доста шематизирано. Ликот е издолжен, а главата е следена од ореол. Синот Божји е облечен во долга одежда. Над Христовата глава, во аглите на горниот крак, изведени се релјефни симболи на Сонце и Месечина. Под Христовите нозе претставен е супеданеум.

Датација: VII-VIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2008 година, Градска територија, површински наод кај Големата ранохристијанска базилика со атриум, крај влезните партии на Атриумот

Непубликувано[1134]

[1134] Благодарност до Марина Ончевска Тодоровска за отстапениот материјал

**16. РЕЛИКВИЈАР**

**(реверсна половина)**

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 5663

Бронза, лиење, релјеф

Висина: 4,1 см

Ширина: 2,8 см

Дебелина: 5 мм

Реверсна половина од крст - реликвијар. Графичка форма на латински крст, со проширување кон краевите на краците. Шарнирите и од горниот и од долниот крак недостасуваат. Централно во плиток релјеф е претставена Богородица Оранта, најверојатно облечена во мафорион. Се забележува ореол околу нејзината глава. Поради оштетеноста на крстот, останатата декорација не се препознава.

Датација: VII-VIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2001 година, Градска територија, траса на Улица (Терми-Базилика), кв. 14/Г7

Библиографија:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед 28

**17. ПРОЦЕСИСКИ КРСТ**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на ФФ

Инв.бр. 01993/09

Бронза, ковање

Висина: 46 см

Ширина: 34,5 см

Дебелина: 3 мм

Масивен процесиски крст. Графичка форма на лазаров крст. На долниот дел на крстот се наоѓа

всадник во облик на клин со квадратен пресек. Краевите кон краците благо се шират, а аглите на краевите полутопкалесто се проширувaат. Овие проширувања, вкупно 8, имитираат декорација на бисери.

Датирање: VIII-IX век

Околности на откривање: Археолошките ископувања во 2009 година, Блок XIII, целина Е9.1.6; најверојатно припаѓал на срушениот Црковен музеј во Скопје, кој се наоѓал на Кале и во земјотресот во 1963 година се срушил.

Непубликувано

**18. КРСТ ПРОЦЕСИСКИ**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 4-0196/07

Бронза, лиење

Висина: 7,6 см

Ширина: 5,3 см

Дебелина: 0,3 см

Тежина: 18,87 гр

Мал процесиски крст. Графичка форма на лазаров крст. На долниот крак на вертикалната греда имал всадник во облик на клин. Краевите кон краците благо се шират, а аглите на краевите полутопкалесто се проширувaат. Овие проширувања на секој крак недостасува по едно, сочувани се вкупно три и имитираат декорација на бисери.

Датација: : VIII-IX век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година; Сектор 4, кв. Е4, под подот со колци, во јама

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

**19. КРСТ РАЗВОДНИК**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 1245/10

Бронза, лиење

Висина: 8,1 см

Ширина: 4,6 см

Дебелина: 0,4 см

Тежина: 60,23 гр

Крст разводник. Графичка форма на лазаров крст, со тролисно завршување на краевите на краците. Сочувани се само горниот крак од вертикалната греда и десниот крак од хоризонталната. Околу горниор дел на крстот се наоѓал лак, кој е сочуван само половина, и ги спојува сочуваните краци. Во горниот дел има испуст преку кој се закачувал ланец за закачување.

Датација: VI век (според формата, но најверојатно се работи за подоцнежна реминисценција)

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година, Блок XX, целина G1.4.4

Непубликувано

**20. КРСТ РАЗВОДНИК**

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1717

Бронзен лим, сечење

перфорирање

Висина:12,2 см

Ширина: 18,5 см (заедно со држачот)

Крст разводник. Графичка форма на латински крст, со остри проширувања на краевите на краците. Двете греди се споени со клинче во средина. На краевите на

краците на вертикалната греда има мали кружни перфорации. Низ перфорацијата на долниот вертикален крак протната е алка од синџир со осмолики алки. Од едната страна на хоризонталната греда има лентест кружен држач, прикачен со нитна за гредата.

Датација: V-VI век

Околности на откривање: Археолошки ископувања во 1967 година, Базилика 2 , северен дел на северниот брод, на самиот под



Библиографија:

- Корачевиќ Д., Скупи, сл. 90;
- Petroviħ R., Krstovi, 40;
- Ивановска С., Крстови, кат.ед 96

## 21. КРСТ РАЗВОДНИК

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***

Музеј на град Скопје

Тер. инв. бр. 661/09

Олово, полно лиење

перфорирање

Висина (со алка): 15 см

Ширина (на средна греда): 7,5 см

Ширина (на горна и долна греда): 4,5 и 5 см

Дебелина: 1,8 см



Крст разводник. Графичка форма на утроен руски крст во варијанта на папски крст (crux papalis), а краевите на краците на средната греда завршуваат како штакест крст/патеричест (crux patibulata). Составен е од една вертикална греда, на чија горна половина се пресекуваат три хоризонтални помали греди, од кои средишната е поголема од горната и долната хоризонтална.

Горе и доле на вертикалната греда има проширување, низ кое е направена по една кружна перфорација. Преку овие перфорации се протнува алка или синџир, кои преку

масивни куки се врзуваат за полиелејот на црквата. Декорација по површината на крстот не е изведена.

Варијанта е на руски крст, иако неговото потекло е од уметноста на Западното Христијанство. Тој бил свештено обележје на највисоките чинови на Католичкиот клерк. Почнувајќи од XV век, само папата имал право да го носи овој крст, па и оттаму му е и името[1135].



Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, површински наод, Северна падина

Непубликувано

## 22. КРСТ РАЗВОДНИК

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***

Музеј на град Скопје

Тер. инв.бр. 57

Дебел бронзен лим, сечење

Висина со синџир: 5,1 см

Висина (без синџир): 3,8 см

Ширина: 1,9 см

Дебелина: 2 мм





Фрагмент од крст - разводник, сочуван само горниот крак на вертикалната греда. Кракот заоблен. Со крстот заедно е лиена кружна алка за закачување, во која има кружна перфорација. Низ перфорацијата е протнат синџир со S алки. Нема декорација.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошки истаржувања 2001 година, површински наод.

Библиогафија:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед 99[1136]

[1135] Leksikon, 55

[1136] Благодарност до Киро Ристов за отстапениот материјал

### 23. КРСТ РАЗВОДНИК

***КОЊУШНИЦА, с. ОРМАН***



Музеј на Македонија[1137]

Бронзен лим, исчукување

пробивање

Висина: 7,5 см

Ширина: 4,9 см

Крст разводник. Графичка форма на латински крст.

Исчукан од бронзен лим, служел во склоп висечка конструкција. Направен е од два дела, кои се поврзани со клинче. На краевите на краците од вертикалната греда има по една кружна перфорација за алка за закачување, преку која се врзувал за синџир.

Датација: V-VI век

Околности на откривање: Прекопан гроб крај црквата, од 1957 година

Библиографија:

- Алексова Б., Ранохристијанска, сл. 12;
- Ивановска С., Крстови, кат.ед 97

### 24. КРСТ РАЗВОДНИК

***ДАВИНА КУЛА, с. ЧУЧЕР***



Филозофски факултет

Железо, ковање

Висина на кракот: 3,6 см

Ширина: 7,5 см

Фрагмент од крст разводник. Графичка форма на малтешки крст. Сочуван само хоризонталниот крак. Краевите на краците остро (триаголно) се прошируваат. На задната страна има остаток од искршено клинче за прикачување кон вертикалниот крак кој недостасува.

Датација: VI век

[1137] Иако во литературата е наведено дека овој примерок се наоѓа во Музеј на Македонија, не ми беше даден на увид, бидејќи на крстот му е изгубена трагата, најверојатно поради земјотресот во 1963 година

Околности на откривање: Рекогносцирање во 1994 год., пред Базилика Б.

Библиогафија:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед 98[1138]

## 25. ДРЖАЧИ ЗА КАНДИЛО

*СКОПСКО КАЛЕ*



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-0078/07

Бронза, лиење

Висина: 12 см

Дијаметар на алка: 0,5 см

Дебелина на жица: 0,1 см

Тежина: 3,22 гр

Држач за кандило составено од една кружна алка, од која се пуштени три надоврзани жици со плетенчиња на една страна. Меѓу себе се врзани со кружни свиткувања. Недостасува кандилото.

Датација: VI-IX век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9

Непубликувано

## 26. ДРЖАЧ И ЗА КАНДИЛО

*СКОПСКО КАЛЕ*

МГС - Музеј на ФФ



Инв. бр. 0201/09

Бронза, лиење

Фрагментиран држач за кандило составено од повеќе делови од бронзена жица. Краевите се извиткани кружно и така меѓусебно се

[1138] Благодарност до Виктор Лилчиќ за отстапениот материјал

спојуваат. Сочувана е и една кука на која било закачувано кандилото да виси. Недостасува кандилото.

Датација: век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIV, кв. C8

Непубликувано

**27. КРСТ КАНДИЛО**

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Бронза, лиење

Крст - држач за кандило. Графичка форма на латински крст, со конвексно проширени краеви на краците. Вертикалната греда на двата крака има по една перфорација за алки. На долниот крак сочувана е кружна алка преку која споени се долги телчиња за три куки за кандила. Едната кука недостасува. Вертикалната и хоризонталната греда споени со нитна. Горниот крак на крстот е оштетен на едниот крај.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања во 70-тите години, Базилика 1

Библиографија:

- Корачевиќ Д., Скупи, сл. 91а;

Аналогии:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед. 90 и 91

## 28. КРСТ КАНДИЛО

***СКУПИ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 25751

Бронза, лиење, сечење, пробивање

Сочувана висина: 5,1 см

Ширина: 3,5 см

Дебелина: 0,15 см

Должина на жица: 15 см

Тежина: 16,12 гр



Графичка форма на латински крст со проширени, рамно засечени краеви на краците. Вертикалната и хоризонталната греда споени со нитна. На горниот вертикален крак има една перфорација за алка за закачување, преку кој се закачени три жици од кандило. Двете жици се сочувани, една е скршена и недостасува. Долниот крак на вертикалната греда е скршен и недостасува само крајот.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Градска територија, површински наод кај Големата ранохристијанска базилика со атриум (Базилика 2)

Непубликувано[1139]

Аналогии:

- Алексова Б., Ранохристијанска, сл. 12

[1139] Благодарност до колешката д-р Марина Ончевска Тодоровска за помоштаи отстапениот материјал

## 29. КРСТ ОПЛАТА
### (сочувани два крака)



***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Бронза, лиење, врежување

пунктирање, ниело

Соч. висина (долен крак): 8,5 см

Ширина(долен крак): 2,9 см

Висина (лев крак): 2,5 см

Соч. ширина (лев крак): 8,1 см

Два крака од оплата од бронзен крст. Сочувании се: левиот крак на хоризонталната греда и долниот крак од вертикалната греда. на двата крака изведена е декорација со врежување, пунктирање и вметнување на црна стаклена паста. На хоризонталниот



крак, на самиот крај изведена е допојасна претстава на светец, врамен во кружен медаљон. Најверојатно е еден од четрорицата Евангелисти, кои се честа придружба на краевите на краците на крстовите. Светецот е прикажан со црна, густа и накадрена коса, и исто толку црна, долга и надолу извлечена брада. Ликот е истакнат со црни кругови наместо очи и долг извлечен нос, типично за византиското ѕидно сликарство од XII-XIII век. Главата на светецот е опишана со ореол. Веднаш десно до него, изведена е со врежување и пунктирање четворолисна розета. Розетата е врамена во кружна двојна рамка (која најверојатно имитира ореол), а просторот меѓу латиците е исполнет со црната паста. Десно од розетата е врежан уште еден декоративен елемент, со изголжена јазичеста форма, чија внатрешност е пополнета со флорална декорација. Централно е прикажан желад. Кракот на левата страна е скршен, а на деснатиот крај завршува триаголно.



Долниот вертикален крак ја има слична декорација на прв поглед, но не е иста. Редоследот на декоративни елементи од доле кон горе: претставата на светец во медалјон се гледа само во сосема мал дел, бидејќи крајот на

кракот е кршен. Над него се наоѓа натпис со испунктирани грчки букви **NIK** (во горен дел) и **A** (во долен дел), со превод ПОБЕДНИК, што му се препишува како придавка на Исус Христос. Над тоа се наоѓа рамнокрак крст (графичка форма на грчки крст), изведен со ниело и врамен во кружна рамка. Меѓу краците на крстот вметнати се неправилни форми на минијатурни ливчиња, изведени исто така со црна стаклена паста. Навидум оваа композиција личи на розета. Над крстот е прикажан извлечен нагоре декоративен јазичест елемент во чија средина повторно е врежан желад, изведен со ниело. И над него се наоѓа надолу свртен елемент во форма на желад, чии врежувања се исполнето со црната стаклена паста. На горниот крај на овој крак бледо е врежан срцевиден елемент.

Ивиците на двата крака е врежани со плитка линија, со цел да се добие оптичка длабочина со што би се истакната декоративната содржина на централните позиции.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година

Непубликувано

### 30. КРСТ ОПЛАТА/ОКОВ

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Во постојаната поставка

Инв.бр. 312

Бронзен лим, посребра

*Висина*: 13,5 см

Ширина: 9 см

Дебелина: 0,05 см

Оплата за крст од тенок лим со посребра. Графичка форма на латински крст. Горниот дел на долниот крак се проширува кон хоризонталната греда. На горниот и долниот вертикален крак има по една мала кружна перфорација преку која крстот бил заковуван на подлога. Централно е поставено Распетието Христово во прилично манирустички стил, со едноставни линии на лицето и без детали на рацете. Исус Христос е облечен во

перизома. Над Христовата глава и под неговите нозе се наоѓа по една розета. По работ на крстот релјефно е издадена рамка што ја следи формата на крстот.

Датација: XI-XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 1967 година

Библиографија:

- Каталог - Музеј на град Скопје;
- Ивановска С., Крстови, кат.ед 120

### 31. ОКОВ ЗА ИКОНА

***СКОПСКО КАЛЕ***





Музеј на град Скопје

Инв. бр. 44 R

Сребрен лим, позлата, лиење пунктирање, гравирање

Соч. висина: 19,1 см

Соч. ширина: 12,5 см

Дебелина: 0,1 см

Фрагмент од оков за икона. Сочувана е само горната лева четвртина. Иконата била посветена на Богородица, базирајќи се на инсигниите **M-P** со грчко писмо, кои се отчукани во аголот на оковот. Оковот бил целиот декориран со флорални низи околу главата на Божјата мајка, со цветови во разни форми. По рабовите на иконата направени се мали перфорации за мали клинчиња преку кои оковот бил заковуван на дрвената икона.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 1967 година, во депо заедно со Путирот бр. 41 и еден амулет

Библиографија:

- Лакалиска С., Оков за икона, 72-80
- Бошковски М., Скопје, 300

**32. ОПЛАТА - украсна апликација**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1803/09

Бронза, лиење

релјеф

Сочувана висина: 8,5 см

Сочувана ширина: 9,2 см

Дебелина: 0,1 см



Фрагмент од бронзена апликација - бронзен лим со релјефна декорација, изведени се две седечки фигури со ореоли. Се препознаваат нивните долги одежди кои се декорирани со набори. Едната фигура - левата најверојатно е Исус Христос, што се препознава со сосема бледо прикажаниот крст во ореол. Втората фигура сметаме дека е другата Богородица, според одеждата која ја покрива и нејзината глава[1140]. Најверојатно постоела уште една фигура, која била поставена од другата страна на Исус Христос. Во тој случај тоа би бил Св. Јован Богослов/Крстител, а таквата композиција би било прикажување на скратената верзија на Деизисниот Чин.

Датација: XII-XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XV, целина В1.13.10

Непубликувано

**33. КАДИЛНИЦА**

***МАРКОВ МАНАСТИР***

ММ

Инв. бр. 366

Бронза, лиење

вдлабнување

Должина: 29,5 см

Ширина: 12 см



[1140] најверојатно е мафорион - карактеристичен само за Божјата Мајка

Кадилница од типот т.н. катси. Составена полуобличесто тело, плитко, во чија вдлабнатина се става темјан. Во продолжеток следи овално издолжување, ажурирано во облик на долги кринови, односно асиметрично претставени флорални елементи, т.н. fleur - de -lis. Од него, наставена е долга и тенка правоаголна држалка, која на крајот завршува со правоаголна алка за закачување.

Датација: XIV век

Околности на откривање: Непознато

Библиографија:

- Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 186

Аналогии:

- Byzantine and Post-Byzantine Art, kat. br. 220 (во описот на оваа каталошка единица, аналогии се наоѓа во нашиов примерок, наведен како Марков Манастир, Србија)
- Милошевић Д., Уметност, кат.ед. 103 од Прилеп, XIV век
- Mango M.M., Byzantium, p.201, cat .no 217 прикажува примерок од збирката на British Museum, за кој сметаат дека е од Балканот, го датира во XIV век. Авторката смета дека овој тип на кадилници се користел во фунерарни обреди.

### 34. ХОРОСЕН КРСТ

***МАРКОВ МАНАСТИР***



Музеј на применета уметност

Белград, Србија

Инв. бр. 1137

Бронза, лиење

цизелирање

Висина: 23,5 см

Ширина: 24 см

Дебелина: 0,3-08 см

Висина на Архангел: 16,5 см во Марковиот Манастир. Бил нарачан лично од Волкашин. Направен од бронза и се држел на осум вериги. Ланците биле украсени со убави шарки и алки со двоглави орли.

На ланците висел голем бронзен круг на кој гореле свеќи, а во кругот на полиелејот виселе неколку симетрично поставени кружни бронзени алки. На нив убаво и во круг симетрично испишано во три реда: “В Христа бога благоверен крал Волкашин”.[1141] (види бр. 37)

Комбинација на повеќе графички форми: грчки, јаболчест, сончев итн. По цела негова површина изведено е перфорирање, а на краевите на краците на кружни полиња изведено розетасто пробивање. Во средишниот дел на крстот, на спојот меѓу двете греди, додадена е калотеста шестолисна розета. На секој крак се наоѓа по една кружна алка, странично поставена, преку кои се закачувале ланци. Меѓу два соседни крака, закачена на крстот е стоечка фигура на Архангел Михаил. Тој во едната рака (во левата) држи пастирски стап, а во десната меч, со кој замавнува преку глава.

Мечот на Св. Михаил се среќава во Библијата (Исус V, 13-15). Имено, пред битката за Јерихон, на Исус Навин му се јавил Архангел Михаил, војвода на војската Господова, со меч во рака и тоа било знак дека неговиот народ бил заштитен од Бога во бојот[1142].

Датација: XIV век

Околности на откривање: Во 1909 година бугарски егзархисти со посредство на скопската митрополија го симнале полиелејот и го однеле во Народниот Музеј во Софија. Еден од круговите се наоѓа во збирката на Народниот Музеј во Белград. Откупено од приватна збирка во Битола, во 1970-71 г.

Библиографија:

- Миловановић Д., Крстови, кат. бр, 34

Аналогии:

- Mango M.M., *Byzantium*, p.200, cat .no 216 прикажува примерок од збирката на British Museum, за кој сметаат дека е од Константинопол, го датира во XII - XIV век. На овој примерок недостасува фигурата на Архангел Михаил.

---

[1141] Лакалиска С., Христијанските споменици, 64

[1142] Марковић М., О иконографији, 573

**35. ДЕЛОВИ ОД ХОРОС**

***МАРКОВ МАНАСТИР***



Музеј на Македонија

МГС- 70 парчиња

Инв. бр. 411

Бронза, лиење

ажурирање, преломување

Од целиот хорос сочувани се само девет делови, односно синџири - носачите на хоросот. Носачот е украсен со ажурирање во разни форми, со користење на повеќе мотиви: неколку типови на крстови, флорални и вегатибилни елементи.

Датација: XIV век

Околности на откривање: непознато

Библиографија:

- Тодоровић Д., Полијелеј, 28-36
- Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 184

**36. ДЕЛОВИ ОД ХОРОС**

***МАРКОВ МАНАСТИР***



Непозната локација на чување

можеби Народен музеј во Белград

Бронза, лиење

ажурирање, преломување

Носачот е украсен со ажурирање во разни форми, со користење на повеќе мотиви: неколку типови на крстови, флорални и вегатибилни елементи. Како главен растителен декоративен елемент се јавува желадот.

На врвот од еден дел од носачот претставена е фигура на двоглав орел со отворени крилја.

Датација: XIV век

Околности на откривање: Делови од полиелејот д-р Јован Хаџи Васиљевић, ги вадел од ѓубриштето крај исповедницата во 1892 и 1897 година[1143] .

Библиографија:

- Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 438, сл. 141
- Тодоровић Д., Полијелеј, 28-36



**37. ДЕЛ ОД ПОЛИЕЛЕЈ**

***МАРКОВ МАНАСТИР***

Археолошки музеј

во Истанбул, Турција

Инв. бр. 2194

Бронза, лиење

вдлабнување

Висина: 20 см

Ширина: 16,3 см

Медалјон - дел од хоросот од манастираката црква. Ова е еден од четирите медалјони со натпис, изведени идентично во калап. Има облик на круг кој со пробивање изведен е натписот на старословенски јазик во три редови:

1. Вь Х(рист)а Б(ог)а Бл(а)го
2. вѣрни краль
3. Влькашинь

Во превод значи: "Во Христа Бога благоверниот крал Волкашин"

Датација: XIV век

Околности на откривање: Овој примерок се наоѓа во Археолошкиот музеј во Истанбул, не се знае како стигнал до таму, Вториот примерок се наоѓа во Народниот музеј во Белград каде бил донесен во 1871 година од страна на игуменот Теофил, игумен на Марковиот Манастир. Третиот и четвртиот идентични примероци се

[1143] Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 438

наоѓале во Марковиот манастир се до 1908 година, кога Бугарите ги однеле во Софија и ги сместиле во Народниот Музеј.

Библиографија:


- Хаџи Васиљевић Ј., Скопље, 439, сл. 142
- Грујић Р., Скопска митрополија, 168, сл. 84
- Тодоровић Д., Полијелеј, сл. 2
- Бабиќ Б., Средновековно, кат. ед. 182




***Сл. 60 Реконструкција на деловите од полиелејот од Марков Манастир (според Ж. Татиќ од 1924 год.)***

**38. СТОПА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 4-0110/07

Бронза, лиење

Висина: 1,1 см

Дијаметар: 5,8 см

Тежина: 42,05 гр

Кружна стопа од престолен крст или можеби од престолен свеќник. Калотесто испупчено тело нагоре кое во средината има квадратна перфорација. Во неа била поставувана нога од свеќник или долен крак од престолен крст.

Датација: XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 4, кв. Е5, профил 1, под канал. Најверојатно бил дел од инвентарот на блиската црква

Непубликувано

**39. СТОПА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 11-0052/07

Бронза, лиење

Висина: 0,8 см

Дијамстар: 5,4 см

Тежина: 43,31 гр

Кружна стопа од престолен крст или свеќник. Калотесто испупчено тело нагоре кое во средината има кружна перфорација. Во неа била поставувана нога од свеќник или долен крак од престолен крст. Рабовите имаат брановидно завршување.

Датација: XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 11, кв. D3; Најверојатно бил дел од инвентарот на блиската црква

Непубликувано

**40. СТОПА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 0009/09

Бронза, лиење, релјеф

Висина: 3 см

Дијаметар: 5,6 см

Кружна стопа од престолен крст. Калотесто испупчено тело нагоре кое во средината има кружна перфорација. Во неа била поставувана нога или долен крак од престолен крст. Рабовите имаат брановидно завршување. Одозгора изведена е релјефно флорална декорација, додека околу перфорацијата е изведен фриз од радијално поставени кратки линии.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Блок XXI, целина В7.6.14

Непубликувано

**41. ПЕХАР - ПУТИР**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

(ЗЗСКГС-Скопје)

Инв. бр. 191 (337)

Сребро, лиење, позлата, емајл врежување, вметнување алмандини -фасетирање

Висина: 12,7 см

Пречник на отвор: 10 см

Пречник на дно: 4,5 см

Дебелина на лим, 0,1 см

Тежина: 314,50 гр

Пехар - црковен сад во форма на пехар - путир. Направен е од тенок сребрен лим, со овален пресек, кренат на ниска конусна нога. Веднаш под ободот во горниот дел на пехарот, на широка лента врежан е натпис со грчко писмо, испишано во два реда. Гласи вака:

†ΑΔΡΙΑΝΟC ΜΟΥ ΔΕCΡΟΤΗC Ο ΠΑΛΤΗΕΑC

ΟCΕ (Μ) ΠΛΕωC ωΝ ΛΑΜΠΡΟΤΗΤΟC Ε (Ν) Βιω

ΕΚ ΧΡΥCΙΟΥ ΚΥΠΕΛΛΟΝ ΕΙΡΓΑCΑΤΟ ΜΕ

ΑΛΛ ΗΔΕωC ΠΑC ΑΕΚΑΤΕΧωΝ ΠΙΝΕ†

Што во превод значи:

*†Адрианос Палтеас, мојот господар,*

*кој беше полн со слава во животот,*

*од злато мене, пехар ме направи.*

*А сега ти кој ме држиш пиј со сласт.†*

Во пределот на лентата, на два спротивни краја на садот, вметнати се срцевидни апликации, од кои горниот кружен дел го надвисуваат ободот на садот. Овој кружен дел е изведен во форма на машка глава, со кадрава коса, мустаќи и брада. Површината на апликациите, со емајл е изведена декорација со мотив на птица, крај која се вметнати кружни додатоци од стаклена паста, за да имитираат драгоцен камен со темна боја. И долниот дел на апликацијата, која има триаголен облик, е декориран со кружен вметок на темна стаклена паста, за да имитира скапоцен камен.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 1968 година, крај Јужниот бедем, во криптата на крстообразната црква (откриена во 2007 година)

Библиографија:

- Микулчиќ И., Средновековни, 308, сл. 145
- Уметничко богатство,
- Од археолошкото богатство, кат.ед. 815
- Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 168

**42. ПУТИР**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС

Инв.бр. 7-0099/07

Бронза, лиење

Висина: 7,9 см

Ширина: 8,6 см

Дијаметар на обод: 7,1 см

Дијаметар на дно: 3,9 см

Дебелина на ѕид: 0,1 см

Тежина: 69,98 см



Бронзен путир со кантаровидна форма. Има топчесто тело. На ободот се насадени две кружни алки извлечени нагоре. Кружно прстенесто дно, подигнато на висока стопа.

Датација:  век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 7, целина G6.3.1

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 31

**43. ПУТИР**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС

Инв.бр. 3-0084/07

Бронзен лим, исчукување

Висина:  см

Ширина:  см

Дебелина:  см



Пехар - Путир, црковен сад за ликвидна причест - либација. Направен е од тенок бронзен лим, обликуван со исчукување. Тело конично и широко отворено, со обод

извлечен нагоре. Подигнат е на висока конична нога. Во средишниот дел од внатрешната страна има плитко вдладнување.

Датација: XIII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 3

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 31

## 44. БРОНЗЕНА ЧИНИЈА - ПАТЕНА

***СКОПСКО КАЛЕ***



МГС

Инв.бр. 3-0065/07

Бронзен лим, сечење

врежување

Висина: 3,5 см

Ширина: 15,9 см

Дебелина на ѕид: 0,1 см

Кружна плитка чинија од бронзен лим- патена, за носење на лебот за причест. Од внатрешната страна на дното чинијата е декорирана со врежување со мотив на раскошен цвет, односно повеќелисна розета испреплетена со пентаграм. Овој мотив е врамен во кружна фриз рамка од кратки врежани линии. Странично на ѕидот на садот пробиена е кружна перфорација.

Во чинијата се принесувала т.н. нафора (анафора), чин на Светата евхаристична молитва односно Света Причест.

Датација: век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 3, Сонда 6

Непубликувано

Напомена: Скоро идентична декорација има со еден сребрен прстен откриен на некропола во с. Руски Крстур, Сомбор



**44а. БРОНЗЕН КАПАК**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС



Инв.бр. 3-0065а/07

Бронзен лим, сечење

Дијаметар: 16,2 см

Дебелина на ѕид: 0,1 см

Тежина: 103,15

Кружен бронзен капак од бронзен лим, ја затворал бронзената чинија-патера. Работ е свиткан надолу, за да се совпадне со чинијата што ја поклопува. Нема декорација. На неколку места капакот е оштетен

Датација:  век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 3, Сонда 6

Непубликувано

**45. БРОНЗЕН САД**

***КАЛЕ, СКОПЈЕ***



МГС

Инв.бр. 04-8/07

Бронза, лиење

Соч. висина: 6,5 см

Соч. ширина: 5,5 см

Дебелина: 0,9 см

Тежина: 109,94 гр

Висина на крст: 5 см

Ширина на крст: 4,3 см

Фрагмент од бронзен сад кој од надвор бил декориран со релјефна претстава на крст. Крстот има графичка форма на грчки крст чии краеви на краците спирално се свиткуваат. Садот најверојатно бил дел од црковен инвентар, можеби фрагмент од теплота, односно сад што се користи при служење на литургија.

Датација: ? век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 4

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

**46. СПАТУЛА**

***СКОПСКО КАЛЕ***




МГС

Инв.бр. 5-0102/07

Бронза, лиење, врежување

Висина (сочувана): 2,9 см

Ширина на кружен дел: 1,9 см

Ширина на испуст: 2,2 см

Дебелина: 0,3 см

Тежина: 8,24 гр



Држалка од литургиска спатула или губа. Имала крстовидна форма и завршувала кружно. Недостасува врвот. Од двете страни изведена е елегантна декорација со геометриски мотиви. На држалката претставени се две S линии кои фланкираа двоен ромб. Ромбот три пати се повторува и нагоре, по средината на губата.

Датација: XII век (според место на наод)

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 5, веднаш до внатрешната страна на Јужниот Бедем, целина CD1.11.5 - средновековен објект

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

Аналогии:

- Davidson R.G., Corinth, 198, kat. br. 1508

### 47. СПАТУЛА

***СКОПСКО КАЛЕ***



МГС

Инв.бр. 9-0091/07

Бронза, лиење

Висина: 4,5 см

Ширина: 2,8 см

Дебелина: 0,1 см

Тежина: 9,50 гр

Глава од литургиска спатула - губа, со капковидна форма. Одозгора е декорирана со врежување со стилизирани флорални мотиви. Држалката била со кружен пресек и недостасува.

Датација: век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, кв. D7, кота 270,93

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 23

### 48. СПАТУЛА

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС

Инв.бр. 9-0012/07



Бронза, лиење

Соч. висина: 10,9 см

Ширина: 3,1 см

Дебелина на глава: 0,05 см

Дебелина на држалка: 0,3 см

Тежина: 10,23 см

Бронзена литургиска спатула или губа. Има калотеста глава, која половина недостасува. Држалката е долга, со квадратен пресек.

Датација: век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, кв. Е9

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

**49. ЛАЖИЧКА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



МГС

Инв. бр. 0074/09

Дрво, врежување

Соч. должина со држалка: 9,5 см

Сочувана држалка: 3,4 см

Ширина: 4,5 см

Дебелина: 0,2 см

Дрвена лажица со широка кружна глава и дел од држалка со кружен пресек. Била дел од црковен инвентар при црковна богослужба.

Датација: XI-XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година; Блок XIV, целина G9.26.5

Непубликувано

# *б. НАКИТ*

**50. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 0566/10

Бронза, лиење

Дијаметар: 2 см

Глава: 1,4 x 1,1 см

Тежина: 1,24



Прстен со лентеста алка од тенок бронзен лим. Главата е извлечена во елипсовидна форма. На главата има врежана декорација на крст-графичка форма на келтски крст во варијанта. Околу крстот тенко е врежана кружна рамка која е изведена по самиот раб на главата на прстенот.

Долниот дел од алката недостасува.

Датација: XI - XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година, Блок VIII, J7.1.2

Непубликувано

Аналогии:

- Маленко В., Раносредновековна, Т. XIV, сл. 9 од лок. Црвеница, с. Опеница, Охрид, некропола датирана во периодот од XI-XII век
- Bikić V., Vizantijski import, 504, примерок од Крушевац, лок. Конопљара, од бронза, датиран во XII век
- Ерцеговић - Павловић С., Некрополе, PL. XXVII, сл. 10
- Станојез Н., Некрополе, сл. 652 - прстен од Сремска Митровица, XII век

**51. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 1177/10

Бронза, лиење

врежување

Дијаметар:1, 6 см

Ширина: 2 см

Висина: 1,9 см

Глава-дијаметар: 1,3 см

Тежина: 2,86 гр



Прстен со лентеста алка од тенок бронзен лим. Главата е извлечена во кружна форма. На главата има врежана декорација на крст - графичка форма на штакаст крст. Крстот е врамен во кружна рамка што го следи работ на главата на прстенот.

Датација: X-XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година, Сектор XXII, G1.5.2

Непубликувано

Аналогии:

- Davidson R.G., Corinth, 238, kat. br. 1876
- Станојез Н., Некрополе, бр. 549

**52. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 1290/10

Бронза, лиење

Висина: 2,6 см

Ширина: 2,1 см

Дебелина: 0,3 см

Тежина: 6,75 гр



Прстен со алка со кружен пресек. Рамињата задебелени и преоѓаат во глава со овална форма. На главата се насетува крстаста декорација.

Прстенот ја изгубил примарната форма, а и декорација, најверојатно поради присуство на силен оган.

Датација: според место на наод XII век, според аналогии на форма XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година, Блок XV, под подно ниво на средновековна градба

Непубликувано

Аналогии:

- Милошевић Д., Накит, 75, кат.ед. 65

**53. ПРСТЕН**

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 71/01

Бронза, лиење

вдлабнување

Висина: 2 см

Ширина: 2,2 см

Дебелина: 0,6 - 08 см

Дијаметар на глава: 1,5 см

Бронзен прстен со лентеста алка. Алката се прошируваа на рамењата, каде што се спојува со главата. Главата е кружна. Одозгора на неа врежани се четири крстчиња, во различни графички форми. Декорацијата е врамена во кружна рамка која го следи работ на главата на прстенот.

Датација: VI век или XI според аналогии

Околности на откривање: Археолошко истражување 2001 година, Северозападна падина на Градиштето, површински наод

Библиографија:

- Ристов К., Таор, 222, сл. 7;
- Ристов К., Таор 2, Сл. 10, прстен 1

- Ристов К., Археолошки истражувања, 77, сл. 7

Аналогии:

- Станојез Н., Некрополе, бр. 381

**54. ПРСТЕН**

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 10418

Бронза, лиење

Висина: 2,6 см

Ширина: 2,6 см

Прстен со алка со кружен пресек. Рамењата се истакнати со конвексни проширувања. Главата е мала и гружна. На неа втисната е декорација со мотив на т.н. птичје око, вкупно пет кругови, поставени крстасто и едно во средина.

Датација: XI-XII век, според аналогии

Околности на откривање: Археолошки истражувања

Библиографија:

- Ончевска Тодоровска М., Скупи, сл. 9

Аналогии:

- Бајаловић-Хаџи Пешић М., Накит, бр. 451- Т. VII/3
- Бабиќ Б., Средновековно, кат. ед. 47, откриен во околината на Скопје, непознат локалитет, датиран во X-XII век, на правоаголна глава врежани се четири кругчиња
- Davidson R.G., Corinth, 246, kat. br. 1973, идентичен прстен, со идентична декорација и скоро идентични димензии, според авторот овој тип на прстени припаѓаат само на XI и XII век

Напомена: Во збирката на Народниот музеј во Белград вбројани се 10-тина примероци на прстени со различни форми на глави, сите одозгора декорирани со втиснати кругови и точки во срединитe. Сите тие примероци потекнуваат од

територија на Република Македонија, и тоа од: Охрид, Кратово Прилеп, Скопје. Обработени кај Милошевиќ Д., Накит, кат.ед 1-8, 12,16

**55. ПРСТЕН**

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***



Музеј на град Скопје

Тер. инв. бр. 01/00

Бронза, лиење, вдлабнување

Висина: 2,4 см

Ширина: 2,3 см

Дебелина: 0,2 см

Тежина: 3 гр.

Дијаметар на глава: 0,9 см

Прстен со алка со кружен пресек. Главата е кружна и испакната. На неа одозгора изведена е декорација со две кружни вдлабнувања, меѓу кои има една коса врежана линија. Декорацијата е врамена во квадратна рамка од врежана линија.

Датација: X-XI век според аналогии

Околности на откривање: Археолошко истражување 2000 година, Сонда II, во шутот

Библиографија:

- Ристов К., Таор, 222, сл. 7;
- Ристов К., Таор 2, Сл. 10, прстен 3
- Ристов К., Архелошки истражувања сл. 7, 77;

Аналогии:

- Бајаловиќ-Хаџи Пешиќ М., Накит, бр. 244- Т. VII/1

**56. ПРСТЕН**

***ГРАДИШТЕ, с. ТАОР***

Музеј на град Скопје

Тер. инв.бр. 229

Бронза, лиење,

врежување, вдлабнување

Висина: 1,9 см

Ширина: 1,6 см

Дебелина на алка: 0,4 см

Глава-дијаметар: 1,3 см

Тежина: 2,54 гр



Прстен со лентеста алка, на која по должина се изведени тенки наребрувања. Главата е мала и кружна и дополнително залепена. На неа одозгора втисната е декорација со мотив на т.н. птичје око, на број 6, односно 5 од нив се кружно распоредени околу шестото. Работ на главата бил декориран со ситни врежи, кои правеле релјефна рамка (дел од нив се излижани), имитирајќи филигран.

Датација: XII-XIV век, според аналогии

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2011 година, Во подградието, површински

Непубликувано[1144]

Аналогии:

- Манев Е., Накит, 65/12. Т. 89
- Во збирката на Народниот музеј во Белград вбројани се 10-тина примероци на прстени со различни форми на глави, сите одозгора декорирани со втиснати кругови и точки во срединитe. Сите тие примероци потекнуваат од територија на Република Македонија, и тоа од: Охрид, Кратово, Прилеп, Скопје. Обработени кај Милошевић Д., Накит, кат.ед 1-8, 12,16

[1144] Благодарам на К. Ристов од МГС за отстапениот материјал

## 57. ПРСТЕН

***СКУПИ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 23652

Бронза, лиење, врежување



Висина: 2 см

Ширина: 2,2 см

Дебелина: 0,2 см

Тежина: 3,80 гр

Дијаметар на глава: 1,6 см

Ширина на алка: 0,6-1 см

Прстен со лентеста алка која е сочувана само половина. Алката се проширува во кружна глава. На главата на прстенот со врежување е претставен пентаграм (ѕвезда петокрака). Околу неа е крежана кружна рамка која и ја обележува главата по нејзиниот раб. На сочуваното рамо исто така е изведен врежана декорација на испреплетени долги линии и врежани крстови. На дел од другото сочувано рамо исто така се гледа дел од истата декорација.

Датација: X век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2008 година, Градска територија, површински наод крај Големата ранохристијанска базилика со атриум (Базилика 2)

Непубликувано[1145]

Аналогии:

- Манева Е., Накит, 93/18, Т.91;
- Бајаловић-Хаџи Пешић М., Накит, бр. 244- Т. VII/1
- Чангова Й., Перник, Т. 121 сл. 20 и Т.122, сл. 1
- Davidson R.G., Corinth, 238, kat. br. 1872
- Ерцеговић - Павловић С., Некрополе, Т. XXVI, сл. 24

[1145] Благодарност до колештата д-р Марина Essay Ончевска Тодоровска за помоштаи отстапениот материјал

**58. ПРСТЕН**

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 14.03.2002

Бронза, лиење

вдлабнување

Висина: 2,2 см

Ширина: 2,2 см

Дебелина на алка: 0,4 см

Тежина: 1,5 гр.

Димензии на глава: 1,7 x 1,1 см

Прстен со лентеста алка која се проширува во овална глава. На главата на прстенот со врежување е претставен пентаграм (ѕвезда петокрака).

Датација: X-XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2002 година, Источна падина на Градиштето, површински наод

Библиографија:

- Ристов К., Таор, 222, сл. 7;
- Ристов К., Таор 2, Сл. 10, прстен 2
- Ристов К., Архелошки истражувања сл. 7, 77;

Аналогии:

- Манева Е., Накит, 93/18, Т.91;
- Бајаловиќ-Хаџи Пешиќ М., Накит, бр. 244- Т. VII/1
- Чангова Й., Перник, Т. 122, сл. 1
- Davidson R.G., Corinth, 238, kat. br. 1872
- Ерцеговиќ - Павловиќ С., Некрополе, Т. XXVI, сл. 24

**59. ПРСТЕН**

***КРСТ, с. ОРЕШАНИ***



Музеј на град Скопје

Бронза, лиење

Врежување

димензии непознати

Прстен со лентеста алка, која се шири кај рамењата и преоѓа во овална глава. Главата одозгора е декорирана со врежана декорација на пентаграм односно петокрака ѕвезда. На рамењата на прстенот со врежување се изведени Христови монограми.

Датација: X век

Околности на откривање: Археолошко истражување 1995 год., гроб бр. 9

Библиографија:

- Ристов К., Каламадеска Михаилова Д., Орешани, 397, сл.11 г

Аналогии:

- Манева Е., Накит, 93/18, Т.91;
- Бајаловић-Хаџи Пешић М., Накит, бр. 244- Т. VII/1
- Чангова Й., Перник, Т. 121, сл. 20 и Т.122, сл. 1
- Davidson R.G., Corinth, 238, kat. br. 1872
- Ерцеговић - Павловић С., Некрополе, Т. XXVI, сл. 24

**60. ПРСТЕН**

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 5706

Сребро, лиење

Висина: 2,6 см

Сребрен прстен со лентеста алка. Главата е високо извлечена нагоре и има квадратна форма. Одозгора на неа плитко е врежан квадрат. Во централниот дел можеби има крст, графичка форма на Андреин крст?

Датација: VI век или X-XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања

Библиографија:

- Ончевска Тодоровска М., Скупи, сл. 6

Аналогии:

- Davidson R.G., Corinth, 240, kat. br. 1900 и според авторот овој прстен се датира во X -XII век

**61. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 4-0194/07

Сребро, лиење,

стаклена паста

Висина: 2,4 см

Ширина: 2,0 см

Дебелина: 0,3 см

Тежина: 3,55 гр

Глава: 1,7 x 1,7 см

Гема: 0,6 x 0,7 см



Бронзен прстен со тордирана алка, недостасува парче од долниот дел. Главата е квадратна изведена релјефно во форма на цвет. Во нејзината внатрешност вметната е гема од стаклена паста со бела/проѕирна боја.

Датација: XIII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 4, кв. Е5, Гроб 10

Непубликувано

## 62. ПРСТЕН

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1157/09

Злато, лиење

врежување, вдлабнување

Висина: 2,2 см

Ширина: 2,3 см

Дебелина на алка: 1 см

Глава: 0,9 x 1,4 см

Тежина: 4,74 гр





Златен машки прстен, прилично масивен. Алката е лентеста и нагоре се проширува и преоѓа во овална глава. Таа одозгора е декорирана со врежан монограм каде централна буква е К. По рабовите на главата изведено е ситно пунктирање, што ја прави рамката околу монограмот. На рамењата изведена е декорација со врежани крстови (графичка форма на Андреин крст) кои се повторуваат неколку пати од секоја страна.

Христограмите се најчесто вгравирани на златни прстени[1146], но не ретко се сретнуваат и на прстени од бронза.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIV, целина A10.25.2

Непубликувано

---

[1146] Поповић И., Накит од злата, 31

**63. ПРСТЕН**

***ГРАДИШТЕ, с. ТАОР***



Музеј на град Скопје

Тер. инв.бр. 229

Бронза, лиење,

врежување, вдлабнување

Висина: 2,3 см

Ширина: 2,3 см

Дебелина на алка: 0,7 см

Глава-дијаметар: 1,4 x 0,7 см

Тежина: 5,05 гр

Прстен со лентеста алка, која се шири кај рамењата и преоѓа во овална глава. Главата одозгора е декорирана со врежана декорација со крст и натпис со грчко писмо:

†NIK...

И на рамењата на прстенот имало врежана декорација, но поради оштетување (или пред конзерваторска состојба) декорацијата не е препознатлива.

Датација: VII-IX век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2008 година, Сегмент 08/II, откоп 9 (меѓу ѕидовите 11 и 13)

Непубликувано[1147]

---

[1147] Благодарам на К. Ристов од МГС за отстапениот материјал

**64. ПРСТЕН ПЕЧАТНИК**

***ДАВИНА КУЛА, с. ЧУЧЕР***



Музеј на ФФ

Бронза, лиење

врежување

Тип на прстен со издигнат двослоен врат. Алката на прстенот е со кружен пресек, но нејзините странични делови се рамно пресечени. Главата е конична и со поширокиот дел е нагоре свртена. Одозгора со врежување е изведена геометриска декорација која тематски е комбинација на христов монограм и розета.

Датација: XIV век може и XV век

Околности на откривање: Случаен наод, при рекогносцирање

Библиографија:

- Микулчиќ И., Средновековни, 311, сл. 146

Аналогии:

- Милошевић Д., Накит, 53, тип 2
- Седова М.В., Ювелирньие изделия, Т. 50, сл. 7

**65. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на ФФ

Инв. бр. 500/09

Бронза, лиење

вдлабнување

Ширина: 1,2 см

Глава: 1,2 x 1 см

Ширина на лента: 0,4 см

Дебелина: 0,1 - 0,3 см

Прстен со лентеста алка која благо се проширува кон кружна глава. Одозгора врз неа била изведена декорација во релјеф и врежување, која е сега многу оштетена. Централно е прикажана четирилисна розета и врежан крст меѓу нејзините латици.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXXV, кв. В2, откоп 6

Непубликувано

**66. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 4-0111/07

Бронза, лиење

Висина: 2,4 см

Дебелина на алка: 0,1 см

Дијаметар на глава: 1,3 см

Тежина: 2,45 гр

Бронзен прстен со лентеста алка. Половина недостасува. Глава кружна и купаста, дополнително поставена на алката. Однадвод круната е декорирана со ситни плитки вдлабнувања, односно проретчени пункти. Навнатре е свиткана со цветовидно завршување. Во внатрешноста на главата вметната е гема од безбојна стаклена паста. Одозгора гемата е декорирана со стилизирана осумлисна розета, изведена со врежување. Розетата е врамена во кружна врежана рамка.

Датација: XIII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 4, кв.Д6, под подно ниво

Непубликувано

Аналогии:

- Иваниħ Б., Накит, кат. ед. 150, стр. 52

## 67. ПРСТЕН

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 0330/09

Бронза, лиење

Врежување

Висина: 1,5 см

Ширина: 1,6 см

Дијаметар на глава: 1,2 см






Бронзен прстен, сочувана главата и горниот дел од лентеста алка. Алката во горниот дел кон главата се стеснува. Кружната глава е подигната на висок цилиндричен врат кој во средина има благо задебелување. Одозгора главата е декорирана со врежување на четирилисна розета. И алката на прстенот е декорирана со врежани стилизирани праволиниски орнаменти.

Датација: XIV-XV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Блок XXXV, кв. В2

Непубликувано

Аналогии:

- Манева Е., Накит, 64/5; Т.92

## 68. ПРСТЕН

***Непознат локалитет во Скопје***

Народен музеј во Белград

Инв. бр. 2556

Сребро, лиење

врежување

Висина: 2,8 см

Ширина: 2,1 см

Тежина: 8,16 гр

Пречник на глава: 2 см



Престен со алка која во горниот дел се стеснува. На тој стеснет дел додадена е кружна глава, подигната на висок цилиндричен врат кој во средина има благо задебелување. Одозгора главата е декорирана со врежување на осумлисна розета, чии издолжени латици се спојуваат кон кружно вдлабнување. И алката на прстенот е декорирана со врежани стилизирани флорални орнаменти.

Датација: XV век

Околности на откривање: Откупен во 1953 година

Библиографија:

- Милошевић Д., Накит, 112 , кат. ед. 148

### 69. ПРСТЕН

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 6-0031/07

Бронза, лиење

релјеф

Висина: 2,5 см

Дијаметар на глава: 1 см

Ширина на алка: 0,7-0,9 см

Дебелина: 0,1 см

Тежина: 4,34 гр



Прстен од бронза, сочуван половина. Има лентеста алка со правоаголен пресек, споена со триаголна глава. Целиот прстен одозгора е декориран со релјефна изведба на флорални мотиви. Централно на главата изведен е крст во форма на “arbor vitae”. Странично, изведени се флорални мотиви, како и претстави на лозници и гроздови.

Датација: непрепознатлива

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 6, случаен наод

Непубликувано

**70. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 590/10

Бронза, лиење

Дијаметар: 2,1 см

Глава: 1,6 х 1,1см

Тежина: 3,67 гр



Прстенот има лентеста алка и глава странично нагласена. На неа има декорација во рејлеф со претстава на крилесто животно, можеби гулаб или орел. Прстенот е драстично оштетен, па претставата на главата веќе не е јасна.

Датација: XII- XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година; Блок XXI, C4.2.7

Непубликувано

**71. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на ФФ

Инв. бр. 498/09

Бронза, лиење,

релјев, врежување

вдлабнување

Соч. висина: 2 см

Ширина: 2 см

Дебелина: 0,1 см

Тежина: 1,55 гр



Прстен со лентеста алка од тенок бронзен лим, која благо се проширува кон главата. Главата е исто така од тенок бронзен лим и е кружна. Одозгора врз неа била изведена декорација во релјеф и врежување, која е сега многу оштетена. Централно е поставена фигура на птица, со крупно тело. Главата е свртена station наназад, а во долниот

дел на телото линеарно се прикажани нозе со по три прсти на секоја. Најверојатно е гулабица. Позадината е исполнета со плитни кружни вдлабнувања.

Датација: XII - XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 г., Блок XXI, ц. C8.5.16

Непубликувано

**72. ПРСТЕН**

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 11041

Бронза, лиење,

врежување, пунктирање

Висина: 2,2 см

Бронзен прстен со лентеста алка која се проширува во рамењата и преминува во овална глава. На главата е врежана декорација со мотив на птица - гулабица, прикажана во профил, во седечка положба. Телото на птицата е пунктирано. На рамењата врежана е декорација на вкрстени линии.

Датација: VI-VII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања на Градската територија, пост-урбана фаза

Библиографија:

- Ончевска Тодоровска М., Скупи, сл. 4

Аналогии:

- Чангова Й., Перник, Т. 122, сл. 17

**73. ПРСТЕН**

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9030

Бронза, лиење

врежување, пунктирање

Висина: 2,5 см

Бронзен прстен со лентеста алка која се проширува кај рамењата и преминува во овална глава. Главата е декорирана со длабоко врежување и пунктирање. Мотивот е орел, фронтално поставен, со широко отворени крилја. И рамењата се декорирани со врежување каде се претставени по еден Христов монограм на секое рамо.

Датација: XI-XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања на Градската територија, пост-урбана фаза

Библиографија:

- Ончевска Тодоровска М., Скупи, сл. 3

Аналогии:

- Чангова Й., Перник, Т. 121, сл. 1

**74. ПРСТЕН**

***Непознат локалитет во Скопје***



Народен музеј во Белград

Инв. бр. 2553

Сребро, лиење, емајл

исчукување

Висина: 2,7 см

Димензии на глава: 2,5 x 1,4 см

Тежина: 19,17 гр

Масивен прстен со алка одвнатре рамна, а од надвор обработена во т.н. Verkantung стил. На целата ширина на рамењата лежи елипсовидна глава. На неа изведена е декорација во релјеф со претстава на лав во о̂д (во движење). Опашката на лавот е свиена и завршува во облик на палмета. Пред лавот исто така во релјеф прикажана е стилизирана палмета со три листови. Во позадината на релјефот се гледаат остатоци од емајл. Останатиот простор на главата, па и на алката е декориран со развиена вегетативна орнаментика.

Датација: последна четвртина на XIV век

Околности на откривање: Откупен во 1953 година

Библиографија:

- Милошевић Д., Накит, 99 , кат. ед. 118

### 75. ПРСТЕН

***Непознат локалитет во Скопје***

Народен музеј во Белград

Инв. бр. 2554

Сребро, лиење

врежување

Висина: 2,6 см

Пречник: 2,3 см

Тежина: 11,43 гр

Димензии на глава: 1,5 x 1 см



Масивен прстен со алка која се стеснува во горниот дел. Алката одвнатре е рамна, а однадвор е заоблена. На теснувањето во горниот дел додадена е осмоаголна глава, подигната на висок и надолу свртен цилиндричен врат. На главата одозгора со врежување е изведена декорација со мотив на шематизиран лав во од (во движење). На рамењата и на алката на прстенот од надворешната страна врежани се неколку врежи кои наликуваат на буквите Т (Ш), У, за кои се смета дека се иницијали на носителот.

Датација: крај на XIV и почеток на XV век

Околности на откривање: Откупен во 1953 година

Библиографија:

- Милошевић Д., Накит, 123 , кат. ед. 171

## 76. ПРСТЕН ПЕЧАТНИК

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 5-0370/07

Бронза, лиење

врежување, пунктирање

Висина: 2,7 см

Ширина: 2,5 см

Дебелина на алка: 0,3 см

Печатник: 0,6 x 0,7 см

Глава: 1,0 x 1,4 см

Тежина: 2,80 гр



Престен печатник. Алката е лентеста. Рамењата се профилирани и испакнати. Главата е пирамидално издигната нагоре и на едниот раб е декорирана со пунктирање по ивиците. Одозгора се наоѓа квадратен печатник на кој е врежана стилизирана фигура на лав со кревата опашка.

Датација: XII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 5, целина CD2.3.22

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 23

**77. ПРСТЕН (ПЕЧАТНИК?)**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. ЗБ-0034/07

Сребро, лиење, врежување

(заведен е како златен)

Прстен со лентеста алка чии рабови не се рамни, туку имитираат флорална форма. Главата е овална. Одозгора е декорирана со врежување, со изведена стилизирана фигура на лав. Лавот е во расчекор, а неговата глава е свртена наназад. Гривата му е богато претставена со густо врежани линии. Лавот е врамен во овална рамка, која ја следи ивицата на главата. Овој прстен е типичен пример за т.н. lion passant. Таков тип на лав се врежува само на сребрени прстени кои се хералдички грбови. Можно е да се користел како печатник. Сопственик бил некој високодостоинственик односно некој со висок општествен статус.

Датација: XIII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор ЗБ, гроб 52

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 23

Аналогии:

- Радојковић Б., Накит, Т. 38 и 139

**78. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на ФФ

Инв.бр. 0201/09

Злато, лиење,

врежување



Висина: 2,3 см

Ширина: 2,4 см

Дебелина на алка: 0,5 см

Димензии на глава: 0,9 x 1,9 см

Тежина: 5,97 гр

Масивен прстен со алка која по средината има остро ребро. Алката одвнатре е рамна, а однадвор е со триаголен пресек. Во горниот дел преминува во овална глава. На главата одозгора со врежување е изведена декорација со мотив на шематизиран лав во од (во движење). Лавот е врамен во овална рамка, која е врежана до самиот раб на прстенот. На рамењата и на алката на прстенот од надворешната страна врежани се неколку врежи.

Датација: XII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година

Непубликувано

**79. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 7-0001/07

Бронза, лиење

пунктирање, врежување



Висина: 2,7 см

Ширина: 2,2 см

Дебелина на алка: 0,3 см

Дијаметар на глава: 1,8 см

Тежина: 10,53



Тип на прстен со издигнат врат. Има лентеста алка. Рамењата се нагласени со три хоризонтални ребра. Од нив никнува кружна глава, високо подигната. На неа е изведена декорација со врежување на тенки линии, со претстава на две сточки фигури, доста шематизирано претставени. Според нивната поставеност, може да се смета дека ова е симболична и шематизирана претстава на фантастично животно кое наликува на грифон. Претставата е врамена во кружно поле изведено со пунктирање, кое ги следи рабовите на главата на прстенот.

Датација: XII-XIII век за декорацијата, XIV-XV век за формата

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 7, целина Г6.2.4

Непубликувано

Аналогии на форма:

- Милошевић Д., Накит, 53, тип 1

**80. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 2-0095/07

Злато, лиење, пунктирање

Висина: 2,2 см

Ширина: 2,1 см

Дебелина на алка: 0,1 см

Ширина на алка: 0,3-0,6 см

Дијаметар на глава: 1,2 см

Тежина: 4,66 гр

Златен прстен со лентеста алка, која се шири кон рамењата и од таму преминува во глава. Главата на прстенот е со кружна форма. Декорирана е со шематизирана претстава на светец во Оранс став, изведено со пунктирање со многу тенок инструмент. Главата на светецот е максимално шематизирана, особено неговите очи, но сепак со еден тенок лак е назначен неговиот ореол. Сигурна е интерпретацијата дека е прикажана сцената Распетие Христово, иако според поставеноста на рацете повеќе наликуваат на кренати нагоре отколку на рамно спружени на страна. Претставата е врамена во круг изведен со пунктирање на самиот раб на прстенот.




Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2 В, целина DE2/3.14

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 23

Аналогии:

- Манева Е., Накит, 70/1, Т.85

**81. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 5-0123/07

Бронза, лиење, врежување

Висина: 2,5 см

Ширина: 2,4 см

Дебелина на алка: 0,2 см

Ширина на алка: 0,4-1,2 см

Глава: 1,5 x 1,6 см

Тежина: 6,48 гр

Масивен прстен до лентеста алка која се проширува кон главата и прави по две ребра средишно. Главата на прстенот е со правоаголна форма. На него со плитко врежување е изведена декорација. Централно е претставена стоечка фигура на светец со ореол околу главата, облечен во долга одежда. Рацете му се споени напред, во став на молење. Околу него има флорална декорација односно странично се поставени две винови лози.

Датација: XII-XIV век (според место на наод)

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 5, кв. ДЕ 4, во хоризотн над работилницата од XII век, и под објект датиран во XIV век.

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 23

**82. ПРСТЕН**

***СКУПИ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 5707

Бронза, лиење

врежување



Престен со лентеста алка, која недостасува. Рамењата се проширени и преминуваат во овална глава. На главата е изведена декорација со врежување. Мотивот е стоечка фигура. Според истражувачот таа фигура е женска[1148]. Но, ако се земе во предвид поставеноста на фигурата, и врежите околу глава, што наликува на ореол, се работи за стоечка фигура на светец. Тој е свртен кон десно, а неговиот профил го дополнува долга брада. Светецот е облечен во војничка облека. Во десната рака, која е крената нагоре, држи меч, а во левата, спуштена до појас, држи штит. Иако идентификација на светецот не е

[1148]Ончевска Тодоровска М., Скупи, 281-292

сигурна, претпоставуваме дека се работи за еден од светите воини, а можеби и војсководецот на Божјата војска, Св. Архангел Михаил.

Датација:VI-VII век или IX-X век

Околности на откривање: Археолошки истражувања на Градската територија

Библиографија:

- Essa Ончевска Тодоровска М., Скупи, сл. 5

### 83. ПРСТЕН

***Непознат локалитет во Скопје***

Народен музеј во Белград

Инв. бр. 1929

Бронза, лиење

вдлабнување

Висина: 2,6 см

Ширина: 1,9 см

Пречник на глава: 1,2 см

Тежина: 7,82 гр



Прстен со кружна лента, која постепено се шири кон главата. Рамењата се релјефно нагласени и на низ се врежани по еден Андреин крст. Вратот и високо, цилиндрично извишен нагоре. Има кружна глава, на која има декорација со врежување. Изведена е стоечка машка фигура, облечен во долга одежда, богато драпирана. Околу главата му е врежан ореол. Во една рака држи долг предмет, како пастирски стап - педум. Според тоа, претпоставуваме дека фигурата може да се идентификува со Исус Христос, иконографски тип - Големиот Пастир.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Откупен во 1950 година

Библиографија:

- Милошевиħ Д., Накит, 59, кат. ед. 8

## 84. ПРСТЕН

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 02-0103/07

Бронза, лиење,

врежување, пунктирање

Висина: 2 см

Ширина: 2,1 см

Дебелина на алка: 0,15 см

Ширина на алка: 0,6-08 см

Глава: 1,2 х 1,9 см

Тежина: 5,46 гр





Прстен со лентеста алка со правоаголен пресек. Краевите благо се преклопуваат. Одозгора во горниот дел главата е декорирана со плитко пунктирање. Главата на прстенот има неправилна овална форма. На неа е изведено правоаголно поле, направено со пунктирање и врежување кое служи како рамка за декорацијата. Во оваа рамка, со пунктирање и со врежување на тенки линии, доста шематизирано претсавени се две фигури, во стоечка позиција. Едната од нив е со крената рака високо над главата на другата фигура. Според нивната поставеност, може да се смета дека ова е симболична и шематизирана претстава на Крштевањето Христово. Мајсторот со една брановидна линија на страна се обидел симболично да ја претстави реката Јордан, местото на Христовото Крштевање.

Датација: XI - XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2В, целина ВС1/2.33.1

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 23

Анлогии:

- Манева Е., Накит, 45/10, 173;

- Радојковић Б., Накит, Т. 5;
- Бабиќ Б., Средновековно, кат. ед. 63, Прстен со шематизирана претстава на Крштевање Христово, со приказ на две стоечки фигури една наспроти друга, едната со крената рака врза главата на другата фигура, од некропола од XII век - локалитет Поткули, Варош -Прилеп

**85. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***




Музеј на град Скопје
Инв.бр. 10-0028/07
Бронза, лиење
врежување, пунктирање

Висина: 2,5 см
Ширина: 2,4 см
Дебелина на алка: 0,2 см
Дијаметар наглава: 1,6 см
Тежина: 7,85 гр



Тип на прстен со валчесто издигнат врат. Има лентеста алка со кружен пресек и со траги од декорирање, најверојатно со флорални мотиви. Главата на прстенот има шестоаголна форма. На неа е изведена декорација со врежување на тенки линии, со претстава на две сточки фигури, доста шематизирано прикажани. Според нивната поставеност, може да се смета дека ова е симболична и шематизирана претстава на Крштевањето Христово. Претставата е врамена во шестаголно поле кое ги следи рабовите на главата на прстенот.

Датација: XII век според декорацијата на главата, а според типот на вратот се датира во XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 10, кв. С9

Непубликувано

Аналогии на форма:

- Милошевић Д., Накит, 53, тип 4

Аналогии на декорација на глава:

- Манева Е., Накит, 45/10, 173
- Бабиќ Б., Средновековно, кат. ед. 63, Прстен со шематизирана претстава на Крштевање Христово, со приказ на две стоечки фигури една наспроти друга, едната со крената рака врза главата на другата фигура, од некропола од XII век - лок. Поткули, Варош -Прилеп

**86. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 00285/09

Бронза, лиење

врежување

Висина: 2,3 см

Ширина: 2,2 см

Дебелина на алка: 0,2 см

Тежина: 6,01 гр.

Прстен со лентеста алка со правоаголен пресек. Краевите на алката се заоблени се преклопуваат еден врз друг. Алката се проширува кон главата. Таа е со кружна, но и со слабо назначена форма, па едвам се одделува од алката. Одозгора главата е декорирана со плитко врежувања на тенки линии. Доста шематизирано претставени се две фигури свртени една кон друга. Едната (левата) фигура има високо кренатa лева рака врз главата на втората (десната) фигура. Според нивната поставеност, може да се смета дека ова е симболична претстава на Крштевањето Христово. Но, поради минималниот простор на главата, сцената е изведена сосема линеарно и шематизирано.

Датација: XI - XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок VIII, целина F9.9.6, кота 285.04

Непубликувано

**87. ПРСТЕН**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 1077/10

Бронза, лиење

Висина: 2,3 см

Ширина: 2,5 см

Дебелина: 0,4 см

Глава: 1,3 х 1,7 см

Тежина: 5,12 гр



Прстен со алка со кружен пресек. Рамињата задебелени и преминаат во глава со овална форма. На главата се насетува врежана декорација на две стоечки фигури. Се претпоставува дека е прикажана сцена- Крштевањето Христово.

Прстенот ја изгубил примарната форма, а и декорација, најверојатно поради присуство на силен оган.

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година, Блок XV, подно ниво на средновековна градба

Непубликувано

**88. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв.бр. 159/09

Злато, лиење, инкрустрација

Должина: 14,2 см

Ширина: 1,1 см

Дебелина: 2-3 мм



Членковидна белегзија со осум слични четирилисни делови, меѓу себе споени со петтоделни членковидни шарнири. Осумте делови не се случајно во тој број, односно бројот осум е силно врзано со основната идеа на Христијанството. Осумката е симбол на воскреснувањето, бидејќи Исус Христос воскреснал од гробот на осмиот ден од неговото свечено влегување во Ерусалим[1149]. Одозгорара полињата се декорирани на секоја латица од листот со мотив на желади, додека во средишниот дел во ромбовидно поле во рејлеф е претставен крст со разлистени краеви на краците. И овие краеви на краци завршуваат флорално, што наликува на желади. Со тоа тие претставуваат четирилисна розета. Просторот меѓу флоралните мотиви е исполнет со црна стаклена паста. Од долната страна четирисните цветови се споени со шини.

Датирање: XIV-XV век

Околности на откривање: Археолошките ископувања 2009 година, Блок XXIII

Непубликувано



[1149] Leksikon, 442

**89. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв.бр. 2-0111/07



Бронзза, лиење,

врежување, пунктирање

Висина: 4,5 см

Соч. должина: 7,8 см

Дебелина: 0,4 см

Дијаметар на глава: 2 см

Тежина: 10,53 см

Белегзија со лентеста алка која на рамото е украсена со пунктирани полукругови во кои се испунктирани точки во средината. Во горниот дел извлечена е кружна глава. На неа, како и на алката изведена е со пунктирање декорација во форма на крст. Крстот во централниот дел има кружно спојување, со што добива графичка форма на келтски крст. Меѓу секој од краците врежани се двојни полукругови. Поради малите димензии, сметаме дека е носена од младо девојче, чиј зглоб на раката не е поголем од 3,5 см. Половина од алката недостасува, а дел од главата е оштетен.

Датација: XII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2В, целина DE 2/3.2

Библиографија:


- Митревски Д., Скопска тврдина, 23

**90. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв.бр. 05-159/07



Бронза, лиење

Висина: 5,4 см

Ширина: 5,8 см

Дебелина: 0,6 см

Должина: 14,7 см

Ширина на алка: 0,8 см

Тежина: 12,40 гр

Лентеста белегзија со квадратен пресек и со краеви во облик на змијски глави. По цела горна површина на белезицата изведена е декорација со пунктирање и врежувани кратки коси и прави линии. Централно на главите изведени се спирални линии со пунктирање. Формите што ги формираат овие пункти и линии ја нагласуваат дополнително змијоликата конотација на белезицата. Рабовите на белегзијата се изрежани со густи мали коси линии.

Датација: XI-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 5

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 23

Аналогии:

- Манева Е., Накит, 54/11, Т. 49

**91. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв.бр. 1А-0084/07

Бронза, лиење

пунктирање

Висина: 4.9 см

Ширина: 5,8 см

Дебелина: 0,4 см

Должина: 12,2 см

Тежина: 7,51 гр



Белегзија со овален пресек, со краеви разделени кои завршуваат во форма на змијски глави. Белегзијата е декорирана со врежувања, а на краевите со густи пунктирања кои во групирање формираат кругови, цветови и крстови.

Датација: XI-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 1А, Х8.2.2

Непубликувано

Аналогии:

- Димитров Я., Плиска, сл. 5

**92. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 4-0195/07

Бронза, лиење

врежување

Висина: 5,1 см

Ширина: 5 см

Должина: 14,7 см

Дебелина: 0,8 см

Тежина: 12,40 гр



Белегзијаа со полн валчест пресек, со сплоснати краеви кои претставуваат шематизирана претстава на лилјан. По цела горна површина на белезицата изведена е декорација со врежувани кратки коси и прави линии. Централно на главите изведени се долги двојни линии. Формите што ги формираат овие линии ја нагласуваат дополнително флоралната конотација на белегзијата.

Датација: XI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 4, кв. D4/E4, второ подно ниво со јами

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 37

Аналогии:

- Манева Е., Накит, 45/7, Т. 55



**93. БЕЛЕГЗИЈА**

***КОЊУШНИЦА, с. ОРМАН***

Музеј на град Скопје

Бронза, лиење

вдлабнување

Лентеста белегзија од тенок бронзен лим. На рабовите по должина на белезицата плитко е врежана линија. Краевите се благо заоблени. Одозгра е декорирана со плитко се вдлабени кружни вдлабнувања, наредени во линија. При краевите направени се неколку спонтани и неорганизирани плитки врежувања на прави и коси линии.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Прекопан гроб крај црквата, од 1957 година

Библиографија:

- Алексова Б., Ранохристијанска, сл. 12;

Аналогија:

- Седова М.В., Ювелирньие изделия, Т. 30, сл. 16 и 17

**94. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 4-197/07

Бронза, лиење

Висина: 6 см

Ширина: 6 см

Дебелина: 0,1 см

Ширина: 1,8-2,5 см

Должина: 16,7 см

Тежина: 33,80 гр



Лентеста белегзија од бронзен тенок, но широк лим. На рабовите по должина на белегзијата плитко е врежана линија. На самите краеви, кои кружно се прошируваат, плитно се вдлабени кружни вдлабнувања, групирани по четири во група и крстесто поставени. На секој крај има по две групи. Краевите на белегзијата се оштетени и недостасуваат мали делови.

Датација: XIII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 4, кв. D6/E6, подно ниво

Непубликувано

**95. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв.бр. 2Ц-0004/07

Бронза, лиење

вдлабнување

Висина: 5,8 см

Ширина: 6.2 см

Дебелина: 0,7 см

Должина: 17,3 см



Тежина: 21,95 гр

Лентеста белегзија со краеви задебелени и разделени. Одозгора по цела должина на белезицата се вдлабнати 14 кружни вдлабнувања, со различни големини.

Датација:  век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2 Ц, кв. Ј5

Непубликувано

Аналогии:

- Бабиќ Б., Средновековно, кат. ед. 82, Бронзена белегзија декорирана со вдлабнувања, од локалитет Црквиште, Демир Капија

**96. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



МГС / Музеј на ФФ

Инв.бр. 1295/10

Бронза, лиење

Сочувана должина: 9,5 см

Ширина: 0,7 см

Ширина на крак: 2 см

Дебелина: 0,2 см

Тежина: 9,74 гр

Лентеста белегзија со квадратен пресек. Била сочинета од два дела кои се спојувале со две мали клинчиња. Сочувана е само една половина од белегзијата, а на неа има две мали перфорации за вакво спојување. Крајот на белегзијата кружно се проширува. По цела горн површина изведена е декорација од густо пунктирање кое сочинува разни форми, како спирали, кругови итн.

Датација: XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година, Блок XXVIII, Подрумска просторија

Непубликувано

Аналогии:

- Bikić V., Vizantijski import, 408

**97. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



МГС / Музеј на ФФ

Инв. бр. 00189/09

Бронза, лиење

врежување, пунктирање

Сочувана должина: 4,5 см

Ширина (макс.): 1,3-1,7 см

Дебелина: 0,1 см

Фрагмент од лентеста белегзија, со проширени и заоблени краеви. На едниот агол од краевите перфорирана е мала кружна перфорација. Одозгора по цела површина на белегзијата изведена е декорација со пунктирање кое сочинува разни геометриски форми: срцевидни, полукругови и линии.

Датација: XI-XIII век



Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Сектор XIV, целина F7.7.36

Непубликувано

Аналогии:

- Марјановиќ-Вујовиќ Г., Томиќ Г., Накит, кат.бр. 368
- Чангова Й., Селищте, сл. 87, стр. 107

**98. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв. бр. 329/09

Бронза, лиење

вдлабнување

Сочувана должина: 5,2 см

Ширина: 0,7 - 1,5 см

Дебелина: 0,15 см



Лентеста бронзена белегзија од тенон бронзен лим. Краевите се заоблени и широко се прошируваат. Одозгора изведена е декорација со врежување и пунктирање на разни форми на крстчиња, полукругчиња и линии.



Датација: XI-XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIII, целина E7.1.30

Непубликувано

**99. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв. бр. 00188/09





Бронза, лиење

врежување

Сочувана должина: 8 см

Макс. ширина: 1,2 см

Дебелина: 0,25-0,50 см

Фрагмент од лентеста белегзија. Сочуван е заоблен крај и тесна лента која одозгора е декорирана со врежани X - графичка форма на Андреин крст, во комбинација со едноставен Христов монограм и неколку вертикални врежани линии.

Датација: XI-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Сектор XXI, F7.8.6, во огниште (Работилница 2 ?)

Непубликувано

Аналогии:

- Седова М.В., Ювелирньие изделия, Т. 39, сл. 16 и 17

### 100. БЕЛЕГЗИЈА

***КАЛЕ, СКОПЈЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв. бр. 1324/09

Бронза, лиење

вдлабнување

Соч. висина: 2,8 см

Ширина: 2,3 см

Дебелина: 0,5 см




Фрагмент од бронзена белегзија со плочесто и кружно завршување на краевите. Одозгора има остатоци од релјефна декорација со претстава на крст со круг во средината, грррафичка форма на келтски крст. Околу него направена е рамка која е декорирана со мали плитки врежи, која имитира филигран.

Датација: XII-XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXI, целина D7.2.36

Непубликувано

**101. БЕЛЕГЗИЈА**

***с.ТАОР, СКОПЈЕ* (Т. IX)**

МГС

Инв.бр. 320



Бронза, лиење,

врежување

Должина: 5,5 см

Ширина: 1,5-3,5 см

Дебелина: 0,1 см

Лентеста бронзена белегзија која во средишниот дел е потесна отколку на краевите. Белегзијата е отворена при краевите кои се заоблени. Во централниот дел на белегзијата со врежување изведен е крст чии што краци се со втиснати линии, во аглите на крстот втиснати се по две криви линии, а само во долниот лев агол три. Останатиот простор на овој централен дел е украсен исто така со по неколку криви линии кои што одат едните надолу, а другите нагоре-во средината. Тие се поделени со една права линија која што на краевите се завршува со точки. Краевите на белегзијата исто така се декорирани, но со врежани линии кои образуваат цветен орнамент.

Датација: XIV век

Околности на откривање: Откупено од селанец од с.Таор

Непубликувано

**102. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1135/09



Бронза, лиење

врежување, пунктирање

Сочувана должина: 10 см

Ширина: 0,6-1,4 см

Дебелина: 0,3 см

Тежина: 7,40 гр

Фрагмент од лентеста бронзена белегзија со триаголно проширени краеви.

По средишниот дел на белегзијата релјефно е прикажана лента која одозгора е декорирана со плитко врежани ромбови. На лентестиот дел, одозгора е изведена декорација со пунктирање на цик - цак линии, несразмерно испунктани.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXVII, целина F10.3.36

Непубликувано

Аналогии:

- Марјановић-Вујовић Г., Томић Г., Накит, кат.бр. 342

### 103. БЕЛЕГЗИЈА



***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв. бр. 1278/09

Бронза, лиење

вдлабнување

Соч. должина: 5 см

Ширина: 0,5-1,4 см

Дебелина: 0,2-0,5 см

Фрагмент од бронзена белегзија со кружен пресек и со плочесто, полукружно завршување на краевите. Централниот дел, од кој е сосема малку сочувано, бил декориран со врежани крстчиња и цик-цак линии. Краевите се декорирани со две врежани линии.

Датација: XII-XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 год., Сектор XXXIV, кв. Е7

Непубликувано

**104. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС / Музеј на ФФ

Инв. бр. 4-0178/07

Бронза, лиење

вдлабнување

Соч. должина: 8,2 см

Ширина: 0,9 см

Дебелина: 0,4 см



Фрагмент од лентеста бронзена белегзија со заоблени краеви. На самите краеви врежани се долги линии, кои и даваат релјефност на површината. Одозгораа целата е декорирана со комбинација од врежување и пунктирање. Во средишниот дел изведени се неколку кратки врежи и неорганизирани мали пунктирања.

Датација: XIII-XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2007 година, Сектор 4, кв. Е6, во јама бр. 11

Непубликувано

Аналогии:

- Чангова Й., Селищте, стр. 107, сл. 87

**105. БЕЛЕГЗИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1001/ 09

Стакло, лиење во калап

Сочувана должина: 4,8 см

Ширина: 1,2 см

Дебелина: 0,4 см

Тежина: 4,81 см



Лентеста стаклена белегзија, со кружен пресек во средишниот дел и со правоаголен пресек на краевите. Сочуван е дел од еден крај. Стаклото е со небесно сина боја, а на

горната површина изведена е декорација со аплицирање на разни бои, во форма на крстови. Во долниот дел изведен е крст со јаболчести проширувања на краевите на краците, кој како главен мотив се повторува уште еднаш, најверојатно го имало низ цела белегзија. Во позадина се изведени боени линии во ралзични бои и форми. Наместа била аплицирана бела пастозна боја. Според дијаметарот на белегзијата, најверојатно била ставана на надлактица.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXI, целина Ф7.10.32, од Работилница 2

Непубликувано

Аналогии:

- Bikić V., Vizantijski import, 443 и 471 (според начинот на декорирање, но не и на употрбените декоративни елементи)

### 106. БЕЛЕГЗИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 0170/10

Стакло, боење

Сочувана должина: 2,4 cм

Ширина: 1,1 cм

Фрагмент од стаклена белегзија со кружен пресек. Направена е од монохромна стаклена паста со светло сина боја, на која одозгора е аплицирана темно сина боја. Изведениот мотив е варијанта на малтешки крст, со триаголно проширени краеви на краците, врамен во овална рамка, во облик на медалјон. Најверојатно овој медалјон се повторувал повеќе пати по должина на белегзијата.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2010 година, Блок XV, целина Ц2.17.3

Непубликувано

## 107. ПРИВРЗОК

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 5-0001/7

Бронза, лиење, пробивање

Висина (со алка): 3,9 см

Висина (без алка): 3,4 см

Ширина: 2,7 см

Дебелина: 0,15 см

Тежина: 4,76 см

Приврзок за граден ланец со благо овална форма. Во горниот дел има странично поставена кружна алка за закачување. Привзокот е декориран со пробивања во облик на розети. Една е поставени централно во долниот дел, а две други странично. Меѓу розетите има пробивања во флорална форма. Мазната задна страна покажува дека привзокот е лиен во едноделен калап.

Датација: XI-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 г., Сектор 5, целина D2.2.1

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 25

## 108. ПРИВРЗОК

***СКОПСКО КАЛЕ***





Музеј на град Скопје

Инв.бр. 2-0016/07

Бронза, лиење

Висина: 1,5 см

Ширина: 1 см

Дебелина: 0,2 см

Тежина: 1 гр

Кружен приврзок кој од аверсната страна е декориран до релјефно претставена осумлистеста розета. Розетата е врамена во кружна релјефна рамка. На горниот дел од приврзокот се наоѓа продолжеток на кој има кружна перфорација за протнување. Задната страна на приврзокот е мазна, што кажува дека предметот е лиен во едноделен калап.

Датација: XI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2, јама 8, заедно со осум други висулци со различни сферични форми

Библиографија:


- Митревски Д., Скопска тврдина, 25


**109. ПРИВРЗОК**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 1294/10

Бронза, лиење

Висина: 1,6 см

Ширина: 0,9 см

Дебелина: 0,2 см

Тежина: 1,03 гр

Кружен приврзок кој од аверсната страна е декориран до релјефно претставена осумлистеста розета. Розетата е врамена во кружна релјефна рамка. На горниот дел од приврзокот се наоѓа продолжеток на кој има кружна перфорација за протнување. Задната страна на приврзокот е мазна, што кажува дека предметот е лиен во едноделен калап.

Датација: XI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година

Непубликувано

**110. ПРИВРЗОК**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 0299/09

Бронза, лиење

Висина: 3,2 см

Ширина: 2,1 см

Дебелина: 0,2 см

Дебелина на алка: 0,6 см




Кружен привзрок кој на горниот дел има испуст, странично поставен. Низ испустот пробиена е кружна перфорација низ која е протната алка. Декорацијата е изведена со пробивање во шематизирана форма на срце. Долниот дел на привзрокот е извлечен како срце.

Датација: XI-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Блок XXXV, кв Б1

Непубликувано

**111. КРСТ ПРИВРЗОК**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 587/10

Бронзен лим , сечење, пробивање

Висина (само крст): 3,6 см

Висина: 8,1 см

Ширина: 3,1 см

Дебелина: 0,01 см

Тежина: 3,44 гр



Крст привсзок. Графичка форма на латински крст со заоблени краеви на краците. На краевите на краците на вертикалната греда пробиени се перфорации низ кои е протната жичка за надоврзување со по едно калотесто топчесто копче. Двете

топчиња се шупливо лиени и составени од две полукалотести делови, на кои има тенка јамка од жица.
Нема декорација на ниедна од страните на крстот.
Датација: X- XIII век
Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година
Непубликувано

**112. КРСТ ПРИВРЗОК**

***СКОПСКО КАЛЕ***






Музеј на град Скопје
Инв.бр. 1314/09
Бронза, лиење
Висина (сочувана): 3,4 см
Ширина (сочувана): 2,9 см
Дебелина: 0,3 см
Димензии по реконструкција: 5 x 4,4 см
Крст приврзок со графичка форма на лазаров крст. Сочувани се само горниот крак од вертикалната греда и левиот крак од хоризонталната греда, кои се во шематизирана форма на тролисна розета. На горниот крак се наоѓала алка за обесување, лиена заедно со крстот. Голем дел недостасува. Декорацијата била изведена релјефно, но од неа само траги се насетуваат. Најверојатно биле изведени релјефни концентрични кругови на секој од краците.
Датација: X - ран XII век
Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, блок XIV
Непубликувано
Аналогии:

- Алексова Б., Просек, 60, сл.284-Т.XXI;
- Манева Е., Накит, Т.37 (31/108-А);
- Ивановска С., Крстови, кат.ед.61
- Davidson R.G., Corinth, Plate 110, kat. br. 2080-2082

## 113. КРСТ ПРИВРЗОК

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 0074/07

Олово, лиење

Висина: 3 см

Ширина: 2,5 см

Дебелина: 0,3 см




Крст приврзок. Графичката форма е блага варијанта на малтешки крст, со сосема благо проширување на краевите од секој крак. На горниот крак заедно со крстот е лиена алка за закачување, која е свиткана. Декорација нема.

Датација: XI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2 В, целина DE2/3.14.1

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

Аналогии:

- Алексова Б., Просек, 60, сл.283-Т.XXI ;
- Манева Е., Накит, Т.37 (31/156); Манева Е., Симболи, 63, цртеж 5/д;

## 114. КРСТ ПРИВРЗОК

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 4-0278/07

Бронза, лиење

Висина: 5,2 см

Ширина: 4,7 см

Дебелина: 04 см

Тежина: 12,26 см



Крст приврзок. Графичка форма во развиена и раскошна варијанта на штакест крст (crux patibulata) и на сидрестиот крст (crux ancorata). На горниот крак од верикалната греда се наоѓа алка лиена заедно со крстот. Горниот крак на вертикалната греда завршува сидресто, додека долниот недостасува. Краевите на хоризонталната греда завршува штакасто односно секој крај на краците има троделни разлитоци, кои наликуваат на желади. Од предната страна на самиот крст се врежани тенки линии што ја следат формата на крстот, со што образуваат плитко врежан крст кој делува како декорација.

Датација: X-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 4, кв. F 3/4, (10.11.2007)

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

Аналогии:

- Христијанството, 24, кат.ед. 12;
- Кепеска Л., Грматје, 21,55;
- Ивановска С., Крстови, кат.ед. 40

### 115. КРСТ ПРИВРЗОК

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 523/09

Бронза, лиење

Висина (со алка): 3,6 см

Висина (без алка): 2,8 см

Ширина: 2 см

Дебелина: 0,3 см



Бронзен крст приврзок. Графичка форма на јаболчест крст во комбинација. На краевите на краците на вертикалната греда има по едно јаболчесто задебелување до кое има прстенест премин кон кракот. Краевите на краците на хоризонталната греда

триаголно се прошируваат. На горниот крак од вертикалната греда има лентеста алка за закачување, странично поставена.

Датација: XI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIV, целина A8.10.1

Непубликувано

Аналогии:

- Ивановска С., Крстови, кат.бр. 70

### 116. КРСТ ПРИВРЗОК

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 425/09

Бронза, лиење

Сочувана висина: 2,1 см

Соч. ширина: 2,5 см

Дебелина: 0,2 см






Бронзен крст приврзок, графичка форма на латински крст. Сочувани се три крака, односно недостасува долниот крак од вертикалната греда. На горниот крак откршена е алка за закачување. Крстот бил декориран, но е прилично оштетен па декорацијата (во рејлеф) не се препознава. И краевите на вертикалната греда се прилично оштетени.

Датација: VIII-IX век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 г., Блок VIII, целина J7.7.4

Непубликувано

## 117. КРСТ ПРИВРЗОК

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 14611

Бронза, лиење

Висина (со алка): 3,7 см

Висина (без алка): 3,1 см

Ширина: 2,3 см

Дебелина: 0,3 см

Тежина: 4,53 гр

Крст приврзок. Графичката форма е блага варијанта на малтешки крст, со сосема благо проширување на краевите од секој крак. На горниот крак има кружна алка, вертикално, дополнително поставена и кружно пробиена. Крстот не е конзервиран, па затоа на него не е препознатлива декорација.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2008 година, Градска територија, површински наод кај Големата ранохристијанска базилика со атриум (Базилика 2)

Непубликувано[1150]

## 118. КРСТ ПРИВРЗОК

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 14602

Бронза, лиење, сечење

Висина (со алка): 3,1 см

Висина (без алка): 2,8 см

Ширина: 1,9 см

Дебелина: 0,15 см

[1150] Благодарност до колешките Ленче ЈовановаАлексиевска и Марина Working Ончевска Тодоровска за отстапениот материјал

Тежина: 2,76 гр

Крст приврзок. Графичка форма на малтешки крст, со благо проширени краеви на краците. На горниот вертикален крак имало лентеста алка, странично поставена, сега е само мал дел од неа сочуван. Скршено е мало делче и од еден од хоризонталните краци. Декорација не е изведена на ниедна од страните.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2008 година, Градска територија, површински наод кај Големата ранохристијанска базилика со атриум (Базилика 2)

Непубликувано[1151]

## 119. КРСТ ПРИВРЗОК

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 28515

Сребро, лиење, вдлабнување

Висина (со алка): 2,8 см

Висина (без алка): 2,2 см

Ширина: 1,8 см

Дебелина: 0,3 см

Тежина: 3,72 гр

Крст приврзок. Графичка форма на грчки крст. На горниот вертикален крак се наоѓа лентеста алка, странично поставена. Декорација е изведена на аверсната страна со плитки кружни вдлабнувања. Централно со пет вдлабнувања е изведен крст. На секој од краците вдлабнувањата формираат триаголна форма. На реверсот исто така направени се мали кружни вдлабнувања: на едно на секој од краевите на краците и едно на средишниот дел на крстот.

Датација: VI век

---

[1151] ibidem

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година, Градска територија, Сектор V, кв. C2/164, откоп 3

Непубликувано[1152]

## 120. КРСТ ПРИВРЗОК

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 19459

Бронза, лиење, псеудогранулирање

Висина(со алка): 3,3 см

Висина (без алка): 2,8 см

Ширина: 2,2 см

Дебелина: 0,3 см

Тежина: 3,85 гр

Крст приврзок. Графичка форма на малтешки крст со остри проширувања на краевите на краците. На горниот крак на вертикалната греда има кружна алка, поставена странично и кружно перфорирана. Од аверсната страна рабовите на крстот се релјефно истакнати, што му дава оптичка длабочина на крстот. Во средината на крстот се наоѓа псевдогранула. Реверсот е мазен, недекориран.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2008 година, Источен бедем, Улица - горно ниво

Непубликувано[1153]

---

[1152] Благодарност до М. Ончевска Тодоровска од МГС за отстапениот материјал и благодарност до Бранко Величковски, конзерватор од ММ за извршената конзервација

[1153] Благодарност до колешките Ленче ЈовановаАлексиевска и Марина Ончевска Тодоровска за отстапениот материјал

## 121. КРСТ ПРИВРЗОК

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 20598

Бронза, лиење, врежување

Висина (со алка): 4 см

Висина (без алка): 3,3 см

Ширина: 2,9 см

Дебелина: 0,3 см

Крст приврзок. Графичка форма на малтешки крст, со благо проширување на краевите на краците. На горниот крак на вертикалната греда има лентеста алка, странично поставена. На аверсната страна со врежување е изведена претстава на Распетието Христово, прилично наивистички прикажано. Христовото лице е прикажано со врежана кружница, на кое очите се прикажани со тенко врежани кругови. Над Христовата глава врежана е лачна линија која треба да го претставува неговиот ореол. Синот Божји е облечен во долга наметка која скоро ги покрива и неговите стапала. Рацете се оранто поставени. Рабовите на крстот е релјефно појачани. На реверсот нема декорација.

Лево и десно од Христос се прикажани две фигури, но поради неконзервираноста на крстот, останатата декорација не се препознава.

Датација: VI-VII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2008 година, Источен бедем, до гроб 39 - крај нозете

Непубликувано[1154]

Аналогии:

- Седова М.В., Ювелирньие изделия, Т. 13, сл. 4

[1154] Благодарност до колешките Ленче ЈовановаАлексиевска и Марина Essential Ончевска Тодоровска за помоштаи отстапениот материјал

**122. КРСТ ПРИВРЗОК**

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***

Музеј на град Скопје

Тер. инв. бр. 56

Бронза, лиење

псеудогранулација

Висина: 1,3 см

Ширина:1,4 см

Длебелина: 0,2 см






Фрагмент од крст приврзок, сочуван не цел дел од еден крак. Графичка форма на лазаров крст, со заоблено проширување на краевите на краците. На средината на кракот на аверсната страна има брадавичесто испупчување. Ревесната страна е рамна, што укажува на едноделноста на калапот во кој бил лиен крстот.



Датација: VI - VII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2001 година, површински наод.

Библиогафија:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед 65[1155]

Аналогии:

- Миловановић Д., Крстови, 29, кат.ед. 9
- Davidson R.G., Corinth, Plate 110, kat. br. 2070

[1155] Благодарност до Киро Ристов за отстапениот материјал

## 123. КРСТ ПРИВРЗОК

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***



Музеј на град Скопје

Тер. инв. бр. 198/08

Бронза, лиење

вдлабнување

Висина (со алка): 3,5 см

Висина (без алка): 2,8 см

Ширина: 2,5 см

Дебелина: 0,2 см

Крст приврзок. Графичка форма на грчки крст со сосема благо проширени краеви на краците. Во горниот дел на вертикалната греда се наоѓа кружна алка, странично поставена. Од аверсната страна по рабовите на крстот изведена е низа на кружни вдлабнувања, густо распоредени. Оваа низа врамува крстесто вдлабнување во средината на крстот, кое има иста графичка форма со самиот крст. Реверсната страна е рамна и недекорирана. Крстот е лиен во едноделен калап.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2008 година, внатрешен дел од тид бр. 13, Сектор II/08

Непубликувано

## 124. КРСТ ПРИВРЗОК

***КРСТ, с. ОРЕШАНИ***



Музеј на град Скопје

Бронза, лиење, релјеф,

псеудо-гранулација

Висина: 3,1 см

Ширина: 2,3 см

Дебелина: 1 мм

Графичка форма на латински крст. Горниот дел на горниот вертикален крак е откршен каде имало кружна перфорација за протнување.

Аверсната страна е декорирана со стилизирана флорална декорација, со префинети и извиени форми на разлистени извиени гранки, кои имитираат лозови ластерки. На краевите на краците има по еден ред од густо поставени псеудо-гранули. Реверсот е без декорација.

Датација: IX-XI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 1995 г., случаен наод

Библиогафија:

- Ристов К., Каламадеска Михаилова Д., Орешани, 397, сл.10;
- Ивановска С., Крстови, кат.ед 64[1156]

## 125. ТОКА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-0160/07

Бронза, лиење

Должина: 3 см

Ширина: 2 см

Дебелина: 0,2 см

Тежина: 3,22 см



Лировидна тока на која и недостасува трнот. Предниот дел е кружен и на врвот се наоѓа релјефна претстава на осумлистеста розета. Задниот дел е правоаголен.

Датација: IX-X век (аналогично според Седова М.В., Ювелирньие изделия, 144, Т.56, сл. 1, припаѓаат на XI-XII век)

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, кв.Д5, кота 270,59

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 25

Аналогии:

[1156] Благодарност до Киро Ристов за отстапениот материјал

- Манева Е., Накит, 91/1, Т. 98, лировидна тока - примерок од лок. Св. Петнаесет маченици, Струмица;
- Седова М.В., Ювелирньие изделия, Т. 56, сл. 1

**126. ТОКА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-160/07

Бронза, лиење

Должина: I дел- 2,4 см, II дел- 1,4 см

Ширина: I дел -2 см, II дел- 1 см

Дебелина: I дел- 0,4 см, II дел- 0,25 см

Тежина: II дел: 4,19 гр, II дел-0,97 гр

Тока за појас во два дела. Едниот дел има лировиден облик и недостасува трнот. На врвот на токата се наоѓа релјефно триаголно испапчување. Одозгора на токата се изведени ситни врежување. Вториот дел има правоаголна форма .

Датација: IX-X век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, кв. Е5,6.3

Непубликувано

**127. ТОКА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 00180/09

Бронза, лиење

Должина: 2,6 см

Ширина: 2,3 см

Дебелина: 0,8 см

Лировидна тока со сочувана игла. Предниот дел е скоро кружно изведен, додека задниот е во неправилна правоаголна форма. На спојот меѓу двата дела е поставен коренот на трнот, кој со својот врв го преклопува заоблениот дел на токата.

Датација: XII-XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Сектор XXI, целина F8.5.2

Непубликувано

Аналогии:

- Davidson R.G., Corinth, Plate 114, kat. br. 2204

**128. ТОКА**

***СКОПСКО КАЛЕ***




Музеј на град Скопје

Инв. бр.00260/09

Сребро, лиење вдлабнување

Должина: 2,5 см

Ширина: 2 см

Дебелина: 0,9 см

Сребрена тока со трн за закопчување. Предниот дел е кружен, и напред релјефно е изведена четирилисна розета. Задниот е правоеаголен и од неговите агли изведени се заоблени продолжетоци. На спојот меѓу двата дела има машновидно задебелување, каде е поставен коренот на трнот, кој со својот врв достигнува и ја преклопува четирисната розета.

Датација: X век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIII, кв. D10

Непубликувано

Аналогии:

- Davidson R.G., Corinth, 272, kat. br. 2202
- Тотев Т., Дворцовия манастир, 98

## 129. ТОКА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр.0197/09

Бронза, лиење

вдлабнување

Должина: 2,1 см

Ширина: 1,7 см

Дебелина: 0,2 см






Бронзена тока. Предниот дел е кружен, а задниот е правоаголен. На спојот меѓу двата дела поставен е коренот на трнот, кој е единствениот сочуван дел од трнот.

Датација: X век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIII, кв. АВ 9

Непубликувано

Аналогии:

- Davidson R.G., Corinth, Plate 114, kat. br. 2204

## 130. ТОКА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1103/10

Бронза, лиење,вдлабнување

Должина: 3,2 см

Ширина: 1,4-2,3 см

Дебелина: 0,2 см

Тежина: 1,5 гр



Бронзена тока - копча, наликува многу на типот Милетин. Предниот дел е во цветолисна форма на која централно се претставени три допојасни фигури. Нивните ликови не се препознаваат, имаат само ребрести ореоли околу кружните глави.

Најверојатно се работи за скратена и упростена верзија на Дејзисниот чин. Долниот дел на токата е со овална форма. Централно е пробиена кружна перфорација.

Датација: VII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2010 година

Непубликувано

Аналогии:

- Јанковић Ђ., Српско поморје, сл. 60 и 61

## 131. ТОКА СУЧИДАВА



***СКУПИ***

Музеј на град Скопје

Бронза, лиење, пробивање

Висина: 4 см

Ширина: 2, 9 см

Дебелина: 0,5 см

Тежина: 13,12 гр

Тока сучидава, христијанска варијанта на типична војничка тока со пробиен крст во горната половина. Крстот е графичка форма на латински крст, но со остро завршување на краевите на двата хоризонтални краци и долниот вертикален. Има димензии 1,9 x 1,4 см. Лево и десно од крстот пробиени се две мали кружни перфорации. Под нив е пробиена месечеста форма. Во долниот дел на токата има правоаголен испуст. Од задната страна на токата сочувани се шарнирите за закачување.

Датација: втора половина на VI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година

Непубликувано

Аналогии:

- Тока - тип "сучидава", од Батајница, Белград, неоспорно датирано во VI век (Крст над ушћем, кат.бр. 82)

- Тока - тип “сучидава”, од лок. Доњичко Брдо, Крагујевац о лок. Царичин Град, Лесковац, средина и крај на VI век, (Jovanović A., Nakit, сл. 149 и 150)
- Токите од лок. Слокошница, Бугарија и од Салона - Јанковић Ђ., Становништво Балкана, стр. 185, сл. 1219 и 1275

**132. ТОКА СУЧИДАВА**

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***



Музеј на град Скопје

Бронза, лиење, перфорирање

Висина: 4,5 см

Ширина: 3,3 см

Дебелина: 0,3

Тока, од тип т.н. сучидава. На неа изведена е декорација со пробивање, односно пробиени се пет кружни перфорации распоред во форма на крст (една од перфорациите е пробиена во средишниот дел).

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2004

Библиографија:

- Ристов К., Таор, 224;
- Ристов К., Таор 2, сл. 12, апликација 2
- Ристов К., Архелошки истражувања, сл. 9, 79

Аналогии:

- Тока - тип “сучидава”, од Батајница, Белград, неоспорно датирано во VI век (Крст над ушћем, кат.бр. 83)
- Јанковић Ђ., Становништво Балкана, сл. 1217

**133. ТОКА СУЧИДАВА**



***ГРАДИШТЕ, с. ТАОР***

Музеј на град Скопје

Бронза, лиење, пробивање

Висина: 4 см

Ширина: 2, 9 см

Дебелина: 0,5 см

Тежина: 13,12 гр

Тока сучидава, христијанска варијанта на типична војничка тока со пробиен крст во горната половина. Крстот е графичка форма на латински крст. Лево и десно од крстот пробиени се две мали кружни перфорации. Под нив е пробиена месечеста форма.

Датација: втора половина на VI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година

Непубликувано

Аналогии:

- Тока - тип "сучидава", од Батајница, Белград, неоспорно датирано во VI век (Крст над ушћем, кат.бр. 82)
- Тока - тип "сучидава", од лок. Доњичко Брдо, Крагујевац о лок. Царичин Град, Лесковац, средина и крај на VI век, (Jovanović A., Nakit, сл. 149 и 150)
- Токите од лок. Слокошница, Бугарија и од Салона - Јанковић Ђ., Становништво Балкана, стр. 185, сл. 1219 и 1275

**134. ТОКА - ПОЈАСНА ПАФТА**

***СКОПСКО КАЛЕ***






Музеј на град Скопје

Инв.бр. 2-0019/07

Бронза, лиење, пунктирање

Висина: 3 см

Ширина: 1,6 см

Дебелина: 0,4 см

Дијаметар на розета: 1,6 см

Тежина: 3,75 гр

Еден дел од мала појасна пафта во форма на узенгија и со розетасто тело кое одозгора е украсено со мноштво кружни пункти, густо втиснати во телото, со т.н. мотив на „птичје око". Вториот дел има триаголна форма.

Датација: XII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2, јама 18

Непубликувано

Аналогии:

- Манева Е., Накит, 63/24, Т. 98 и 104, примерок од Варош, Прилеп

### 135. ТОКА - ПОЈАСНА ПАФТА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 494/09



Бронза, лиење

вдлабнување

Должина: 3 см

Ширина: 1,6 см

Дебелина на розета: 0,3-0,6 см

Тежина: 3,85 гр

Мала појасна пафта во форма на розета и со тело кое одозгора е украсено со мноштво кружни пункти, густо втиснати во телото, со т.н. мотив на „птичје око". Вториот дел има триаголна форма.

Датација: XII-XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIV, кв. А10

Непубликувано

Аналогии:

- Манева Е., Накит, 63/24, Т. 98 и 104, примерок од Варош, Прилеп

## 136. КОПЧЕ

***СКОПСКО КАЛЕ***




Музеј на град Скопје

Инв. бр. 00231/09

Бронза, лиење

вдлабнување

Висина: 2,2 см

Ширина: 2,2 см

Дебелина на глава: 0,2 см

Копче - нитна од бронза, во форма на розета. Составена е од осум латици чии рабови се лачни и мазнети. Меѓу латиците врежана е по една линија со што и меѓу себе се одвојуваат. На задната страна имала издаток копец за закачување, кој е откршен.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Сектор XV, кв. G3, целина G3.10.10

Непубликувано

Аналогии:

- Davidson R.G., Corinth, 142, kat. br. 1048

## 137. КОПЧЕ



Народен музеј во Белград

непозната локација од околина на Скопје

Инв. бр. 1894

Бронза, лиење

позлата, емајл

Висина: 2 см

Пречник: 3 см

Тежина: 9,09 гр

Копче во облик на купа. На малку издлабена основа од копчето се наоѓа копец за зацрвстување. Површината е украсена со стилизирани геометриски орнаменти. Цртежот е изведен со метална жица, а површината е исполнета со емајл со црвена, светла и темно-зелена боја. Околу работ изведени се низа на перфорации.

Му припаѓал на дворот на Немања и Стефан Првовенчани, според луксузноста на неговата изработка[1157].

Датација: прва половина на XIII век

Околности на откривање: Случаен наод од околината на Скопје, во приватна збирка

Библиографија:

- Манева Е., Накит, C/8, T.100;
- Радојковић Б., Накит, 98, T.30
- Бабиќ Б., Средновековно, кат. ед. 136

### 138. КОПЧЕ-АПЛИКАЦИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 0159/11

Бронза, лиење

вдлабнување

Висина: 2,5 см

Ширина: 2 см

Дебелина: 0,3 см



Бронзено копче со срцевидна форма. На рабовите има четири топчести заоблувања кои се вдлабнати и имитираат гранули. Можеби во нив била вметната стаклена паста или некој друг материјал. Во средишниот дел на копчето релјефно е изведен мотив на желад, свртен надолу. Тој е врамен со врежана срцевидна рамка. На задната страна сочуван е копец за закачување.

Датација: IX-X век

---

[1157] Радојковић Б., Накит, 98, T.30

Околности на откривање: Археолошко истражување 2011 година, Блок XV, случаен наод

Непубликувано

Аналогии:

- Kurnatowska Z., Slowianszczyzna poludniowa, sl. 52, 154

## 139. КОПЧЕ

***СКУПИ***



Музеј на град Скопје

Бронза, лиење

Висина: 1,6 см

Ширина: 1,7 см

Дебелина: 0,3 см

Тежина: 2,35 гр

Мало копче со срцевидна форма. Од предната страна релјефно е изведена декорација на желад свртен надолу. Од задната страна се наоѓаат две штрафчиња за закачување.

Датација: XI-XII век според Бајаловић-Хаџи Пешић М., Накит, бр. 497- Т. XIII/10, и XIII-XIV век според Седова М.В., Ювелирньие изделия, стр. 149-150, Т. 58, сл. 17

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година

Непубликувано

Аналогии:

- Бајаловић-Хаџи Пешић М., Накит, бр. 497- Т. XIII/10
- Седова М.В., Ювелирньие изделия, Т. 58, сл. 17

### 140. КОПЧЕ - АПЛИКАЦИЈА

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***



Музеј на град Скопје

Бронзено копче со срцевидна форма. На рабовите има шест топчести задебелувања кои имитираат гранули. Во средишниот дел на копчето релјефно е изведен мотив на желад, свртен надолу. Желадот е врамен во врежана срцевидна рамка, која ја следи ивицата на копчето. На работ на копчето изведени кружни испусти.

Датација: IX век според К. Ристов, IX-X век според Курнатовска

Околности на откривање: Археолошко истражување 2004

Библиографија:

- Ристов К., Таор, 224;
- Ристов К., Таор 2, сл. 12, апликација 1
- Ристов К., Архелошки истражувања сл. 9, 79

Аналогии:

- Бајаловић-Хаџи Пешић М., Накит, бр. 497- Т. XIII/10
- Kurnatowska Z., Slowianszczyzna poludniowa, sl. 52, 154

### 141. КОПЧЕ-АПЛИКАЦИЈА

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 30/01



Бронза, лиење

Висина: 2,3 см

Ширина: 1,7 см

Дебелина: 0,2-1 см

Тежина:3,5 гр.

Бронзено копче со капковидна (бисерна) форма. По работ има пет топчести задебелувања кои имитираат гранули. На долната страна сочувано е резето за закачување.

Датација: IX-XI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2001 година над бедем, 13 м јужно од ѕид 7, на длабочина од околу 35 см

Библиографија:

- Ристов К., Таор, 224;
- Ристов К., Таор 2, сл. 12, апликација 4
- Ристов К., Архелошки истражувања сл. 9, 79

Аналогии:

- Преславските копчиња од овој тип и форма, кои припаѓаат во IX-XI век (Българският средновековен град, кат.бр. 104)
- Kurnatowska Z., Slowianszczyzna poludniowa, sl. 52, 154
- Станојез Н., Некрополе, бр. 77-97

### 142. ИГЛА

***СКУПИ***





Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9029

Бронза, лиење

Ширина: 2,5 см

Дебелина: 0,5 см

Должина: 9,8 см

Бронзена украсна игла чија глава завршува во форма на птица. На главата и телото на птицата втиснат е орнамент "птичје око". Долниот дел на иглата е откршен.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања

Библиографија:

- Ончевска Тодоровска М., Скупи, сл. 2

Аналогии:

- Davidson R.G., Corinth, kat. br. 2354, 2355, 2356

### 143. НАУШНИЦА



***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 02/2000

Бронза, лиење, вдлабнување

Висина: 3,7 см

Ширина: 2,3 см

Дебелина: 0,1 см

Тежина: 1,5 гр.

Лунулеста наушница со две триаголни перфорации на телото. Едниот горен дел е скршен и недостасува. Во долниот дел додаден е приврзочен дел кој има крстаст облик. Тој во средината е решен со релјефно испакнати кругови, а краевите на краците се декорирани во тројни кружни псеудогранули.

Датација: VI-VIII век или VIII - почеток на IX век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2000 година, Сонда II, случаен-површински наод

Библиографија:

- Ристов К., Таор, сл. 7
- Ристов К., Таор 2, Сл. 10, обетка

Аналогии:

- Бајаловић-Хаџи Пешић М., Накит, бр. 244- Т. III/2
- Bikić V., Vizantijski import, 65

**144. ДЕЛ ОД ПОЈАСНА ГАРНИТУРА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1268/09

Бронза, лиење

вдлабнување

Висина: 3,8 см

Ширина: 1,5 см

Дебелина: 0,7 см



Бронзена апликација - приврзок, најверојатно дел од појасна гарнитура. На горниот дел се наоѓа кружна алка, бочно свртена, преку неа се протнувало јаженце или синџирче. Таа е прикачена за триаголен дел, кој во најостриот агол преминува во кружен дел. Од предната страна на кружниот дел со втиснување е изведена декорација со мотив на стилизиран цвет во круг.

Датација: X-XI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXI, целина Е7.2.12

Непубликувано

**145. ЈАЗИЧЕ**

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 29/01

Бронза, лиење,

Соч. должина: 3,4 см

Ширина: 1,5 см

Дебелина: 0,1-0,2



Фрагмент од јазичест украсен оков од појасна гарнитура, со издолжен листовиден облик. Ивиците се благо профилирани. Одозгора е релјефно декорирано со вегетабилни мотиви. Како главен мотив е претставен желад. Јазичето на едниот крај завршува заоблено, а на другиот е откршен делот каде би се наоѓала перфорација за закачување. Работ по целото јазиче е декорирано со плетни втиснувања, имитирајши филигран.

Датација: IX-X век според Курнатовска

Околности на откривање: Археолошко истражување 2001 година, над Бедемот, јужно од ѕид 7, на длабочина од околу 35 см.

Библиографија:

- Ристов К., Таор, 224;
- Ристов К., Таор 2, сл. 12, апликација 3
- Ристов К., Архелошки истражувања сл. 9, 79

Аналогии:

- Бајаловић-Хаџи Пешић М., Накит, бр. 496- Т. XIII/7
- Седова М.В., Ювелирньие изделия, Т. 58, сл. 8, 9, 12
- Kurnatowska Z., Slowianszczyzna poludniowa, sl. 52, 154

## в. КЕРАМИЧКИ ЧИНИИ

### 146. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА



*СКОПСКО КАЛЕ*

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 195 (166)

Глина, грнчарско колце, печење

премаз со енгоба, графито, шамп-леве,

премаз со глеѓ,

Висина: 10 см

Пречник на реципиент: 21 см

Дебелина на ѕид: 0,3 см

Длабока керамична чинија со (реконструирано) прстенесто дно. Од надворешната страна чинијата не е е декориран, само има премаз од разредена глеѓ. Одвнатре прво е премачкана со енгоба. Декорацијата е изведена во техника на шамп-леве. Декоративните елементи се поделени по фризови. Во горниот фриз, веднаш под ободот, изведени се извиени линиикои образуваат форми на полусрциња. Под тој фриз, наредени се наизменични поставени по два остри листови и по еден триаголник, свртен надолу. Централно е вцртана двојна кружница, без централен мотив во неа. На садот преовладува бледо-жолтеникава боја, додека цртежите се изведени со темно-кафени, па некаде и црна боја.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 1968 година

Библиографија:


- Од археолошкото богатство, кат.ед.795
- Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 157
- Babić B., Trouvaille, num. 12

## 147. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

*СКОПСКО КАЛЕ*

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1608/10



Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Висина: 8,5 см

Дијаметар на обод 22,6 см

Дијаметар на дно: 8,8 см

Дебелина на ѕид: 0,5 см



Длабока чинија, со обод вертикално извлечен нагоре и големо прстенесто дно. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела енгоба, која преоѓа и во горниот дел на надворешната страна. Потоа е изведена декорација со врежување со мотиви на спирала, кои се јавуваат во два фриза. Во двата фризови се не само со различна големина сликани, туку се поинакви и по боја, како и по начинот на кој се изведени. Користени се зелена боја и неколку нијанси на кафена. Ободот е исто така украсен со наизменични флеки од зелена и кафена боја. Целата внатрешност и дел од надворешноста на чинијата е премачкана со безбојна оловна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2010 година, Блок XV, Јама 15

Непубликувано

## 148. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

*СКОПСКО КАЛЕ*



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 194 (164)

Глина, грнчарско колце, печење

премаз со бела енгоба,

сграфито, шамп-леве, премаз со глеѓ

Висина: 7 см

Пречник на отвор: 23,5 см

Дебелина на ѕид: 0,5 см

Плитка чинија, со обод вертикално извлечен нагоре, и мало прстенесто дно. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела енгоба, а потоа е изведена декорација со врежување со мотиви во облик на срцевидни медалјони и двојни концентрични кругови. Целиот линеарен украс е изведен во сграфито техника со користење на темно-кафена боја. По секое изведување на медалјоните, во нивниот централен дел капнувана е по една зелена дамка. Целата внатрешност и дел од надворешноста на чинијата е премачкана со безбојна оловна глеѓ.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 1968 година

Библиографија:


- Од археолошкото богатство, кат.ед.799
- Уметничко богатство, стр. 50
- Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 155
- Babić B., Trouvaille, num.10

## 149. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***





Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1418/09

Глина, грнчарско колце, печење

графито, боење, премаз со глеѓ

Висина: 8 см

Дијаметар на обод: 15,6 см

Дијаметар на дно: 7,8 см

Дебелина на ѕид: 0,5 см

Длабока чинија со обод вертикално извлечен нагоре и мало прстенесто дно. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела енгоба, а потоа е изведена декорација со врежување со мотиви во облик на бршленови медалјони. Медалјоните се распоредени во два фриза, а централно на дното на садот е претставен цветен мотив кој е и врамен во двоен кружен медалјон. Целиот линеарен украс е изведен во сграфито техника со користење на темно-кафена боја. По секое изведување на медалјоните, во нивниот централен дел капнувана е по една зелена дамка. Целата внатрешност и дел од надворешноста на чинијата е премачкана со безбојна оловна глеѓ.

**Датација:** XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIV, целина Д8.19.2

Непубликувано

## 150. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 201 (165)

Глина, грнчарско колце, печење

премаз од бела енгоба,

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Висина: 5,4 см

Пречник на отвор: 21,5 см

Дебелина на ѕид:

Плитка и широко отворена чинија, со обод хоризонтално извлечен нагоре и прстенесто дно подигнато на ниска нога. Чинијата прво била премачкана со бела енгоба од двете страни. Потоа, внатрешноста со сграфито техника е декориран со мотив на стилизиран бршлен (во облик на срцевиден лист), кој се повторува девет пати во скоро иста форма. Позадината е шрафирана. На крај, чинијата е премачкана со жолта глеѓ.

Датација: XIII век, според Б. Бабиќ датирани во ран XIII век[1158]

Околности на откривање: Археолошко истражување 1968 година

Библиографија:

- Од археолошкото богатство, кат.ед. 800
- Микулчиќ И., Средновековни, 307, сл. 144
- *Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 156*
- Babić B., Trouvaille, num.11

[1158] Микулчиќ И., Средновековни, 307

## 151. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 3А-[illegible]3/07

Глина, грнчарско колце, печење

премаз од бела енгоба,

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Висина на чинија: 10 см

Дијаметар на обод: 20 см

Дијаметар на дно: 7 см





Дебелина на ѕид: 0,5 см

Плитка и широко отворена чинија, со слабо нагласено дно. Од внатрешната страна е премачкана со глеѓ со жолта боја, врз која е изведена сликарија со кафена боја. Претставен е крст во блага варијанта на графичка форма на малтешки крст. На краевите на краците декорацијата е дополнета со мали кругчиња, како и во центарот на крстот. Меѓу краците на крстот насликани се солзовидни листови на долги држалки. Полињата на крстот и неговите краци, како и листовите меѓу краците се ишрафирани со густи и нерамномерни линии.

Фактура од[illegible], без додатоци во чистата глина. Црвено печено.

Датација: Х[illegible]

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 3, целина Г1.13.6

Забелешка: Откриена е во фрагменти, па е составена и дел од неа е реконструиран.

Библиографија:

- Мит[illegible] Д., Скопска тврдина, 19

**152. КЕ ИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСК Е***



Музеј на гр опје, витрина 2

Инв.бр. 2-00 07

Глина, грнч ко колце, печење,

премаз со бе нгоба,

сграфито, со глеѓ

Висина: 9 см

Ширина: 18

Дебелина н : 0,5 см



Длабока чи со конусовидна форма, со обод профилира извлечен нагоре. Дното е прстенесто игнато на ниска нога. Целиот сад прво би мачкан со бела енгоба, а потоа внатрешно садот е целосно декорирана, прво со вре ње на основната декорација, потоа е изведено боењето на елементите, а на крај це сад од внатре е премачкан со премаз од безбојна глеѓ. Централно со сликање с на боја изведен е крст, графичка форма на грчки крст чии краеви на краците с се свиткуваат. Околу крстот насликан е фриз со наизменични мотиви на еин крст во правоаголна рамка и нацртани спирали меѓу краците, зелена фл ја имитира лист, вертикално поле што имитира столб и повторно зелена фл ваа комбинација се повторува четири пати во фризот. Околу него се *наоѓа тено во кој е во комбинација* изведен дел со коси штрафирања и сликана брановиди а. Истите во фризот се повторуваат три пати. Над неа, веднаш до ободот, п простор е исполнет со неколку спонтани потези на четка со земена боја. Прем безбојна глеѓ на целата претстава и дава сјаен изглед.

На надвор та на садот има траги од белата енгоба, како и случајно нанесен премаз од ата глеѓ.

Датација: - почеток на XIII век.

Околност ивање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2

Библиогр

- Митревски Д., Скопска тврдина, 19

**153. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје, витрина 1

Инв.бр. 2-0075/07

Глина, грнчарско колце,

врежување, боење, премаз

Длабока чинија со обод профилиран и извлечен нагоре. Дното е прстенесто и подигнато на ниска нога. Целиот сад прво бил премачкан со бела енгоба, а потоа внатрешноста на садот е целосно декорирана, прво со врежување на основната декорација, потоа е изведено боењето на елементите, а на крај целиот сад од внатре е премачкан со премаз од безбојна глеѓ. Централно со сликање со кафена боја изведен вегетабилен мотив, кој е поставен како крст, графичка форма на грчки крст чии краеви на краците спирално се свиткуваат нанадвор. Околу крстот насликани се бршленови листови во различни големини и бои (зелени и кафени нијанси). Ободот исто така е сликан со кафена и зелена боја. Изведени се коси линии, кои би требало да имитираат тордирање (турбан обод). На надворешноста чинијата е премачкната со бела белата енгоба, врз кој со сликање е изведен фриз од спирали, меѓу себе раделени со по три вертикални линии. Чинијата од двете страни има премаз од безбојната глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2, кв.X4

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 19

**154. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***





Музеј на град Скопје

Инв. бр. 01240/09

Глина, грнчарско колце, печење

врежување, боење, премаз

Висина: 9 см

Ширина: 18,7 см

Дијаметар на дно: 8,3 см

Дебелина на ѕид: 0,5-0,9 см

Дијаметар на дно: 8 см

Длабока керамичка чинија, реконструирана според неколку фрагменти. Прстенесто дно. Садот бил премачкан со бела енгоба од внатрешната страна, а потоа била изведена декорација со плитко врежување. Ободот е високо извлечен нагоре. Под него од внатрешната страна има два пара хоризонтално врежани линии. Како главен мотив изведена е несразмерна спирална линија, која се повторува во фриз осум пати на садот. Меѓу спиралите изведени помали спирали, кои на број исто така се осум. Одозгора садот е премачкан со премаз со темна боја, слична со темно-сивата боја на глината.





Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година.

Непубликувано

## 155. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

*СКОПСКО КАЛЕ*



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1199/09

Глина, грнчарско колце, печење

зграфито, боење, премаз со глеѓ

Висина: 15 см

Ширина: 22,4 см

Дебелина на ѕид: 0,6 см

Пречник на дно: 9,1 см



Длабока керамичка чинија, која била премачкана со бела енгоба од внатрешната страна, а потоа била изведена декорација со плитко врежување, а потоа пополнување на тие врежи со темно - кафена боја. Како главен мотив изведена е несразмерна спирална линија, која се повторува во фриз пет пати на садот. Меѓу спиралите се изведени и високи ластерки од жито, вкупно пет на број. Наместа, врз и околу спиралите, капнувано е по неколку зелени дамки. Одозгора чинијата е премачкана со светло - зелена глеѓ.



Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година

Непубликувано

**156. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 3Б-0001/07

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Димензии: 22,5 x 8,7 см

Керамичка чинија, која била премачкана со бела енгоба од внатрешната страна, а потоа била изведена декорација со плитко врежување, а потоа пополнување на тие врежи со темно - кафена боја. Како главен мотив изведена цветолисна крстеста форма, односно крст чие крави имаат форма на листови. Овој мотив е поставен централно на чинијата, па е врамен во двојна кружна рамка. Меѓу краците, поставени двојни полукругови. Околу рамката исведени се два фриза на полуплетенки. Дополнително чинијата е капнувана со разредена зелена и кафена боја. Одозгора чинијата е премачкана со светло - зелена глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 3Б

Непубликувано

**157. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 2А-0085/07

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Дебелина на ѕид: 0,6 - 1 см

Длабока керамичка чинија со ѕвонолика форма, обод благо извлечен нанадвор, подигната на високо прстенесто дно. По премачкувањето со бела енгоба од

внатрешната страна, била изведена декорација со плитко врежување, а потоа пополнување на тие врежи со темно - кафена боја.



Како главен мотив изведена цветолисна крстеста форма, односно крст чие крави имаат форма на листови. Краците/латиците се врамени со кружна позадина, што го истакнува флоралниот ефект на мотивот. Овој мотив е поставен централно на чинијата, па е врамен во кружна рамка. Дополнително чинијата е капнувана со разредена зелена и кафена боја, при што е даден акцент на зелените латици/краци.. Одозгора чинијата е премачкана со светло - зелена глеѓ. И од надворешната страна, веднаш под ободот, чинијата била декорирана со фриз од вегетабилна плетенка.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2А

Непубликувано

### 158. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 3-158/07

Глина, грнчарско колце, печење

шамп-леве, боење, премаз со глеѓ



Керамичка чинија, која била премачкана со бела енгоба од внатрешната страна, а потоа била изведена декорација со плитко врежување, а потоа пополнување на тие врежи со темно - кафена боја. Како централен мотив изведена тролисен стилизиран дабов лист врамен во све двојни кружни рамки. На ѕидот на чинијата, како фриз е изведела раскошна плетенка, меѓу која се поставени четирилисни дабови листови. Највисокиот дел од внатрешноста на чинијата, веднаш под ободот, е декориран со

фриз од линии во одлик на V. Дополнително чинијата е боена со зелена и жолта боја. Одозгора чинијата е премачкана со светло - зелена глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 3

Непубликувано

### 159. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА



***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-0223/07

Глина, грнчарско колце, печење

графито, боење, премаз со глеѓ

Соч. димензии: 17 х 8,3 см

Дебелина на ѕид: 0,5 - 0,8 см

Фрагмент од длабока керамична чинија. Обод накосо извлечен нанадвор. Однадвор се препознава ребро на вратот. Само внатрешноста е декорирана. Садот прво бил премачкан со бела енгоба, а потоа во техника на сграфито, изведена е декорација. Веднаш под ободот од внатрешната страна, врежана е бордура од мрежа, под која се наоѓа фриз од бадемовидни мотиви, од кои сочувани се само четири, но најверојатно биле распоредени низ целата чинија. Централниот мотив недостасува, но сочувана е само една брановидна линија која го фланкирала. Користени темни кафени и темно жолти тонови. Чинијата била премачкана со безбојна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9

Непубликувано

Аналогии:

- Чангова Й., Селищте, сл. 54, стр.58

## 160. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 2-0052/07

Глина, грнчарско колце, печење

боење, премаз со глеѓ

Димензии: 20,5 x 12 см





Длабока чинија со обод заоблен и високо прстенесто дно. Внатрешноста на чинијата прво била премачкана со бела енгоба од внатрешната страна, а потоа била изведена декорација со сликање. Целосно е декорирана со боени спирали, неорганизирано насликани, со различни големини.

Чинијата била премачкана со зелена глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2, кв. Н-3, целина 4.7

Непубликувано

## 161. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 5-0358/07

Глина, грнчарско колце, печење

зграфито, боење, премаз со глеѓ



Длабока керамичка чинија, со обод заоблен и извлечен нагоре. Чинијата е премачкана со

бела енгоба и декорацијата е изведена само од внатрешната страна. Веднаш под ободот изведен е кружен фриз кој е декориран со наместа капнувани зелени капки. Под овој фриз има друг фриз со спирали, составени од двојна линија пополнета со ситни мали цртки. Спиралите кон својот крај се отворени, прават облици на стилизирани “чадорчиња”. Одозгора чинијата е премачкана со безбојна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 5, Работилница 1

Непубликувано

**162. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на ФФ

Инв.бр. 5-034/07

Глина, грнчарско колце, печење сграфито, боење, премаз со глеѓ врежување

Висина: 6,3 см

Ширина: 14,2 см

Дијаметар на дно: 10 см

Дебелина ѕид: 0,8 - 1 см

Плитка керамичка чинија. Ободот е благо извлечен нанадвор. Дното е прстенесто. Садот бил премачкан со бела енгоба од внатрешната страна, а потоа била изведена декорација со плитко врежување, а потоа пополнување на тие врежи со темно - кафена боја. Како централен мотив изведени се спирали радијално поставени околу центарот на садот. Над нив прикажан е фриз со изведени ишрафирани кружници со несразмерна форма. Шрафираните кружници симболизираат калинка. Меѓу нив просторот е пополнуван со спонтана декорација на различни форми, меѓу кои се препознаваат ластерки од винова лоза. Одозгора садот е премачкан со безбојна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 5, Работилница 1

Непубликувано

Аналогии:

• Декорацијата на чинијата односно изведбата на кружни мрежасти полиња е идентична од онаа од керамичка чинија откриена на локалитетот комплекс Водочки цркви, Струмица (прикажана на предната корица на Зборникот на трудови посветен на Ј. Ананиев)







### 163. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 2-0084/07

Бронза, лиење

Висина: 8,7 см

Дијаметар на обод: 17,2 см

Дијаметар на дно: 7,7 см

Дебелина на ѕид: 0,5 - 1,1 см

Пречник на дно: 7,6 см

Длабока чинија, со обод вертикално извлечен нагоре и мало прстенесто дно. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела енгоба, а потоа е изведена декорација со врежување со мотиви во облик на дабови листови и кругови со точки во средината. Мотивите се подредени наизменично во фриз кој го опфаќа централниот дел на ѕидовите на чинијата. Позадината на целиот сад (од внатре) е шрафирана. Целиот линеарен украс е изведен во сграфито техника со користење на темно-кафена боја. Целата внатрешност и дел од надворешноста на чинијата е премачкана со жолтеникава оловна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2 А, целина KL 3-4.25.5

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27





**164. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 2-0062/07

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, шамп-леве

премаз со глеѓ

Висина: 9,4 см

Дијаметар на обод: 20 см

Дијаметар на дно: 7,3 см

Дебелина на ѕид: 0,3 - 0,9 см

Пречник на дно: 7,2 см

Длабока керамичка чинија, со обод благо извлечен нанадвор. Телото ѕвонолико. Ниско и прстенесто дно. Внатрешната страна е првично премачкана со бела енгоба, а потоа во комбинирана техника на сграфито и шамп - леве, направена е декорацијата. Под ободот изведен е фриз со геометризирани вегетабилни мотиви, нееднакви меѓу себе и се повторуваат низ цела чинија, во форма на триаголници и спирали. Централен мотив, на самото дно на чинијата, негрижливо изведена е спирала. Боењето е изведено со бледо-жолта, окер и светло-зелена боја. Одозгора чинијата е премачкана со безбојна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2, кв. H5-G5

Непубликувано

Аналогии:

- Георгиева С., Търново, сл 70/1-7 (стр. 103);

### 165. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-0172/07

Глина, грнчарско колце, печење

зграфито, боење, премаз со глеѓ

Висина: 6,2 см

Дијаметар на обод: 22,2 см

Дијаметар на дно: 8,5 см

Дебелина на ѕид: 0,4-1,4 см

Пречник на дно: 7,5 см



Плитка керамичка чинија, со обод закосен и благо извлечен нанадвор. Ниско и прстенесто дно. Внатрешната страна е првично премачкана со бела енгоба, а потоа во комбинирана техника на сграфито и шамп - леве, направена е декорацијата. Под ободот изведен е фриз со геометризирани V линии. Под овој фриз изведен е уште еден фриз со вегетабилни мотиви, нееднакви меѓу себе и се повторуваат низ цела чинија. Наликуваат на срцевидни линии, сочувани само три од фризот кој најверојатно бил распореден низ садот. Централниот мотив, на самото дно на чинијата, не се препознава. Чинијата е премачкана со безбојна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, кв. E8

Непубликувано

**166. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 2-0075/07

Глина, грнчарско колце, печење

зграфито, боење, премаз со глеѓ

Висина: 9 см

Дијаметар на обод: 27,4 см

Дијаметар на дно: 10,5 см

Дебелина на ѕид: 0,9-1,7 см



Длабока керамичка чинија, со обод хоризонтално извлечен нанадвор. Ниско и прстенесто дно. Двете страни на чинијата прво биле премачкани со бела енгоба, а потоа во комбинирана техника на сграфито и шамп - леве, направена е декорацијата. Од надворешната страна изведен е широк фриз на вертикални линии и спирани, наизменично поставени. Од внатрешната страна ободот одозгора е декориран со коси линии, со кои се имитира тордирање. Низ целиот сад изведени се вегетабилни / цветолики мотиви , кои наликуваат на бршленови листови и лозови ластерки. Садот е премачкан со безбојна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2, целина Н4.4.5

Непубликувано

**167. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1696/09

Глина, грнчарско колце, печење

зграфито, боење, премаз со глеѓ

Сочувано димензии: 13,5 x 8,5 см



Макс. дебелина на ѕид: 0,8 см



Фрагмент од керамична чинија, со ниско прстенесто дно. Обод е извлечен нагоре. Садот од внатрешната страна прво бил премачкан со бела енгоба, а потоа во техника на сграфито, изведена е декорација. Веднаш под ободот од внатрешната страна, врежан е фриз од спирали- боени со кафена боја, кои се повторуваат неколку пати (сочувани се една цела и две делумно), а меѓу нив изведени се ластерки. Централниот мотив е геометризирана форма на калинка или некој сличен егзотичен плод од овошје. Централниот мотив е врамен во перфектно изведени двојни кружници. Користени темни и светли зелени тонови. Чинијата била премачкана со зеленикава глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXI, целина C8.10.6

Непубликувано

Аналогии:

- Byzantine and Post-Byzantine Art, kat.br. 288
- Георгиева С., Търново, сл 70/1-7 (стр. 103);

**168. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 2А-0[illegible]3/07

Глина, грнчарско колце, печење, сграфито, боење, премаз со глеѓ

Соч. димензии: 12,2 x 10,3 см

Дијаметар на дно: 9 см

Дебелина на ѕид: 0,8-1,3 см




Фрагмент од голема плитка чинија, со прстенесто дно. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела енгоба, а потоа е изведена декорација во сграфито

техника. Централен мотив е дабов лист, врамен во медалјон од двојна (перфектно изведени) кружница. По ѕидот на чинијата, изведен е фриз од палметови зелени листови, врамени во растително изведени медалјони. Растителната рамка околу срцевидниот лист има форма на спирала со бледо зелена боја. Полето зад фризот е густо шрафиран. Целата внатрешност и дел од надворешноста на чинијата е премачкана со безбојна оловна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2А, целина KL3/4.25.5

Непубликувано

Аналогии:

- Георгиева С., Търново, сл 70/1-7 (стр. 103);

### 169. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***




Музеј на град Скопје

Инв.бр. 5-012./07

Глина, грнчарско колце, печење, сграфито, боење, премаз со глеѓ

Соч. димензии: 13 x 5,2 см

Дебелина на ѕид: 0,9 x 1,3 см

Фрагмент од керамична чинија. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела енгоба, а потоа е изведена декорација во сграфито техника. Главен мотив е палметов лист, врамен во растително изведен медалјон. Позадината е кафено обоена. Внатрешноста на чинијата е премачкана со безбојна оловна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 5, целина CD 1.11.15

Непубликувано

Аналогии:

- Георгиева С., Търново, сл 70/1-7 (стр. 103);

## 170. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1538/10

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Висина: 14,4 см

Ширина: 9 см

Дебелина на ѕид: 0,5 см

Фрагмент од керамичка чинија, со обод извлечен нанадвор. Садот е премачкан со бела енгоба од двете страна, а декорацијата е изведена само од внатрешната страна. Како централен мотив изведен е срцевиден зелен лист. Околу срцевидниот лист изведена е варијанта на палмета со бледо зелена боја. Полето зад овој мотив е шрафиран. Декорацијата е изведена во фриз, во кој централниот мотив се повторувал неколку пати.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година, Блок XV, F4/5.9.1

Непубликувано

Аналогии:

- Георгиева С., Търново, сл 70/1-7 (стр. 103);

## 171. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1185/09

Глина, грнчарско колце, печење

премаз со глеѓ

Соч. димензии: 8,2 x 7,3 см

Дијаметар на дно: 6 см

Дебелина на ѕид: околу 1 см

Фрагмент од керамичка чинија, сочувано високо прстенесто дно. Садот бил премачкан со бела енгоба од двете страна, а декорацијата е изведена само од внатрешната страна. Како главен мотив изведен е дабов лист, врамен во спирален медалјон. Медалјоните се повторуваат во фриз, и најверојатно биле осум во еден фриз. Позадината е густо шрафирана. Централно, во кружен медалјон изведен е шрафиран круг. Наместа капнувано е по неколку зелени дамки.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година

Непубликувано

**172. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 5-0346/07

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Соч. димензии: 8 x 7 см

Дијаметар на дно: 6 см

Дебелина на ѕид: околу 1 см

Пречник на дно: 6 см

Фрагмент од керамичка чинија, сочувано високо прстенесто дно. Садот бил премачкан со бела енгоба од само од внатрешната страна, а потоа била изведена декорацијата во техника на сграфито. Како главен мотив изведен е дабов лист, врамен во елипсовиден медалјон. Медалјоните се повторуваат фусто и нераспоредени во ред. Позадината е зелено боена. Целата внатрешност е премачкана со безбојна оловна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 5, целина CD1/CD2. 2.44

Непубликувано

## 173. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје
Инв. бр. 1586/09
Глина, грнчарско колце, печење
сграфито, боење, премаз со глеѓ
врежување
Сочувани димензии: 6,5 x 4,7 см
Дебелина на ѕид: 0,7 см

Фрагмент од обод од керамичка чинија. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела енгоба, а потоа е изведена декорација со врежување и боење на врежите со неколку нијанси на кафена боја, а наместа е капнато капка со зелена боја. На самиот обод одозгора врежани се две букви - инсигнии на Марија - Богородица **МР**.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIV, целина А10.16.39 а

Непубликувано

## 174. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје
Инв.бр. 2Ц-0022/07
Глина, грнчарско колце, печење
зграфито, боење, премаз со глеѓ
Соч. димензии: 5,7 x 5,9 см
Дебелина на ѕид: 0,6 см

Фрагмент од керамички сад, кој од надворешната страна има врежан натпис. Под вратот нагласени се три канелури, под кои изведен е натпис со плитко врежување, со словенско писмо, само во еден ред: † С Є К Ш

Датација: IX-XI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 2С, кв. Ј4

Непубликувано

Аналогии:

- При истражувања на дворскиот манастиир во Преслав, седиштетот на Бугарското царство, биле откриени бројни фрагменти садова керамика, глазирана и неглазирана со врежани кирилски букви и натписи - Тотев Т., Дворцовия манастир, сл. 19

**175. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 3-0110/07

Глина, грнчарско колце, печење врежување

1. димензии (дно): 11,2 x 2,2 см
2. димензии: 10,6 x 10 см
3. димензии: 6 x 3 см
3. димензии: 4,8 x 4,5 см

Четири фрагменти од керамична чинија, со прстенесто дно. Во внатрешноста на чинијата, покрај декорација со геометриски мотиви, врежани се мали крстови. На нив се наоѓаат монограми, врежани без ред и распоред.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 3, сонда 5, откоп 4.

Непубликувано

Аналогии:

- При истражувања на дворскиот манастиир во Преслав, седиштетот на Бугарското царство, биле откриени бројни фрагменти садова керамика, глазирана и

неглазирана со врежани кирилски букви и натписи - Тотев Т., Дворцовия манастир, сл. 19

• Во Велико Трново, Царевиот град, на сграфито керамица биле откриени бројно монограми на значајни личности од општеството, но и на некои бугарски цареви. Таа традиција продолжила и после времето на последниот бугарски цар Иван Шишман- до крајот на XIV века[1159]

**176. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ Е***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1184/09

Глина, грнчарско колце, печење

зграфито, боење, премаз со глеѓ

Сочувани димензии: 9,5 x 9,6 см

Сочувана висина: 2,8 см

Дебелина на ѕид: 0,8 см



Фрагмент (дно) од керамичка чинија со големо прстенесто дно. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела енгоба, а потоа е изведена декорација со врежување и боење на врежите со неколку нијанси на кафена боја. Главен мотив е медалјони со елегантна птица - гулабица, со долг врат и кренати крилја. Околу птицата боен е круг со жолта боја. Овој мотив се повторува уште два пати. Во истиот фриз надзира уште еден медалјон, и најверојатно имало уште еден, за вкупно да бидат четири. Меѓу овие медалјони изведена е флорална декорација, со деформирана форма во која е капнато капка со зелена боја. Централно, на самото дно на чинијата во двоен медалјон од врежани, а потоа боени двојни кафени кругови претставен е деформиран цвет. Целиот линеарен украс е изведен во сграфито техника со користење на темно-кафена боја. Целата внатрешност и дел од надворешноста на чинијата е премачкана со безбојна оловна глеѓ. Од надворешната страна на чинијата изведени се бели боени кругови на непремачкана чинија.

[1159] Георгиева С., Търново, 66-68

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIV, целина Е9.11.6

Непубликувано

### 177. КЕРАМИЧНА ЧИНИЈА

*СКОПСКО КАЛЕ*



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1611/09

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Соч. висина на чинија: 2,8 см

Сочувани димензии: 9,5 x 9,6 см

Дебелина на ѕид: 1,2 см

Фрагмент од керамичка чинија, сочувано само (престенесто) дно. Само нејзината внатрешност била декорирана. Прво чинијата била премачкана со бела енгоба, а потоа на неа бил нанесен цртеж со тенко врежување, чии линии потоа биле исполнети со светло кафена боја. Како централен мотив изведена е птица - гулабица, со долг елегантен врат, свртена со главата station наназад. Целото тело на гулабицата е шрафирано, истакнувајќи ги пердувите на нејзините крилја. Одозгора чинијата била премачкана со зелена глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XIV, целина Е9.11.6

Непубликувано

### 178. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***КАЛЕ, СКОПЈЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1598/09

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Сочуваниои димензии: 7,2 x 3,3 см

Дебелина на ѕид: 0,5 см



Фрагмент од керамичка чинија. Само нејзината внатрешност била декорирана. Прво чинијата била премачкана со бела енгоба, а потоа на неа бил нанесен цртеж со тенко врежување, кои потоа биле исполнети со кафена боја. Изведена е птица - гулабица, а сочувана е само нејзината глава и долгиот елегантен врат. Чинијата дополнително била боена со жолта и зелена боја, а одозгора била премачкана со боезбојна глеѓ.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година

Непубликувано

### 179. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 01703/09

Глина, грнчарско колце, печење

зграфито, боење, премаз со глеѓ

Висина: 9 см

Ширина: 21,8 см

Димензии: 20,6 x 10 см

Дијаметар на дно: 9 см

Дебелина на ѕид: 0,4-0,9 см



Фрагмент од длабока керамичка чинија, сочуван е само дел од стомакот и ниско прстенесто дно. Само нејзината внатрешност била декорирана. Прво чинијата била премачкана со бела енгоба, а потоа на неа бил нанесен цртеж со тенко врежување, кои

потоа биле исполнети со кафена боја. Изведена е птица со широко отворени крила, долг врат и глава свртена во лево. Телото е исполнето со полукружни линии и точки, со што се означени нејзините пердуви. Крилјата се изведени со долги врежани линии.

Поставеноста на птицата со широко отворените крилја имитира лет на феникс. На целата површина капнувани се неколку зелени дамки. Одозгора чинијата била премачкана со безбојна глеѓ.



Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXI, целина C7.1.3, рецентен слој до с/и бедем

Непубликувано

**180. КЕРАМИЧНА ЧИНИЈА**

***МАРКОВИ КУЛИ, ВОДНО***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 343

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Ширина: 25 см

Дно: 9,3 см



Плитка керамичка чинија со обод хоризонтално извлечен нанадвор и мало прстенесто дно. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела енгоба, а потоа е изведена декорација со врежување. Централно на дното во двоен, кружен медалјон е претставена птица - гулабица со долг врат, свртена station наназад, крилјата и се подигнати, а нозете во расчекор. Во заднината на птицата изведени се разни линеарни, геометриски и флорални форми. Околу неа е празен фриз, а околу него фриз со мотиви во облик на бршленови лисја врамени во медалјони. Ободот е декориран со

фриз од кафени капки, кои прецизно распоредени го исполнуваат целиот обод. Целиот линеарен украс е изведен во сграфито техника со користење на темно-кафена боја. По секое изведување на медалјоните и на дел на централниот мотив, во нивниот централен дел капнувана е по една зелена дамка. Целата внатрешност и дел од надворешноста на чинијата е премачкана со жолтеникава оловна глеѓ, па поради тоа целиот сад има жолтеникаво-кафен одблесок. Од надворешната страна изведен е фриз од сликани кругови со бледо-жолтеникава боја.

Датација: XI-XII век

Околности на откривање: Археолошко заштитно истражување 1979 (80) година, Голема цистерна

Библиографија:

- Уметничко богатство, 119;
- Микулчиќ И., Средновековни, 289, сл 133;
- Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно, 212-213

## 181. КЕРАМИЧНА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

МГС

Инв.бр. 4-0351/07

Глина, грнчарско колце, печење, сграфито, боење, премаз со глеѓ

Димензии: 22,5 x 5 см



Длабока и широка чинија, со обод извлечен нагоре и прстенесто дно подигнато на ниска нога. Внатрешноста на чинијата прво била премачкана со бела енгоба, која излегува на дел и од нејзината надворешност. Декорацијата е изведена во централниот дел на внатрешноста со мотив на нежна птица - паун. Птицата е врамена во двојно врежани кругови. Под ободот е изведени се темно - зелени флеки. Одозгора

цртежот со врежување е премачкан со безбојна глеѓ. Наместа на чинијата нафрлани се неколку темно-кафени (костенливи) флеки.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 4

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

Аналогии:

- Георгиева С., Търново, сл 76/2 (стр114);

## 182. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1536/10

Глина, грнчарско колце, печење сграфито, боење, премаз со глеѓ

Висина: 17 см

Ширина: 10 см

Дебелина на ѕид: 0,6 см

Керамичка чинија со профилиран обод извлечен нагоре. Садот од двете страни бил премачкан со бела енгоба, а само од внатрешната била изведен декарација со плитко врежување. Потоа била внесувана кафена боја во врежите. Сочуван е само дел од декорацијата: крило од паун исполнето со лачни линии кои ги означуваат нејзините пердуви. Сочувано е само мал дел од прстенесто дно.

Керамиката е од убава и прочистена глина, подеднакво печена со црвена боја.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2010 година, Блок XV, Г1.14.2

Непубликувано

## 183. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА



***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 01110/09

Глина, грнчарско колце, печење

бела енгоба, премаз со глеѓ

Висина: 4,5 см

Дијаметар: 54,7 см

Дебелина на ѕид: 0,5-0,8 см

Дијаметар на дно: 10 см

Плитка керамичка чинија. Ободот е хоризонтално извлечен нанадвор. Прстенесто дно. Садот ц двете страни бил премачкан со бела енгоба, а само од внатрешната била изве екорација со плитко врежување. Потоа била нанесувана кафена боја во врежите нтрално е поставена фигура на голема птица - орел, која го покрива скоро г централен дел на чинијата. Орелот е линеарно прикажан, а само пердувите на лата се назначени со густо врежани линии. Пред орелот поставена е висока фигу, како дополнителен декоративен елемент. По работ на ободот врежани се спирал инии, несразмерни, а потоа пополнувани со кафена боја.

Керамиката е од убава и прочистена глина, подеднакво печен ветло црвена боја.

Датација: XII -XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 год

Непубликувано

Аналогии:

- Byzantine and Post-Byzantine Art, 274
- Георгиева С., Търново, сл. 71-74 (стр. 105-108);

## 184. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на ФФ

Инв.бр. 01425/09

Глина, грнчарско колце, печење сграфито, боење, премаз со глеѓ врежување

Висина: 7,5 см

Соч. ширина: 7,5 см

Дијаметар на дно: 7,3 см

Дебелина ѕид: 0,5 x 0,8 см



Фрагменти од длабока керамичка чинија. Ободот е извлечен нагоре. Дното е прстенесто и високо подигнато. Садот бил премачкан со бела енгоба од внатрешната страна, а потоа била изведена декорација со плитко врежување, а потоа пополнување на тие врежи со темно - кафена боја. Како главен мотив изведени четири еленски рогови кои ротираат околу централно изведена кружница. Еленските рогови се споредуваат со „среблото на животот”, поради нивната разгранетост, но и поради способноста на нивно обновување. Роговите не се сразмерни, биле изведувани со слободна и непрецизна рака. Меѓу нив просторот е пополнуван со спонтана декорација со зелена боја. Одозгора садот е премачкан со безбојна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година

Непубликувано

## 185. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 154

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, шамп-леве,

бела енгоба, премаз со глеѓ

Висина: 6,5 см

Дијаметар на обод: 29 см



Фрагмент од плитка керамичка чинија (направена е реконструкција). Ободот искосен и извлечен нанадвор, а днот е прстенесто. Чинијата прво била премачкана со бела енгоба од внатрешната страна. Под ободот е врежана широка бордура со мотив мрежа. Во централниот дел на чинијата со сграфито техника изведена е фигура на животно, кое наликува на куче или волк. Животното со главата е свртено во лево и има грива која паѓа надолу по неговото тело. Очите му се нагласени со две кружници. Сочувани се само предните две нозе од животното. Околу него (во позадина) изведена е декорација со дабови листови и деформирани полупалметови гранки. Чинијата била премачкана со безбојна глеѓ.

Датација: XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 1967 година

Библиографија:


- Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 154
- Babić B., Trouvaille, num.6

## 186. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1498/09

Глина, грнчарско колце, печење

сграфито, боење, премаз со глеѓ

Сочувани димензии: см

Дебелина на ѕид: 0,8 см



Фрагмент од керамичка чинија. Само нејзината внатрешност била декорирана. Прво чинијата била премачкана со бела енгоба, а потоа на неа бил нанесен цртеж со тенко врежување, чии линии потоа биле исполнети со светло кафена боја. Како централен мотив изведен е грифон односно животно со кучешка (или волчја) глава и тело на птица. Одозгора чинијата била премачкана со боезбојна глеѓ.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година

Непубликувано

## 187. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 224 (57)

Глина, грнчарско колце, печење

бела енгоба, сграфито,

шамп-леве, премаз со глеѓ

Висина: 9,5 см

Пречник на отвор:18,5 см

Дебелина на ѕид:



Керамичка чинија широко отворена, со заоблен обод. Има прстенесто дно, конусно извлечено нанадвор. Од внатрешната страна чинијата прво е премачкана со бела

енгоба, а потоа е изведена декорацијата. По работ на садот е врежана бордура од мрежа. Во средишниот дел, во техника на сграфито има претстава на лав свртен надесно и завртена глава station наназад. Околу него во истата техника изведена е флорална декорација односно мотиви на бршленови листови и ластерки. Целата внатрешност и дел од надворешноста на чинијата е премачкана со безбојна оловна глеѓ.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 1968 година

Библиографија:

- Од археолошкото богатство, кат.ед.798
- Микулчиќ И., Средновековни, 307, сл. 144
- Бабиќ Б., Средновековно, кат.бр.153
- Babić B., Trouvaille, num. 5

## 188. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 197 (158)

Глина, грнчарско колце, печење

премаз со бела енгоба,

сграфито, шамп-леве, премаз со глеѓ

Висина: 4,8 см

Пречник на отвор: 25,3 см

Дебелина на ѕид:

Плитка керамичка чинија широко отворена. Обод благо извлечен нанадвор. Има ниско прстенесто дно. Целиот сад е премачка со премаз од бела енгоба. По работ на садот од внатрешната страна, врежана е бордура од мрежа. Во средишниот дел, во техника на сграфито и шамп-леве, има претстава на лав свртен надесно и завртена глава наназад. Лавот има грифонска изведба. Околу него во истата техника изведена е флорална декорација односно мотиви на бршленови листови и ластерки.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 1968 година

Библиографија:

- Од археолошкото богатство, кат.ед.797
- Микулчиќ И., Средновековни, 307, сл. 144;
- Babić B., Trouvaille, num.3
- Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 151

## 189. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 159

Глина, грнчарско колце, печење

премаз со бела енгоба,

сграфито, шамп-леве, премаз со глеѓ

Висина: 4,5 см

Пречник: 24,5 см

Плитка керамичка чинија широко отворена. Има ниско прстенесто дно. Целиот сад е премачка со премаз од бела енгоба. По работ на садот од внатрешната страна, врежана е бордура од мрежа. Во средишниот дел на чинијата, во техника на сграфито и шамп-леве, прикажан е лав свртен во десно, со зафрлена глава station наназад. Лавот потсетува на грифон по својата робусност. Околу лавот се наоѓа ластер од лозинка со лисја од бршлен. Наместа на чинијата капнати се неколку светло-зелени и кафени флеки и од внатрешната и од надворешната страна.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 1968 година

Библиографија:

- Babić B., Trouvaille, num.4
- Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 152

## 190. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 157

Глина, грнчарско колце, печење

премаз со бела енгоба,

сграфито, шамп-леве, премаз со глеѓ

Висина: 4,8 см

Пречник на отвор: 26,5 см

Плитка керамичка чинија широко отворена. Обод вертикално извлечен нагоре. Има ниско прстенесто дно. Целиот сад е премачка со премаз од бела енгоба. По работ на садот од внатрешната страна, врежана е бордура од мрежа. Во средишниот дел на чинијата, во техника на сграфито и шамп-леве, прикажан е лав кој главата ја држи напред, вдесно во правецот на неговото движење. Лавот потсетува на грифон по својата робусност. Околу лавот се наоѓа ластер од лозинка со лисја од бршлен. Наместа на чинијата капнати се неколку светло-зелени и кафени флеки и од внатрешната и од надворешната страна.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 1968 година

Библиографија:

- Babić B., Trouvaille, num.2
- Бабиќ Б., Средновековно, кат.ед. 150

## 191. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 160

Глина, грнчарско колце, печење

премаз со бела енгоба,

зграфито, шамп-леве, премаз со глеѓ

Висина: 4,5 см

Пречник на обод: 26,5 см

Плитка керамичка чинија широко отворена. Обод вертикално извлечен нагоре. Има ниско прстенесто дно. Целиот сад е премачка со премаз од бела енгоба. По работ на садот од внатрешната страна, врежана е бордура од мрежа. Во средишниот дел на чинијата, во техника на сграфито и шамп-леве, прикажан е лав кој главата ја држи напред во правецот на неговото движење. Лавот потсетува на грифон по својата робусност. Околу лавот се наоѓа ластер од лозинка со лисја од бршлен. Наместа на чинијата капнати се неколку светло-зелени и кафени флеки и од внатрешната и од надворешната страна.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 1968 година

Библиографија:

- Babić B., Trouvaille, num.1

**192. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 01695/09

Глина, грнчарско колце, печење

релјеф

Соч. димензии: 4,2 x 4,7 см

Дебелина на ѕид: 1 см

Фрагмент од керамичка чинија. Од едната страна од калап изведена е декорација во релјеф, на која се претставени: долен екстренитет од човек, босоног со нагласени прсти и две нозе од птица - најверојатно орел. Поставени се на некаква подлога.

Фактурана на фрагментот е одлична, од прочистена глина; светло-црвено печено.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Блок XXI, целина C8.10.6a, кота 287.20

Напубликувано

## 193. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА




***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 01702/09

Глина, грнчарско колце, печење

врежување

Соч. димензии: 6,2 x 4,5 см

Дебелина на ѕид: 1 см

Фрагмент од керамичка чинија. Од едната страна изведена е декорација со врежување, на која е претставена човечка фигура во од, босоног и без облека, со штит и копје во рака. Претставата е скромна и наивистичка.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Блок XXI, целина C8.9.17, јама 1, кота 287.00

Напубликувано

## 194. КЕРАМИЧКА ЧИНИЈА




***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 5-0345/07

Глина, грнчарско колце, печење

премаз со бела енгоба,

зграфито, шамп-леве, премаз со глеѓ

Соч. димензии: 9 x 6,5 см

Дебелина на ѕид: 1 см

Фрагмент од керамичка чинија. Од едната страна изведена е декорација со врежување, на која е претставена дел од човечка рака која држи меч.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Арх. истражувања 2009 г., Сектор 5, целина CD1/CD2.2.36

Напубликувано

# г. Varia

## 195. АМПУЛА - ЕВЛОГИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 1234/10

Олово, лиење

Висина: 5,1 см

Ширина: 4,4 см

Дебелина: 0,8 см

Тежина: 42,52 гр

Ампула - евлогија со форма на матарка. Има кружно и сплескано тело, висок цилиндричен врат и две кружни држалки закачени на вратот. Телото е оштетено односно на два пати пробиено. На телото имало релјефна декорација, во поголемиот дел оштетена. Од она што е сочувано, на едната страна се гледа допојасна претстава на светец, околу која релјефно е прикажан ореол. Ликот на светецот е прикажан со линии, кои наликуваат на крст. Затоа претпоставуваме дека е претставен Исус Христос. Околу ликот, површината е декорирана со кратни линии распоредени радијално. Исто така се препознава дел од неговата гардероба во делот на раменицте, која наликува на свечена благородничка одежда. На површината на задната страна, која исто така е многу оштетена, се надѕираат контури исто така допојасна фигура на светец, но и релјефно прикажан крст од неговата лева страна. Не може со сигурност да се напреви идентификација на пандaнот на Христос на оваа евлогија, но според аналогиите може да се претпостават неколку ликови: Св. Димитриј, Богородица, но најверојатно Св. Теодора, поради поврзаноста на евлогиите со култот кон Св. Теодора.

И околу него површината е декорирана со кратки линии распоредени радијално. Евлогијата била користена за чување на света маслена течност - миро.

Датација: крај на XII - почеток XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2010 година

Непубликувано

Аналогии:

- Во Dumbarton Oaks Byzantine Collection се наоѓаат група на евлогии, во кои освен керамичните од раниот средновековен период, вбројани се и оние од олово од полниот среден век, кои директно се врзуваат со култут кон Св. Теодора и со треодоретите - Vikan G., Byzantine Pilgrimage Art, f. 32, 34. p, 40
- Седова М.В., Ювелирньие изделия, 172, сл. 73, Византиската оловна ампула од Новгород, која во релјеф на едната страна има допојасна претстава на Исус Христос, а на другата страна исто така допојасна претстава, но оваа е на Св. Димитриј кој држи руски крст во едната рака. Двајцата имаат инсигнии крај главите. Ампулата е датирана во XII век и потекнува од Цариград.
- Davidson R.G., Corinth, 75, num. 573, 574, 575, Позната е збирката од Коринт од оловни ампули, декорирани најчесто есо ликот на Богородица, но и со разни геометриски и флорални мотиви.
- Милошевић Д., Уметност, кат. бр. 104, Евлогија од Сталаќ кај Крушевац, Србија, на која претставени се од една страна Св. Димиртиј, а од друга Св. Теодор, XIV - XV век
- Битракова Грозданова В., Голем Град Преспа, 95-100, сл. 71 и 72, Слични примероци се откриени на Голем Град, Преспа, на едниот (од двата) што е откриен во црквата посветена на Св. Димитриј, претставени се на едната страна Св. Димитриј, а на другата Св. Теодора и уште еден примерок откриен на Плаошник, во Охрид
- Скоро иста ампула откриена е од локалитет во Прилеп, се чува во Музејот на ФФ, витрина 1, на која поради силната оштетеност на телото, исто така не може да се направи идентификација на претставените допојасни фигури

**196. АМПУЛА - ЕВЛОГИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-0162/07

Олово, лиење

Соч. висина: 2,4 см

Ширина: 2,5 см

Дијаметар на дно: 2,5 см

Дебелина на ѕид: 0,1 см

Тежина: 9,89 гр



Мала оловна ампула - евлогија со цилиндрична форма. Ободот недостасува. Дното е рамно и има овална форма. Од надвор цела површина е декорирана со релјефни претстави со флорални мотиви меѓу кои се испреплетуваат крстести форми, розети и кругови. Предметот е значително оштетен на телото и недостасува голем дел од дното.

Датација: крај на XII - почеток на XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, целина DE5,6.3; кота 270,59

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 31

**197. АМПУЛА - ЕВЛОГИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-153/07

Олово, лиење

Висина: 2,8 см

Ширина: 2,7 см

Дебелина на ѕид: 0,1 см

Дијаметар на обод: 1,8 см



Дијаметар на дно: 2,7 см

Тежина: 20,36 гр

Ампула - евлогија од олово со конусовидна форма. Обод е заоблен. Дното е рамно и со овална форма. Од надвор цела површина е декорирана со релјефни претстави со флорални мотиви меѓу кои се испреплетуваат крстести форми, розети и кругови. Во долниот дел изведен е фриз со андреини крстови. И дното е декорирано со релјефни плетенки. Дното е оштетено и недостасува дел. Предметот претрпел оштетување при силен оган, при што се стопила дел од релјефната декорација.

Датација: крај на XII - почеток XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, целина DE5,6.4

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 31

### 198. КАПАЧЕ ОД АМПУЛА - ЕВЛОГИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-153а/07

Оловоа, лиење

Должина: 3,4 см

Ширина: 1,7 см

Дебелина на ѕид: 0,1 см

Тежина: 5,66



Капаче од оловно ампула со овална форма. Од надвор цела површина е декорирана со релјефни претстави со флорални мотиви меѓу кои се испреплетуваат крстести форми, розети и кругови. Работ на капачето е исто така декорирано со релјефни коси линии, наизменично поставени така да формираат триаголници. Капачето претрпело оштетување при силен оган, при што се оштетил дел од релјефната декорација.

Датација: крај на XII - почеток на XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, целина DE5.6.4

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 31

Забелешка: Капачето не одговара за затворање на ниту една од двете претходно опишани ампули, најверојатно затоа што од оган изменета е неговата првобитна форма

**199. КРСТ АПЛИКАЦИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 652/9

Железо, ковање

Висина: 3,6 см

Ширина: 3,3 см

Дебелина: 0,8 см






Графичка форма на грчки крст. На аверсната страна нема декорација, додека на реверсот има остатоци од откршени клинчиња со кои крстот бил заковуван за дрвена површина. Во средишниот дел има кружна перфорација, преку која со штрафче бил прицврстуван за дрвена подлога.

Рабовите на крстот се значително оштетени.

Датација: е многу тешко да се одреди поради тоа што овој тип на крстови апликации биле користени во долг временски период без да се промени начинот на нивната изработка.

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Блок XIV, целина H8.7.5

Непубликувано

**200. КРСТ АПЛИКАЦИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 141/09

Бронза, лиење

Висина(сочувана): 4,2 см

Ширина: 4 см

Дебелина: 0,6 см




Графичка форма на јаболчест крст. Краците завршуваат кружно. Долниот крак од вертикалната греда е прав, со што на крстот му се дава тролисна форма. На задната страна има остатоци од откршени трнчиња со кои крстот бил аплициран на дрвена површина.

Датација: XIII-XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, блок XXI, целина C8.5.10, крај с/и дел од Бедем

Непубликувано

**201. КРСТ АПЛИКАЦИЈА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 0386/09

Железо, ковање

Висина (реконструирана): 2,5 см

Ширина (реконструирана): 2,5 см

Дебелина: 0,2 см

Тежина: 15 гр




Железен крст апликација, фрагментиран, едниот крак е откршен. Графичка форма на грчки крст со благо проширени краеви на краците. На задниот дел има остаток од клинче со кое бил заковуван на дрвена подлога, најверојатно кутија. Доста е оштетен.

Датација: VI век или реминисценција во XII - XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXVIII , целина F4.3.4

Непубликувано

## 202. КРСТ АПЛИКАЦИЈА



***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 705/09

Бронза, сечење, нитување

Висина: 7 см

Ширина: 6,9 см

Дебелина: 0,2 см

Бронзен крст, графичка форма на грчки крст. Составен од две греди од тенок бронзен лим сечен со правоаголна форма. Гредите се споени во своите средини со мало бронзено клинче со мала кружна глава. Декорација нема.

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXI, целина Б7.6.8; кота 287.46

Непубликувано

Аналогии:

- Ивановска С., Крстови, кат.бр. 89 со процесиски крст од "Марково Кале", с. Модриште, Македонски Брод и крстови разводници 92, 94, 95, 98, 100

## 203. КРСТ АПЛИКАЦИЈА




***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1319/09

Бронза, лиење глачање

Соч. висина: 4 см

Ширина: 3,8 см

Дебелина: 0,4 см

Тежина: 10 гр

Мал крст апликација. Графичка форма на јаболчест крст. Краците на хоризонталната греда завршуваат кружно. Недостасува горниот вертикален крак. Долниот крак од вертикалната греда правоаголно издолжен а на крајот е триаголно наострен во облик на трн (најверојатно од оваа страна е аплициран за дрвена подлога). Целата површина на крстот е мазнета - глачана со цел да се добие повисока сјајност.

Датација: IX-XI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXI, целина C8.9.18, кота 286.10, јама 1

Непубликувано

### 204. КРСТ АПЛИКАЦИЈА

***ГРАДИШТЕ, с.ТАОР***




Музеј на град Скопје

Тер. инв. бр. 58

Железо, ковање

Висина: 7,1 см

Ширина: 3 см

Крст апликација за кутија односно оплата за дрвен предмет. Графичка форма на малтешки крст, недостасуваат делови од едниот хоризонтален крак и дел од горниот вертикален крак. Задната страна е споена со правоаголно парче железо, на кое има клин со кој се спојувал со дрвена подлога.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2001, крај бедемот.

Библиогафија:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед 118[1160]

## 205. КРСТ АПЛИКАЦИЈА

*ГРАДИШТЕ, с. ТАОР*

Музеј на град Скопје

Тер. инв. бр. 367/09

Железо, ковање,

нитување

Соч. висина: 18 см

Соч. ширина: 15 см

Дебелина: 0,1 см





Крст апликација за дрвена основа, најверојатно кутија. Графичка форма на латински крст, со сосема благо проширување на краевите на краците. Сочувани се само еден крак од вертикалната греда, еден крак од хоризонталната греда и нивниот спој со мало клинче во средината. Најверојатно бил декорација на некоја дрвена кутија, на која и се прикачувал со истото клинче кое ги спојува двете греди на крстот.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Куќа 4 (објект за домување)

Непубликувано

## 206. АПЛИКАЦИЈА

*СКОПСКО КАЛЕ*

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 1251/ 09

Сребро, лиење

релјеф, вдлабнување

Должина: 3,6 см

Ширина: 0,8 см

Дебелина: 0,3 см



[1160] Благодарност до Киро Ристов за отстапениот материјал

Сребрена апликација во форма на јазиче, можеби дел од појасна гарнитура, со релјефно изведени крстови и писмо, сочувано само на крајниот десен дел: графичка форма на латински крст и П. Во централниот дел има кружна перфорација, а на краевите по едно мало вдлабнување.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXXIV, кв. Е9, откоп 13

Непубликувано

### 207. АПЛИКАЦИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 0156/09

Бронза, лиење, вдлабнување

Соч. висина: 3 см

Соч. ширина: 5,5 см

Дебелина: 0,2 см

Тежина: 9 гр





Фрагмент од бронзена апликација. Одозгора има изведено релјефна декорација со зооморфни мотиви врамени во кружни медалјони. Сочувани се само три, кои не се во целосна претстава. Фигурите се делумно маниристички прикажани, со нагласени клунови и опашки, па така наликуваат и на фантастични животни (некоја варијанта на грифон). Меѓу два од медалјоните изведен е мотив желад. Централно, во квадратно релјефно поле вметнато е клинче со кое апликацијата се заковувала на дрвена подлога.



Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Блок XXI, целина F 7,1.6

Непубликувано

**208. ОПЛАТА - апликација**



***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв. бр. 602/09

Бронза, лиење

релјеф

(Алатка - железо, ковање)

Соч. должина на алатка: 6,8 см

Соч. должина на оплата: 2,4 см

Ширина на алатка (макс): 1,5 см

Ширина на оплата: 0,9 см

Дебелина на оплата: 0,5 см

Држалка од алатка со оплата. Направена е од тенок бронзен лим сечен во правоаголна форма. Деркорацијата е изведена во релјеф со нежно исчукување. Главен мотив е цвет, чии латици се осум на едната страна и пет на другата, со стебленце и листови. Овој мотив се повторува два пати од посочуваната страна, а само еднаш е сочувано на другата - скршената. Декорацијата е дополнета со псеудогранулација со која се изведени хоризонтални и коси линии. Алатката имала улога на пинцета во козметичка смисла.




Датација: XI - XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Блок XXXV, кв. Б1, откоп 7

Непубликувано

### 209. КРСТ ПЛОМБА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 1276/09

Олово, лиење

Висина(сочувана): 2,3 см

Ширина: 3,1 см

Дебелина: 0,3 см




Графичка форма на грчки крст. Горниот крак од вертикалната греда недостасува. Двата хоризонтални и двата вертикални краци се еднакви меѓу себе, рамно сечени, со квадратен пресек. Тие се преклопуваат една врз друга во нивните средини. На тоа место на нивно преклопување набиено е мало клинче кое ги спојува двете греди.

Датација: VI-VII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, блок XV, целина E2.2.10

Непубликувано

Аналогии:

- Лилчиќ В., Проект, 57;
- Ивановска С., Крстови, кат.ед.110

### 210. КРСТ ПЛОМБА

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 8-0018/07

Олово, лиење, псеудогранулирање

Висина (со алка): 4,5 см

Висина (без алка): 4,1 см

Ширина: 4,3 см

Дебелина: 0,3 см



Тежина: 13,66 гр

Оловен крст во примарна функција на пломба. Графичка форма на латински крст. На горниот вертикален крак, и на десниот хоризонтален крак, се наоѓаат направени испусти, најверојатно ненамерно излиени од калапот. На аверсната страна се претставени релјефни линии кои го следат обликот на крстот. Во средината на крстот, како и на секој крај од крацитe се наоѓа по едно брадавичесто испапчување. Само на десниот крак од хоризонталната греда има заоблено завршување.

Датација: X-XI век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 8, целина F4,5.2.1

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

**211. КРСТ ПЛОМБА**

***СКОПСКО КАЛЕ***

Музеј на град Скопје

Инв.бр. 10-0023/07

Олово, лиење

псеудогранулација

Висина: 3,5 см

Ширина: 2,9 см

Дебелина: 0,5 см

Тежина: 8,87 гр




Оловен крст во примарна функција на пломба. Графичка форма на латински крст. Краевите на крацитe скоро рамно засечени. Едниот крак на хоризонталната греда на крајот е откршен. На тој дел имало кружен дел за прикачување. На предната страна изведена е декорација со калотести испапчувања во средината на крстот, по едно на секој крај, и по едно мало испапчување на секој крај на крацитe-имитација на гранули. Задната страна е рамна. Крстот е лиен во едноделен калап.

Датација: VII-VIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 10, кв. С9, кота 279.54

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

**212. КРСТ - ПЛОМБА**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 00268/09

Олово, лиење

Висина: 3,4 см

Ширина: 3,7 см

Дебелина: 1 см

Тежина: 8 гр

Крст од олово, во функција на пломба, деформиран од топлина. Графичка форма на грчки крст, со необработени краеви на краците. Во средината на крстот има благо вдлабнување. Во средишниот дел на крстот дополнително е вковано мало клинче за да се зацврсти пломбирањето или било во секундарна употреба.

Датација: XI-XIV век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година, Сектор XXXI, кв. D1, откоп 6

Непубликувано

**213. КРСТ - ПЛОМБА**

***ГРАДИШТЕ, с. ТАОР***




Музеј на град Скопје

Инв. бр. 55/01

Олово, лиење, перфорирање

Висина со алка: 2,6 см

Висина без алка: 2,3 см

Ширина: 2,3 см

Дебелина: 3 мм

Оловен крст во примарна функција на пломба. Графичка форма на грчки крст. Краците се со квадратен пресек. На горниот крак на вертикалната греда дополнително е заоблен и направена е мала кружна перфорација за протнување. Во секундарна употреба, крстот бил користен како приврзок. Нема декорација.



Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2001 година, површински наод.

Библиогафија:

- Ивановска С., Крстови, кат.ед 112[1161]

**214. КРСТ ПЛОМБА**

***ГРАДИШТЕ, с. ТАОР***

МГС

Тер. инв. бр. 113/08

Олово, лиење

Висина: 2 см

Ширина: 1,9 см

Дебелина: 0,4 см

Тежина: околу 1 гр.



Мал минијатурен крст. Графичка форма на грчки крст, со краци со квадратен пресек, рамно засечени. Крстот е благо деформиран од топлина. Декорација нема.

Датација: VI век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2008 година, Сонда II

Непубликуван

Аналогии:

[1161] Благодарност до Киро Ристов за отстапениот материјал

• Ивановска С., Крстови, кат.бр. 110 - крст пломба од лок. Градиште, Јегуновце, Тетово, во мали димензии кој затворал пукнатина на керамичен сад - датацијата е иста

**215. ДВОЕН КАЛАП ЗА КРСТ И ЗА ПРСТЕНИ**

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 1-0022/[illegible]7

Камен, клесање

Должина: 6,2 см

Ширина: 4,2 см

Дебелина: 1,5 см

Тежина: 86,18 гр

Висина (на крстот): 3 см

Ширина(на крстот): 3,8 см

Дијаметар на прстените: 2 см

Двостран калап од црн камен со правоаголна форма. Во два дијаметрално спротивни агли сочувани се две забиени клинчиња.



Од едната страна, калапот е за крст привзок кој би имал тролисно завршување на краевите на краците, односно би имал графичка форма на лазаров крст. Во горниот дел на калапот се наоѓаат две вдлабнувања за изливање на вишокот на течен метал. На тоа место на крстот дополнително би се додала алка за закачување.



Од другата страна, калапот е за лиење на два типа на прстени, и тоа дводелно. Дел од калапот е за [illegible]тите (две), а дел за главите (исто така две). Двата излиени делови подоцна оладени и дополнително би се споиле. На едната глава од прстенот со ромбовидна форма изведена е флорална декорација. Слична декорација има и на рамињата кои исто така имаат ромбовидни форми. На вториот калап за прстен

главата би имала правоаголна форма и декорација во форма на андреин крст, меѓу чии краци би се извеле псевдогранили. Крстот би имал квадратна релјефна рамка. Лево и десно од главата, рамењата на прстенот би биле декорирани исто така со андреини крстови, врамени во квадратни рамки. Од сите четири



вдлабнувања извлечени се вдлабнувања до крајот на калапот за истекување на вишокот течен метал.

Датација: XI-XII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 1А, целина J7/J8.17.7

Библиографија:

- Митревски Д., Скопска тврдина, 27

**216. КАЛАП ЗА КРСТ**

***СКУПИ***



Изгубен во
земјотресот 1963 година
Бел, ситнозрнест мермер
Должина: 5,3 см
Ширина: 5,5 см
Дебелина: 1,2 см
Длабочина: 1-1,5мм
Должина на крстот: 1,8 см
Ширина на крстот: 1,8 см
Ширина на крак: 4мм
Длабочина: 1-1,5мм
Крај на V почеток на VI век



Фрагмент од една половина од дводелен калап за крст приврзок со графичка форма на грчки крст со благо проширени краеви на краците, на горниот крак има алка за закачување. Калапот е откршен од едната страна. Имал правоаголна форма. На едниот профил има цевчест отвор за сипување на течен метал. Калапот е обработен во негатив за релјефна декорација од кратки линии по рабовите на целиот крст и едно плитко вдлабнување во средината.

Околности на отркивање: Случаен наод при копање на темели и ров за Астрономската опсервација 1954 година, во непосредна близина на Театарот

Библиографија:

- Петров К., Еден пекторален крст, 288-295
- Ивановска С., Крстови, кат.ед 122

**217. КАЛАП**

***Св. СПАС, СКОПЈЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 172 (54)

Бронза, лиење, вдлабнување

режење, пунктирање

Висина: 6,2 см

Ширина: 6,4 см

Дебелина: 1 см

Одлив, бронзен негатив. Во форма е на ранохристијанска надгробна стела со триаголно завршување во горниот дел (во облик на тимпанон). Декорацијата е изведена во две полиња: во долното правоаголно поле и во триаголниот простор над него. Полињата се разделени со врежана плетенка. Двете претстави се претставени библиски сцени. Во долниот (правоаголен) простор прикажани се два пауни, еден кон друг фронтално поставени. Тие го фланкираат „кантаросот на животот“, со што симболично е претставен е 41. Давидов Псалм, кој вели: “Како што кошутата жеднее по водни извори, така душата моја, Боже, копнее

по тебе“. Стилизираните птици се изведени елегантво и прилично богато. Над птиците изведени се ластери винова лоза, во симболична и геометризирана форма.

Во горниот, триаголен простор изведена е претстава на две птици-гулаби со главите завртени наназад, и конфронтирани една спроти друга. Меѓу нив врежан е крст (графичка форма на лазаров крст- тролостен), чија улога во композицијава е да симболизира дрво на животот.



Од задната страна калапот е калотерсто заоблен.

Датација: VI-XII век

Околности на откривање: случаен наод на платото пред црквата за време на истражувањата во 1972 година

Библиографија:

- Лакалиска С., Минијатурна стела, 53-62

## 218. КАПАК ОД КУТИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв.бр. 9-0075/07

Бронза, лиење, врежување, пунктирање

Соч. должина: 2,8 см

Ширина: 4,5 см

Дебелина: 0,1 см

Тежина: 7,33 гр

Фрагмент од бронзен капак од декоративна кутија. Двете страни на капакот се декорирани со врежување и пунктирање. Одозгора е изведена декорација со врежување со која се претставени флорални елементи, листови од цветови и кругови во кои се врежани Христови монограми. Од внатрешната страна сочувани се четири шарнири преку кои се затворал капакот. Декорацијата не е целосно сочувана, изведена е со густо пунктирање и врежување на плитни долги линии.

Датација: XII-XIII век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2007 година, Сектор 9, кв. DEF.7
Непубликувано

## 219. КУТИЈА

***СКОПСКО КАЛЕ***



МГС/ФФ
Инв. бр. 0061/09
Бронза, лиење, врежување
Сочувана ширина: 3,3 cм
Сочувана должина: 5,93 cм
Дебелина на лим: 0,1-0,35 cм

Фрагмент од бронзен капак од декоративна кутија. Само една од страните на капакот се декорирани со врежување и пунктирање. Одозгора изведена е декорација со врежување со која се претставени флорални елементи, во многу геометризиран манир. Од внатрешната страна сочувани се четири шарнири преку кои се затворал капакот. Декорацијата изведена е со врежување на плитки долги и кружни линии. Изведбата е испреплетени геометриски форми, кои претставуваат вегетабилен склоп во форма на плетенка.




Датација: XII-XIII век
Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година, Блок XIV, целина D10.3.18
Непубликувано

## 220. ПИНТАДЕРА

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на ФФ

Инв.бр. 0548/09

Глина, калапење, врежување

Висина: 3,1 см

Ширина: 3,6 - 3,8 см

Тежина: 47,49 гр

Керамична пинтадера со биконична форма. На двата краја изведена е декорација со длабоко врежување: на едната е крст со благи проширувања на краевите на краците - графичка форма на малтешки крст, додека на другата страна изведен е триаголник со двојно порабување.

Датација: XIV век

Околности на откривање: Археолошки истражувања 2009 година

Непубликувано

## 221. ПЕЧАТ

***СКОПСКО КАЛЕ***



Музеј на град Скопје

Инв. бр. 00186/09

Олово, лиење

врежување, пробивање

Висина: 1,6 см

Ширина (дијаметар): 1 см

Оловен печат со цилиндрична форма. Стопата е кружна и на неа има врежана претстава на стилизиран лав. Во горниот дел на печатот е направена кружна перфорација низ која било протнувано јаженце или јамка. Така, печатот врзан на јаженце, бил носен околу врат, како амулет.

Датација: XI - XII век

Околности на откривање: Археолошко истражување 2009 година Сектор 3 В, јама 24

Непубликувано

Аналогии:

- Davidson R.G., Corinth, 330, kat. br. 2845
- Витлянов С., Новооткриени лични печати, сл. 1е (според него овие печати треба да се именуваат во деминутивна форма - печатчиња- поради диференцијата со оловните печати - пломби)

# IX. Заклучок

Во историски поглед, Скопје претставува арена на која стапнале и се бореле бројни освојувачи. Сите тие жители, посетители, минувачи земале дел од Скопје, но и оставале секој по еден дел во мозаичната историја на Градот.

Во однос на познатата пишана историја на Скопје, материјалната култура изгледа скромно, но сепак доволно за да ја открие креативната страна на средновековниот град. Таа сепак сведочи за богатото културно минато на Скопје.

Средновековните градови во Македонија, вклучувајќи ги Скопје и околните населби, најчесто се продолжување на доцноантичка традиција. Имено, голем дел од нив настануваат по замрување на доцноантичкиот живот или едноставно доцноантичкиот живот продолжува и понатаму во друга (средновековна) форма. Еден мал дел од средновековните живеалишта, настанале за прв пат во раниот или полниот среден век. Секако, силните доцноантички квалитетни фотрификации, со извесни обнови и дополненија, живееле, егзистирале и одбранувале напади скоро еден цел милениум, а останале да сведочат и до ден денешен.

Доктрината на христијанството, иако на почеток била наивен склоп на догматски решенија, низ текот на средновековниот период израснала во голема, комплексна, силна теолошка филозофија која наметнала не само канонски интерпретации на суштественото, туку навлегла длабоко во животот на нејзините поданици. Во текот на вековите, христијанството станало систем преку кој се контролирал социјалниот живот на верниците, а со тоа и продуктите од нивното живеење. Како такви производи се “христијански” решените декоративни прикази на скоро сите предмети во опкружувањето на средновековниот човек. Мрачниот среден век и не бил толку мрачен бидејќи бил исполнет не само со бројни и бурни случувања, туку бил и материјално поткрепување во средновековна занаетчиска (р)еволуција.

Скопје е град кој со своите природни услови за живот и својата одлична географска положба привлекувал бројни посетители и задржувал бројни жители.

Тоа многу допринело целата околина брзо да се развие и скоро низ целиот средновековен период да биде силен економски, политички и духовен центар, со што доминирал на поширокаta околина. Така, околу Скопје гравитирале неколку збегови, манастирски градови, планински предели за духовно издигнување, бројни села и големи селски имоти, вклучувајќи и неколку попатни станици.

Од литературата, па дел и од археолошките истражувања, дознаваме за постоење на повеќе од 70 села и населби во скопската околина. Во градот постоеле 15 цркви и манастирски комплекси, а надвор од градското јадро избројани се над 20.

Историјата на градот е прилично драматична. Почнувајќи од разорнувачкиот земјотрес во 518 година, градот и околината го забележуваат почетокот на својот средновековен живот, особено со изградбата на неколку кастели во тој период. Но, нападите не го одбегнале: прво Аварите во 594 г, потоа и Словените во VI и VII век, па и на Берзитите во VIII век. Во IX век го освојуваат Бугарите, а X век е обележан со византиското владеење. На крајот од X век Скопје е во границите на Самоиловата држава, после што повторно Скопје потпаднало под византиско владеење, но како бугарска област. После две неуспешни востанија, градот бил целосно урнат. Неговата обнова била неколкупати спречена, прво со краткиот напад на Печенгите, а потоа и на Норманите. Најкатастрофалната битка за Скопје се одиграна меѓу рашката војска на кнезот Вукан и византиската војска на Алексеј I Комнен, после што следел ударот од војската на Првата крстоносна војна. Веќе XII век во Скопје носи мир и развој, кога градот го доживува своето “златно доба”. Со почетокот на следниот век, Скопје потпаѓа под драговитска власт, прво Добромир Хрс, а потоа и неговиот син Стрез. После тоа следеле краткотрајни завладејувања на Бугарите, Никејците, Србите, па повторно Бугарите. Веќе на крајот на XIII век Скопје е заземено од Србите, на чело со Милутин, кога почнала голема обнова и изградба на цркви и манастири низ целата скопска област. Во Скопје била одржана церемонијата за политичкиот брак меѓу византиската принцеза Симонида и крал Милутин. За време на Душан, Скопје станал седиште на царство, а скопската епархија била возвишена во Првопрестолна

митрополија. Во Скопје е објавен систематизиран правен документ познат како Душанов Законик. Средината на XIV век Скопје го започнува почетокот на крајот на средновековниот период. Со распадот на државата на Немањиќите, со смрт на Мрњавчевиќи во битка, како и со на немоќноста на тогашниот владетел Вук Бранковиќ во битка да ги победи Османлиите, во 1392 година, градот бил предаден на Југит бег и неговиот турски аскер. Следните 540 години Скопје го носи името Ускуб и е османлиски воено-стратешки и економски центар на областа Румелија.

Централната градска населба која доминирала во Скопската Котлина, била поделена на акропола (горен град) и јеборија (долен град).

На Скопското Кале се наоѓа акрополата. Во неа, урбаниот развој започнал некаде во X век, кога биле прв пат подигнати градските ѕидини. Својата обнова и развој ја доживува во XII век, во време на Комнените, но својот процут го достигнува во XIII и XIV век, во време на српското владеење. Во тој период тврдината ги добива своите комплексни објекти, кои се архитектонска потврда за административно-црковното значење на Тврдината.

Во горниот град се влегувало од три порти, кои биле отворени во различни периоди. Засега се познати само три комуникации кои течеле низ тврдината. Во неа се откриени неколку значајни комплекси, како што се: административно-црковниот комплекс (во кој се вбројани крстообразна црква, црковна резиденција, административен објект), резиденцијален, неколку работилнички за производство на различни типови на предмети.

Долниот град - јеборијата се протега на широк простор под акрополата, на нејзината источна, јужна, југозападна и западна страна.

На просторот на денешната стара Скопска Чаршија, во неколку наврати „при копање на темели" (за обновување на старите дуќани), се забележани средновековни хоризонти на живеење со присуство на средновековен движен материјал. Исто така, на просторот каде денес се наоѓа комплексот на исламски сакрални објекти Иса-бегова Џамија, Султан-Муратова Џамија и Исках-беговото Турбе (место кое во средниот век се нарекувал Виргино Брдо), во заштитни интервенции констатирани се средновековни слоеви на живеење, како и средновековни некрополи. Тоа ја потврдува

историската белешка дека на овој простор се наоѓало средиштето на скопскиот јавен живот во средновековиот период. Исто така, мора да се напомене дека со доаѓањето на Османлиите во Скопје, тие го запоседнале веќеразвиеното градско јадро, кое се протегало сѐ до ридот сега викан Гази Баба Парк.

На само 4 км од Скопско Кале, се наоѓа Скупи, град кој живее богат живот во римскиот период и во доцната антика. Сепак, неговото егзистирање во раносредновековниот период, и најдоцна до XI век е во многу скромни рамки, како приградска населба.

Градиштето на Таор, бележи неколку фази на живеење, почнувајќи од праисториската населба, преку доцноантичкото утврдување, па се до средновековната населба која егзистира до XI век, потврдена со наоди од ископувањата. На локалитетот се откриени два комплекси на градби и една комуникација. Сепак, локалитетот е најпрепознатлив со топонимското поврзување на Таврисиум (родното место на императорот Јустинијан I).

Маркови Кули на Водно, покрај својата стратешка местоположба, се издвојува најмногу со својата силна укрепеност, односно силниот систем на одбрана. Покрај откриените делови од бедемот, во склоп на градот откриени се две цистерни, водоводен систем од цевки, бања, дворец и воени бараки. Служејќи како воен збег на населението од градот под планината Водно, изобилува со квантитет движен материјал.

И покрај слабата истраженост на локалитетот Давина Кула, во атарот на селото Чучер, сепак ова утврдување претставува доминантна позиција во системот на утврдени населби, почнувајќи во доцноантичкиот период, па се до крајот на егзистирање на средновековната населба во XI век.

Останатите 61 локалитет/локација го даваат својот допринос за доловување на изгледот на средновековната карта на Скопје и неговата блиска околина. Тука се вбројани

• **утврдувања** (Смрѓец во Бадер, Градиште-Каља кај Барово, Кале кај Брњарци, Градиште кај Говрлево, Кале кај Горно Свиларе, Пеленица-Манастир кај Драчево, Љубуш кај Драчево, Црквиште кај Зелениково, Кале Градиште кај Катлановска Сушица, Маркови Кули кај Кожле, Кула кај Љубанци, Марков Град, Градиште кај Нерези, Град Собри кај Ораше, Маја-Кикец кај Рогле, Маркови Кули кај Сушица)

• **неидентификувани населби** (Селиште кај Бањани, Стари Лозја и Јазбине кај Бунарџик, Црквиште кај Бучинци, Куќетини кај Глуово, Манастириште во Говрлево, Манастириште кај Горен Грчец, Куќиште кај Дивље, населба кај Матка, Клучка Хиподром во Скопје, Рамниште кај Св. Петка, Овоштарник кај Таор)

• **села** (Матկански села)

• **некрополи** (Црквен Рид кај Бардовци, Св. Димитрија и Киша во Вртекица, Лозов Рид кај Горно Свиларе, Црквиште кај Драчево, Солиште и Св. Петка кај Матка, Крст кај Орешани, Коњушница кај Орман, Гробишта кај Пакошево, Јашар-бегов Конак во Скопје, Кпал Кзи во Скопје, дворот на црквата Св. Спас во центарот на Скопје)

• **монументални објекти** (Аквадуктот кај Визбегово, Камен Мост во центарот на Скопје, Марков Манастир)

• **осамени сакрални христијански објекти** (Црквиште во Арачиново, Вучидот кај Волково, Ораше кај Глуово, Св. Илија во Говрлево, Рид-Јазинец кај Добри Дол, Римска Црква и Касановац кај Љубанци, Црквиште-Манастир кај Мирковци, Црквиште кај Ново Село, Св. Никола и Црквиче кај Осичани, Селска Нива кај Тисовица, Селска Џамија кај Чајлане)

• **осамени средновековни објекти** (каптажа Горна Ковачица на Матка,

• **Депо** (монети во Долно Коњари, на монети на ул. Прохор Пчински во Скопје, на монети кај Усје)

Како носител на тематиката на овој докторски труд сепак е материјалната култура, на која е ставен најсилен акцент. Обработувајќи **221** предмет, од четири големи групи на движен археолошки материјал, поделен во типолошки подгрупи, со дистинција на неколку нивни видови и иконографски разлики, направена е каталошка збирка на движен археолошки материјал. И тоа по следниот редослед:

- Во групата на црковен инвентар, во која спаѓаат 49 единици, вбројани се девет типови на предмети, и тоа: икони, крстови, окови-оплати, кадилници, хороси, стопи, путири, чинии, спатули,
- Во групата на накит, во која се опишани каталошки единици, од кои најмногу припаѓаат на типот прстени (38 кат. броеви), потоа белегзии, привзоци, токи, копчиња, игли, наушници, делови од појасни гарнитури.
- Во групата на керамички чинии спаѓаат 49 каталошки броеви, поделени во четири видови според изведената декорација.
- Во последната група на различни предмети, вбројани се 27 каталошки единици, поделени според типови: ампули-евлогии, крстови-апликации, крстови пломби, калапи, апликации, кутивчиња, печати

Овој докторски труд вклучува каталошка обработка на движен археолошки материјал, кој е основа во проучувањето на материјалната култура на жителите на Скопје и неговата околина во средновековниот период. Тоа подразбира збир на предмети чија заедничка страна е христијанско обележје или елемент кој покажува припадност кон христијанската материјална култура.

Во овој труд се обработени **221** предмет, што го со;инуваат Каталогот на овој труд. Во Табела 1 се распоредени групите, типовите, видовите на движните предмети, како и нивниот квантитет и каталошката нумерација.

| ГРУПА | ТИП | ВИД | | | кат.бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| ЦРКОВЕН ИНВЕНТАР | ИКОНИ | коскени | | 1 | 1 |
| | | дрвени | | 1 | 2 |
| | | керамички | | 1 | 3 |
| | КРСТОВИ | реликвијари | | 13 | 4-16 |
| | | процесиски | | 2 | 17,18 |
| | | разводници | | 6 | 19-24 |
| | | кандила | | 4 | 25-28 |
| | | оплати | | 2 | 29,30 |
| | ОКОВИ / ОПЛАТИ за црковен инвентар | | | 2 | 31,32 |
| | КАДИЛНИЦИ | катси | | 1 | 33 |
| | ХОРОСИ | делови | | 4 | 34-37 |
| | СТОПИ | од престолни крстови или свеќници | | 3 | 38-40 |
| | ПУТИРИ | метални | | 3 | 41-43 |
| | ЧИНИИ | метални | | 3 | 44-45 |
| | СПАТУЛИ | бронзени | | 3 | 46-48 |
| | | дрвени | | 1 | 49 |
| | | | | | |
| НАКИТ | ПРСТЕНИ | геометриска декорација | крстови | 4 | 50-53 |
| | | | кругови | 3 | 54-56 |
| | | | пентаграм | 3 | 57-59 |
| | | | квадрати | 2 | 60-61 |
| | | | монограми | 2 | 62-63 |
| | | комбинирана декорација | | 1 | 64 |
| | | вегетабилна декорација | розета | 4 | 65-68 |
| | | | лозници и гроздови | 1 | 69 |
| | | зооморфна декорација | птици | 4 | 70-73 |
| | | | лавови | 5 | 74-78 |
| | | | фантастични животни | 1 | 79 |
| | | антропоморфна декорација | Распетие Христово | 1 | 80 |
| | | | Исус Христос | 1 | 81 |
| | | | Архангел Михаил | 1 | 82 |
| | | | непознат светец | 1 | 83 |
| | | | Крштевање Христово | 4 | 84-87 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| НАКИТ | БЕЛЕГЗИИ | метални | членковидни | 1 | 88 |
| | | | лентести | 16 | 89-104 |
| | | стаклени | со крстеста декорација | 2 | 105-106 |
| | ПРИВРЗОЦИ | со флорална декорација | | 3 | 107-109 |
| | | со геометриска декорација | | 1 | 110 |
| | | крстови | | 14 | 111-124 |
| | ТОКИ | лировидни | | 5 | 125-129 |
| | | слично на т.н. Милетин тип | | 1 | 130 |
| | | сучидава | | 3 | 131-133 |
| | | пафти | | 2 | 134-135 |
| | КОПЧИЊА | цветолики | | 1 | 136 |
| | | кружни | | 1 | 137 |
| | | срцевидни | | 4 | 138-141 |
| | ИГЛИ | украсни | | 1 | 142 |
| | НАУШНИЦИ | лунулести | | 1 | 143 |
| | ДЕЛОВИ ОД ПОЈАСНИ ГАРНИТУРИ | | | 2 | 144-145 |
| | | | | | |
| ЧИНИИ | со геометриски и флорални мотиви | | | 27 | 146-172 |
| | со писмо | | | 3 | 173-175 |
| | со мотиви на птици | | | 8 | 176-183 |
| | со зооморфна декорација | | елени | 1 | 184 |
| | | | волци/кучиња | 1 | 185 |
| | | | фантастични животни | 1 | 186 |
| | | | лавови | 5 | 187-191 |
| | со антропоморфна декорација | | | 3 | 192-194 |
| | | | | | |
| VARIA | АМПУЛИ - ЕВЛОГИИ | во форма на матарка | | 1 | 195 |
| | | цилиндрични/конусовидни | | 3 | 196-198 |
| | КРСТОВИ | апликации | | 7 | 199-205 |
| | | пломби | | 6 | 209-214 |
| | КАЛАПИ | за крстови | | 1 | 216 |
| | | комбинирани | | 2 | 215,217 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | АПЛИКАЦИИ - ОПЛАТИ | | 3 | 206-208 |
| | КАПАЦИ | за декоративни кутии | 2 | 218-219 |
| | ПЕЧАТИ | цилиндрични | 2 | 220-221 |

Табела 1 - Квантитативен преглед на обработениот материјал

Сите овие предмети се обележје на христијанската материјална култура, или, пак, носат декорација која го симболизира присуството на христијанската тематика. А, симболиката е богата и разнолика, почнувајќи од геометриските елементи, како крстот, кругот, пентаграмот и други, па вегетабилната со розети, лозови листови, бршлени, како и зооморфните христијански симболи - гулабици, орли, лавови, елени, сѐе до шематизираните или реалистични претстави на човечки ликови и фигури.

Како најкарактеристична појава во материјалната култура на средновековно Скопје се издвојува производството на луксузната трпезна керамика, украсена во техника на сграфито и шамп-леве. Со истражувањата 2007-2012 година на Скопско Кале, се отфрли мислењето дека оваа луксузна керамика е импорт од големите центри. Со откривањето на работилниците за керамопродукција на Скопско Кале, со сигурност се тврди постоење на локална продукција на овој луксузен тип на керамички производи.

Со досегашните истражувања на средновековната материјална култура во скопско може со сигурност да се заклучи дека се следи трендот на времето во кое се живее, се впиваат влијанијата на значајните центри и поголеми градови, но сепак се задржува една нишка на локална типичност, која е препознатлива за скопскиот регион.

# X. Библиографија


**Алексова Б., Еден нов наод**

- Алексова Б., Еден нов наод од Скопје, *Зборник на Археолошкиот музеј во Скопје*, кн. 1, Скопје 1956, 1-11

**Алексова Б., Демир Капија**

- Алексова Б., Просек-Демир Капија, Словенска некропола и словенске некрополе у Македонији, *Dissertationes*, том I, Скопје-Београд 1966

**Алексова Б., Материјална култура**

- Алексова Б., Материјална култура на Словените во Македонија, *Словенска писменост, 1050-годишнина на Климент Охридски*, Народен музеј, Охрид 1966, 141-148

**Алексова Б., Орман**

- Алексова Б., Ранохристијанска базилика од крстовиден тип во с. Орман, Скопско, *Зборник Археолошког музеја Македонија* (1979-1982), Скопље 1982

**Алексова Б., Loca Sanctorum**

- Алексова Б., *Loca Sanctorum Macedoniae, култ на мартирите во Македонија од IV до IX век*, Скопје 1995

**Алексова Б., Култ на мартириите**

- Алексова Б., Култ на мартириите во Македонија од IV-XI век, Скопје 1995

**Алексова Б., Старохристијански центри**

- Алексова Б., Старохристијански црковни центри во Македонија, *Старохристијанската археологија во Македонија*, Скопје 2003, 7-40

**Ананиев J., Византиски печати**

- Ананиев J., Византиски печати од Република Македонија, *Македонско Наследство*, бр. 10, Скопје 1999, 3-11

**Антољак С., Скопје**

- Антољак С., Како је дошло до имена „Скопје", *ГЗФФ*, кн. 12, Скопје 1960, 75-87

**Антољак С., Критички осврт**

- Антољак С., Критички осврт на изворите на Самоиловата држава (1014*), 1000 години од востанието на комитопулите и создавање на Самоиловата Држава*, ИНИ, Скопје 1971, 21 - 58

**Археолошка I**

- *Археолошка карта на Република Македонија*, Том I, Скопје 1996

**Археолошка II**

- *Археолошка карта на Република Македонија*, Том II, Скопје 1996

**Аџиевски К., Пелагонија**

- Аџиевски К., *Пелагонија во средниот век*, Скопје 1994

**Adžievski K., Medieval urban centers**

- Adžievski K., Medieval urban centers and fortresses in the Republic of Macedonia (from the 5th to the 14th Centuries A.D.), *Center for Archaeological Research*, Skopje 1999

**Babić B., Manastir Nerezi**

- Babić B., Manastir Nerezi - crkva Sv. Pantelejmona, *Arheološki pregled* 9, Beograd 1957, 151-153

**Babić B., Mikulčić I., Skopsko Kale**

- Babić B., Mikulčić I., Skopsko Kale, Skopje, praistorisko i srednjovekovno utvrđenje, *Arheološki pregled* 9, Beograd 1967, 48-50

**Babić B., Skoplje,**

- Babić B., Skoplje, Suli an - kasni srednji vek - turski period, *Arheološki pregled* 9, Beograd 1967, 163-164

**Бабиќ Б., Средновековно**

- Бабиќ Б., *Средновековно културно богатство на СР Македонија*, ЦИССК-Прилеп, Посебно издание 1, Прилеп 1974

**Babić B., Trouvaille**

- Babić B., Trouvaille Scellée de Poterie de Table Byzantine á Skopsko Kalée, *Археолошки откритија на почвата на Македонија*, МАНУ, кн. 19, Скопје 2008, 917-941

**Бавар Б., Иванишевић В., Ivstiniana Prima - Царичин Град**

- Бавар Б., Иванишевић В., *Ivstiniana Prima - Царичин Град*, Лесковац 2006

**Бајаловић-Хаџи Пешић М., Накит**

- Бајаловић -Хаџи Пешић М., *Накиш VIII-XVIII века* (у Музеју града Београда), Београд 1984

**Балабанов К., Ќорнаков Д., Николовски А., Споменици**

- Балабанов К., Ќорнаков Д., Николовски А., *Сӣоменици на кулшураша на СР Македонија,* Скопје 1971

**Басотова Љ., „Летописот”**

- Басотова Љ., „Летописот” на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја, *Сӣоменици V*, ИИСК - Прилеп, Прилеп 1988

**Басотова Љ., Односот на цар Самоил**

- Басотова Љ., Односот на цар Самоил кон соседите, *Balcano Slavica* 26-27, Прилеп 1999-2000, 119 - 130

**Bikić V., Vizantijski import**

- Bikihć V., *Vizantijski import i uticaj među arheološkim nalazima iz naselja i nekropola u Srbiji (11-15 veka)*, Beograd 2000

**Билбија М., Нови наоди**

- Билбија М., Нови археолошки наоди од Скопје и околината, *МАА* 4, Прилеп 1978

**Битракова Грозданова В., Пупалески Б., Преспа**

- Битракова Грозданова В., Пупалески Б., Ранохристијанска архитектура во Преспа, *Лихнид* 7, Охрид 1989

**Битракова Грозданова В., Голем Град Преспа**

- Битракова Грозданова В., *Голем Град Пресӣа I*, Скопје 2011

**Битрашевић М., Средњовековна керамика**

- Битрашевић М., *Средњовековна керамика*, Београд 1970

**Божков Х., Семиотиката**

- Божков Х., Семиотиката през вековите, *Символиїе на кръсїа*, София 1997

**Бошкоски М., Скупи - Скопје**

- Бошкоски М., Скупи - Скопје во историските извори, од антиката до крајот на XIV век, *Balcano Slavica* 26-27, Прилеп 1999-2000, 131 - 156

**Бошкоски М., Скупската епископија**

- Бошкоски М., Скупската епископија - митрополија и нејзината наследничка, архиепископијата Јустинијана Прима, *Македонско наследство* бр. 15, Скопје 2001, 3-29

**Бошкоски М., Населби и тврдини**

- Бошкоски М., Населби и тврдини во скопската област во VI век. Обид за идентификација и локализација, *Balcano Slavica* 30 - 31, Прилеп 2002, 137 - 155

**Бошкоски М., Имињата**

- Бошкоски М., *Имињата Македонија и Македонци во средновековните извори*, Скопје 2003

**Бошкоски М., Ловот**

- Бошкоски М., Ловот во Македонија во средниот век, *Македонско наследство* бр. 30, Скопје 2007, 13-42

**Бошкоски М., Великаните**

- Бошкоски М., Великаните на македонскиот среден век, кн.1, Скопје 2007

**Бошкоски М., Патронот на црквата**

- Бошкоски М., Прашањето на патронот на црквата во времето на македонската средновековна држава (969-1018), Услови, појава и развој на словенската писменост, *Св. Климент Охридски - живот и дејност*, НУБ, Скопје 2007

**Бошкоски М., Скопје и скопска област**

- Бошкоски М., *Скопје и скопска област од VI до крајот на XIV век*, Скопје 2009

**Бошковић Ђ., Архитектура**

- Бошковић Ђ., *Архитектура средњег века*, Београд 1957

**Брија Ј., Речник**

- Брија Ј., *Речник ПравославнеТеологије*, Београд 1999

**Brown E., Travels**

- Brown E., *Brief account of some Travels in Hungaria, Servia, Bulgaria, Macedonia, Thessaly, Austia, Styria, Carinthia, Carniola and Friuli*, London 1673

**Buckton D., Byzantium**

- Buckton D., Byzantine enamel, *Byzantium - Treasures of Byzantine Art an Culture from British Collections*, London 1994, 18

**Byzantine and Post-Byzantine Art**

- Byzantine and Post-Byzantine Art, Cataloque, Athens 1985

**Българският средновековен град**

- Българският средновековен град, Технологии, Повеќе автори, АИМ - БАН, София (каталог од изложба поддржана од СОРОС)

**Валов В., Производња**

- Валов В., Производња стакла у Бугарској средњовековној престоници Велико Трново (XII-XIV век), *Средњовековно сӣакло на Балкану*, САНУ посебно издање, књ. 3, Београд 1975, 140-141

**Василевски Т., Генеза**

- Василевски Т., Генеза на Самоиловото Царство, *1000 години од восӣанието на комиӣоӣулиӣе и создавање на Самоиловаӣа Држава*, ИНИ, Скопје 1971, 249-252

**Вжарова Ж., Стакло**

- Вжарова Ж, Прилог проблему производње стакла у средњовековној Бугарској (VIII-X век), *Средњовековно сӣакло на Балкану*, САНУ посебно издање, књ. 3, Београд 1975, 115-121

**Видоеска Б., Кучевиште**

- Видоеска Б., *Манасӣир Свеӣи Архангели, Кучевишӣе* (цртежи на фрески), Скопје 2010

**Византиски извори I**

- *Визанӣиски извори за исӣорију народа Југославије*, том I, Београд 1955

**Византиски извори III**

- *Визанӣиски извори за исӣорију народа Југославије*, том III, Београд 1966

**Византиски извори IV**

- *Византиски извори за историју народа Југославије*, том IV, Београд 1971

**Vikan G., Byzantine Pilgrimage Art,**

- Vikan G., Byzantine Pilgrimage Art, *Dumbarton Oaks*, Washington, D.C. 1982

**Виленд P.J., Христов Крст**

- Виленд P.J., *Христов Крст-смисао и поруке*, Београд 1995

**Vinski Z., Kasnoantički starosedeoci**

- Vinski Z., Kasnoantički starosedeoci u salonitskoj regiji prema arheološkoj ostavštini preslavenskog supstrata, *Vjesnik za arheologiju i historiju dalmatinsku*, LXIX, Split 1967

**Vinski Z., Krstoliki nakit**

- Vinski Z., Krstoliki nakit epohe seoba naroda u Jugoslaviji, V*jesnik Arheološkog muzeja u Zagrebu*, 3. serija-sveska III, Zagreb 1968

**Vinski Z., Ranji srednji vek**

- Vinski Z., Ranji srednji vek u Jugoslaviji od 400 do 800 godine, Arheološkog muzeja u Zagrebu, Zagreb 1971

**Vine W. E., An Expository Dictionary**

- Vine W. E., *An Expository Dictionary of New Testament Words, Westwood-Ney Jersey*: Revel, 1940

**Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале"**

- Винчиќ Ж., Скопската Тврдина "Кале", *Културно наследство* III, Скопје, 1966, 29-46

**Vinčić Ž., Ivanovski M., Stobi**

- Vinčić Ž., Ivanovski M., Stobi – Zapadna nekropola, *Arheološki pregled* 20, Beograd 1978, 85-88

**Витлянов С., Новооткриени лични печати**

- Витлянов С., Новооткриени лични печати от Велики Преслав, *1100 години Преслав* 1, Шумен 1995, 155 -160

**Vlasto A.P., The Entry of the Slavs**

- Vlasto A.P., The Entry of the Slavs into Christendom, *An Introduction of the Medieval History of the Slavs*, Cambridge 1970

**Volis Badz E.A, Egipetska knjiga mrtvih**

- Volis Badz E.A, Egipetska knjiga mrtvih, *Aniev papirus*, Beograd 1989

**Willard M.H., The Staurotheca of Romans**

- Willard M.H., The Staurotheca of Romans at Mont Cassino, *Dumbarton Oaks Papers*, No 30, Washington 1976, 57-64

**Вулић Н., Iustiniana Prima ,**

- Вулић Н., Iustiniana Prima , *ГСНД* кн.5, Скопје 1929, 45-50

**Вулић Н., Јустиниана Прима**

- Вулић Н., Јустиниана Прима, *Глас СКА* књ. CLV, Београд 133, 53-62

**Вулић Н., Римско позориште**

- Вулић Н., *Римско позориште код Скопља*, Посебна издања САНУ књ. 39, Београд 1961

**Гарашанин М., Корачевиќ Д., Базилика II**

- Гарашанин М., Корачевиќ Д., Базилика II во Скупи, *МАА* 5, Прилеп 1979, 31-46

**Гарашанин М., Корачевиќ Д., Скупи**

- Гарашанин М., Корачевиќ Д., Археолошки ископувања во Скупи од 1978-1981, *МАА* 7-8, Скопје 1987

**Гаспарето А., Венецијанско стакло**

- Гаспарето А., Венецијанско стакло и његове везе са балканским левантом у средњем веку, *Средњовековно стакло на Балкану*, САНУ посебно издање, књ. 3, Београд 1975, 154-155

**Георгиева С., Бучински Д., Техниката**

- Георгиева С., Бучински Д., Техниката на врачанските златари, *Старо златарство във Враца*, БАН, София 1959, 32-45

**Георгиева С., Керамиката**

- Георгиева С., Керамиката от двореца на Царевац, *Царевград Търново*, БАН, София 1974, 5-186

**Георгиева С., Търново**

- Георгиева С., Керамиката от двореца на Царевац вв Велико Търново, *Археология*, 4, София 19

**Грозданов Ц., Студии**

- Грозданов Ц., *Студии за охридскиот живопис*, Скопје 1990

**Грозданов Ц., Охридско ѕидно сликарство**

- Грозданов Ц., *Охридско ѕидно сликарство од XIV век*, Охрид 1980

**Grotowski P. L., Arms and Armour**

- Grotowski P. L., *Arms and Armour of the Warrior Saints (Tradition and Innovation in Byzantine Iconography (843-1261)*, Boston 1996

**Грујић Р., Скопска митрополија**

- Грујић Р., Скопска митрополија, *Споменица српско-православног соборног храма Свете Богородице у Скопљу*, Скопље 1935, 1-255

**Greke F., Kasna antika**

- Greke F., *Kasna antika i rano Hriscanstvo*, Novi Sad, 1973

**Davidson R.G., Corinth**

- Davidson R.G., The Minor Objects, vol XII, *Corinth*, Princeton, New Jerset, 1952

**Дероко А., Скопје**

- Дероко А., *Средњовековни град Скопље*, Београд 1971

**Димитриоска Г., Прилог**

- Димитриоска Г., Прилог кон проучувањето на средновековно Скопје, *Зборник на Музеј на Медонија*, кн. 10-11 (1979-1982), Скопје 1983, 147-149

**Димитрова Е., Симболи**

- Димитрова Е., *Најстарите христијански симболи*, Скопје 1995

**Димитров Я., Плиска**

- Димитров Я., *Църквата и некропол във вьнння град на Плиска (края на X-XI в.)*, Плиска - Преслав м.7, 1995

**Димитров Д., Работилница**

- Димитров Д., Работилница за трпезна керамика вь Варна, *Известия на Варненското арх. дружество*, XI, Варна 1960

**Djingov G., Sur L'origine de la Verrerie**

- Djingov G., Sur L'origine de la Verrerie en Bulgarie au Moyen Age, *Средњовековно стакло на Балкану*, САНУ посебно издање, књ. 3, Београд 1975, 109-114

**Дојчиновски К., Скопје**

- Дојчиновски К., Скопје низ вековите, *Библиографски прилог*, Скопје 1994

**Дојчиновски К., Македонија**

- Дојчиновски К., Македонија низ вековите, *Библиографски прилог*, Скопје 1995

**Донев Д., Сондажни истражувања**

- Донев Д., Сондажни истражувања на тврдината Маркови Кули, Водно, 2005, *Скопје помеѓу античкото и модерното време*, Скопје 2009, 53-64

**Entwistle Ch., Byzantium**

- Entwistle Ch., Byzantine weghts, *Byzantium - Treasures of Byzantine Art an Culture from British Collections*, London 1994, 14-15

**Evans A.J., Researches**

- Evans A.J., *Antiquarum Researches in Illyricum*, III-IV, Westmister, London 1885

**Евиденција на НКЦ**

- Евиденција на археолошките локалитети во Скопје од ИНДОК центарот на Националниот конзерваторски центар-Скопје, Скопје 2008

**Евиденција на цркви и манастири**

- Евиденција на недвижно културно наследство, цркви и манастири од ИНДОК центарот на Националниот конзерваторски центар-Скопје, Скопје 2008

**Ерцеговић - Павловић С., Некрополе**

- Ерцеговић - Павловић С., Римске и средњовековне некрополе у Мачванској Митровици, *Sirmium* XII, Београд 1980

**Животи краљева и епископа**

- Животи краљева и епископа српских од архиепископа Данила II, Београд 1935

**Зајковски Д., Христијанската црква**

- Зајковски Д., Христијанската црква во Македонија во раниот среден век, Докторска Теза - УкиМ / ИНИ, Скопје 2011, во печат

**Zdenek V., Mad'ari a Slovane**

- Zdenek V., Mad'ari a Slovane ve svetle archeologickych nálezu X-XII stoleti, *Slovenská Archeologia*, Slovenska Akadémia Vied, Bratislava 1954

**Златарски В., Българско Царство**

- Златарски В., *Прво Българско Царство*, София 1927

**Златарски В., История**

- Златарски В., *История на българската държава*, София 1955

**Zlato i srebro Zadra**

- Zlato i srebro Zadra, Katalog izložbe, JAZU, Zagreb 1951

**Ивановски М., Винчиќ Ж., Скупи**

- Ивановски М., Винчиќ Ж., Источна некропола 1982, *МАА* 9, Скопје 1988

**Ивановски М., Јовановић А., Оловни печати**

- Ивановски М., Јовановић А., Прилог проучавању оловних печата из Македоније, *Археика* I, Београд 2007

**Ivanovska S., South Gate**

- Ivanovska S., South Gate of Kale Skopje, CMHB 2007 Case Study, Lund 2007

**Ивановска С., Средновековни крстови првиврзоци**

- Ивановска С., Средновековни крстови првиврзоци од Св. 15-те тивериополски маченици, Струмица, *Melange Јован Ананиев*, Струмица 2008

**Ивановска С., Два крста од Стоби**

- Ивановска С., Два крста од Стоби, *МАА* 19, Скопје 2010, 305-308

**Ивановска С., Крстови**

- Ивановска Велкоска С., *Крстови од Македонија (V-XV век)*, Скопје 2013

**Ivanišević V., Hoard**

- Ivanišević V., Hoard of Serbian and Venetian coins from Usje (14th century), *Macedinian Numizmatic Journal* 2, Skopje 1996

**Иванић Б., Накит**

- Иванић Б., Накит из збирке Народног музеја од 15. до почетка 19. века, Народни музеј, Београд 1995

**Извештај 65**

- Извештај Бошка Бабића о извршеном сондажном ископавању на локалитету Кале у Скопљу, јуна 1965

**Извештај 72**

- Извештај за заштитните археолошки истражувања во дворот на црквата Св. Спас во Скопје, РЗЗСК, 1972 (Гордана Димитриоска)

**Извештај 95**

- Извештај за интервентно заштитно археолошко ископување и истражување на лок. Крст, с. Орешани, Скопско, Музеј на град Скопје, бр. 08-481, 04.04.1995 (Киро Ристов)

**Извештај 07**

- Извештај од истражувањата на Сектор 5 во 2007 година, Скопје 2007

**Извештај 09**

- Извештај од истражувањата на на блок XXVI и XXVIII во 2009 година, Скопје 2007

**Йорданов И., Византииски оловни печати**

- Йорданов И., Неиздадени византииски оловни печати од Силистра, *Известия на Народния музеий- Варна*, кн. 19 (34), Варна 1983, 97-112

**Йорданов И., Печати на чужди владетели**

- Йорданов И., Печати на чужди владетели, намерени в Преслав, *1100 години Преслав 1*, Шумен 1995, 140-154

**Јанковић Ђ., Гамзиград**

- Јанковић Ђ., Словенски град, каталог Гамзиград, Београд 1983
- Јанковић Ђ., Неки подаци о изради предмета од обојених метала на кључу Дунава у IX-XI веку, *Зборник Народног музеја* X-1, Београд 1983

**Јанковић Ђ., Становништво Балкана**

- Јанковић Ђ., Становништво Балкана у VI-VII столећу, докторска дисертација, Београд 1986

**Јанковић Ђ., Српске громиле**

- Јанковић Ђ., *Српске громиле*, Београд 1998
- Јанковић Ђ., *Средњовековна насеља на Великом Градцу у X-XI веку*, Београд 2005

**Јанковић Ђ., Српско поморје**

- Јанковић Ђ., *Српско поморје од 7. до 10. столећа*, Београд 2007

**Jarak M., Simbolizam**

- Jarak M., Napomene iz problem porijekla ranohrišcanskog simbolizma, *Vjesnik Arheološkog muzeja u Zagrebu*, 3. serija-vol.XXI, Zagreb 1988, 67-76

**Јиричек К., Историја**

- Јиричек К., *Историја Срба I*, (исправено и дополнето издание), Београд 1952

**Јованова Л., Скупи -Западна некропола**

- Јованова Л., Скупи -Западна некропола, *МАА* 13, Скопје 1992

**Јованова Л., Михајлова Д., Скупи -Источна некропола**

- Јованова Л., Михајлова Д., Скупи -Источна некропола, *МАА* 13, Скопје 1992

**Jovanova L., Colonia Flavia Scupinorum**

- Jovanova L., Colonia Flavia Scupinorum-Western necropolis grave forms and rituals, *Histria Antiqua* (HA), vol.8, Pula 2002

**Јованова Л., Скупи**

- Јованова Л., Скупи (Colonia Flavia Scupinorum) - топографија и урбанистичка структура на градот од I-III век, *МАА* 18, Скопје 2008, 197-222

**Jovanović A., Nakit,**

- Jovanović A., Nakit u Rimskoj Dardaniji, Dissertationes et Monographiae, *AI*, Beograd 1978

**Касапова Е., Марков Манастир**

- Касапова Е., *Архитектурата на црквата Св. Димитрија - Марков Манастир*, Скопје 2012

**Каталог**

- Каталог од изложба од Археолошки истражувања на Скопската Тврдина 2007 година, Скопје 2007

**Каталог - Музеј на град Скопје**

- Каталог на постојаната изложба во Музеј на град Скопје

**К`нчов В., Град Скопие**

- К`нчов В., *Град Скопие - бълъжки за неговото настояще и мки`ло*, София 1898

**Колева Е., Михаил Псел**

- Колева Е., Михаил Псел како извор за историјата на македонскиот народ, *Сūоменици V*, Прилеп 1988

**Кондић В., Поповић В., Царичин град**

- Кондић В., Поповић В., *Царичин град - уūврђено насеље у визанūиском Илирику*, САНУ књ. 33, Београд 1977

**Корачевиќ Д., Скупи**

- Корачевиќ Д., *Скуūи, градска ūериоūорија*, Скопје 2002

**Коцо Д., Марков Манастир**

- Коцо Д., Марков Манастир, *Ликовна умеūносū* 4-5, Скопје 1979, 3-9

**Крст над ушћем**

- Крст над ушћем, Две хиљаде година хришћанства у Београду, Каталог, Београд 2000

**Kurnatowska Z., Slowianszczyzna poludniowa**

- Kurnatowska Z., *Slowianszczyzna poludniowa*, Polska akademia nauk, Warszawa 1977

**Лакалиска С., Христијанските споменици**

- Лакалиска С., *Хрисūијанскиūе сūоменици на кулūураūа во Скоūје и скоūско*, Скопје 2000

**Лакалиска С., Оков за икона**

- Лакалиска С., Оков за икона посветена на Св. Богородица од сребрена ламарина со позлата, Кале, Скопје 12 век, *Македонско наследсūво* бр. 21, Скопје 2004, 72-80

**Лакалиска С., Минијатурна стела**

- Лакалиска С., Минијатурна стела со симболична библиска декорација, *Македонско наследсūво* бр. 31, Скопје 2007, 53-62

**Лапе Љ., Историја, 63**

- Лапе Љ., *Избрани ūексūови за исūоријаūа на македонскиоū народ*, Скопје 1959

**Leksikon**

- *Leksikon ikonografije, liturgike i simbolike zapadnog hrišcanstva*, Zagreb 1990

**Lemerl P., Istorija**

- Lemerl P., *Istorija Vizantije*, Beograd 2000

**Lemerl P., Note**

- Lemerl P., Note sur les plus anciennes representations de saint Demetrius, *Δελτίον ΗΑΕ*, Περ. Δ'τ. I (1980-1981)

**Лероа - Молинген А., Синовите на Петар Бугарски и комитопулите**

- Лероа - Молинген А., Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, *1000 години од востанието на комитопулите и создавање на Самоиловата Држава*, ИНИ, Скопје 1971, 59-72

**Лилчиќ В., Нерези**

- Лилчиќ В., Доцноантичка утврдена населба кај Горно Нерези, Скопско, *МАА* 4, Прилеп 1978, 227-234

**Лилчиќ В., Марков град**

- Лилчиќ В., Марков град - Матка, *Историја XIX*, бр. 2, Скопје 1983, 285-298

**Лилчиќ В., Орман**

- Лилчиќ В., Ранохристијанска засводена гробница кај с. Орман, Скопско и преглед на другите македонски наоди, *МАА* 7-8, Скопје 1987, 143-151

**Лилчиќ В., Базилики**

- Лилчиќ В., Траги од ранохристијански базилики во Средно Повардарје, *Лихнид* 7, Охрид 1989, 69-87

**Лилчиќ В., Матка**

- Лилчиќ В., *Матка низ вековите*, Скопје 1995

**Лилчиќ В., Проект**

- Лилчиќ В., Научно-истражувачки проект: Северозападна Македонија во доцната антика и средниот век; Полог, Кичевија, Порече, *Македонско наследство*, Година I, број 2, Скопје 1996

**Лилчиќ В., Иљоска В, Каталог**

- Лилчиќ В., Иљоска В, Каталог на ранохристијанските цркви во Република Македонија, *Културно наследство* 5, Скопје 1997, 21-38

**Лилчиќ В., Давина Кула Чучер**

- Лилчиќ В., Давина Кула Чучер, Пролегомена кон хронологијата, *Македонско наследство* , бр. 8, Скопје 1998, 23-43
- Лилчиќ В., Доцноантички комуникации и тврдини во регионот на Средното повардарие(I), *Македонско наследство*, Година III, број 7, Скопје 1998

**Лилчиќ В., Станчевски И., Ивановска С., Николовска А., Давина Кула**

- Лилчиќ В., Станчевски И., Ивановска С., Николовска А., Давина Кула Чучер, студентки камп 1998, 1999, *Македонско наследство* бр. 12, Скопје 2000, 15-43

**Лилчиќ В., Давина Кула 2000**

- Лилчиќ В., Давина Кула Чучер 2000, Археолошки ископувања на Базилика I, *Македонско наследство* бр. 15, Скопје 2001, 31-40

**Лилчиќ В., Ранохристијанска црква,**

- Лилчиќ В., *Ранохристијанска црква*, Скопје 2004

**Lowden J., Early Christian & Byzantine Art**

- Lowden J., *Early Christian & Byzantine Art*, New York 1997

**Љубинковић Ћоровић М., Црква Св. Недеље**

- Љубинковић Ћоровић М., Црква Св. Недеље над клисуром Треске и проблем њеног датовања, *Зборник ЗСК*, II/1, Београд 1952, 95106

**Љубинковић М., Српска глеђосана керамика**

- Љубинковић М., Српска глеђосана керамика, *Зборник радова Народног музеја*, III, Београд 1962

**Маленко В., Раносредновековна**

- Маленко В., Раносредновековна материјална култура во Охрид и Охридско, *монографија Охрид*, кн.I, дел VI, Охрид-Скопје 1985, 229-300

**Mango M.M., Byzantium**

- Mango M.M., Byzantine silver, *Byzantium - Treasures of Byzantine Art an Culture from British Collections*, London 1994, 13-14

**Манева Е., Накит**

- Манева Е., *Средновековен накит од Македонија*, Скопје 1992

**Манева Е., Археолошки белешки**

- Манева Е., Археолошки белешки за средновековните некрополи од Македонија, *Културен живот*, год. XXXVII, бр.2/92, Скопје 1992

**Манева Е., Дамите од “Крстеви”**

- Манева Е., Дамите од “Крстеви”, *Културен живот*1/93, Скопје 1993

**Манева Е., Гробот бр.4**

- Манева Е., Гробот бр.4 од некрополата “Крстеви” од Демир Капија, прилози од научен собир: *Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на охридскиотдуховен центар за Словенската просвета и култура*, МАНУ, Скопје 1995, 223-234

**Манева Е., Христијанските симболи**

- Манева Е., Христијанските симболи врз христијанскиот накит од Македонија, *Пелагонитиса*, год. I, бр.2, Битола 1996

**Манева Е., Средновековната некропола “Крстеви”**

- Манева Е., Средновековната некропола “Крстеви”- ископувања 1992-1994, *МАА* 14 (1993-1998), Скопје 1996, 185-200

**Манева Е., Археолошки траги**

- Манева Е., Археолошки траги од култот на мртвите на средновековната некропола “Крстеви” - Демир Капија, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, кн. 23(49), Скопје 1996, 271-280

**Манева Е., Комани-Круе**

- Манева Е., Некои аспекти за проблематиката на раносредновековната културна група Комани-Круе и нејзиното присуство во Македонија, *Изворник* 1-2, Струга 1997, 11-18

**Манева Е., Средновековната облека**

- Манева Е., Археолошките траги за средновековната облека во Македонија, *Зборник на трудови: Македонската литература и култура во котекстот на Медитеранската културна сфера*, том 3, МАНУ, Скопје 1998

**Манева Е., Средновековен Просек**

- Манева Е., Средновековен Просек, Престолнина на самостојни господари, несуден дом на византиски принцови, средиште на сценски игри, *Културен живот*, год. XLIV, бр.1/99, Скопје 1999

**Манева Е., Крстеви**

- Манева Е., *Крстеви, средновековна некропола*, РЗЗСК, посебно издание XLIV, Скопје 2000

**Манева Е., Средновековен накит**

- Манева Е., Средновековен накит, *Ликовна уметност*, 3. коло, II книга, Скопје 2000

**Манева Е., Словенски амулет**

- Манева Е., Словенски, пагански амулет од Давина, *Македонско наследство* бр. 15, Скопје 2001, 41-55

**Манева Е., Амајлии**

- Манева Е., Ескурси за средновековните амајлии, за алхемијата и за Мајден-Алшар, *Културно маследство* бр. 21, Скопје 2004, 3-11

**Maneva E., Ancient Jewellery**

- Maneva E., *Ancient Jewellery from Macedonia*, Middle Ages, Skopje 2005

**Манева Е., Усје**

- Манева Е., Нови детали за доцносредновековниот групен наод од Усје кај Скопје, *МАА* 17, Скопје 2006, 329-339

**Манева Е., Накит Водоча**

- Манева Е., *Древниот накит од Македонија-некропола Водоча-, XIV-почеток на XIX век*, Скопје 2007

**Марковић М., О иконографији**

- Марковић М., О иконографији светих ратника у источнохришћанској уметности и о Претставама ових светитеља у Дечанима, *Зидно сликарство манастира Дечана*, Дечани 1995

**Марјановић-Вујовић Г., Крстови**

- Марјановић-Вујовић Г., *Крстови од VI до XII века из збирке Народног музеја*, Београд 1987

**Марјановић-Вујовић Г., Томић Г., Накит**

- Марјановић-Вујовић Г., Томић Г., Накит на тлу Србије из средњовековних некропола од IX-XV века, Каталог изложбе, Народни Музеј, Београд 1982

**Marković D., Astrologija**

- Marković D., *Astrologija i novo doba*, Paracin 1995

**Марјановић-Душанић С., Немањин напрсни крст**

- Марјановић-Душанић С., Немањин напрсни крст, *Зборник Филозофског факултета*, Серија А/кн. XVII, Споменица Бранка Гавеле, Београд 1991, 203-216

**Марић Р., Студије**

- Марић Р., *Студије српске нумизматике*, САН, књ. CCLIX, Београд 1956, 89-90

**Месеснел Ф., Византиски споменици**

- Месеснел Ф., Византиски споменици, *Споменица Јужне Србије*, Скопље 1937

**Миловановић Д., Уметничка обрада**

- Миловановић Д., Уметничка обрада неплеменетих метала на тлу србије (од позне антике до 1690 године), каталог изложбе, Музеј примењене уметности, Београд 1985

**Mikulčić I., Za mestopoložbata**

- Mikulčić I., Za mestopoložbata na antičko Skopje, *Istorija* IX-2, Skopje 1973, 262-272

**Микулчиќ И., Таурисион и Бадериана**

- Микулчиќ И., Уште еднаш за Таурисион и Бадериана, *ГЗФФ* 3 (29), Скопје 1977, 93-106

**Микулчиќ И., Нукиљска Н., Маркови Кули**

- Микулчиќ И., Нукиљска Н., Рановизантиски град „Маркови Кули” на Водно, *МАА* 4, Прилеп 1978, 137-150

**Микулчиќ И., Ранохристијански базилики**

- Микулчиќ И., Траги од ранохристијански базилики околу Скопје, *ГЗФФ* 7 (33), Скопје 1981

**Микулчиќ И., Скопје**

- Микулчиќ И., *Скопје со околните тврдини*, Скопје 1982

**Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно**

- Микулчиќ И., Билбија М., Маркови Кули Водно, Скопје 1979 и 1980, *МАА* 7-8, Скопје 1987, 205-220

**Микулчиќ И, Средновековни**

- Микулчиќ И, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје 1996

**Микулчиќ И., Антички градови**

- Микулчиќ И., *Антички градови во Македонија*, Скопје 1999

**Микулчиќ И., Јустинијана Прима**

- Микулчиќ И., Јустинијана Прима и Скопје, *Православен пат*, бр. 16-17, Скопје 2007, 34-38

**Микулчиќ И., Јустинијана Прима и Скопје**

- Микулчиќ И., Јустинијана Прима и Скопје, *Македонија меѓу Византискиот комонвелт и Европската Унија*, Скопје 2008, 9-14

**Миловановић Д., Крстови**

- Миловановић Д., *Крстови (од 5. века до 1993 године)*, Музеј примењене уметности, Београд 1993

**Миловановић К., Речник симбола**

- Миловановић К., *Речник симбола*, Београд 1994

**Милошевић Д., Уметност**

- Милошевић Д., *Уметност у средњевековној Србији од 12.-17. века*, Народни музеј, Београд 1980

**Милошевић Д., Накит**

- Милошевић Д., *Накит од XII до XV века из збирке Народног музеја*, Београд 1990

**Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Пантелејмон**

- Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Пантелејмон во селото Нерези, *Споменици I*, Скопје 1975, 89-94

**Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Никита**

- Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Никита во Скопска Црна Гора како историско-уметнички споменик, *Споменици I*, Скопје 1975, 379-386

**Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Спас**

- Миљковиќ Пепек П., Црквата Св. Спас во село Кучевиште - Скопско, *Споменици I*, Скопје 1975, 417-421

**Минић Д., Наруквица од стаклене пасте**

- Минић Д., Појава и распрострањетост наруквица од стаклене пасте на средњовековним налазиштама у Југославији, *Средњовековно стакло на Балкану*, САНУ посебно издање, књ. 3, Београд 1975, 71 - 78

**Митревски Д., Скопска тврдина**

- Митревски Д., Скопска тврдина, Археолошки истражувања 2007 и изложба, Скопје 2007

**Mihajlovski R., Byzantine Lead Seals**

- Mihajlovski R., Byzantine Lead Seals Found During the Archaeological Excavations in 2009 at the Fortress oof „Kale" in Skopje, *Macedonian Numismatic Journal,* No. 5, Skopje 2012, 145-158

**Мошин В., Крст царице Јелене**

- Мошин В., Крст царице Јелене, кћери кнеза Драгаша, *Уметнички преглед* 2, Музеј Кнеза Павла, Београд 1937

**Мошин В., Крст царице Јелене**

- Мошин В., Три бакрена крста реликвијара, *Уметнички преглед* 5, Музеј Кнеза Павла, Београд 1941, 54-55

**Мошин В., Грамотите**

- Мошин В., Грамотите на манастирот С. Георги-Горг Скопски, *Споменици I*, Скопје 1975, 97-177

**Мошин В., Славева Л., Илиевска К., Грамота,**

- Мошин В., Славева Л., Илиевска К., Грамота на крал Милутин за Св. Георги-Горг Скопски, *Споменици I*, Скопје 1975, 205-238

**Мошин В., Славева Л., Илиевска К., Грамота 2,**

- Мошин В., Славева Л., Илиевска К., Грамота на цар Константин Асен за Св. Георги- Горг Скопски, *Споменици I*, Скопје 1975, 181-204,

**Мошин В., Манастирот Св. Никита**

- Мошин В., Манастирот Св. Никита кај Скопје и хиландарскиот пирг Хрусија, *Споменици I*, Скопје 1975, 263-269

**Накит из збирке Музеја града Београда**

- Накит из збирке Музеја града Београда, Београд 1981

**Николић Р., Један крст**

- Николић Р., Један ранoсредњевековни бронзани крст, *Саопштења републичког завода за заштиту споменика културе IV*, Београд 1961, 220-222

**Николовска С., Матка**

- Николовска С., Кодикот на манастирот Матка, *Споменици I*, Скопје 1975, 425-463

**Николовска С., Манастири**

- Николовска С., Изградени и обновени манастири и цркви од кралот Милутин, *Споменици II*, Скопје 1977, 507-519

**Никуљска Н.Н., Св. Андреја**

- Никуљска Н.Н., Прилог за манастирот Св. Андреја на р. Треска-на брегот на Езерото Матка, *Споменици I*, Скопје 1975, 387-400

**Никуљска Н. Н., Марков Манастир**

- Никуљска Н. Н., Марковиот Манастир-монумент како документ низ историјата, *Споменици I*, Скопје 1975, 401-415

**Новаковић С., Споменици**

- Новаковић С., *Законски споменици српских држава средњег века*, Београд 1912

**Овчаров Н., Към иконографиЯта**

- Овчаров Н., Към иконографиЯта на нЯкои светци през X-XIV век, *АрхеологиЯ*, Год. XXIV, кн. 2, СофиЯ 1982

**Овчаров Н., Хаджиева Д., СредновековниЯат манастир**

- Овчаров Н., Хаджиева Д., СредновековниЯат манастир в гр. Кърджали-центар на ЕпископиЯата Ахридос (XI-XIV век), *Разкопки и проучваниЯ* XXIV, БАН, СофиЯ 1992

**Од археолошкото богатство**

- Од археолошкото богатство на СР Македонија, Скопје 1980

**Ончевска Тодоровска М., Доцноантичка грнчарија**

- Ончевска Тодоровска М., *Доцноантичка грнчарија од Скупи (втора половина на IV-VI век)*, Скопје 2004

**Ончевска Тодоровска М., Камени садови**

- Ончевска Тодоровска М., Камени садови од Скупи (6.-ран 7. век), *Македонско наследство* бр. 30, Скопје 2007, 43-52

**Ончевска Тодоровска М., Базилика Скупи**

- Ончевска Тодоровска М., Големата ранохристијанска базилика во Скупи и ранотохристијанство, *Македонско наследство* 34-35, Скопје 2009, 97-111

**Ончевска Тодоровска М., Скупи**

- Ончевска Тодоровска М., Занаетчиството и применетата уметност во доцната антика преку металните предмети од Скупи, *МАА* 19, Скопје 2010, 281-292

**Острогорски Г., Историја на Византија**

- Острогорски Г., *Историја на Византија*, Скопје 1992

**OstrićG., Zlato i srebro Zadra**

- OstrićG., *Zlato i srebro Zadra*, katalog izložbe, Zagredb 1951

**Ostrić G., Zadarske riznice**

- Ostrić G., *Zadarske riznice, muzeji i zbirke Zadra*, Zagreb 1954

**Pavičić S., Osnovni tipovi**

- Pavičić S., Osnovni tipovi bizantiskih relikrvijarnih pektorala, *Prilozi Instituta za arheologiju u Zagrebu*, vol.13-14/1996-1997, Zagreb 1999

**Панов Б., Средновековна**

- Панов Б., *Средновековна Македонија*, Скопје 1985

**Панов М., Географија**

- Панов М., *Географија на СР Македонија*, Скопје 1976

**Панов М.Б., Јустинијана Прима**

- Панов М.Б., Јустинијана Прима во политичко-идеолошката концепција на Јустинијан I, *Скопје помеѓу античкото и модерното време*, Скопје 2009, 19-33

**Painter S.K., Wealth of the Roman World**

- Painter S.K., *Wealth of the Roman World, gold and silver AD 30, 300-700*, British Museum, London 1977

**Пашиќ Р., Градиште Средно Нерези**

- Пашиќ Р., Локалитетот Градиште во селото Средно Нерези кај Скопје, истражувања 1974 и 1978 година, *МАА* 10, Скопје 1989, 91-100

**Петровић Р., Докторска Дисертација**

- Петровић Р., *Налази пекторалних крстова и христијанизација Балкана и Средње Европе*, Докторска Дисертација, Београд 1989

**Петровић Р., Крстови**

- Петровић Р., *Крстови византиског царства*, Београд 1997

**Петров К., Скопското Кале**

- Петров К., Најстари делови на Скопското Кале, *Гласник на ИНИ*, год. II, бр. 1, Скопје 1958, 229-237

**Петров К., Аквадуктот**

- Петров К., Аквадуктот кај Скопје и проблемот на неговото датирање, *ГЗФФ* кн.13, Скопје 1962, 5-24

**Петров К., Калап**

- Петров К., Еден пекторален крст според калап од ранохристијанскиот Скупи, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, кн.23, Скопје 1971, 287-294

**Петров К., Ревизија**

- Петров К., Ревизија на едно неточно мислење за гробишната базилика во Скупи, *Ликовна уметност* 1, Скопје 1973, 10-12

**Петров К., Преглед**

- Петров К., Преглед на сакралните споменици во Скопје и околината од XI-XIX век, *Споменици од средновековната и поновата историја на Македонија I*, Скопје 1975, 75-88

**Петров К., Нерези**

- Петров К., Кон неиспитаната протоисторија на локалитетот Св. Пантелејмон во Нерези, *ГЗФФ* 7 (33), Скопје 1981, 153-189

**Петров К., Аквадуктот 2**

- Петров К., Аквадуктот крај Скопје и проблемот на неговото датирање, *Културно наследство* бр. 7, Скопје 1998

**Petrović R., Priručnik za zlatarstvo**

- Petrović R., *Priručnik za zlatarstvo Avara (567-800)*, Beograd 1992

**Поповић И., Накит од злата**

- Поповић И., *Касноантички и рановизантијски накит од злата у Народном музеју у Београду*, Београд 2001

**Поповић Ј., Опћа црковна историја**

- Поповић Ј., *Опћа црковна историја*, књ. I, С. Карловци, 1912

**Поповић М., Јовановић С. В., Рас**

- Поповић М., Јовановић С. В., Рас, Градина-средњевековно утврђење и некропола са црквом, *Arheološki pregled* 24, Beograd 1985

**Поповић М., *Стари град Рас***

- Поповић М., *Стари град Рас*, монографије-13, Републички завод за заштиту споменике културе, Београд 1987, Т.30

**Прирачник**

- Прирачник за Православните Христијани, Македонска Православна Црква, Скопје 2002

**Радева М, Сграфито керамика**

- Радева М, Сграфито керамика от Сливен, Североизточна Тракия и Византия през IV-XIV век, *Исторически Музей - Сливен*, БАН, София - Сливен 1993, 146-157

**Радић В., Иванишевић В., Византијски новац**

- Радић В., Иванишевић В., *Византијски новац из Народног музеја у Београду*, Београд 2006

**Радојчић С., Старине**

- Радојчић С., *Старине Црквеног Музеја у Скопљу*, Скопље 1941

**Радоичиќ Ѓ.С., „La gent Samuel”**

- Радоичиќ Ѓ.С., „La gent Samuel” (народот на Самоил) во песната за Роланд, *1000 години од востанието на комитопулите и создавање на Самоиловата Држава*, ИНИ, Скопје 1971, 111-119

**Radojčić S., Bronzani krstovi**

- Radojčić S., Bronzani krstovi - relikvijari iz ranog srednjeg veka u beogradskim zbirkama, *Zbornik za umetnostno zgodovini*, nova vrsta V-VI, Ljubljana 1959, 123-134

**Радојковић Б., Крстови**

- Радојковић Б., Крстови XV и XVII века у емајлу, *Зборник Музеја примењене уметности* 1, Београд 1955, 50-63

**Радојковић Б., Старо**

- Радојковић Б., *Старо српско златарство*, Београд 1962

**Радојковић Б., Накит**

- Радојковић Б., *Накит код Срба*, Београд 1969

**Радојковић Б., Српско златарство**

- Радојковић Б., *Српско златарство*, Каталог изложбе Музеја примењене уметности , Београд 1981

**Ракова С., Панова Р., Съборите**

- Ракова С., Панова Р., Съборите в балканските средновековни държави, *1100 Преслав 1*, Шумен 1995, 250 - 260

**Rendić Miočević D., SCUPI**

- Rendić Miočević D., SCUPI Istraživanja rimskog teatra 1959-1961 godine, *ATJ*, Novi Sad 1981

**Равдина - Владимирнова Т., Погребения**

- Равдина - Владимирнова Т., *Погребения X-XI век в монеми на територий Древней Руси*, Каталог, Москва 1988

**Rebic A., Bibliske starine**

- Rebic A., *Bibliske starine*, Zagreb 1983

**Ристески Б., Средновековно грнчарство**

- Ристески Б., *Средновековно грнчарство во централните делови од Балканскиот Полуостров*, докторска десертација, УКИМ-ФФ, Скопје 2002

**Ристески Б., Раносредновековни наоди**

- Ристески Б., Раносредновековни наоди од Скупи, *Македонски наследство* бр. 19, Скопје 2002, 71-81

**Ристов К., Таор**

- Ристов К., Градиште -Таор, прелиминарен извештај од истражувањата во 2000-2004 година, *МАА* 17, Скопје 2006, 215-230

**Ристов К., Археолошки истражувања**

- Ристов К., Археолошки истражувања на населбата Градиште, село Таор, *Македонско наследство*, бр. 29, Скопје 2006, 69-82

**Ристов К., Таор 2**

- Ристов К., Градиште село Таор: Досегашни истражувања, *Скопје помеѓу античкото и модерното време*, Скопје 2009, 35-51

**Ристов К., Каламадеска Михаилова Д., Орешани**

- Ристов К., Каламадеска Михаилова Д., Средновековна некропола Крст, с. Орешани, МАА 19, Скопје 2010, 391-404

**Славева Л., Грамота,**

- Славева Л., Грамота на крал Милутин за ќелијата Св. Петка во с. Моране, *Споменици I*, Скопје 1975, 251-260

**Славева Л., Мошин В., Српски грамоти**

- Славева Л., Мошин В., *Српски грамоти од Душаново време*, Прилеп 1988

**Седова М.В., Ювелирньие изделия**

- Седова М.В., *Ювелирньие изделия древнего Новгорода (X-XV век)*, Москва 1981

**Седов В.В., Восточньіе славяне**

- Седов В.В., *Восточньіе славяне в VI-XIII вв.*, Москва 1982

**Seymour W. W., The Cross**

- Seymour W. W., The Cross in Tradition, *History and Art*, New York 1987

**Словенски речник**

- *Словенска митологија-енциклопедиски речник*, Београд 2001

**Средновековно културно богатство**

- Средновековно културно богатство на СР Македонија, Прилеп 1974

**Станчева М., Сграфито керамика**

- Станчева М., Средновековна сграфито керамика от София, *Сердика* I, София 1964

**Станојез Н., Некрополе**

- Станојез Н., *Некрополе X-XV века у Војводини*, Нови Сад 1989

**Sulzberger M., Le symbole de la Croix**

- Sulzberger M., Le symbole de la Croix et les Monogrammes de Jesus chez les premiers Chretiens, *Byzantion* II, Paris 1926

**Ташковски Д., Самоилово царство**

- Ташковски Д., *Самоилово царство*, Скопје 1970

**Тодоровић Д., Полијелеј**

- Тодоровић Д., Полијелеј у Марковом манастиру, *Зограф* 9, Београд 1978, 28 - 36

**Томовски Т., Таорско Градиште**

- Томовски Т., Таорско Градиште, *ЖА* XVII, Скопје 1967, 233-239

**Томоски Т., Скопје**

- Томоски Т., Скопје од XI-XIV век, *Споменици I*, Скопје 1975, 57-74

**Томоски Т., Македонија**

- Томоски Т., *Македонија низ вековите*, Скопје 1999

**Тотев Т., Преславската художествена керамика**

- Тотев Т., Преславската художествена керамика, *1100 години Велики Преслав*, 1, Шумен 1995, 7 -43

**Тотев Т., Дворцовия манастир**

- Тотев Т., *Дворцовия манастир в Преслав*, Шумен 1995

**Трајковски К., Кузман П., Кастелот кај Пчиња**

- Трајковски К., Кузман П., Кастелот кај Пчиња, *МАВ* 6, 2010 (http://www.mav.mk/article.php?lang=mk&article=38)

**Трифуновски Ј., Скопски Дервен**

- Трифуновски Ј., *Скопски Дервен*, Београд 1954

**Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке**

- Трифуновски Ј., Слив Маркове Реке, *Посебно издание на ФФ*, бр. 7, Скопје 1958

**Трухелка Ћ., Археолошке белешке**

- Трухелка Ћ., Археолошке белешке из Јужне Србије, *Гласник Скопског научног друштва*, књ. В-2, Скопје 1929

**Ќорнаков Д., Македонски манастири**

- Ќорнаков Д., *Македонски манастири*, Скопје 1995

**Ćurčić S., *St. Archer C.*, Catalogue**

- Ćurčić S., St. Archer C., *Catalogue of an Exhibition at Tirestone Library*, Princeton University, Princeton 1986, 33-37

**Уметничко богатсво**

- *Уметничко богатсво на Македонија*, Скопје 1984
- Frolov A., Le culte de la relique de la Vraie Croix a la fin duVI et au debut du VII siecles, *Byzantinoslavica* XXII/2, Prague 1961, 320-339

**Хаџи Васиљевић Ј., Скопље**

- Хаџи Васиљевић Ј., Скопље и његова околина, *Историска, етнографска и културно - политичка излагања*, Београд 1930

**Cabrol A., Leclercq H., Dictionnaire**

- Cabrol A., Leclercq H., *Dictionnaire de l'archaologie chretienne et de la liturgie*, III/2, Paris 1924

**Cambi N., Krst**

- Cambi N., Krst i njegova simbolika u likovnoj umjetnosti strohrišcanskog perioda u Dalmaciji, *VAHD*, sv.LXXI, 1968-69, Split 1969, 57-106

**Chevalier J., Gheerbrant A., Recnik simbola**

- Chevalier J., Gheerbrant A., *Recnik simbola*, Zagreb 1983

**Christlein R., Das Grab**

- Christlein R., Das Grab des Erzbischofs von Armenien in derv Klosterkirche Niedernburg zu Passau, Niederbayern, *Das Archaologische Jahr in Bayern 1980*, Stuttgart 1981, 174-175

**Coma M., Directions**

- Coma M., Directions et étapes de le pénétration des Slaves vers la Péninsule Balkanique aux VI-VII siêcle (avec un regard spêcial sur le territoire de la Poumainie), *Balcanoslavica* 1, Prilep-Beograd 1972, 9-28

**Чангова Й., Селищте**

- Чангова Й., *Средновековтото селищте над Тракийския град Севтополис, X-XIV век*, София 1972

**Чангова Й., Перник**

- Чангова Й., Перник, *Крепоста Перник VIII-XIV в.*, София 1992

**Чремошник. Г., Јужна Србија**

- Чремошник. Г., *Јужна Србија у античко доба*, Јужна Србија, Скопље 1937

**Čelebija E., Pitopis,**

- Čelebija E., *Pitopis, odlomci o jugoslovnskim zemaljama*, Svjetlost, Sarajevo 1957

**Čerškov E., Municipium DD**

- Čerškov E., *Municipium DD kod Sočanice*, Dissertationes et monographiae, t.X, Priština-Beograd, 1970, 40-60

**Čremošnik I., Izveštaj**

- Čremošnik I., Izveštaj o iskopavanjima na Crkvini u Lisičićima kod Konjica, *Glasnik Zemaljskog muzeja u Sarajevu*, nova serija, sveska IX, Sarajevo 1954, 211-226

**Walter C., The Warrior Saints**

- Walter C., *The Warrior Saints in Byzantine Art and Tradition*, Aldershot 2003

**Шукарова А., Јустинијана Прима**

- Шукарова А., *Јусшинијана Прима*, Скопје 1994

**Шукарова А., Јустинијана Прима 2**

- Шукарова А., Јустинијана Прима - Царска парадигма на Јустинијановата екумена, *Православен йаш*, 16-17, Скопје 2007, 44-48

**Шукарова А., Simulacrum**

- Шукарова А., Simulacrum на Јустинијаново Скопје, *Скойје йомеѓу аншичкошо и модернošо време*, Скопје 2009, 9-18

**Шуица М., *Немирно доба***

- Шуица М., *Немирно доба срйског средњег века- власшела срйских обласних госйодара*, Београд 2000

**Ščapova L.J., Le Verre Byzantin**

- Ščapova L.J., Le Verre Byzantin du V-XIIe siecles, *Средњовековно сшакло на Балкану*, САНУ посебно издање, књ. 3, Београд 1975, 33 48

## XI. Користени кратенки

| кратенка | наслов |
|---|---|
| AI | Archaeogia Iugoslavica |
| АИМ | Археологически институт и Музей |
| АР | Arheološki pregled |
| БАН | Българска Академия на науките |
| ГЗФФ | Годишен зборник на Филозофскиот факултет |
| Глас СКА | Глас Српске Краљевске Академије |
| ГСНД | Гласник Скопског Научног Друштва |
| ЖА | Жива Антика |
| ЗЗСКГС | Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје |
| ИНИ | Инстирут за национална историја |
| ИИСК | Институт за истражување на старословенската култура |
| JAZU | Jugoslovenska akademija znanosti i umetnosti |
| МАА | Macedonia Acta Arheologica |
| МАНУ | Македонска академија на науките и уметностите |
| МГС | Музеј на град Скопје |
| ММ | Музеј на Македонија |
| НКЦ | Национален конзерваторски центар |
| НУБ | Национална и универзитетска библиотека |
| НУ-КЦС | Национална установа - Конзерваторски центар Скопје |
| РЗЗСК | Републички завод за заштита на спомениците на културата |
| САН | Српска Академија Науке |
| Споменици | Споменици од средновековната и поновата историја на Македонија |
| УКИМ-ФФ | Универзитет Св. Кирил и Методиј - Филозофски факултет |
| ЦИССК-Пп | Центар за истражување на старословенската култура - Прилеп |